ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ
L'INSTITUT DE LA LANGUE MACÉDONIENNE "KRSTE MISIRKOV" – SKOPJE
Посебни изданија, кн. 74 • Éditions spéciales, livre 74

Веселинка Лаброска, Убавка Гајдова, Светлана Давкова-Ѓоргиева,
Гоце Цветановски, Дарко Томовски

ВРАТНИЧКО-ПОЛОШКИТЕ ГОВОРИ – ДУХОВНА РИЗНИЦА

СКОПЈЕ
2012

Рецензенти:
акад. Зузана Тополињска
д-р Елка Јачева-Улчар

Главен редактор и раководител на проектот:
д-р Веселинка Лаброска

Редакција:
д-р Убавка Гајдова, д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева,
д-р Гоце Цветановски

Проект на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“,
финансиран од Министерството за култура на Република Македонија

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3'282.2(497.751)

ВРАТНИЧКО-полошките говори – духовна ризница / Веселинка Лаброска, ... [и др.]. - Скопје : Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", = Skopje : L' Institut de la language macédonienne "Krste Misirkov", 2012. - 297 стр., [13] табли : илустр. ; 24 см. - (Посебни изданија / Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков" ; кн. 74 = Éditions spéciales / L' Institut de la language macédonienne "Krste Misirkov"; livre 74)

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 289-297

ISBN 978-608-220-020-0
1. Лаброска, Веселинка [автор] 2. Гајдова, Убавка [автор]
3. Давкова-Ѓоргиева, Светлана [автор] 4. Цветановски, Гоце [автор]
5. Томовски, Дарко [автор]. - I Ѓоргиева, Светлана Давкова- види
Давкова-Ѓоргиева, Светлана
а) Македонски јазик - Дијалекти - Тетовско
COBISS.MK-ID 92983050

Изданиево е финансирано од Министерството за култура на Република Македонија

Книгава што е пред вас претставува уште една нишка во грижата за јазикот, сфатен како духовно наследство, наследство што треба да го чуваме, да го негуваме и да се гордееме со него.

Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ како овластен субјект во Република Македонија го прави токму тоа: преку истражувањата на дијалектите, на стандардниот јазик, на топонимите, на стариот јазик, вградени во нашите картотеки и во нашите научни трудови, се грижи за нашето најубаво богатство наследено од предците – јазикот.

СОДРЖИНА

Предговор 9
Вовед 11
ФОНОЛОГИЈА И ФОНЕТИКА 16
Инвентар на фонемите 17
Алофонија и дистрибуција на фонемите 19
Од историскиот извод 35
Прозодија 39
МОРФОСИНТАКСА 42
Преглед на зборовните групи и на морфолошките парадигми 42
Именки 42
Заменки 46
Броеви 49
Придавки 50
Прилози 52
Глаголи 53
Категории начин и време 53
Инфинитни форми на глаголот 61
Предлози 63
Сврзници 63
СИНТАКСА 64
Реченица. Проста реченица 64
Граматички категории на конститутивниот член 65
Вид - внатрешна временска организација на дејството 65
Модална и темпорална интерпретација на настаните 66
Категорија време 67
Сегашност 67
Минатост (определување на настаните како минати) 70
Редослед на минатите настани 79
Резултативност 80
Изразување на нефактивни настани 85
Искажување претпоставка, темпорално лоцирана во иднина 85
Кондиционал praesentis/ Футур/ Идно време 85
Кондиционал praeteriti 87
Имперцептив praesentis/praeteriti, imperceptiv futuri, или т.н. прекажаност 88
Искажување на можност – потенцијал 90
Искажување на заповед, желба и забрана 91

Искажување на настани зависни од надредени предикати (субјунктив) 95
Валенција. Изразување на падежни односи 96
Именски групи во номинативен однос 97
Именски групи во акузативен однос 102
Именски групи во дативен однос 106
Именски групи во инструментален однос 111
Именски групи во локативен однос 112
Именски групи во предикативен однос 117
Именски групи во генитивен однос 118
ИМЕНСКА ГРУПА (ИГ) 122
Придавските зборови како дополнителни членови на јадрената именска група 124
Именка како дополнителен член на јадрената именска група 128
Количествена информација во именската група 129
Референцијална карактеристика (определеност) на именската група 133
Именски групи со идентификуван референт 134
Именски групи со неидентификуван референт 139
Именски групи употребени генерично 143
Релативна реченица 145
Апозитивни определби 148
Комплементарни реченици 149
СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА 150
Конструкции конституирани од сврзнички предикати 151
Конјункција 151
Адверсативна врска 152
Алтернатива 153
Сврзнички показатели на споредба 153
Темпорална врска меѓу настаните 154
Причински релации 155
Реченични трансформи 159
ЛЕКСИКА 162
ЗАКЛУЧОК 205
ТЕКСТОВИ 210
ЛИТЕРАТУРА 290
Карта на истражуваниот регион 299
Фотографии 300

ПРЕДГОВОР

Под покровителство на Министерството за култура и на Управата за заштита на културното наследство во 2010 година се реализира проектот „Вратничко-полошките говори, духовна ризница“, проект којшто придонесува за зачувување и афирмација на овие говори, како дел од македонскиот дијасистем што претставува наше духовно културно наследство. Носител на овој проект беше Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, а се реализираше под раководство на проф. д-р Веселинка Лаброска. Соработници на проектот беа проф. д-р Убавка Гајдова, проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева, проф. д-р Гоце Цветановски од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Дарко Томовски, магистрант во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Реализацијата на едногодишниот проект се одвиваше во неколку етапи: теренска работа, односно собирање на свеж материјал од теренот, негово внесување во компјутер, обработка на материјалот и презентација на проектот.

Завршната презентација на проектот се одржа во библиотеката „Светлина“ во селото Прељубиште пред претставници на Министерството за култура и на локалната самоуправа од овој регион чијшто говор е предмет на заштита, како и пред бројни професори, студенти и граѓани, почитувачи на јазикот како наше најголемо духовно културно наследство.

Оваа книга е резултат од истражувањата врз материјалот што беше собран во текот на реализацијата на истоимениот едногодишен проект. Со желба да остане нешто трајно од нашите заложби за зачувување на македонското дијалектно богатство, ние соработниците на проектот пристапивме на обработка на собраниот материјал и негова лингвистичка анализа. Се разбира нашата активност ќе останеше засведочена само во тесните рамки на институтот ако Министерството за култура не овозможеше печатење на оваа книга.

Теренскиот материјал е собран од страна на Дарко Томовски во текот на 2010 и 2011 година во следниве населени места од долнополошкиот регион, и тоа: Тетово, Лешок, Теарце, Брезно, Глоѓи, Старо Село, Јегуновце, Раотинце и притоа беа собрани околу 40 часа говорен материјал (обичаи, приказни, умотворби, народни песни, легенди, преданија, занаети) и сето тоа на изворен народен говор. Понатаму, овој материјал беше внесен во компјутер, исто така од страна на Дарко Томовски, со фонетски запис според принципите на работа на Македонскиот дијалектен атлас зацртани од академик Божидар Видоески. Обработката на материјалот на сите јазични рамништа (фонолошко, морфо-синтаксичко, лексичко) е направена од страна на сите соработници на проектот: фонологијата и прозодијата се изработени од Гоце Цветановски, прегледот на формите на зборовите е од Дарко Томовски, морфосинтаксичката обработка на падежните односи, сложената реченица и именската група е од Веселинка Лаброска, морфосинтаксичките особености на глаголскиот систем се од Убавка Гајдова, а лексиката е обработена од Светлана Давкова-Ѓоргиева. Предговорот е напишан од Веселинка Лаброска, а воведот и демографскиот осврт на населените места од Дарко Томовски. Фотографиите на коишто се претставени интересни локалитети од долнополошкиот регион ги направи Дарко Томовски, а една од фотографиите е искористена како илустрација за корицата (сонце од циглички од црквата Св. Богородица во Лешок). Компјутерската подготовка за печатење ја направи д-р Гоце Цветановски. Целосното оформување и изглед на книгата е дело на целиот авторски тим. Голема благодарност до рецензентите за сугестиите во врската со анализата на материјалот. Се разбира, цел овој труд немаше да го има овој изглед ако во него не беа вградени резултатите на дијалектните истражувања за северните говори направени од академик Божидар Видоески во сите негови трудови кои се однесуваат на ова македонско наречје (види Видоески 1961, 1999, 1999б), но и конкретните знаења и насоки што професорот Видоески непосредно или посредно ги остави како трајна вредност во нас, неговите студенти и соработници, во текот на неговото долгогодишно раководење со Одделението за дијалектологија во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

ВОВЕД

Јазикот, како што знаеме, е најсовршеното средство за разбирање и за комуникација меѓу луѓето, но исто така, јазикот е и основно обележје на секој народ, на секоја нација, тој е најмоќното средство коешто ги обединува и ги поврзува луѓето во една заедница. Значењето на јазикот е големо од многу аспекти и затоа наша должност е да се грижиме за него како за нешто најсвето.

Во таа насока е и проектот „Вратничко-полошките говори – духовна ризница“. Со овој проект беа предвидени повеќе активности со една основна цел, зачувување на овие говори, кои се дел од дијасистемот на македонскиот јазик. На задоволство на сите соработници на проектот, се реализираа сите активности и, како конкретен резултат од работата, пред нас ја имаме оваа книга која е единствена од овој тип: комплетен лингвистички опис на вратничко-полошкиот говор базиран врз нов дијалектен запис којшто нема само лингвистичко значење, туку и пошироко фолклорно и историско-културолошко значење.

Работата врз проектот се состоеше од неколку фази. Првата фаза беше теренското истражување, односно собирање свеж материјал од теренот, како во звучна, така и во пишана форма, материјал кој би ја отсликал денешната состојба на овие говори. Снимениот материјал се состои од поголем број аудио записи, односно снимени разговори со луѓе од повеќе населени места од долнополошкиот регион. Втората фаза од работата врз проектот беше внесувањето на снимениот материјал во компјутер, односно неговото запишување со дијалектна транскрипција. Третата и завршна фаза е анализа и обработка на дијалектниот материјал на сите јазични рамништа (фонолошко, морфолошко, лексичко итн). Со тоа се доби конкретен пишан резултат од работата врз проектот и прв комплетен лингвистички запис на вратничко-полошките говори.

Собирањето на говорниот материјал се одвиваше во повеќе населени места од долнополошкиот регион. Покрај пунктовите предвидени во Списокот на пунктови за теренско истражување за Македонскиот дијалектен атлас, беа опфатени и други околни населени места со цел поточно да се одреди границата на простирање на одделни јазични особености, како и собирање на поголем говорен материјал и поголем број фолклорни добра. Тоа се следните населени места: Тетово, Лешок, Теарце, Глоѓи, Брезно, Беловиште, Вратница, Старо Село, Јегуновце, Раотинце.

Еден од условите да се собере квалитетен говорен материјал е да се има добри информатори. Тие, од една страна, треба да се навистина мудри за да можат да ни раскажат за нивните обичаи, обреди, потоа да ги знаат народните приказни, народните песни и умотворби, легендите и преданијата, коишто потекнуваат од тоа место и кои се пренесувани од колено на колено, и од друга страна тоа треба да се луѓе чиј говор најмалку бил под влијание на други говори, а пред сè на македонскиот литературен јазик, односно тоа треба да се луѓе кои го говорат изворниот дијалект. При теренското истражување имавме токму такви соговорници. Луѓето од кои е снимен дијалектниот материјал се покажаа како одлични информатори. Тие многу добро и сликовито раскажуваа за нивните обичаи, за нивните слави и празници, потоа за свадбите, за крштевките, многу добро ги познаваа и народните приказни, а често се случуваше да запеат и по некоја народна песна. Сето тоа го правеа со голема желба и елан и што е најважно се изразуваа на својот изворен говор, автентичен за тоа населено место. Така, со помош на информаторите, собрани се околу 40 часа говорен материјал што претставува значајно збогатување на фондот на звучен и пишан материјал од овие говори и, се разбира, ќе придонесе во зачувувањето и афирмирањето на овие говори. Во оваа пригода сакаме да им се заблагодариме на сите информатори што ни помогнаа во собирањето на материјалот бидејќи без нивната искрена соработка не би можеле да ја реализираме оваа работа. Тоа се следните информатори: Александра Ристовска – Тетово, Бора Блажевска – Лешок, Мирко Симјановски – Теарце, Никола Јовановски и Ристо Крстески – Глоѓи, Стојко Јовановски – Доброште, Душко Атанасовски – Вратница, Петко Нешовски – Старо Село, Живко Димитриевски – Рогачево, Јован Богоевски – Јегуновце, Ѓоре Матовски, Стојан Мишовски, Столе Блажевски – Раотинце и др.

Дел од теренската работа претставува и собирањето дијалектен материјал со дијалектниот Прашалник за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас од академик Божидар Видоески. Овој прашалник се состои од неколку делови, но носечки е теренскиот дел од прашалникот бидејќи тој е наша основна алатка во собирањето на дијалектниот материјал. Со ваков прашалник е собран материјал од тетовскиот градски говор, а информатори беа Александра Ристовска и Јован Стојчевски, кои покажаа голема желба за соработка и трпеливост што навистина е потребна при ваков вид на работа. Исто така, му изразуваме голема благодарност на м-р Бранислав Светозаревиќ, кој ни помогна со некои историски и други факти за Тетово што би можеле да бидат значајни за присуството на некои јазични особености во тетовскиот говор. Овој материјал ќе послужи за дополнување на деловите што недостасуваат во Македонскиот дијалектен атлас за тетовскиот градски говор, како и за оформување на целосната слика за него.

Вратничко-полошките говори како дел од северните македонски говори, егзистираат во долнополошката котлина. Долнополошката котлина или Долни Полог претставува дел од поголемиот северозападен регион – Полог, кој се дели на Горни и Долни Полог. Центар на долнополошката котлина е градот Тетово кој е распослан, пред сè, на рамничарскиот дел во подножјето на Шар Планина, а помал дел од градот и на ридот Балтепе[•]. Турското име на градот Тетово било Калканделен (сп. Стаматоски 1956: 212).

Поголемиот дел на долнополошката котлина го сочинуваат две области, Подгор и Поселје. Тоа се подрачја кои се простираат североисточно од градот Тетово.

Областа Подгор ја сочинуваат потшарпланинските села кои се наоѓаат во подножјето на Шара, од градот Тетово на југозапад, па сè до граничното село Јажинце на североисток. Денеска дел од населените места во Подгор спаѓаат во рамките на општина Теарце, додека другиот дел (населените места кои според старата територијална поделба спаѓаа во општина Вратница) денеска се во состав на општина Јегуновце.

[•] Податоците се од книгата *Полог (антропогеографска проучавања)*, од Јован Трифуноски (види литература).

Поселје, пак, се простира по течението на реката Вардар. Од селото Палатица на југозапад до селото Јегуновце на североисток. Селата се од рамничарски тип и гравитираат од двете страни на реката Вардар. Речиси сите села во Поселје спаѓаат во рамките на општина Јегуновце

За потребите на проектот „Вратничко-полошки говори, духовна ризница", за да се отслика фактичката состојба на овие говори во целост, јазична анализа е направена на дијалектен материјал од градот Тетово и од населените места Лешок, Теарце, Глоѓи, Старо Село и Раотинце. Анализата на дијалектниот материјал од овие населени места во најголема мера ги покажува заедничките црти на овие говори, но и јазичните разлики што се резултат на повеќе фактори на влијание. Меѓу тие фактори треба да го споменеме и составот и потеклото на месното население.

Населението во градот Тетово (Т) е од мешан етнички состав. Според последниот попис на населението од 2002 година во општина Тетово (кон која се припоени повеќе селски населби со новата територијална поделба) живеат 86580 жители од кои Македонци 20053, Албанци 60886,Турци 1882, Роми 2357, Срби 604, Власи 15, Бошњаци 156 и други 627. Карактеристично е што околу 90% од македонското население живее во градот, додека албанското население околу 50% живее во градот, а 50% во селските населби. Меѓутоа составот на населението во минатото бил поинаков. Особено се разликува бројот на турското население, кое во градот Тетово било во многу поголем број. Овој факт се отсликува и во градскиот тетовски говор кој сè уште изобилува со заемки од турскиот јазик.

Составот на населението во селата во Долни Полог или е од мешан етнички состав (главно Македонци и Албанци), или станува збор за чисти етнички села.

Лешок (Л) е едно од постарите и попознати села во овој крај. Се наоѓа во подножјето на Шар Планина североисточно од градот Тетово. Граничи со селата Непроштено на запад и Слатино на исток и е во состав на општина Теарце. Постојат преданија според кои Лешок во средниот век бил град во кој имало многу цркви. Лешок денеска со манастирскиот комплекс претставува црковен и духовен центар во овој дел на Македонија, а исто така и место кое полека прераснува во позната туристичка дестинација.

Населението во Лешок го сочинуваат Македонци со православна вероисповед чиј број изнесува 440 жители. Најголемиот дел од населението води потекло од соседните подгорски села Брезно, Варавара, Слатино, Непроштено, но и од селата Рогачево, Старо Село, а дел водат потекло и од некои села во Поселје.

Раотинце или Ротинце (Р), како што го нарекуваат самите жители, е потпланинско село кое се наоѓа веднаш под планината Жеден, додека од западната страна на селото тече реката Вардар. Раотинце се смета за доста старо село. Во некои историски извори се споменува уште во 1461 и 1462 година. Раотинце е населено исклучиво со македонско население. Селото во 1947 година го населувале 12 родови и 124 куќи. Денес брои околу 570 жители.

Старо Село или Старе Село (СтС) лежи на падините на Шар Планина на надморска висина од 880 м. Преку ова село води патот за Љуботен. Старо Село е населба од збиен тип. Во 1948 година селото го населувале 5 родови со 50 куќи. Денес селото го населуваат околу 220 жители.

Селото Брезно (Б) лежи на падината на Шар Планина на надморска висина од 900 метри. Украс на селото е Езеро кое се простира над селото со овален облик и со пречник од околу 60 метри. Во 1947 година Брезно броело вкупно 9 родови со 79 куќи. Денес за жал во ова село веќе нема жители, а до пред десетина години имало само 8 жители.

Теарце (Т) е големо потпланинско село. Северозападно од него се издига падината на Шар Планина, а југоисточно од него се протега котлинска рамнина. Во Теарце живее и православно и муслиманско население. Во 1947 година селото броело 68 родови со 355 домови. Сега во селото Теарце живеат околу 3900 жители.

Глоѓи (Г) е планинско село кое во почетокот на дваесеттиот век броело 18 македонски и 3 албански куќи. Денес селото е населено со мешано население, Македонци и Албанци и брои 1295 жители.

Јегуновце (Ј) е село распослано во рамнината, лево од Вардар. Северно од Јегуновце почнува клисурата Дервен. Кон крајот на 18 век Јегуновце било чифчиска населба. Во 1900 година селото Јегуновце имало 16 православни куќи. Во шеесеттите години на дваесеттиот век се отвори фабриката Југохром, поради која бројот на жителите во селото нагло се зголеми. Денес Јегуновце претставува посебна општина со околу 846 жители.

ФОНОЛОГИЈА И ФОНЕТИКА

ВОВЕДНИ БЕЛЕШКИ

Вратничко-полошките говори и досега биле предмет на многу научни истражувања, како од странски така и од домашни лингвисти (Иванов, Селишчев, Павловиќ, Стаматоски, Видоески и др.). Но и покрај опсежните студии, ние сѐ уште немаме јасна слика колку говорни типа егзистираат на ова подрачје и како одат нивните граници. Повикувајќи се на истражувањата на академик Видоески, но и на другите автори, генерално можеме да зборуваме за полошката јазична територија во која јасно се отцртуваат две поголеми целини и тоа: горнополошки (познат уште и како гостиварски) и долнополошки, кој може да се подели на две помали целини: вратнички и тетовски говор.

Во овој дел го разгледуваме фонолошкиот систем на вратничко-полошките говори, и тоа врз основа на звучните записи и текстовите што ги имаме на увид за следниве села: Лешок, Раотинце, Старо Село, Глоѓи, Брезно, Теарце како и материјал од градот Тетово. Имајќи го предвид изборот на пунктовите и нивната географска поставеност, можеме слободно да констатираме дека предмет на фонетско-фонолошката анализа ќе бидат пунктовите од тетовскиот говор, а само делумно ќе биде разгледан системот на вратничкиот говор.

При пописот на гласовите кои се јавуваат во системот на односниве говори тргнуваме од поимите фонетско рамниште и фонолошко рамниште. Фонемата ја толкуваме и како збир на конкретни фонетски реализации и како најмала функционална единица способна да ги разликува значењата на изразите и граматичките форми.

Теоретска основа за нашата методолошка постапка наоѓаме во структуралната теорија на Н. С. Трубецкој, се разбира, имајќи ја предвид и *Фонологијата на современиот стандарден македонски јазик* (Савицка, Спасов 1991).

ИНВЕНТАР НА ФОНЕМИТЕ

Со оглед на тоа што во постоечката литература (Селишчев, Видоески, Стаматоски) веќе постојат сознанија за границите на овие два типа од долнополошкиот говор, овде ќе го претставиме инвентарот на фонемите, притоа користејќи ги нашите извори во кои се забележани извесни разлики во односниве села. Во рамките на *Фонолошките описи на говорите на македонскиот јазик*, Б. Видоески дава детален опис на фонолошкиот систем на с. Теарце (Видоески 2000: 314-321), којшто ни претставува појдовна рамка во анализата на фонолошкиот систем на вратничко-полошките говори.

ВОКАЛИЗАМ

Вокалниот систем на вратничко-полошките говори се состои од следниве фонеми:

и   у
е   ă*   о
а

Функција на силабема врши и вокалното р̥.

***Белешка**: Фонемата /*ă*/ во вокалниот систем на вратничко-полошките говори се јавува во две алофонски варијанти [ă] и [ạ], па во овој дел, сакајќи да ги избегнеме компликациите во врска со нивниот статус, не навлегуваме во дистрибуцијата. Тука само сакаме да го регистрираме нивното постоење во системот. При описот на фонолошкиот систем на с. Теарце, Б. Видоески не го забележува постоењето на алофонот [ạ], што се потврдува и во нашите текстови (Видоески 2000: 314-321). Повеќе примери во врска со ова во следните два дела: *Дистрибуција* и *Историски извод*.

КОНСОНАНТИЗАМ

Сонанти:

			м
	л		
		р	*н*
ј	*љ*		*њ*

Белешка: Во рамките на сонантите се опфатени повеќе гласови кои имаат различна артикулациска карактеристика. Во рамките на реализацијата на фонемата /л/, се јавува и варијантата [ў] која, во потсистемот каде што се јавува на дел од територијата на вратничко-полошките говори (Тетово, Лешок) е алофон на фонемата /л/.

Во врска со карактерот на гласовите *л* и *љ*, овде само ќе напоменеме дека во вратничко-полошките говори постојат три фонетски реализации, односно: веларна, лабиовеларна и лабијална. За ова, повеќе во делот посветен на дистрибуцијата и историскиот извод.

Опструенти:

п	*б*	*ф*	*в*
т	*д*	*с*	*з*
ц	*ѕ*		
ч	*џ*	*ш*	*ж*
ќ	*ѓ*		
к	*г*	(х)*	

Белешка: Гласот *х* го среќаваме во консонантскиот потсистем кај говорителите и тоа во зборови од туѓо потекло, но и во неколку зборови од словенско потекло примени преку книжевен пат. Најверојатно се работи за влијание на стандардниот јазик преку средствата за информирање, но и за влијание од образовниот систем.

АЛОФОНИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ФОНЕМИТЕ

Во овој дел ќе ги дадеме општите дистрибуциски правила за двата типа вратничко-полошки говори, притоа водејќи сметка за спецификите на двата типа. Кај некои фонеми се јавуваат позициски обусловени варијанти (на пример, изговорот на гласот *н* пред *к*, при што тој се изговара смекнато: *ч'ен'ка*), а некои од нив претставуваат задолжителни компоненти на контекстуални реализации (на пример, изговорот на р̥, со задолжителна вокална компонента пред или по него).

ВОКАЛИЗАМ

Во врска со вокалите /*и, е, а, о, у*/ општа е констатацијата дека тие по својот изговор се блиски до изговорот во стандардниот јазик. Се јавуваат во иницијална, медијална и во финална позиција, а можат да стојат и во групи секој со сите, но со извесни ограничувања.

Вокалот /*ӑ*/, кој потекнува од неколку стари вокали од појдовниот старомакедонски систем (на пр., од *ǫ*, или од т.н. секундарен ер ъ$_2$), но и од вокалот *а* при редукција, како и во некои турски заемки, има извесни ограничувања во поглед на дистрибуцијата. Тој може да се сретне во коренот на зборот, но и во афиксите. Не може да се јави во финална позиција, односно на апсолутниот крај на зборот. Во рамките на рефлексите на вокалните **r̥* или **l̥* вокалот /*ӑ*/ се јавува како задолжителна компонента во составите *ӑ+р*, *ӑ+л* и најчесто се јавува во иницијална или во медијална позиција.

За дистрибуцијата од особена важност е дефинирањето на фонемата под акцент и пред и зад акцентиран слог, иако во поглед на акцентскиот модел, овде ќе дадеме и една општа забелешка дека во вратничко-полошките говори, особено тетовскиот говор се одликува со една специфична црта, а тоа е појавата на поместена артикулација на гласот *а*, независно од местото на акцентот, како и пократка реализација на вокалот *и* надвор од акцент.

Од тие причини, без оглед што некои објаснувања изгледаат редундантни, сепак, поради доследност во описот, како и поради целосноста на описот, ги предвидовме сите позиции.

Дистрибуција на вокалот /а/

Специфична црта за вратничко-полошките говори (но и за охридскиот говор, в. Силјанов, 1894: 582) во поглед на дистрибуцијата на овој вокал, е тоа што се забележани некои ограничувања. Стаматоски констатира: „Во извесни случаи тој се редуцира, и тоа не само во ненагласени слогови, како и во некои други наши говори што знаат за полна редукција на ненагласените самогласки, ами и во нагласени.“ (Стаматоски, 1956: 220). Ние тука би додале дека не станува збор за редукција, туку за поместена артикулација кон горе.

Примери во кои има нормална реализација на гласот *а* во неакцентиран слог:

Тетово: *Б'иў кӑј-дев'ојка̣т̄а; с'еа д'ӑнӑске 'една 'ут̄ре др'уг̄а и г̄'от̄о:*;

Лешок: *ќе-'онади ј'адење; ц'еў-дӑн до-в'ечерт̄а; д'ӑнӑске ќ-'иеш за-на-ст̄ар-м'анаст̄ир; к'ӑде-е цар'еа ќ'ерка*;

Старо Село: *Селскат̄а слава ни-е-Ѓурѓовдӑн; Ј'оан да-'облечеш за-Б'ожиќ клашн'иќиќи; и з'ӑмба п̄р'аена*;

Глоѓи: *ф'иљан д'ӑн; Саб'ајлет̄о се-зад'ӑнуе; Кӑи̭-до'аѓаа кӑи̭-њ'им г̄о-заобикољ'уаа бач'илово*;

Раотинце: *т̄'ӑг̄а̣ја т̄'елефон н'емало; т̄'ӑг̄а̣ја со-маг̄'арића; не-с'ӑм-п̄раел.*

Примери во кои има нормална реализација на гласот *а* под акцент:

Тетово: *т̄'аму 'иде; до'аѓа̣а кӑј не'ест̄а̣т̄а; т̄ог̄ај со-кол'ачит̄е кӑј-шо-с'а.*

Лешок: *кл'ашње г̄'алички; ќе-'онади ј'адење; Шип̄т̄'арит̄е п̄р'аеа б'ел’а, бӑш ког̄'аи̭-беше у-алб'анскот̄о; ќ-'иеш за-на-ст̄ар-м'анаст̄ир*;

Старо Село: *к'уќни сл'аве са-Св'ет̄а Вр'ача; з'ӑмба п̄р'аена; ќе-се-с'ӑп̄лет̄е оп̄'анака̣т̄*;

Глоѓи: *Кӑи̭-до'аѓаа кӑи̭-њ'им г̄о-заобикољ'уаа бач'илово; да-зн'аеш; не-им-се-р'абот̄а и к'ӑде, к'ӑде, н'ашле у-п̄л'анина*;

Раотинце: *т̄'ӑг̄а̣ја со-маг̄'арића.*

Брезно: *Шт̄о-ќ'е-п̄раа 'они.*

Но, од материјалите што ни стојат на располагање, може да се забележи дека се почести примерите во кои изговорот на гласот *а* се доближува до *ӑ*, односно се слуша еден глас (*а̣*) кој се наоѓа на средината меѓу *а* и *ӑ*. Овие примери ни даваат за право да дадеме една општа белешка во однос на редукцијата на гласот *а*, односно дека не станува збор за целосна редукција (каков што е случајот со нашите југоисточни говори), туку дека се работи за поместена артикулација и за скратување на траењето и намалување на интензитетот на *а*. Ваквата специфична црта е типична за тетовскиот говор, а помалку карактеристична за вратничкиот говор. Во материјалите што ни стојат на располагање, најчести се примерите од градот Тетово, речиси во сите позиции, освен во отворена финална позиција каде што е извесно влијанието на морфологијата за зачувување на изразноста на морфолошките наставки. Оваа појава воопшто не е регистрирана во Раотинце.

Примери со поместена артикулација во неакцентиран слог (пред и по акцент):

Тетово: *Б'иу̑ кӑј-дев'ојка̣та; у-п'ошта раб'ота̣ла; да-ми-до'аѓа̣; га-нат'ера̣ја со-з'орт да-се-з'ема; до'аѓа̣ кӑј не'еста̣та; Тогаі̯ в'ише п'очна̣ло м'одерно; Коі̯-ти-'о-да̣де; пор'а̣сна̣ло и 'умрело млад'ожења; т'ак'е т'ига̣н'це г'и-в'икале тогаі̯, т'ига̣н'це; т'ига̣н'це п'орано в'икале; у-нед'ел'а̣та ида п'о-ручек; в'ицо:і̯ ка̣ж'уење; Д'еца н'оселе ба̣кш'ишите; И они б'иле тет'офча̣ни; биле од-Пож'а̣ра̣не, од-Пож'а̣ра̣не, од-с'ело Пож'а̣ра̣не; т'атко-е г-ут'епа̣ле; Чим ќе-г-ут'епа̣а; не-и-д'а̣ва̣а и ако с-'омужи сн'аата не-и-д'а̣ва̣а; најст'а̣риот се-'утепа̣у̑; со-н'ега с-иск'а̣ра̣ле; п'оса̣кау̑ нож; за̣п'ал'уе ц'игаре и п'аѓа; ја коі̯-ќе-и-з'адира̣м; ќе-се-носи па̣н'а̣ѓиа; Тоа се-в'икало па̣н'а̣ѓие; ќе-о-н'аша̣риш со-вр'апчиња; коі̯-са̣-б'огати дв'е-слатка ќе-т'ура; сл'атко по-че'нца̣та; еднаш со-ч'енца̣та; фа̣м'илиа̣, у'очи сл'авата, се-в'икало; доаѓа̣ т'иа-шо-са̣ виз'ита̣ри; коі̯-ќе-до'а̣ѓа̣ виз'ита̣ри.*

Лешок: *смо-ра̣б'отале; Н'иве смо-ра̣б'отале*;

Старо Село: *п'омала̣в; сочин'уа̣в; колект'ива̣т; ст'очниа̣т; ј'ута̣к; дом'аќина̣т; они гу-в'ика̣в; от-к'онопа̣т или от-л'ӑна̣т; уро-ва̣т исто се-сееше; Овоза̣т и јечменат за-стока; се-н'осеше р'уча̣к; д'ома се-в'ика побл'ижните к'омшие др'угар н'екој п'облиза̣к*;

Глоѓи: *Иди -река̣л - у-Б'елград; д'оша̣л од-р'абота, ќ-ие на-г'ости; ќ-'избрише и 'отиша̣л*;

Раотинце: нема примери.

Брезно: *П'очнале да-ра̣б'отаа,; д'оа̣ѓа б'абата от-п'азар гл'еда вр'атата отв'орена.*

Примери со поместена артикулација под акцент:

Тетово: *Тогаі̯ и т'аму поон'а̣квуа; у-понед'а̣ўникот до'а̣ѓа̣ само-ж'ене, тиг'а̣нʼчари, тиг'а̣нʼчари; е не-може сеа одма да-се-он'а̣дуеш; се-зас'а̣кале и се-з'едоа; а-на м'а̣са̣ва нај'убаа п'окривка ќе-се-т'ури; др'угиве н'е-ишле од-д'а̣леку; в'а̣рделе д'еца; Ако-в'иѓаш заост'а̣на̣ле љ'удиве; до'а̣ѓа голем'и-људи; ама п'осле н'ема 'утрента, до'а̣ѓа̣ње; овја нач'а̣ўникоф; у-П'ула сла̣тк'а̣рница има; најголема при'а̣телʼка ми-б'ила; повл'а̣стице 'има̣фмо; под'а̣леку сѐ по'ефтино; ш'етаі̯ низ-ч'а̣рши̯а̣; дӑржавна-р'а̣бота. А прив'а̣тниве с'ега; д-'иде под'а̣леку; св'ите до'а̣ѓа̣ја; н'а̣околу со-мр'ежа; за̣к'а̣чено на-т'аван; Бране зам'а̣љуеў; ќе-п'ослужа со таб'а̣кава.*

Лешок: нема примери;

Старо Село: *из'а̣ткае*;

Глоѓи: нема примери.

Раотинце: нема примери.

Брезно: *една фамилија има од-Алб'а̣нија, од-Алб'а̣нија д'ојдени.*

Како што може да се забележи од претходните примери, алофонот [*а̣*] се јавува во градот Тетово (речиси без дистрибуциски ограничувања), а во другите пунктови тој може да се јави само во затворен финален слог, најчесто при членската морфема. Единствен пример под акцент (*из'а̣ткае*) е од Старо Село, но повторно се работи за морфемска граница. Од примерите се забележува дека овој алофон наполно отсуствува во с. Раотинце.

Дистрибуција на вокалот /ӑ/

Претходно веќе рековме дека фонемата /*ӑ*/ во вокалниот систем на вратничко-полошките говори се јавува во две алофонски варијанти [*ӑ*] и [*а̣*], а во рамките на дистрибуцијата на гласот *а* ги наведовме рестрикциите во потсистемите на вратничко-полошките говори, односно ги дадовме дистрибуциските правила сврзани со алофонот [*а̣*]. Ни останува да ги дадеме дистрибуциските правила на /*ӑ*/ во системот на вратничко-полошките говори.

Вокалот /*ӑ*/ се јавува релативно често во овој вокален систем и може да стои во сите позиции, освен на апсолутниот почеток и крај на зборот.

Примери пред и по акцентиран слог:

Тетово: *'откӑј м'ушко ида кӑј ж'енското; тогај со-кол'ачите кӑј-шо-с'а; с'еа д'ӑнӑске 'една 'утре др'уга и г'ото:; д'ӑнӑске 'една 'утре* *др'уг̄а; д'ӑнӑска е-сл'ават̄а; Два т̄ри дӑна, кана, уочи сл'ава, д'ӑнот̄ и п̄осле вт̄ориот̄ дӑн п̄ат̄ерице. Три дӑна г̄ост̄и колку сакаш;*

Лешок: *Сег̄а и д'ӑнӑске к'ана; ц'еў-дӑн до-в'ечерт̄а; д'ӑнӑске ќ-'иеш за-на-ст̄ар-м'анаст̄ир; кӑј-д'оі̭доф дв'ап̄ут̄а у-едан-д'ӑн; Кӑј-ќе-в'ршиш да-ст̄'анеш; кӑј-ќе-се-п̄'ост̄роп̄а.м'алу сл'амат̄а; кӑі̭-смо-он'адиле; кӑј-к'азаја, мие не-смо-чуле, кӑј-д'ое 'едан 'овде от̄-комиш'иеве; А кӑј се наоѓа т̄ој ст̄ар манаст̄ир?; п̄а со-м'ашине в'еачке и п̄'олӑсно д'оі̭де; с'ег̄а 'ушт̄е п̄'олӑсно; от̄-к'ӑде изд'оі̭доа от̄-к'оа д'р̥жаа, т̄оа н'е-знаем; т̄'ӑнок, т̄'ӑнки ...Тӑнок т̄оі̭, кл'ашњет̄е т̄'ӑнки и све со-г̄уњичиња; а кл'ашње г̄алички, наі̭'убаі̭. На, п̄'от̄ӑнки, м'азни, 'убаі̭.*

Старо Село: *ж'енет̄е из'ӑт̄кале 'едно м'ало ш'умино п̄л'ат̄но; от̄-Глӑб'очица; Селскат̄а слава ни-е-Ѓурѓовдӑн; к'уќни сл'аве са-Св'ет̄а Вр'ача и М'ит̄ровдӑн на-'осми; кој дӑн-д'ӑнӑсќе в'ажи; т̄р'и-дӑна 'ишле от̄-п̄'азар от̄-Кум'аноо до-Ст̄ар'е-Село; кому-му-е-'имен-дӑн; к'ако-и дӑн-д'ӑнӑсќе шт̄о-'иде; се-в'ика Врӑж'ивир, дека се-в'р̥т̄и в'одат̄а; кӑда ...со-емиг̄рац'ијат̄а кӑда-п̄'очнаа да-'идев от̄-ш'иесет̄ и-'осма; др'ӑг̄о·і̭ ...се-п̄р'ужав п̄од-др'ӑг̄о·і̭; за-В'елидӑн или за-свет̄и-Ј'оан да-'облечеш за-Б'ожиќ клашн'иќиќи н'оі̭; т̄аќе за-В'елидӑн, ј'ајца се-д'аваше; п̄'от̄ӑнкот̄о п̄р'едене се-уп̄от̄реб'уало за-ч'орап̄е; п̄'от̄ӑнќит̄е ч'ерѓе ѓи-п̄'раеле ш'арени; д-одн'есеф у-в'оденца да-сӑм'елеў; Тој е-п̄'от̄ӑма̣н мет̄, кошт̄анова̣т̄;*

Глоѓи: *саб'ајлет̄о јеп̄'ирит̄е се-п̄'икаа у-г̄р'оп̄ ка-ќе-з'адӑни; п̄реко-т̄рӑк'от̄ан’це;*

Раотинце: нема примери.

Брезно/Теарце: *Софија се-'от̄рӑг̄на, две-т̄ри фамилије ост̄анаја.*

Примери под акцент:

Тетово: *Б'иў кӑј-дев'ојка̣т̄а, од-л'озје б'иў кӑј-дев'ојка̣т̄а; к'ӑј-шо-е п̄'оарно т̄'аму 'иде; до'аѓа̣ кӑј не'ест̄а̣т̄а; с'еа д'ӑнӑске 'една 'ут̄ре др'уг̄а и г̄'от̄о:; д'ӑнӑска е-сл'ават̄а; Два т̄ри дӑна, кана, уочи сл'ава, д'ӑнот̄ и п̄осле вт̄ориот̄ дӑн п̄ат̄ерице. Три дӑна г̄ост̄и колку сакаш; н'ожево г̄о-з'ема п̄од-п̄'аўт̄о б'ӑцнуе;*

Лешок: *св'аки др'уг̄и дӑн д-'идеш у-лозје; ќе-'онади ј'адење и ц'еў-дӑн; А кӑде?; да-ми-к'ажеш к'ӑде-е цар'еа ќ'ерка; б'ӑш на една-к'омшифка; Ил’о бӑш, на т̄р'ек’и 'авг̄ус му-е-п̄'исано; Шип̄т̄'арит̄е п̄р'аеа б'ел’а, бӑш ког̄'аі̭-беше у-алб'анскот̄о; у-в'ӑст̄ан п̄ром'енет̄о и ќ-'иемо да-о-кр̥шт̄'еамо;*

Старо Село: *пошто е-кр'ута у-в'ода и з'ӑмба пр'аена на-м'ајстор; со-з'ӑмбата, у-дв'е се-пр'аеше; или от-л'ӑна̣т ќе-напр'ае·в с'ицим; ќе-се-с'ӑплете оп'анака̣т; и ка-ќе-га-с'ӑбере и пр'аво д'ома ем-га-т'ераше; навечер када-ќе-се-сӑберев пч'елете; Сламата за-заштита од-д'ӑш и за-од топл'ината; Се-пр'ае како-к'ошуља да-р'ечемо или ка-ф'ӑстан; А смо-ст'аљале мет исто со-с'ӑче; и т'ӑгаја н'е-само м'ојте мл'ого пч'елари ни-от'идна:; п'очнуа да-ц'ӑвти н'егдека петн'аести ф'евроар; почнуа да-цӑвти сливата*;

Глоѓи: *Ф'иљан и ф'иљан д'ӑн да-зн'аеш; 'еан д'ӑн; Саб'ајлето се-зад'ӑнуе; Б'егале, не-им-се-р'абота и к'ӑде, к'ӑде, н'ашле у-пл'анина; Шт'о-му-е на-ч'уекон ж'иф к'ӑј-ќе-о н'оса; Кӑі̯-до'аѓаа кӑі̯-њ'им го-заобикољ'уаа бач'илово; к'ӑј-шо-ќе-лега; го-пр'аќаа Ст'ојана кӑј кр'аљот; му-се-изм'ӑкнуе от-т'уе п'олеку дома; му-се-ст'ӑмнило; л'амјава в'аѓа некоа-в'ӑшка; г'олема в'ӑшка р'анел*;

Раотинце: *т'ӑгаја т'елефон н'емало; т'ӑгаја со-маг'ариња; ќе-се-с'ӑпнем т'уе; кој од-к'ӑде-е д'оселен, к'ӑде-е н'аселен; тоа не-с'ӑм, не-с'ӑм-праел; тр'и-дӑна у-з'атвор.*

Брезно/Теарце: *две-три фамилије останаја и дӑн'ӑска са во-С'офија во-Буг'арија.*

Дистрибуција на вокалот /и/

Во врска со вокалот *и* дистрибуциските правила важат на целата територија на вратничко-полошките говори, а тој не подлежи на редукција, без оглед дали е под акцент или пред и по акцент. Истиот изговор се забележува и кога вокалот *и* ќе се најде зад алвеоларните опструенти *ч, ж, ш*. Исклучок од ова има во случаите кога тој ќе се најде како втора компонента во состав од два вокала.

Примери во кои има нормална реализација на гласот *и*: *Смо-'имале; кол’-тр'ипута; Он како-'идеше; И ќе-го-ист'уримо; Б'иў кӑј-дев'ојка̣та; П'орано 'имало д'омазет; Ст'ално с-'ишло на-г'ости; р'оден-сам у-Стар'е-Село четирисет-'и-шеста г'одина; п'р̥вите л”уди што-ж'ивеле; Бил некоі̯-ч'оек; Ф'иљан и ф'иљан д'ӑн.*

Вокалот *и* кога ќе се најде во соседство со друг вокал се реализира како і̯. Во врска со ова Б. Видоески истакнува: „Вокалот *и*, кога се најдува во позиција зад вокал, се редуцира во еден неслоговен и неодреден глас што се изговара меѓу *и* и *ј* - і̯. Оваа појава особено е многу раширена во западните и централните наши говори, каде што имаме губење на некои консонанти во интервокална позиција“

(Видоески, 1950). Со оваа констатација се согласува и Стаматоски, но тој додава дека „овој процес во тетовскиот говор е отиден понапред: имено, по загубата на слоговната вредност на *и*, акцентот е префрлен за еден слог понапред, пак во согласност со законите на третосложната акцентска система - *к'апаі̭ца, ц'рнеі̭ца, ком'ињоі̭ца* итн. (Стаматоски, 1956: 221).

Примери во кои *и* со претходниот вокал образува дифтонгоид: *Тогаі̭ не; Д'аі̭ ќе-ви-д'аем ј'абук’е; Н'екоі̭ 'има с'илом; мл'адиот коі̭-'умреў; вие како-св'е е-'арно пр'аі̭те-си; в'ицо:і̭ ка̣ж'уење; Туе у-Бог'ороі̭ца ц'ᵃ̆рква ни-б'ило бл'изу; шо-н'апраі̭ле како-н'апраі̭ле; т'ураі̭те мр'ас, т'ураі̭те ин'екциа̣; и тоа смо-го-н'апраі̭ле; Ва̣љ'аі̭цата беше; на-вал’аі̭ ч'а̣риве; К'ол’каі̭ с'ино:і̭ б'иле т'иа; ќе н'апраі̭мо д'ома у-'една; ја доле деі̭че; како го-в'икаја сум-з'абраі̭ла; едни с'уі̭; 'орае с'уі̭ нека-к'р̥ша и к'оштање суі̭; Чапел”ареі̭ ги-в'икаа; д'уќанот шо-е Б'учеі̭ца; п'оќерќиў едно деі̭че; Милеі̭-К'олибе; М'ала Д'убраі̭ца; дали од-в'етроі̭те.*

Дистрибуција на вокалот /е/

Во изговорот на вокалот *е* нема промени без оглед на позицијата што ја има во зборот: *т'атко-ми н'ејќеше д'омазет; Сеа-п'оі̭ќе, к'ăј-шо-е п'оарно т'аму 'иде; Ама п'орано т'оа т'ак’е; Ќе-'ида и со-ј'абук’е; У-Ск'опје ж'ивеа, па се-з'еле, м'орале ради-д'ецата; Ќ-иемо, кол’-тр'ипута ќе-о-к'опамо; ќе-'онади ј'адење и ц'еў-дăн; Стар'е-Село се-н'аоѓа на-н'адморска в'исина 'осамсто тр'иесет метра; П'огоре дв'е м'еста 'има; Г-убед'уала ж'ената, г-убед'уала, не-б'иднуа, 'еан д'ăн; д'ембељ зн'ачи н'е м'р̥за.*

Специфична црта е тоа што по губењето на интервокалното *в*, гласот *е* преминува во неслоговно *і̭* во позицијата *-ове-*: *Сеа-п'оі̭ќе; т'уе с'еа к'оі̭ како-м'оже п'оі̭ќе; мие п'оі̭ќина; г'оі̭да ч'уаше; да-и-н'апасеш в'олоі̭те; т'аќе гу-д'елеле на-п'апунка од-г'оі̭дата.*

Дистрибуција на вокалот /о/

Во поглед на дистрибуцијата на вокалот *о*, може да се констатира дека тој се изговара исто во сите ситуации, освен во одделни случаи кога се реализира како *у*, најчесто пред *ј*, но и во некои други лексикализирани појави.

Примери со *о* пред, под и по акцент: *кăј-дев'ојка̣та, од-л'озје б'иў; у-п'ошта раб'ота̣ла; к'ојшо ќе-се-з'асака со-н'екого; П'орано* *'имало д'омазет, до'а̣ѓале; С'елото пост'оело; п'одоле 'имамо м'есто; Г-однес'уаа у-гр'оп.*

Примери со *у* наместо *о*: *т'акоф биў ч'уекот; А на-в'ечера уб'а̣везно сват'оштин’е; Коі̯-'отишле кӑј друг'и-доктур; ж'ена̣-му б'еше д'октурка; муш-ми носеше бели пант'улуми.*

Дистрибуција на вокалот /у/

Вокалот *у* има ист изговор независно од позицијата во зборот:

– под акцент: *з'аради љ'убоф се-'убиў; т'ак’е у-л”удиве т'амо да-пр'ашате; св'екорот не-дар'ууе; се-позрав'уаа; се-р'одило др'уго д'ете; з'оўва-ми коі̯ с-ом'ужила у-Пр'илеп; ќе-т'уримо*;

– во неакцентирана позиција: *мл'огу, к'ажуел, со-ј'абук’е; Ја ти к'ажуем; св'екорот не-дар'ууе; тр'ипута ќе-г-иск'опамо; ќе-о-потк'р̥шуеш; м'алу з'елено, м'алу б'ело.*

Дистрибуција на вокалното /р̥/

Во најголем број случаи вокалното *р̥* си ја задржало улогата на силабема, со поголем или помал призвук пред него, што до некаде има индивидуален карактер. Различното бележење на вокалното *р̥* во нашите текстови, не само кај информаторите од ист пункт туку и кај еден ист информатор во различни ситуации (*р̥, ^{ă}р, ă+р, р+ă*), според нас, е само обид за попрецизна локација на вокалниот призвук (*ă*), што не го менува сознанието за карактерот на *р̥* како силабема и тоа не значи дека се работи за декомпонизиран рефлекс на **r̥* во две одделни фонеми. Наше мислење е дека станува збор за глас којшто има вокален карактер, а според местото на образување тој се создава кај предните алвеоли со помош на врвот на јазикот, при што се јавуваат извесни вибрации. Притоа, бројот на треперењата на врвот на јазикот воопшто не влијае на неговиот вокален карактер. Позициско вдолжување на *р* се јавува во иницијална позиција при што, вокалниот призвук што се слуша притоа пред /*р̥*/ е негова задолжителна компонента.

Вокалното *р̥* најчесто се јавува во медијална позиција, меѓу два консонанта, поретко во иницијална пред консонант, а во соседство со вокал се јавува само на морфемска граница.

Примери од Тетово, каде има реализација ^{ă}*р*:

– м'^{ă}ртоф *...за̣п'ал’уе ц'игаре и п'аѓа, м'^{ă}ртоф;*

– см'^{ă}рт *...ги-тепаў до-см'^{ă}рт;*

– м'^{ă}рсна *...н'ашата б'ила м'^{ă}рсна, Петковден м'^{ă}рсна, м'^{ă}рсно се-ј'аде;*

– ц'^{ă}рн *...Они у-ц'^{ă}рнина отишле у-Пр'илеп на-св'адба;*

– ц'^{ă}рква *...До-ц'^{ă}рква м'узика;*

– с'^{ă}рце *...т'ебе ти-е п'оўно с'^{ă}рцето; нема с'^{ă}рце д-'утепуе;*

– б'^{ă}ргу *...т'ога̣ј се-за̣п'ослила, б'^{ă}ргу;*

– п'^{ă}рв *...п'^{ă}рвиот син на-д'едото;*

– д'^{ă}рфце *...пом'алоо д'^{ă}рфце да-се-сл'ожи на-ов'а-д^{ă}рфце;*

– К'^{ă}рсте *...пед'есета К'^{ă}рсте ми-е-р'оден; ќе-ни-к'^{ă}рсти в'ода;*

– свек'^{ă}рва *...н'ејќеше свек'^{ă}рва-ми да-в'арди д'еца;*

– св'^{ă}рти *...ќе-го-св'^{ă}рти;*

– в^{ă}рсте *...ама-кол'ачи едно-дв'е-в^{ă}рсте;*

– в'^{ă}рне *...в'^{ă}рне, со-ч'адор, рече, ти ќе-д'ојдеш кăј-н'ас;*

– в'^{ă}рже *...ќе-о-в'^{ă}рже.*

Примери со реализација *р̥*:

Лешок: *П'осле ќе-о-к'р̥штеаш, ќе-в'икаш г'ости и кеи̯-ќе-о-к'р̥стиш; св'екр̥ва и све, ја, кăи̯-ги-ч'итаа м'р̥твите; с'р̥пско нап'исано; п'р̥чка се-в'икало, п'р̥чка и к'ол’ку п'р̥стов д'ебела*;

Старо Село: *а у-л'ето л'адно д'р̥жи от-слăнцето; у-г'р̥нци г'олеми турамо тоа вр'ăчве се-в'ика̣в; ч'екаў кој-ќе-'овр̥ши пр'ăв; гувр̥жуаш едно триесет самтима.*

Брезно: *п'остои ц'р̥ква Св'ети 'Илија,; Тој Тевд'осие К'р̥стиќ за-св'ое вр'еме бил бан,; Фт'ора г'одина, зав'р̥шифмо.*

Примери со реализација *ă+р*:

Лешок: *Па овде, четăр-г'одине и г'отоо п'осле зав'р̥шуе; То'а-школо и т'амо две-г'одине, четăр-г'одине до-ч'етвăрти; 'овде четăр-г'одина; ти од-'овде ќе-о-ф'ăрл’аш онамо; Ќе-му-а-пр'ефăрлиш нарамо; г-'искр̥ши ги-ф'ăрли нис-п'енцер; кеи̯-ќе-вăрне; и тоа шо-ост'анало го-ф'ăрлила на-к'учиња; Ж'ико се-в'икаше, Цăрн'огорец; па-со-штич'инката по-гл'ава је-пушти кр'ăв; А Буг'арите кога̣и̯-'идоа,... едни с'уи̯, исп'ечени и сл'аби и ц'ăрни.*

Старо Село: *туе 'има т'ăрла пост'оеле ј'оште у-т'урското вр'еме; 'имало т'ăрло; т'ăрло 'имаав рад'ушани; сед'умдесет и-че'твăрта; ш'иник 'имало четăрн'аесет к'ила т'ежина; смо-и-с'еале ч'енка и-ч'енца и р'ăш; После имало у-с'елово натпр'евари, в'ăрљање на-к'амен; кој-ќе-н'афăрли к'амен; таја ц'ăрна ц'ăрна от-ч'адат; б'ере л'исја от-ц'ăрнице искљ'учиво со-ц'ăрница се-р'анеше.*

Старо Село: *да-пр'ефăрљаш к'амење.*

Примери со реализација *р+ă*:

Старо Село: *смо-и-с'еале ч'енка и-ч'енца и р'ăш; а 'озгора се-пр'аеше од-р'ăжана сл'ама; кат-се-жн'ееше ч'енца, р'ăш тиа-р'аботе; гу-вр̥жуаш едно триесет самтима пот-кл'асạт од-р'ăжạт; праемо на-врăв на-кош'арката; у-г'р̥нци г'олеми турамо тоа вр'ăчве се-в'икạв.*

Глоѓи: *пов'оркава тр'ăгнуа, ка-тр'ăгнуа; Мр'ăтви у-гр'оп!; кој-ќ-'издрăжи н'океска.*

ВОКАЛНИ ГРУПИ

Во поглед на дистрибуцијата на вокалите во вратничко-полошките говори, групи од два исти вокала се чести кога се јавуваат на морфемска граница со префикс, како и во сложени зборови. Тогаш тие се реализираат како два одделни гласа, а на составот со граматичките морфеми тие можат да се реализираат и како еден долг вокал. Примери на реализација на два исти вокала во непосреден допир:

аа > аː – ќе-се-заним'аː; ама замер'уаː љ'уди; они ги-дон'есуаː; т'уека 'исто н'ашиве горном'аːло мн'огу 'имаше комун'исти; И онаː, кăı̯-смо-он'адиле; како-што-ул'агале да-сил'уаːв; к'автарке се-в'икаː; мл'ого пч'елари ни-от'иднаː;

но и без контракција: *Сеа н'емаа г'ајле; Ја-се-с'екаам за-'едни л''уди; ж'ене шо-'имаше, се-позрав'уаа; в'ише н'ема препр'аање; по-р'учекот до'ạѓаа; у-нед'ел'ата г'и дạваа; не-се-вр'акаа; сн'аата нас'абаı̯ле ќе-згр'ее р'ак'иа; ќе-и-вр̥ж'уаа сн'опјете; н'аамо, н'атамо; и г'отоо в'ише све у-'онаа; после од-маал'а-тлеа ј'опе ќе-о-в'ееш; к'аква 'убаа сум га-д'ала; ова-м'аало н'ашево б'ашка, а тенеќе-м'аало б'ашка т'р̥пеза ќе-б'иде; р'оба расто'араа; се-вр'акаа љ'удиве.*

ее > еː – да-з'емеːв н'еːсте мл'адиц; за-да-сп'ие он со-н'еːстата; И ќе-се-т'уриːв да-се-нак'иснеːв;

но и без контракција: *т'огаı̯ г'и-н'оса на-не'естạта; сн'аата нас'абаı̯ле ќе-згр'ее р'ак'иа; н'е-смееш св'егде; гр'ееја в'ода; ќ-'иеш ќе-жн'ееш со-срп; ќе-о-вееш ж'итото; ќе-а-к'ача н'еестата; ќ-'ием да-о-з'еем; ц'елото с'ело живееле.*

оо > оː – в'ицоːı̯ кạж'уење; како-ќе-р'еча ст'ари и-г'отоː; Ја кăј шо-сум-д'ошла, да од Тетоː; М'ики ќе-д'онесе негоː'о-друштво; тр'ошкоːı̯ с'еа; ќ'ерка н'егоːа; за-н'екоı̯ збороːı̯; Син-ми с'еа го-'онади *со:браќ'ај̯на; т̄иа се-н'осеа на-бојадис'уане у-Тет̄о:; ако биде времет̄о 'убо:;*

но и без контракција: *знае да-биде некада мл'ог̄у 'убоо; н'ат̄амо п̄рема-К'учкоо; ќе-му-'удри со-'оноо од-м'ет̄ла д'р̥вце; г̄'от̄оо за-две-н'еделе; у-Тет̄оо се-родила; нај'убоо п̄ост̄'елена; даљ-п̄'ост̄ои с'ело Берб̄ешоо; н'е-ми одг̄'оори.*

ии > и: – ви:ш како-с'удбина е;

но и без контракција: *конд'урлии г̄и-в'икаја; Едно од-'овде от̄-ком'шииве.*

Белешка: Во некои случаи (најчесто по губењето на интервокалното *в*, но и на други консонанти, кога вокалот ќе се најде во непосредно соседство со истороден вокал, но и некој друг вокал) кај некои говорители се забележува контракција, но тоа, ни се чини, има индивидуален карактер, а зависи од темпото на зборување.

КОНСОНАНТИЗАМ

Сонантите можат да стојат во сите позиции на збороформите, додека пак, звучните опструенти не можат да стојат на крајот од зборот и пред безвучни опструенти. Безвучните опструенти не можат да стојат пред звучните, а едначењето по звучност се врши и на составот на префикс и коренска морфема, како и меѓу одделни зборови кога сочинуваат акцентска целина.

Дистрибуција на одделни сонанти

Гласот *ј* во вратничко-полошките говори има неинтензивен карактер во изговорот, па поради тоа често се случува овој глас да отсуствува и меѓу два вокала, но и во почетокот на зборот пред вокалот *е*: *ен* (< еден), *елен, езеро* итн.

Во групата *-оа-* тој редовно се испушта кај заменките и кај глаголските форми: *моа, т̄воа, некоа, се-разв'едоа, з'едоа, д'ојдоа.*

Сонантот *ј* не се изговара и во средината на зборот (пред вокалот *е*) меѓу следниве вокалски групи:

– *ае: зн'ае, з'аедно, т̄р'ае, т̄к'ае* итн.
– *ее: в'ее, п̄'ее, с'ее, жн'ее* итн.
– *ие: в'ие, м'ие, п̄'ие, сп̄'ие* итн.
– *ое: к'ое, м'ое, т̄в'ое* итн.

Во другите случаи не може да се генерализира, бидејќи некогаш се забележува присуство на гласот *ј*, а некогаш не.

Слична е ситуацијата и во средината на зборот пред консонант, кога во некои случаи можеме да слушнеме *ј*, а во некои не, односно сонантот *ј* се изговара по вокалот *о*, но не се изговара по вокалот *и*.

Во врска со гласовите *л* и *љ* ја имаме следнава ситуација:

Латералот *л* може да се регистрира само пред вокалите од заден ред, а не се јавува пред вокалите од преден ред и пред сонантот *ј*. Во овие случаи изговорот на *л* е среден и е блиску до изговорот на полумекото *л'*. Специфика за одделни потсистеми на вратничко-полошките говори претставуваат и случаите кога гласот *л* се наоѓа на крајот од зборот или на крај од слогот. Во тие случаи тој се реализира како ў, а причините за оваа црта можат да се најдат и во тоа што рефлексот на старото вокално **л̥* во овие потсистеми е *оў* (*з'оўва, т̄и-е п̄'оўно с'ᵃ̆рцет̄о, м'асет̄е п̄'оўни,* Тетово; *ќе-о-нап̄'оўнимо т̄оа к'ачет̄о, п̄'оўна со-н'арот̄, в'оўкот̄ и м'ечкат̄а* Лешок). На местото од старото меко **л̥'* во вратничко-тетовскиот говор речиси регуларно се јавува *л'* кое по изговорот се доближува до гласот *љ*.

Примери со латералот *л* пред задните вокали: *раб'от̄а̣ли, младож'ењат̄а, млада, слава, ќе-п̄л'ат̄ши, слат̄ка.*

Пред предните вокали по традиција не се бележи разликата во изговорот, иако станува збор за глас којшто е близок до полумекото *л'*: *м'ислеле, до'а̣ѓале, п̄'осле, две-н'еделе, Пр'илеп̄, л'ебот̄ ќе-о-н'ап̄раи̭ ш....*

Примери во кои се јавува гласот *л'* (односно *љ*): *Ја-се-с'екаам за-'едни л''у̣ди; у-нед'ел'ат̄а г̄'и да̣ваа; Жене, некол'ку; к'ои̭ к'ол'ку д'онеў; за̣п̄'ал'уе ц'иг̄аре; Вел''а-среда; п̄ри'а̣т̄ел'ка ми-б'ила; т̄'ол'ку мл'ог̄у да-ш'ием; Св'екор-ми се-л''ут̄и; на-вал'аи̭ч'а̣риве; Го-знаеш Ил'от̄а; з'абрал'ам шо-ќ'е-речем; т̄'ол'ку се-он'адило; Он-мн'ог̄у љ'убеў г̄'ост̄и; т̄оа б'ило љ'убоф.*

Примери во кои се јавува гласот *ў*: *з'аради љ'убоф се-'убиу̯; б'иу̯ кăј-дев'ојка̣т̄а; ка-шо-кажуаў; Он-мн'ог̄у љ'убеу̯ г̄'ост̄и; за-т̄'ој шо-п̄'ог̄инаў; з'оўва-ми кои̭ с-ом'ужила; т̄'ебе т̄и-е п̄'оу̯но с'ᵃ̆рцет̄о; у-п̄онед'а̣ўникот̄; мие г̄орном'ааўци; п̄од-п̄'аўт̄о б'ăцнуе; м'асет̄е п̄'оўни; ќе-о-нап̄'оўнимо т̄оа к'ачет̄о; у-п̄он'едаўник; шо-се-с'еа, с'еўскит̄е; кеи̭ -шо-е-боўн'ицава; ама т̄'оўку б'ила л'оша; и л'исиче му-д'ау̯ и све и в'оўкот̄.*

Интересно е тоа што ваков изговор (ў) е забележан во Тетово, Лешок и Старо Село, додека во Раотинце и Глоѓи нема ваква реализација, односно таму имаме *л* и *л'*.

Сонантот *н* има дентално-алвеоларна артикулација во сите позиции (освен пред *к*, каде што се реализира смекнато како позициски алофон: *г̄р'ан'ка, ч'ен'ка*):

– во почетокот на зборот: *нас, нам, н'аше, н'ег̄о, нег̄'ој̯т̄е, н'ива, н'им, нос*;

– во средината на зборот: *п̄'адне, ж'енет̄, к'асни, ј'аг̄не* итн.;

– на апсолутниот крај на зборот: *т̄рн, п̄рст̄ен.*

Наспроти овие примери стојат и примерите: *њ'иве, књ'иг̄е, п̄р'ичешња, к'амењ, к'орењ.*

Палаталниот сонант *њ*, условно земено, го има на целата територија и се реализира високо, односно меко: *к'оњ, младож'ењат̄а, п̄рст̄ење, л'еп̄чиња, вр'ап̄чиња, ј'адење, цр'ешње, дејч'ињава, п̄р'асиња, т̄'елиња, кл'ашње, к'оњи, п̄р'от̄ињаш, н'ошња, јаг̄ниња, ѓерд'анчиња, г̄ун'ичиња / г̄уњичиња.*

Сонантот *р* се реализира само во соседство со вокал: *р'одило; ќе-им-т̄'ури; се-п̄озрав'уаа; св'екорот̄ не-дар'ууе; друг̄'арит̄е; брат̄ и-с'еса; м'анаст̄ир; д'евер* итн.

Дистрибуција на оддели опструенти

Во врска со гласот *в* можеме да кажеме дека се јавува во сите позиции, без некои посебни ограничувања, освен на апсолутниот крај на зборот каде преминува во својот безвучен парник со исклучок на северните вратнички села каде и во финална позиција се чува звучноста на овој глас односно тој сѐ уште има сонантски карактер (сп. Лаброска, Томовски 2011: 87-94).

– Во иницијална позиција пред сите вокали: *в'ас*; *в'иделе, в'ише, в'ика; в'ечера, в'еридба, вер'еници; в'ујко; в'ода.*

– Во медијална позиција, особено во позиција меѓу два вокала ситуацијата е многу комплексна и не може да се утврди некое посебно правило кога се јавува гласот *в.* Имено, кај еден ист говорител може да забележиме двоен изговор, т.е. чување на *в* во интервокална позиција и негово губење (брзиот изговор кај еден ист говорител придонесува за испуштање на *в* во интервокална позиција). Гласот *в* не се реализира во некои глаголи каде што во другите говори обично се чува – *озрае, стаим,* потоа кај итеративните глаголи од типот *остаам, истаам, маам*, кај количествените заменки *к'ол’каа, т'ол’каа,* *'ол’каа*, во позицијата *-ави-*: *'оста̣і̯в, з'абра̣і̯в*, при што губењето на *в* предизвикало затемнување на првиот вокал со извесна дифтонгизација (Стаматоски, 1956: 235).

– Во иницијална позиција изговорот на *в* пред сонантите *р, л* и *н* е еднаков: *вр'етено, вл'езе, вн'атре, вн'есе*. Ограничувања во дистрибуцијата на *в* пред *н* забележуваме во случаите: *гл'амња, р'амно, р'амница* и сл.

Гласот *ф* има фонолошки статус во консонантскиот систем на вратничко-полошките говори:

– во почетокот на зборот: *фам'илија, фати, фа̣култ'етлиа̣, фр'ижидер, ф'абрика, ф'урна, ф'иљан, ф'ӑстан*;

– во средината на зборот: *к'афе, каф'анче, с'ефте, еф'ендиа̣, телеф'он, центриф'уга* итн.

– на крајот од зборот како безвучен парник на /в/: *љ'убоф, т'акоф, п'очнаф, н'егоф, пр̥ф* итн.

Исто така, се јавува и пред безвучните опструенти во медијална позиција: *'удофци, тет'офча̣ни, д'*^{ă}*рфце, ќ'ул’афка, 'офце* итн.

Гласот *х* скоро и да не се среќава во вратничко-полошките говори, што значи дека тој или преминал во некој друг глас или пак исчезнал. Се јавува во зборови од туѓо потекло и кај известен број словенски зборови, но самиот факт за појавата на овој глас нè обврзува да го регистрираме, макар како маргинален во потсистемот. Во сите други случаи старото **х* или исчезнало, или преминало во некој друг глас. Инаку, општо позната е состојбата на овој глас во нашите дијалекти на дијахрониски план, но за ова повеќе во историскиот извод од појдовниот старомакедонски систем.

Само во неколку примери го забележавме овој глас: *х'итно, пл'ех, пар'охиа, хр'омната р'уда, Ј'у:охром, Мих'ајло, 'архиф, в'аздух.*

Гласовите *ќ* и *ѓ* од страна на многумина лингвисти различно се дефинирани на целата македонска територија (сп. Облакъ 1894, Павловић 1930, Селищевъ 1931, Видоески 1998, Стаматоски 1956). Според нас, во вратничко-полошките говори овие гласови спаѓаат во редот на оклузивите.

Во поглед на дистрибуциските правила гласот *ќ* има релативно ограничена дистрибуција во соседство со консонантите – може да стои во група со ј, како и со назалите *н* и *њ* на морфемска граница:

појќе, н'ејќе, 'идејќи, с'едејќи, п'асејќи; куќна/куќн'а слава, св'еќнак, дăн'оноќно.

Истите рестрикции важат и за гласот *ѓ* – може да стои во група со вокалното *р̥* и во соседство со назалите *н* и *њ*: *меѓњик, сунѓер, р̥ѓа/^{ă}рѓа.*

Заднонепчените гласови *к* и *г* пред предните вокали се реализираат како палатализирани *к’* и *г’*: јабу*к’е, к’итк’е, так’е; ог’ин, ног’е* итн.

Консонантот *ѕ*, кој по својата природа е африкативен, овде е присутен дури и повеќе отколку во стандардниот јазик, бидејќи тој глас се добил секундарно од *з*. Се среќава и во стари и во нови зборови: *ѕ'иври, ѕ'евгар, ѕ'емне, ѕит, ѕ'идар*. Гласот *ѕ* се јавува пред *в* и *р*, односно зад *н: ѕв'езда, ѕв'онец, ѕвер, ѕв'иска, ѕв'ечи, н'аѕре, ј'анѕа, бр'онѕа, м'енѕа, б'енѕин* и сл.

КОНСОНАНТСКИ ГРУПИ

Во вратничко-полошките говори група од два сонанта во иницијална позиција е можна само кога групата почнува со сонантот *м*: *мл'ади, мрас, мј'аукат* итн. Сонантите, со исклучок на *р*, не се јавуваат во иницијална позиција во група со опструент. Не е можна и група од два исти сонанта. Тие обично се реализираат како долг глас: *н'ајːунак, н'ајːак* итн.

Групата *бн* се чува неизменета: *д'ебне, ѕ'ебне*.

Групата *мн* во иницијална позиција се променила во *мл-* во лексемата *мл'огу*.

Групите *ср, зр, жр* не се пополнуваат со денталите *т, д*, ниту пак се можни тричлени консонантски групи *стр, здр, жтр: срам, ср'ебро, с'есра, ср'ана, зр'авје, зрел, жр'ебе, 'осро, б'исро* итн.

Не се можни групите *пс, пш* и *пч*: *цојса, чеи̯нца* итн.

Од завршните консонантски групи не се можни *-ст, -шт*. Во таа позиција денталот *т* редовно се губи: *б'олес, лис, р'адос, приш* итн.

Гласот *с* не се јавува на морфемска граница во група пред *ч*, додека пак може да се јави пред африкатот *ц*: *мошче, кваиче*, но: *месце*.

Кај повеќечлените консонантски групи составени од фрикативните *с, ш* + *т; д* + сонант, најчесто отпаѓаат денталите *т* односно *д: п'осно, м'асно, м'ошне; л'исје, гр'озје.*

ГУБЕЊЕ НА ОДДЕЛНИ ГЛАСОВИ

Во вратничко-полошките говори настануваат неколку значајни промени сврзани со губењето на некои гласови како во вокалниот, така и во консонантскиот систем. Всушност, станува збор за губење на некои консонанти во позиција меѓу два вокала, а потоа за контракција на вокалите во непосреден допир од што произлегуваат две ситуации: 1) создавање нови вокалски должини по контракцијата на два исти вокала во непосреден допир и 2) образување на дифтонзи кога како втор вокал се јавува *и*. Освен тоа, кај вокалите се забележува и нивна елизија под определени услови. Сите овие појави бараат посебно објаснување, па затоа ќе се обидеме да дадеме еден кус преглед, тргнувајќи од губењето на консонантите во интервокална позиција, односно т.н. интервокални консонанти: *в, ј, д, т, ж, к, г, ѓ, х.* За гласовите *в, ј* и *х* веќе стана збор претходно.

Губење на интервокалните консонанти

Губењето на одделни консонанти во интервокална позиција се јавува само во некои поединечни случаи и зависи од темпото на зборување, но и од должината на зборот, т.е. од бројот на слоговите. Станува збор за губење на гласовите *д, ж, к, г, ѓ,* во *tempo allegro* и тоа:

– *д* во: *ќе-го-'изваем; ќе-г-'изваим* (извадам), наспроти: *и г-'извадиа* кај истиот говорител; *ќе-д'ое; ако-д'оа* (ќе-д'ојде; ако дојдоа), наспроти: *ќе-д'ојде; ќе-д'ојда* кај истиот говорител; *дван'аесе, дв'аесе* (како и во стандардниот јазик: дванаесет, дваесет) и др.

– *ж* во: *не-м'оем* (не можам); *л'ā̆и̯ца*, но и *л'ојца* (лажица) и др.

– *к* во: *као,*па дури и *ка: д'ете* (како дете), но во самостојни прашања секогаш само: *к'ако*.

– *г* во: *коај* (кога), но во самостојни прашања само: *кога*.

– *ѓ* во: *виам* (виѓаам).

ОД ИСТОРИСКИОТ ИЗВОД

Од историска перспектива произлегуваат некои јазични карактеристики кои се заеднички за поголеми говорни целини, па оттаму во рамките на овој дел ќе се обидеме да дадеме информација за тоа во што се претвориле оние фонеми од појдовниот систем, кои со текот на времето го загубиле статусот на фонеми.

ВОКАЛИЗАМ

**ъ*, **ь* – Кога станува збор за старословенските редуцирани вокали и нивната замена во вратничко-полошките говори, како што истакнува Тр. Стаматоски „во нашиов говор е мошне сложена и интересна. Во коренот *ъ* > *о* односно *ъ*, а во суфиксите редовно *о*. Слична е положбата и со рефлексите на *ь*: во коренот *ь* > е односно *ъ*, а во суфиксите редовно *е*“ (Стаматоски, 1956: 227). Видоески дава појасна слика за двата типа – вратничкиот и тетовскиот. За вратничкиот говор тој вели: „И во овој говор како во северните, полугласките **ъ*, **ь* дале еднаква вредност – вокалот *ă* кој во неакцентирана позиција се изговара знатно пошироко (*ạ*), поблиску до *а*, но кој сè уште не е *а*. Ваков резултат место споменативе два гласа наоѓаме не само во коренските слогови, туку и во афиксите. Сп.: *дăш, бăчва, вăшка, зăлва, кăт, сăн, мăкне, тăкне, мăф, тăкмо; дăн, дăнăска, вăздạн, дăњом, дăница, л'ăнạт, оп'анакạт; ј'утạк* (СтС). Неколку исклучоци, на пример, *сега, пењушка, шепнем* или *собор*, предлогот *со* – можат да се објаснат лесно; *овос* (после и *овозạн*) е ново преобразување извршено на овој терен.

Доследна замена на споменативе два гласа со *ă* наоѓаме сè до селото Одри. Јужно од ова село се срекаваат паралелно и примери со о < **ъ*, *е* <**ь*, особено во афиксите.“ (Видоески, 1998: 152). Во однос на тетовскиот говор Видоески констатира „**ъ*,**ь* >*о*, *е*: *бочва, вошка, дождоі̯, зоўва, когај, моф, токмо, – пењушка, сега, шепне*, и редовно така во суфиксите и префиксите. На тетовското говорно подрачје поинаква замена (*ă*) се срекава само во поодделни примери. Колку што се оди на југ од Теарце нивниот број стално се смалува, така што на просторот меѓу Тетово и с. Челопек вокалот *ă* се срекава уште во зборовите: *дăн, вăздạн* спрема зборовите *Велигден, лăсен, лăн, тăмно, опăнок, лăска, сăн* и во некои нивни деривати.“ (Видоески, 1998: 158).

Секундарен вокал ($ъ_2$) – И во однос на вторичниот ъ (во духот на македонската лингвистичка традиција го прифаќаме терминот секундарен или вторичен ъ со кој го означуваме процесот на разбивање консонантски групи тешки за изговор, кои се добиле по губењето на еровите) се забележуваат извесни разлики. Во вратничкиот говор како најчеста замена за $ъ_2$ се јавува гласот *ӑ*: *лӑже, мӑгла, мӑска, тӑнко*, што на крајот од зборот во групите **-Crъ, *-Crь, *-Clъ, *-Clь, *-Cnь, *-Cmь* најчесто се реализира како *а̣*: *б'иса̣р, в'ета̣р, 'ита̣р, м'ода̣р, 'оста̣р*. Пред крајното *л* исто така имаме *а̣*: *'улега̣л, р'ека̣л, с'ека̣л*. Во тетовскиот говор на местото од вторичниот ер ($ъ_2$) ја имаме следнава ситуација: пред крајното ў е заменето со о: *рекоў, текоў*; пред *м* е заменет со *у*: *седум, осум, сум*, а на крајот од зборот пред *р* со *е*: *ветер, итер, модер*.

*ǫ, *ę – Процесот на деназализација најрано ги зафатил северните македонски говори, а правецот на ширење на оваа појава бил север – југ. Процесот на деназализацијата на носовките се одвивал вака: **ę > ӓ > е; *ǫ > ӑ > а*.

Во врска со замената на *ǫ Стаматоски вели дека „има разни замени во овој говор. Основни се рефлексите – во коренот *у*, а во суфиксите *а*. Прилично голема е групата зборови со рефлекс *ǫ > *ӑ*, додека со рефлекс *ǫ > *о* се среќаваат само два збора.... Изговорот на *у* и *а* < *ǫ е чист, иако би можело да се очекува извесно затемнување на а, особено со оглед на наклоноста на тетовскиот говор кон редуцирани гласови." (Стаматоски, 1956: 224).

Примери за *ǫ > *у*: *вруќ, вруќина, голуп, грутка, гусеі̯нца, дуп, зуп, јуже, купина, кус́, куќа, мука, мути, муш, мушко, пупок, пружи, пут, путник, рука, рукаі̯ца, ручка, руча, скуп, струк, субота, туга, тупан и* др. Дури и во зборот *клупче*, кој во другите македонски дијалекти најчесто е *клопче*.

Примери за *ǫ > *ӑ*: *бӑботи, гнӑса, гнӑсен, кӑса, кӑсне, кӑде, кӑј* итн.

Што се однесува на замената *ǫ > *а* може да се каже дека ретки се примерите во коренот на зборот, но оваа замена е речиси регуларна во суфиксите: *св'аноќ, п'аднаф, с'еднаф, в'икнаф, ст'игнале* итн.

На целата вратничко-полошка територија *ę се заменува со *е* и тука нема ништо специфично што би го изделил овој говор од другите северни и западни говори.

Вокалот *ě како и во другите говори преминал во *е*: *бел, брес* (брест), *в'едро, век, в'ет̄ер/в'ет̄р̥ар, г̄н'ездо, г̄'олем, г̄р'еот̄а, д'евојка, д'едо, д'ет̄е, ср'еда, ср'еа, цр̥'ево, цр'еп̄ња* итн.

Вокалното *r̥, како и во повеќето македонски говори, ја има сочувано функцијата на силабема, со поголем или помал призвук пред него, што до некаде има индивидуален карактер. Овде истакнуваме дека интересни се случаите кога гласот *р* се наоѓа на апсолутниот почеток и тогаш пред него се развива извесен вокален елемент: *^{ă}рж, ^{ă}рѓа, ^{ă}рт̄и* итн. Повеќе примери може да се најдат во делот посветен на дистрибуцијата. Интересен е примерот *чет̄в^{o}рт̄ок*, каде што се забележува силен вокален призвук што клони кон *о*.

За некогашното вокално *l̥ во вратничко-полошките говори се јавуваат следниве рефлекси: *ол, оў, у, лă* и сосема ретко *ăл* (за ова, повеќе примери види во делот посветен на дистрибуцијата).

КОНСОНАНТИЗАМ

Во рамките на консонантскиот систем ќе се задржиме на оние гласови кои претрпеле извесни промени.

Старото меко ***ľ** во повеќето случаи во вратничко-полошките говори се сочувало: *л’ут̄ина, недел’а, вал’аі̭ца, учит̄ел’, п̄ријат̄ел’, Ил’о, Кол’о, кол’ку, ол’ку, т̄ол’ку, нишал’ка* итн.

Старото **ń* во иницијална позиција пред вокалите од преден ред затврднало: *н'ег̄о, нег̄'оі̭т̄е, н'ива.*

За старото **ń* во други позиции на зборот имаме различна ситуација. Во некои зборови по аналогија се јавува *њ* на крајот од зборот: *д'р̥муњ, клуњ, т̄'aруњ* итн.

**nь̭ј > њ*: *г̄'одиње, с'ирење, к'амење, т̄'р̥ње.*

Старото **х*, како и во другите наши дијалекти, и во вратничко-полошките говори било засегнато од процесот на губење. Под влијание на стандардниот јазик овој глас повторно се воведува во системот, но не во оние ситуации во кои процесот на губењето **х* и негова замена со некој друг глас е веќе завршен.

Гласот **х* исчезнал во почетокот на зборот: *леп̄, 'оди, 'ит̄ер, р'ани, л'адно* и др.

Во позиција меѓу два вокала *х* исто така се губи: *ра:т̄, са:т̄, сна:; с'оа, л'еа, ср'еа* итн.

Во средината на зборот пред консонант имаме замена на *х* во *в*, односно *ф*: *м'авна, ј'авна, н'ивна; б'офча, се-вр'атифмо, чуфмо, немавмо* (Р) итн.

На крајот од зборoформите *х* > *ф* (освен во вратничките говори: *цр̥в̭, бев и др.;* сп. Лаброска, Томовски 2011: 87-94).*:* *греф, меф, моф, глуф, к'ожуф, п'ердуф, беф, з'едоф, ст'анаф* итн.

Почетната група **xv* > *в/ф*: *ф'ала, ф'$^{\breve{a}}$рла/врла, ф'а^{i}ќа.*

Прасловенските групи **tj*, **kt*- во вратничко-полошките говори дале почесто *ќ*, а поретко *шт, ш.*

Примери со *ќ*: *Б'ожиќ*, *ноќ*, *в'еќе*, *вр'еќа*, *св'аноќ*, *к'уќа*, *св'еќњак*, *ф'аќа*, *ср'еќа*, *ќ'ерка* итн. Поретки се примерите со *шт, ш: пл'ешка, м'ошно, с'иношен* итн.

Групата **tьj* > *ќ: браќа, сфаќа, цв'еќе* итн.

Групата **dj* почесто се заменува со *ѓ*, поретко *жд, ж: в'еѓа, в'аѓа, м'еѓа, м'еѓник, т'уѓина,* но и*: н'апрежен, пон'апрежен, н'ужда* итн.

Групите **stj*, **skj* > *шт: г'уштер, кл'еште, п'ишти, г'оштеа* итн.

Групите **zdj*, **zgj* > *жд: гл'уждот, д'ождот, д'ождарник* итн.

Групата **čr̥*- > *цр̥/ц$^{\breve{a}}$р: цр̥н/ ц$^{\breve{a}}$рн, ц'р̥нило/ ц'$^{\breve{a}}$рнило, цр̥в̭/ ц$^{\breve{a}}$рф* итн.

Групата * *čr̥ě*- > *цре: цр'ево, цр'епње, цр'еше* итн.

Групата * *čvr̥*- > *цвр̥/цв$^{\breve{a}}$р: цвр̥с/цв$^{\breve{a}}$рс* итн.

Групата *мн* > *мл* во иницијална позиција во лексемата *мл'огу*.

Групата *бн* се задржала*: д'ебне, ѕ'ебне.*

Групата *вн* преминала во *мн: 'одамна, р'амно, гл'амна.*

Иницијалната група *пш/ пч* > *ч: ченца, ченка.*

Консонантските групи *стр, здр* се упростуваат во *ср*, *зр*: *ср'ажа, ср'ана, зр'аво*, *зр'авје.*

Во поглед на диференцијацијата на вратничко-полошките говори, сосема е извесно дека од една страна стои вратничкиот говор како претставник на северната дијалектна зона, а од друга, пак стои тетовскиот говор, кој има особености на преоден говор меѓу западното и северното наречје. Голем број изоглоси се вкрстуваат на теренот на тетовскиот говор како резултат на мешањето на јазичните црти од двете дијалектни зони.

ПРОЗОДИЈА

Вратничко-полошките говори, според класификацијата на Видоески, спаѓаат во западномакедонскиот акцентски модел, а за границите на протегање на овој акцентски тип тој вели: „источната граница на овој акцентски систем приближно се движи до линијата Раштак – Црешево – Арачиново – Дивље (на скопскиот дел) – Лугунци – Црквино – Владиловци (во велешка Клепа) – Никодин – Тројаци (Тиквеш), од каде што продолжува по планината Селечка до с. Брод на Црна Река (источно од Битола); од Брод продолжува на југозапад, поминува нешто малку посеверно од Лерин и преку селата Арменско – Брезница – Вамбел и на албанската страна с. Врмник, од каде што скршнува кон југозапад и оди приближно по денешната државна граница меѓу Грција и Албанија сè до Грамос“ (Видоески 1999б: 107). Овој акцентски модел „на северозапад ја надминува јазичната граница меѓу западномакедонското наречје и српските дијалекти од призренски тип, опфаќајќи ги говорите во областите Гора и Сретечка Жупа на северните и северозападните падини на Шар Планина“ (Видоески 1999б: 114). На целиот овој западномакедонски терен имаме акцентирање на третиот слог од крајот на зборот. Но, како што истакнува Б. Конески во Граматиката, овој западномакедонски акцент „треба да се разгледува не само во врска со прашањето на кои слогови паѓа во одделните зборови, ами уште повеќе во врска со тоа какво е неговото место во различните зборовни споеви во реченицата, зашто тој е изразито смисловен акцент“ (Б. Конески 1981:139).

Акцентот во вратничко-полошките говори е определен на третиот слог од крајот на зборот кај трисложните и повеќесложните зборови, а на почетниот слог кај двосложните.

Примери:

– кај именките: *м'уш, ч'уек, п'оп, т'етин, в'ăлк/в'олк/в'оўк/в'ук, к'оњ, п'етел/п'етạл; в'ăлци/в'оўци/в'уци; в'олој, д'ăној, л'ебој, кл"учој, пр'утој, п'утој, р'учкој, столој; ж'ена, м'ајка, б'аба, д'ејка; б'абе, вр'апќе, вр'ате, гр'анке, д'ејке, ј'абуќе; г'аќе, на'очаре/'окаљќе, н'ожице, пант'алоне/пант'улуми.*

– кај придавките:

'убаф-'уба:-'убо:, блак-бл'ага-бл'аго, к'озји-к'озја-к'озјо, ч'уечки-ч'уечка-ч'уечко, ц'р̥вен-ц'р̥вена-ц'р̥вено, т'урсќи-т'урска-т'урско, с'еў-

ски // с'елски, с'еўска // с'елска, с'еўско // с'елско; б'олан // б'олен, гл'адан // гл'аден, л'адан // л'аден, м'иран // м'ирен, р'ӑжан // р'ӑжен, пр'еса̣н // пр'есен, б'акара̣н // б'акарен, с'ила̣н // с'илен, 'укуса̣н // 'укусен, ч'енкара̣н // ч'енкарен.

– кај глаголите:

р'аботам, р'аботаш, р'абота, раб'отамо, раб'отате, раб'отаа // раб'отаја; п'ечем, п'ечеш, п'ечемо, п'ече, п'ечете, п'еча//п'ече·в; м'есим, м'есиш, м'еси, м'есимо, м'есите, м'еса //м'еси·в.

И во случаите кога има појава на дифтонзи важи правилото за третосложно акцентирање:

1. Кај глаголскиот прилог: *б'ерејќи, в'икајќи, гл'едајќи, 'идејќи, п'асејќи, с'акајќи, т'р̥чајќи, ул'агајќи, ч'атејќи;*

2. При губење на интервокалните консонанти, кога како втор елемент се јавува вокалот *и*, односно: *бр'адаі̯ца, в'ал'аі̯ца* (*-аі̯* < *-аи* < *-ави*); *ј'алоі̯ца* (*-оі̯* < *-ои* < *-ови*); *ч'енкоі̯на, лебоі̯те* (*-оі̯* < *ој* < *-ови*).

Во овие случаи, во процесот на акцентска адаптација дошло до скратување на должините и до поместување на акцентот на антепенултима (Видоески 1999б: 115).

Образувањето на акцентски целости во овој говор не е непознато, иако не се применува доследно. Така на пример, имаме образување на акцентски целости од именка и определба: *черашн'и-леп, два-м'есеца, тр'и-петла, п'ет-века, пет-с'аата, ст'о-дӑна, кол'к'у-пива, некол'к'у-снопа* итн.

Предлозите можат да образуваат акцентски целости со именката, но само кога тие претставуваат единствена (семантичка) акцентска целост (Видоески 2000: 318). Во другите случаи, вратничко-полошките говори ги избегнуваат образувањата на акцентски целости со предлог + именка, особено ако се работи за предлогот *у*: *у к'уќа, у с'ело, од н'его* итн.

Заповедниот начин и кратката форма од личните заменки исто така образуваат акцентски целости: *к'ажи-го, каж'ите-му* и сл.

Во рамките на вратничко-полошките говори, обично е да се образуваат акцентски целости кај одделни зборови, кои означуваат определени празнични денови: *Вел'и-петок, Вел''а-среда, Вели-ч'етвр̥ток.*

Правилото за третосложно акцентирање важи и во случаите кога пред составите од глагол и кратка заменска форма ќе се најде негацијата *не*: *н'е-рече, не-ѓ'а-виде, да-не-каж'уете.*

Отстапување од третосложното акцентирање се забележува кај некои сложени именки што завршуваат на суфиксот *-ец*. Таков е случајот со сложените именки *земјод'елец, злоч'инец*, кои и во множина имаат акцент на вториот слог: *земјод'елци, злоч'инци.* Истото се однесува и за повеќесложната именка што означува припадник на националност: *Макед'онец,* но: *'Албанец, Сл'овенец* итн.

Некои зборови од туѓо потекло исто така имаат акцент на вториот слог: *офиц'ири, парламент'арци.* Овде се работи за парадигматски акцент при што акцентот си го задржува истото место и во еднината и во множината: *офиц'ир, парламент'арец.*

На последниот слог акцентот паѓа и во некои други зборови од туѓо потекло: *команд'ант, јаз'ăк, тăм'ăн* итн.

МОРФОСИНТАКСА

ПРЕГЛЕД НА ЗБОРОВНИТЕ ГРУПИ И НА МОРФОЛОШКИТЕ ПАРАДИГМИ

Именки

Именките во вратничко-полошките говори ги разликуваат следните граматички категории: род, број, определеност и (во определен обем) падеж.

Род. Во однос на категоријата род, како и во стандардниот јазик така и во вратничко-полошките говори разликуваме три рода: машки, женски и среден род. Наставки што се појавуваат кај именките од машки род се следните: *-ø, -а, -о, -е*. Примери: *м'уш, ч'уек, п̄'оп̄, т̄'ет̄ин, в'ăлк/в'олк/в'ук, к'оњ, п̄'ет̄ел/п̄'ет̄ạл; владика, оц̣а, г̄азда, слуг̄а, судија, арамија, комшија; вујко, чичко, срико, ап̄о, Борко, Кеко, Лазо, Тевдо; вујче, Злат̄е, Кире, Љубе, Симе* итн.

Именките од женски род имаат два типа наставки во еднина: *-а* (и во мал број случаи) *-ø*. Примери: *ж'ена, м'ајка, б'аба, д'ејка, св'екр̥ва, к'ума, м'ачка, зм'ија, вр'ат̄а, к'уќа, н'ива/њ'ива, п̄'ензија/п̄'енѕија; Б'лаг̄а, В'есна, Д'обрила, Зл'ат̄ка, М'ара, Сл'авица, Тр̥п̄ана; вечер (вечерт̄а), п̄ролет̄ (п̄ролет̄ва); но: вар (варот̄), жар (жарот̄), кр̥в (кр̥вот̄), п̄от̄ (п̄от̄от̄), п̄еп̄ел (п̄еп̄елот̄) п̄есок (п̄есокот̄).* Како што се гледа и од примерите, именките со завршок -*ø*, кои во стандардот и во дел од македонските говори можат да се јават и во двата рода (сп. Цветановски 2004: 52), во вратничко-полошките говори почесто се јавуваат како именки од машки род.

Кај именките од среден род морфолошки показатели се: *-о* и *-е*. Примери: *д'р̥во, к'олено, к'оп̄ит̄о, л'ет̄о, мл'еко, м'оре, к'ут̄ре, 'око, с'ело, ч'ап̄че, ч'ело; д'ет̄е, д'ејче, ј'ајце, ј'аре, к'олце, п̄р'асе, п̄'иле, 'уше, ч'окаре.*

Број. Граматичката категорија број во овие говори разликува три вида множина: обична, избројана и збирна. Во однос на збирната множина треба да потенцираме дека се среќава во ограничена употреба, а во одредени случаи постојат форми за збирна множина, но не се употребуваат со такво значење (види: Количествена информација на именската група).

Обичната множина кај именките од машки род се образува со следните наставки: *-и, -е, -ој* и *-офци//-ефци*. Со наставката *-и* множина образуваат двосложните и повеќесложните именки од машки род како и дел од едносложните именки: *б'иоли, б'убрези, в'ӑлци / в'оўци / в'уци, в'р̥сници, г̄л'уфци, г̄'ојдари, м'ол’ци, м'ужи, к'ońи/к'они, к'от̄ли, кр'евет̄и, 'орли, п̄'ет̄ли, раб'от̄ници, р'ибари, ср'ојници, т̄'окмаци, 'удофци*. Со наставката *-е* множина образуваат именките од машки род со завршок *-а*: *арамие, комшие, ловџие, судие, т̄'ерзие* итн. Со наставката *-ој*, во најголем дел, множина образуваат едносложните именки, но има случаи и кај двосложните: *в'олој, д'ӑној, л'ебој, кл”учој, п̄р'ут̄ој, п̄'ут̄ој, р'учкој, ст̄олој, т̄р'ошкој, ч'ешл’ој* итн. Со наставките *-офци//-ефци* множина образуваат фамилните и роднинските имиња како и некои именки што означуваат лица. Примери: *в'ујкофци, д'едофци, ч'ичковци; Б'ат̄офџи, К'ашофци, Машк'оќефци, П'ет̄рефци, Рик'алофци*.

Обичната множина кај именките од женски род, за разлика од стандардот, се образува со наставката *-е*, а кај малкуте по број именки што завршуваат на консонант, со наставките *-и, -ој*. Примери: *б'абе, вр'ат̄е, г̄р'анке, д'ејке, ј'абуќе, к'окошке, к'озе, к'оле, к'оп̄рие, кр'уше, м'асе, м'ачке, н'ог̄е/н'оѓе, њ'иве, 'офце, п̄'ензие, р'уке / р'уќе, сн'ае, ц'ӑрнице, ц'р̥кве; в'ечери, н'оќој*.

Наставките за образување на множина кај именките од среден род се *-а, -ишња//-ина*, а во вратничките говори и наставката *-иќи*, кај именките што завршуваат на *-е*. Примери: *д'еца, ј'ајца, л'озја, с'ела, т̄'ӑрла, ј'аг̄нишња / ј'аг̄нина, јаб'учишња / јаб'учина, п̄'илишња / п̄'илина, чат̄'алчина, ш'ишишња / ш'ишина; д'р̥фчиќи, кап̄'ачиќи, клашн'ичиќи, ст̄'ап̄чиќи, ст̄'олчиќи*. Од именките *'око* и *'уше* како множински форми се јавуваат старите двоински форми *'очи* и *'уши* како што е и во најголемиот број македонски говори.

Именки кои се јавуваат само во еднина или singularia tantum се обично именки што означуваат некаква материја, апстрактни поими, именки кои со еднинската форма означуваат збирно единство како и сопствените именки за коишто нема да наведуваме примери (сп. Конески 1981: 220-221): *вода, злато, олово, сребро, сено; младос, радос, старос; нарот, стока* итн.

Како именки што се јавуваат само во множинска форма или pluralia tantum ќе ги наведеме следниве примери: *ѓ'аќе, на'очаре / 'окаљќе, н'ожице, пант'алоне / пант'улуми, 'ушнике* и др.

Избројаната множина, чии форми претставуваат континуанти на старите двоински форми, се среќава само кај именките од машки род што завршуваат на консонант, притоа изразувајќи избројлива низа на елементи. Во вратничко-полошките говори оваа множина често се употребува, и тоа најмногу со бројот *два*, но и со сите други броеви, како и со неопределените прилози *кол’ку, некол’ку*. Примери: *два-м'есеца, дв'а чуека, тр'и-петла, п'ет-века, пет-с'аата, десет-ст'ола, ст'о-дӑна, кол’к'у-пива, некол’к'у-снопа* итн.

Употребата на збирната множина во вратничко-полошките говори не е многу распространета, односно почесто се среќава како формална категорија отколку како функционална категорија, т.е. збирномножинските форми со наставките *-је, -ја* се среќаваат на оваа територија, но нивното восприемање е, пред сè, како форми на обичната множина. Примери, *д'убје, сн'опје, д'р̥вја, л'исја, п'ерја, кр'илја* и сл.

Падеж. Во рамките на оваа категорија ќе ги разгледаме одделните синтетички зависни падежни форми кои опстојуваат во овие говори кај некои од именките. Постоењето и употребата на синтетичките падежни форми, генерално гледано, во овие говори е различно. Во однос на ова треба да истакнеме дека флексивните падежни форми за акузатив-генитив (или casus generalis) кај личните имиња и кај роднинските именки од машки род се среќаваат на целата територија на вратничко-полошките говори, додека флексивните форми за датив кај личните имиња и кај роднинските именки и од машки и од женски род се среќаваат само во еден дел од овие говори, односно само во т.н. вратнички говори.

Дативната флексивна форма кај машките имиња што завршуваат на консонант во вратничките говори завршува на *-у*. Примери: *му реков Петару, му викам Јосифу, му дадов Душану*. Исто така наставката *-у*, во датив, се сретнува и кај именките на *-а*: *му зборев Николу, му дадов Богоју* итн. Кај именките од машки род што завршуваат на *-о* и *-е*, во датив, наставката е *-ту*: *му реков Борету,* *му наручав Томчету, му дадов Трајкоту, Ѓорету, Петрету* итн. Ситуацијата е поинаква во градскиот тетовски говор и во блиските села, па се до Теарце во Подгорот и до Јегуновце во Поселието, каде што немаме дативни флексивни форми, туку дативните односи се изразуваат аналитички, односно со општата падежна форма (casus generalis) и предлогот *-на*. Примери: *му реков на Горана, речи му на Перота, му зедов на Трајчета* итн.

Определеност. Категоријата определеност се изразува на ниво на именска група, а овде ќе ја разгледаме именката како носител на категоријалното значење определеност.

Површински морфолошки експоненти на оваа категорија во вратничко-полошките говори се членските морфеми, формално изразени преку тројниот член, што е карактеристика и на западните говори (за функцијата види: референцијална карактеристика на ИГ). Тоа се следниве членски морфеми: *-от/-а̣т, -та, -то, те; -ов/-а̣в, -ва, -во, ве, -он/-а̣н, -на, -на, не*. Членските морфеми за машки род *-а̣т, -а̣в, -а̣н* се карактеристични за вратничките говори.

Именките од машки род што завршуваат на консонант ги добиваат следниве членски морфеми: *-от/-а̣т, -ов/-а̣в, -он/-а̣н*: *м'ужот // м'ужа̣т, м'ужоф // м'ужа̣ф, м'ужон // м'ужа̣н; ч'уекот // ч'уека̣т, ч'уекоф // ч'уека̣ф, ч'уекон // ч'уека̣н; п'утот // п'ута̣т, п'утоф // п'ута̣ф, п'утон // п'ута̣н.*

Именките од женски род, како и именките од машки род што завршуваат на *-а* ги добиваат следниве членски морфеми: *-та, -ва, -на*: *ж'ената, ж'енава, ж'енана; д'ејката, д'ејкава, д'ејкана; к'уќата, к'уќава, к'уќана; с'упата, с'упава, с'упана, влад'иката, влад'икава, влад'икана; суд'ијата, суд'ијава, суд'ијана.* Овие членски морфеми ги добиваат и сите именки што завршуваат на *-а* во множина: *д'ецата, д'ецава, д'ецана; мач'ињата, мач'ињава, мач'ињана; л'исјата, л'исјава, л'исјана; кр'ил’јата, кр'ил’јава, кр'ил’јана.*

Именките од среден род во еднина ги добиваат членските морфеми: *-то, -во, -но*: *д'етето, д'етево, д'етено; к'р̥стето, к'р̥стево, к'р̥стено, ј'ајцето, ј'ајцево, ј'ајцено; с'елото, с'елово, с'елоно.*

Членските морфеми *-те, -ве, -не* се додаваат на именките од машки и среден род кои во множина завршуваат на наставката *-и* и *-е*, и на именките од женски род, кои се разбира во овие говори во множина завршуваат на *-е*: *м'ужите, м'уживе, м'ужине, сл'угете, сл'угеве, сл'угене; ж'енете, ж'еневе, ж'енене; јаб'уќете, јаб'уќеве, јаб'уќене; 'очите, 'очиве, 'очине; 'ушите, 'ушиве, 'ушине.*

Заменки

Лични заменки

Личните заменки во вратничко-полошките говори ги имаат истите граматички категории како и во стандардниот јазик, а тоа се лице, род, број и падеж. Формите на личните заменки ќе ги претставиме во следниот преглед:

Личната заменка за прво лице еднина ги има следните форми:

- *ја* (номинатив)
- *м'ене ми* (датив)
- *м'ене ме* (акузатив)

За прво лице множина личната заменка ги има следниве форми:

- *м'и(ј)е* (номинатив)
- *нас ни* (датив)
- *нас не* (акузатив)

За второ лице еднина личната заменка ги има следните форми:

- *ти* (номинатив)
- *т'ебе ти* (датив)
- *т'ебе те* (акузатив)

Личната заменка за второ лице множина ги има следните форми:

- *ви(ј)е* (номинатив)
- *вас ви* (датив)
- *вас ве* (акузатив)

Трето лице еднина - машки и среден род

- *он//тој* (м.р.), *она//тоа* (ср.р.) (номинатив)
- *н'ему//њ'ему му* (датив)
- *н'его//њ'его//н'ега го//о//га* (акузатив)

Трето лице еднина - женски род

- *она, та(ј)а*(номинатив)
- *нејзе//њејзе//нојзе (ј)е* (датив)
- *нега//њега//нуа га//гу* (акузатив)

Трето лице множина

- *они//тиа* (номинатив)
- *нив//њив//ним// ем//им* (датив)
- *нив//њив//ни(ј)а//њи(ј)а ги//ѓи//и* (акузатив)

Од прегледот на формите на личните заменки во овие говори може да забележиме една разновидност на формите за трето лице еднина и множина. Во одредени пунктови имаме исти форми на заменките, но со различна фонетска реализација, односно мек или тврд изговор на почетниот глас *-н//-њ,* но и потполно различни форми *-нег̄а г̄а//-нуа г̄у,* а во трето лице множина имаме и мешање на дативната и акузативната падежна форма, односно употреба на општата долга заменска форма за изразување дативен однос: *нив ем рече.*

Лично-предметни заменки

Во вратничко-полошките говори се среќаваат следниве форми на лично-предметните заменки:

Со прашална и со релативна функција се употребуваат:

- *кој, ко(ј)а, кое, кој* (< кои) (номинатив)
- *кому (му)* (датив)
- *ког̄о (г̄(о))* // *ког̄а г̄а* (акузатив)
- *чив, чива, чиво*
- *шт̄о*

За неопределеност се употребуваат следниве форми од лично-предметните заменки

-н'екој, н'екоа, н'екое, н'екој (< некои); *н'екој-си, н'екоа-си, н'екое-си, н'екој-си* (< некои си); *'еден//'еда̣н, 'една, 'едно, 'едни;*

- *неком*у *(му)* (датив)
- *н'екоḡо (г̄о)* // *н'екоḡа (г̄а)* (акузатив)
- *н'ечив, н'ечива, н'ечиво, н'ечиви*
- *н'ешт̄о*

Негираните форми од лично-предметните заменки се следниве:

- *н'икој, н'икоа, н'икое, н'икој* (< никои)
- *н'икому (му)* (датив)
- *н'иког̄о (г̄о)* // *никог̄а (г̄а)* (акузатив)
- *н'ичив, н'ичива, н'ичиво, н'ичиви*

Формите на лично-предметните заменки со обопштувачка функција се следниве:

- *с(в)'екој, с(в)'екоа, с(в)'екое, с(в)'екој* (< с(в)'екој); *св'аки, св'ака, св'ако, св'аки*
- *с(в)'екому (му) ; св'акому (му)*
- *с(в)'еког̄о (г̄о) ; св'аког̄о (г̄о) ; св'аког̄а (г̄а)*
- *св'ечив, св'ечива, св'ечиво*
- *све ; св'ешт̄о*

Показни заменки

Во вратничко-полошките говори имаме систем од три показни заменки (*овја - онја - т̄ој (т̄аја)*, со форми коишто се карактеристични за северните македонски говори.

Формите на показните заменки во вратничко-полошките говори се следниве:

- *т̄ој//т̄'аја, т̄'аја, т̄оа, т̄иа*
- *н'ему//њ'ему, н'ејзе, н'ојзе* (датив)
- *н'ег̄о//њ'ег̄о//н'ег̄а, н'ег̄а, н'уа* (акузатив)
- *'овја, 'оваја, 'ова, 'овја* (< овиа)
- *'овему, 'овејзи//'овејзе* (датив)
- *'овег̄о//'овег̄а* (акузатив)
- *'онја, 'онаја, 'она, 'онја* (< ониа)
- *'онему, 'онејзи//'онејзе* (датив)
- *'онег̄о//'онег̄а* (акузатив)

Заменски придавки

Формите на лично-присвојните заменски придавки во вратничко-полошките говори се следниве: *мој, мо(ј)а, мое, мој* (< мои); *наш, наша, наше, наши; т̄вој, т̄во(ј)а, т̄вое, т̄вој* (< твои); *ваш, ваша, ваше, ваши; н'ег̄оф// њ'ег̄оф, н'ег̄о(в)а// њ'ег̄оа, н'ег̄о(в)о// њ'ег̄о:, н'ег̄ој// њ'ег̄ој* (<негови); *н'ејзин// н'ојзин, н'ејзина// н'ојзина, н'ејзино// н'ојзино, н'ејзини// н'ојзини; н'ивни// н'ивњи// њ'ивни, н'ивна// њ'ивна, н'ивно// њ'ивно, н'ивни// н'ивњи// њ'ивни.*

Повратно-присвојната заменска придавка ги има следниве форми: *св'ој, св'о(ј)а, св'ое, св'ој (< свои).*

Качествените заменски придавки во вратничко-полошките говори се јавуваат во следниве форми: за прашања: *к'аков// к'акви// к'аквија, к'аква, к'акво, к'акви// к'акви:// к'аквија;* неодредени: *н'екаков// н'екакви, 'некаква, н'екакво, н'екакви// н'екакви://;* за негирање: *н'икаков// н'икакви// ник'аквија, н'икаква, н'икакво, н'икакви// ник'аквија*; со качествено општо значење*: св'екаков// св'екакви, св'екаква, св'екакво, св'екакви*; качествено-показни: *в'аков// в'акви// в'аквија, в'аква, в'акво, в'акви// в'акви:// в'аквија*; *т̄'аков// т̄'акви// т̄'аквија, т̄'аква, т̄'акво, т̄'акви// т̄'акви:// т̄'аквија*; *'онаков// он'аквија// 'онакви, 'онаква, 'онакво, 'онакви// он'акви:// он'аквија.*

Количествените заменски придавки се јавуваат во следниве форми: за прашања: *к'ол’кав, к'ол’ка:, к'ол’ко:, к'ол’кај* (< колкави); со неопределено значење: *н'екол’кав, нек'ол’ка:, нек'ол’ко:, н'екол’кај* (< неколкави); со одречно значење: *н'икол’кав, ник'ол’ка:, ник'ол’ко:, н'икол’кај* (< николкави); со демонстративно значење: *т̄'ол’кав, т̄'ол’ка:, т̄'ол’ко:, т̄'ол’кај* (< толкави); *ол’кав, ол’ка:, ол’ко:, ол’кај* (< олкави); *'онол’кав, он'ол’ка:, он'ол’ко:, 'онол’кај* (< онолкави).

Општата количествена заменска придавка *сиот̄, сет̄а, сет̄о*, како што е во стандардот, тука ја нема. Во вратничко-полошките говори се користат формите *цел, цела, цело*, а за множина формата *св'ит̄е*. Сè уште се среќава петрифицираниот прилог *вăзда̣н*, што произлегува од формата *vьs-.

Броеви

Формите на броевите во вратничко-полошките говори се следниве: *'еден // 'еда̣н // ј'еда̣н, 'една // ј'една, 'едно // ј'едно; два, обат̄а, две, обет̄е; т̄ри, ч'ет̄ири, п̄ет̄, шес, с'едум // с'еда̣м// с'едом, 'осум // 'оса̣м // 'осом, д'евет̄, д'есет̄, един'аесе, дван'аесе, т̄рин'аесе, чет̄ăрн'аесе, п̄ет̄н'аесе, шесн'аесе, седумн'аесе // седамн'аесе // седомн'аесе, осумн'аесе // осамн'аесе // осомн'аесе, дв'аесе, дваес-'еден // дваес-'еда̣н // дваес-ј'еда̣н, дваес-дв'а, дваес-т̄р'и; т̄р'иесе, чет̄ир'иесе, п̄'е(д)есе, ш'иесе, сед'умдесе // сед'омдесе, ос'умдесе // ос'омдесе, дев'едесе, ст̄о, дв'ест̄а, т̄р'ист̄а, чет̄'ăрст̄о, п̄'е(т̄)ст̄о, ш'ест̄о, с'едумст̄о // с'едамст̄о // с'едомст̄о, 'осумст̄о // 'осамст̄о // 'осомст̄о, д'еве(т̄)ст̄о, 'иљада, м'иљоан // м'иљјон.*

За бројот *еден*, како и во стандардот, имаме форми за машки род *еден // еда̣н // једа̣н*, за женски род *една* и за среден род *едно.* И како што гледаме има различни форми, односно во градскиот тетовски говор се јавувува формата *еден*, додека во селските населби се јавува како *еда̣н*. За бројот *два* исто така имаме и форма и за женски и за среден род - *две*, а позната е и формата *'обат̄а* за м.р. и *'обет̄е* за женски и среден род, форма која се употребува само членувана. Различни форми имаме и за броевите 7 и 8, кои во говорот на Старо Село, како и во другите вратнички говори се среќаваат како *с'едом, 'осом*, а во дел од другите долнополошки села и како *с'еда̣м, 'оса̣м*. Истите фонетски разлики ги имаме и кај броевите *седумн'аесет̄, осумн'аесет̄; сед'умдесет̄, ос'умдесет̄, с'едумст̄о, 'осумст̄о*.

Броевите од 11 до 19 главно ги имаат истите форми како и во стандардот со тоа што најчесто во изговорот крајното *-т* се изостава - *дван'аесе, тринаесе, петнаесе* итн.

Истото важи и за десетичните броеви од 20 нагоре. Единствено различна е формата на бројот 60 *-шиесе*. Во сложените состави со единиците најчесто се губи сврзникот *-и* како и крајните гласови на десетичниот број; сепак има примери и со зачуван сврзник: *двaес-дв'а, триес-ш'ес, шиес-'еда̣н // дв'аесет и два, тр'иесет и шес* итн.

За формите на стотиците треба да се нагласи дека тие се употребуваат скратено: *дв'еста, тр'иста, ч'етăрсто, п'е(т)сто, ш'есто*.

Броевите *'иљада* и *м'иљоан*, кои претставуваат именки, имаат род, број и определеност: *'иљаде, иљ'адата, -ва, -на; иљ'адете, -ве, -не; миљ'оани, миљ'оанот, -ов, -он; миљо'аните, -ве, -не.*

За изразувањето на одредена бројност на лица од машки род во овие говори се употребуваат следниве форми: *дв'ајца, тр'ојица, четв'орица, п'етина, ш'естина, с'едмина, 'осмина, дев'етина, дес'етина*. Може да се забележи дека последните форми се образуваат со наставката *-ина*, за разлика од стандардот каде што се употребува суфиксот *-мина*. Овие форми се членуваат како и именките со додавање на членските морфеми: *-та, -ва, -на: дв'ајцата, тр'ојцава, четвор'ицана, осм'ината* итн.

Приближна бројност во вратничко-полошките говори се изразува со следниве сложени форми: *дв'а-три, три-ч'етири, п'е-чес, сед'ум-осум, три-четăрин'аесе, седум-осумн'аесе*. Приближна бројност на десетиците се изразува со помош на наставката *-ина*: *дес'етина, дваес'етина // два'естина, триес'етина // три'естина, педес'етина // пед'естина, ст'отина*. Како што се гледа имаме двојни форми од десетиците, со целосен и со скратен десетичен број.

Придавки

Придавките во вратничко-полошките говори ги имаат следниве категории: род, број, определеност и категоријата степен.

Род. Категоријата род кај придавките во овие говори е парадигматска, односно секоја придавка се јавува во сите три рода, со исключок на некои придавки од туѓо потекло, особено од турскиот јазик. Во еднина имаме различни форми на придавките за трите рода, а формални показатели се следниве:

-ø или *-и* за машки род, *-а* за женски род и *-о* за среден род. Примери: *'убав-'уба:-'убо:*, *блак-бл'аг̄а-бл'аг̄о*, *к'озји-к'озја-к'озјо*, *ч'уечки-ч'уечка-ч'уечко*, *ц'р̥вен-ц'р̥вена-ц'р̥вено*, *т̄'урсќи-т̄'урска-т̄'урско*, *с'еўсќи // с'елски*, *с'еўска// с'елска*, *с'еўско// с'елско*.

За придавките од машки род од типот - *с'илен, м'ирен, б'олен, ч'енкарен*, односно што завршуваат на наставката *-ен* во стандардот, а така е и во градскиот тетовски говор и во неколку околни села, но во Старо Село, како и во другите села каде се зборува вратничкиот говор, овие придавки звршуваат на наставката *-ан* или *-а̣н*. Примери: *б'олан// б'олен*, *г̄л'адан// г̄л'аден*, *л'адан// л'аден*, *м'иран// м'ирен*, *р'ӑжан// р'ӑжен*, *п̄р'еса̣н// п̄р'есен*, *б'акара̣н// б'акарен*, *с'ила̣н// с'илен*, *'укуса̣н// 'укусен*, *ч'енкара̣н// ч'енкарен*. Исто така може да се сретнат придавки од машки род во еднина што завршуваат на *-и* што всушност претставува остаток од сложената придавска промена во стариот јазик, состојба што денеска е карактеристична за српскиот јазик. Пример: *ј'ут̄а̣к к'оноп̄ни, черашн'и-леп̄* и сл.

Број. Множината кај придавките од сите три рода, со одредени исключоци, се образува со наставката *-и* (која ако се најде зад вокал преминува во /ј/): *б'ели (ѕ'идој, к'ошул’е, к'учиња)*, *в'исоќи (б'орој, б'андере, д'р̥вја)*, *д'р̥вени (с'удој, л'ојце, ст̄'олчиња)*, *т̄'ӑнќи (ч'ерѓе)*, *'убај (љ'уди, ж'ене, д'еца)* и сл. Придавките кои завршуваат на суфиксите *-лија, -џија*, кои се од турско потекло и кои не разликуваат род, множината ја образуваат и со наставката *-и*, но и со наставката *-е*: *г̄ол'емџие (љ'уди)*, *фалб'аџие (ж'ене)*, *каба'ет̄ли: (комшие)*, *кӑсм'ет̄ли: (деца)* и сл. Треба да потенцираме дека овие придавки стојат на границата помеѓу именките и придавките и дека нивната припадност кон една или друга категорија зборови ја определуваме во зависност од функцијата што ја вршат во реченицата.

Исклучоци од образувањето множина со наставката *-и*, имаме кај придавките од женски род. Сѐ уште среќаваме примери каде множинските форми на придавките од женски род се образуваат со наставката *-е*, што всушност значи дека изедначувањето на родовите во множината на придавките не е наполно извршено во дел од овие говори. Примери: *јут̄ане вреќе* и сл.

Определеност. Категоријата определеност во вратничко-полошките говори, како и кај именките така и кај придавките, морфолошки се изразува преку тројниот член со следните членски морфеми: *-от̄, -ов, -он// -а̣т̄, -а̣в, -а̣н*, кај придавките од машки род,

-т̄а, -ва, -на, кај придавките од женски род и *-т̄о, -во, -но* кај придавките од среден род во еднина. Во множина кај сите три рода на придавките се додаваат членските морфеми: *-т̄е, -ве, -не*. Примери: *б'елиот̄ - б'елиоф - б'елион// б'елиạт̄ - б'елиạф - б'елиạн, б'елат̄а - б'елава - б'елана, б'елот̄о - б'елово - б'елоно, б'елит̄е - б'еливе - б'елине, кр'уп̄ниот̄, кр'уп̄ниоф - кр'унион// кр'уп̄ниạт̄, кр'уп̄ниạф - кр'уп̄ниạн, кр'уп̄нат̄а - кр'уп̄нава - кр'уп̄нана, кр'уп̄нот̄о - кр'уп̄ново - кр'уп̄ноно, кр'уп̄нит̄е - кр'уп̄ниве - кр'уп̄нине* итн. Тука забележуваме различни членски морфеми кај придавките од машки род. Како и кај именките така и кај придавките, членските морфеми *-ạт̄, -ạв, -ạн* се карактеристични за говорот на Старо Село и за другите околни вратнички говори, додека морфемите *-от̄, -ов, -он* се обични за говорот на сите останати селски населби и за градскиот тетовски говор.

Степен. Категоријата степен кај придавките во вратничко-полошките говори се изразува со претставките *п̄о-* за компаратив и *нај-* за суперлатив. Примери: *п̄'одебел - п̄од'ебела - п̄од'ебело - п̄од'ебели / н'ајдебел - најд'ебела - најд'ебело - најд'ебели, п̄'оубаф - п̄о'уба: - п̄'оубо // п̄о'убо: - п̄'оубај // п̄о'убај / н'ајубаф - нај'уба: - н'ајубо // нај'убо: - н'ајубај // нај'убај*. Кај придавката *убав* може да дојде до губење на *-о* од компаративната наставка *п̄о-* бидејќи е во контакт со друг вокал, па добиваме скратени компаративни форми: *п̄'убаф - п̄'уба: - п̄'убо: - п̄'убај*.

Кај релативните придавки нема категорија степен.

Прилози

Прилозите во вратничко-полошките говори имаат свои специфики, пред сè, во однос на нивната форма. Тука ќе дадеме преглед на пофреквентните и поспецифичи прилози во овие говори според нивната функција:

Како прилози за време ги срекаваме следниве: *в'ечер, н'авечер, п̄р'иквечер, д'ăњум//д'ăњу, д'ăнăска, дăн-д'ăнăсќе, в'ăздạн, ес'еноска, п̄рол'ет̄оска, з'имоска, л'ет̄оска, л'ет̄ово, з'имава, нед'ел’ава, г̄од'инава, к'ог̄ај// кој// кеј// кăј// ка// кап̄// к'ада// к'ăда, к'асно, н'екоаш// н'екада, н'икоаш// н'икада, н'екна// н'екња, н'оќум// н'оќу, н'оќеска, 'одма, л'ани, ол'омнани, п̄р'еклани, п̄он'ап̄реа, с'инојка, т̄'ог̄ај// т̄'ог̄аја// т̄'ăг̄аја, 'ут̄ре// ј'ут̄ре, ут̄р'ент̄а, ут̄р'евечер, з'а(д)ут̄ре, фч'ера// ч'ера// ј'учера, з'афчера// п̄рекој'учера, с'е(г̄)а, 'уочи.*

Покарактеристични прилози за место во вратничко-полошките говори се следниве: *бл'иску // бл'изу // бл'изо, в'аму // в'амо, г̄'оре, д'оле, д'алеку // д'алеко, к'ӑде // кӑј // кеј, од'озг̄ори, од'оздоли, 'озг̄ора, 'оздола, н'а(в)аму// н'аамо, н'ат̄аму // н'ат̄амо, нат̄амо-н'аамо, н'аг̄оре, н'адвор, н'ег̄де, н'иг̄де, скр'аја, 'овде, 'онде, 'одовде, 'одонде, 'оѕади, 'оцп̄реди, т̄'аму // т̄'амо, т̄'уе, 'от̄оде // 'от̄уде, кол’н'около, св'ег̄де, 'унут̄ра.*

Прилози за начин кои почесто се среќаваат во овие говори се следниве: *к'ако // ка, н'екако, н'икако, 'одвај // 'едв'ај, скр'иш(к)ум, наз'ӑт̄г̄ӑзум, на'оп̄аку // н'оп̄аку, на'оп̄ачки, т̄'аќе // т̄'аке, в'аќе // в'аке, т̄ак'уѓере, т̄ӑм'ӑн.*

Од прилозите за количество кои се употребуваат почесто во овие говори ќе ги наведеме следниве: *ал'а, к'ол’ку // к'ол’ко, т̄'ол’ку // т̄'ол’ко, 'онол’ку // 'онол’ко, м'алку // м'алу // м'ало, мл'ог̄у // мл'ог̄о, 'ушт̄е // ј̑ошт̄е, п̄'ојќе, 'еднаш, дв'ап̄ут̄а.*

Во вратничко-полошките говори најкарактеристична е прилошката партикула *-ка*: *'овдека, 'ондека, н'ег̄дека, н'иг̄дека, св'ег̄дека, т̄'уека, з'имоска, л'ет̄оска, ес'еноска, п̄рол'ет̄оска, н'оќеска, д'ӑнӑска, с'инојка.*

Дел од прилозите во овие говори ја познаваат категоријата степен. Како и кај придавките степенот се изразува со претставките *п̄о-* за компаратив и *нај-* за суперлатив. Примери: *п̄'орано - н'ајрано, п̄'окасно - н'ајкасно, п̄'облизу - н'ајблизу, п̄'обр̥зо// п̄'обр̥г̄о - н'ајбр̥зо// н'ајбр̥г̄о, п̄'убоː - нај̑убоː, п̄'ог̄оре - н'ајг̄оре, п̄он'аамо, п̄'от̄амо, п̄о'унут̄ра.*

Глаголи

Категории начин и време

Презент (сегашно време)

Презентот во вратничко-полошките говори се образува со следниве наставки:

еднина	множина
1 л. *-м*	1 л. *-мо*
2 л. *-ш*	2 л. *-т̄е*
3 л. *-ø*	3 л. *-а// -ја// -в*

Во вратничко-полошките говори се чуваат сите три глаголски групи како што е во стандардот. Како поважни карактеристики на презентските форми во овие говори ќе ги издвоиме следниве:

– Во 1 лице еднина наставката *-м* се прибавува кон основниот вокал на глаголската група на која припаѓа дадениот глагол, а не кон вокалот *-а* како што е во стандардот;

– Наставката *-мо* во 1 лице множина;

– Во 3 лице множина сегашно време, на поголемиот дел од територијата на овие говори, поточно во тетовските говори, глаголската форма завршува на *-а*, односно имаме отсуство на наставката *-т*. Интересен случај имаме во говорот на селата Раотинце и Копанце, каде што кај глаголите од *а*-група пред завршокот *-а* се јавува едно *-ј*, со што имаме презентска форма за 3 лице мн. идентична со имперфектната форма за 3 лице множина;

– На помалиот дел од територијата на овие говори, односно во вратничките говори, гл. форма за 3 лице множина завршува на *-в/(ф)*. Исто така, најчесто доаѓа и до здолжување на вокалот пред наставката *-в*.

Примери од презентските форми на глаголите од сите три групи ќе дадеме во следниов преглед:

а-група

1. р'аботам	1. *раб'отамо*
2. р'аботаш	2. *раб'отате*
3. р'абота	3. *раб'отаа// раб'отаја// раб'ота·в*

е-група

1. п'ечем	1. *п'ечемо*
2. п'ечеш	2. *п'ечете*
3. п'ече	3. *п'еча// п'ече·в*

и-група

1. м'есим	1. *м'есимо*
2. м'есиш	2. *м'есите*
3. м'еси	3. *м'еса// м'еси·в*

Формите на глаголот *сум* во сегашно време се следниве:

1. сум// сụм// сом	1. *смо*
2. си	2. *све*[•]*// ст̄е*
3. е// је	3. *са*

Имперфект (минато определено несвршено време)

Во вратничко-полошките говори формите на имперфектот се образуваат со следниве наставки:

еднина	множина
1 л. *-в (-ф)*	1 л. *-вмо (-фмо)*
2 л. *-ше*	2 л. *-вт̄е*
3 л. *-ше*	3 л. *-(ј)а*

Карактеристична е наставката за прво лице множина *-вмо // -фмо* која се јавува на целата територија. Имперфектните форми со наставката *-вмо* се употребуваат во најголемиот број селски населби од постарите говорители, додека во градскиот тетовски говор се употребува наставката *-фмо*[•] што е карактеристика и на помладите говорители во селските населби.

а-група

1. *г̄ледав*	1. *г̄ледавмо* (*г̄ледафмо*)
2. *г̄ледаше*	2. *г̄ледафт̄е*
3. *г̄ледаше*	3. *г̄ледаја*

е-група

1. *јадев // јадов*	1. *јадевмо// јадовмо (јадофмо)*
2. *јадеше*	2. *јадефт̄е// јадофт̄е*
3. *јадеше*	3. *јаде(ј)а// јадо(ј)а*
1. *п̄оев// п̄оав*	1. *п̄оевмо// п̄оавмо* (*п̄оафмо*)
2. *п̄оеше*	2. *п̄оефт̄е// п̄оафт̄е*
3. *п̄оеше*	3. *п̄ое(ј)а// п̄оаја*
1. *п̄иев// п̄ив*	1. *п̄иевмо// п̄ивмо* (*п̄ифмо*)
2. *п̄иеше*	2. *п̄иефт̄е// п̄ифт̄е*
3. *п̄иеше*	3. *п̄ие(ј)а// п̄ија*

[•] Формата *све* за второ лице множина сег. време од глаголот *сум* се сретнува и во други западни говори и најверојатно е добиена под влијание на личната заменка *вие* (сп. и првото лице: *ние сне* (во кичевско-поречките говори; Лаброска 2008; а во овој говор *мие смо*).

[•] Формите што се употребуваат во градскиот тетовски говор во прегледот се дадени во загради.

и-група

1. *носев*	1. *носевмо* (*носефмо*)
2. *носеше*	2. *носефте*
3. *носеше*	3. *носе(ј)а*

Аорист (минато определено свршено)

Аористот во вратничко-полошките говори се образува од перфективни глаголи. Аористните форми на глаголите се образуваат со следниве наставки:

еднина	множина
1 л. *-в*	1 л. *-вмо (-фмо)*
2 л. *-ø*	2 л. *-фте*
3 л. *-ø*	3 л. *-(ј)а*

Во вратничко-полошките говори раздели формираат само глаголите од *е*-група, додека глаголите од *а* и *и*-група неформираат раздели, односно завршуваат на нивниот основен вокал *-а* и *-и*.

а-група

1. *викнав*	2. *викнавмо* (*викнафмо*)
2. *викна*	2. *викнафте*
3. *викна*	3. *викнаја*

Глаголите од *е*-група, според вокалот на основата, ги формираат следниве раздели: *а-*, *е-*, *о-* и *ø*-раздел.

е-група

е-раздел

1. *умрев*	1. *умревмо* (*умрефмо*)
2. *умре*	2. *умрефте*
3. *умре*	3. *умреа*

а-раздел

1. *станав*	1. *станавмо* (*станафмо*)
2. *стана*	2. *станафте*
3. *стана*	3. *станаја*

1. *испоав*	1. *испоавмо* (*испоафмо*)
2. *испоа*	2. *испоафте*
3. *испоа*	3. *испоаја*

о-раздел

1. *исеков*	1. *исековмо* (*исекофмо*)
2. *исече*	2. *исекофте*
3. *исече*	3. *исеко(ј)а*

1. *пометов*	1. *пометовмо* (*пометофмо*)
2. *помете*	2. *пометофте*
3. *помете*	3. *помето(ј)а*

ø-раздел

1. *измив*	1. *измивмо* (*измивмо*)
2. *изми*	2. *измифте*
3. *изми*	3. *изми(ј)а*
1. *чув*	1. *чувмо* (*чуфмо*)
2. *чу*	2. *чуфте*
3. *чу*	3. *чуја*

Глаголите од *и*-група во аорист, исто како и глаголите од *а*-група не формираат раздели, односно завршуваат на основниот вокал -*и*.

и-група

1. (з)*грешив*	1. (з)*грешивмо* ((з)*грешифмо*)
2. (з)*греши*	2. (з)*грешифте*
3. (з)*греши*	3. (з)*грешија*
1. *месив*	1. *месивмо* (*месифмо*)
2. *меси*	2. *месифте*
3. *меси*	3. *месија*

Перфект I и плусквамперфект I

Перфект I (минато неопределено време)

Перфектот во вратничко-полошките говори како и во стандардниот јазик се образува со формите на глаголот *сум* во сегашно време и глаголската *л*-форма. Примери:

1. *сум// сụм// сом спиел/ў*	1. *смо спиеле*
2. *си спиел/ў*	2. *све спиеле*
3. *спиел/ў*	3. *спиеле*

Плусквамперфект (предминато време)

Плусквамперфектот се среќава во овие говори, иако не е толку честа неговата употреба. Се образува со имперфектни форми од глаголот *сум* и глаголската *л*-форма.

Примери:

1. *бев купил/ў*	1. *бевмо купиле* (*бефмо купиле*)
2. *беше купил/ў*	2. *бефте купиле*
3. *беше купил/ў*	3. *беа купиле*

Перфект II и плусквамперфект II (има-конструкции)

Конструкциите со *има* се застапени во вратничко-полошките говори, како што е и во македонските западни говори.

Перфект II се образува со помошниот глагол *сум* во сегашно време и глаголската придавка во среден род.

Примери:

1. *имам пиено*	1. *имамо// и(ј)амо пиено*
2. *имаш пиено*	2. *имате пиено*
3. *има пиено*	3. *имаа пиено*

Плусквамперфект II се образува со помошниот глагол *има* во имперфект + глаголската придавка.

Примери:

1. *имав купено*	1. *имавмо купено* (*имафмо купено*)
2. *имаше купено*	2. *имафте купено*
3. *имаше купено*	3. *имаја купено*

Конструкции од типот сум / бев дојден

Конструкциите од овој тип се обични и во другите балкански јазици, така што значи дека за формирањето на овие конструкции во македонскиот јазик влијаела балканската јазична средина. Во нашиов случај, односно во вратничко-полошките говори, може да кажеме дека одредено влијание имал албанскиот јазик, во кој ваквите конструкции се чести.

Примери:

1. *сум/ сạм/ сом јаден*	1. *смо јадени*
2. *си јаден*	2. *све јадени*
3. *е јаден*	3. *са јадени*

1. *бев дојден*	1. *бевмо дојдени* (*бефмо дојдени*)
2. *беше дојден*	2. *бефте дојдени*
3. *беше дојден*	3. *беа дојдени*

Морфолошки модално маркирани конструкции

Императив (заповеден начин)

Во вратничко-полошките говори морфолошките форми за императивот кои, како што знаеме, во македонскиот јазик постојат за второ лице еднина и множина, се образуваат како и во стандардниот јазик, со мали разлики кои ќе ги истакнеме подолу.

Кај глаголите од *а*-група императивните форми се образуваат со следниве наставки: *-ј* за второ лице еднина и *-јте* за второ лице множина: *викај–викајте, копај–копајте, паѓај–паѓајте, скокај–скокајте.* Кај глаголите што завршуваат на *-ува,* кое во вратничко-полошките говори се скратува во *-уа/уе,* императивните форми изгледаат вака: *з'апишуј–зап'ишујте // зап'ишуај – запиш'уајте, к'упуј–к'упујте // к'упуај–куп'уајте.* Глаголите што завршуваат на *-ва*: *ст'ава, д'ава* во императив ги имаат следниве форми: *стај–ст'ајте, дај–д'ајте.*

Кај глаголите од *е*-група, во еднина се додава наставка *-и,* откако ќе се отфрли тематскиот вокал, а во множина откако ќе се отфрли тематскиот вокал се додава наставката *-ите: пл'ачи–пл'ачите, к'ажи–к'ажите.* Ова важи за глаголите чиј општ дел завршува на консонант. Кај глаголите пак, на коишто општиот дел им завршува на вокал, направо кон општиот дел се додаваат наставките *-ј, -јте: пој-п'ојте, см'еј се- см'ејте се, чуј-ч'ујте.*

Кај глаголите од *и*-група императивни форми се образуваат на следниов начин: во еднината глаголот си останува на тематскиот вокал *и,* а во множината на тематскиот вокал му се додава наставката *-те: в'р̥ди-в'р̥дите, к'оси-к'осите, н'оси-н'осите.*

Забрана или прохибитив во вратничко-полошките говори се изразува со негацијата *не* употребена пред императивните форми: *н'е-копај, н'е-плачи, н'е-прај, не-н'осите.*

Перифрастични модално маркирани конструкции

Прохибитив

За изразување на прохибитив освен веќе посочениот начин со негацијата *не* + императивните форми, во вратничко-полошките говори може да се изрази уште и со перифрастичните конструкции: *немој да п̄раеш / немој(т̄е) да п̄раеш̄е* и *да не п̄раеш / да не п̄раеш̄е.* (повеќе за формите и за функциите на прохибитивот види во делот за морфосинтакса).

Кондиционал (ќе-конструкции)

Кондиционал praesentis (идно време)

Кондиционал praesentis или идното време, во вратничко-полошките говори се образува како и во стандардниот јазик, со партикулата *ќе* и со парадигмата на презентот од сите глаголи и имперфективни и перфективни.

1. *ќе ч'екам*	1. *ќе ч'екамо*
2. *ќе ч'екаш*	2. *ќе ч'екат̄е*
3. *ќе ч'ека*	3. *ќе ч'екаа// ќе ч'ека·в*

1. *ќе д'онесем*	1. *ќе дон'есемо*
2. *ќе д'онесеш*	2. *ќе дон'есет̄е*
3. *ќе д'онесе*	3. *ќе д'онеса// ќе дон'есе·в*

Кондиционал praeteriti (минато-идно време)

Формите на кондиционал praeteriti во вратничко-полошките говори се образуваат од партикулата *ќе* и од формите за имперфект од сите глаголи и имперфективни и перфективни:

1. *ќе к'оп̄ав*	1. *ќе к'оп̄авмо (коп̄афмо)*
2. *ќе к'оп̄аше*	2. *ќе к'оп̄афт̄е*
3. *ќе к'оп̄аше*	3. *ќе к'оп̄аја*

1. *ќе 'искосев*	1. *ќе иск'осевмо (искосефмо)*
2. *ќе иск'осеше*	2. *ќе иск'осефт̄е*
3. *ќе иск'осеше*	3. *ќе иск'осе(ј)а*

Потенцијал (можен начин)

Една од архаичните црти кои се карактеристични за вратничко-полошките говори е и употребата на потенцијалот. Парадигмите на потенцијалот се образуваат од партикулата *би* + глаголската *л*-форма. Глаголската *л*-форма се менува по род и број, додека партикулата е неменлива. Примери: *би дошоў// би доша̣л – би дошле, би јадел – би јаделе, би работа̣л/ў – би работале.*

Оптатив (желбен начин)

Во вратничко-полошките говори како и во стандардниот јазик желбениот начин се изразува перифрастично со конструкции од типот *да* + *презент, нека* + *презент* или *да* + *потенцијал.* Овој начин ќе го разгледаме во функционалната анализа на синтаксичките конструкции во вратничко-полошките говори.

Субјунктив (подреден начин)

Под субјунктивни конструкции се подразбираат *да*-конструкциите кои „се градат врз парадигмите на презентот и имперфектот, во однос на што разликуваме субјунктив praesentis - *да одам* и субјунктив praeteriti - *да одев* (Гајдова 2002: 60). За употребата на овие форми во вратничко-полошките говори ќе зборуваме во функционалната анализа.

Нефинитни форми на глаголот

Како именски форми на глаголот ќе ги прикажеме нефинитните глаголски форми во вратничко-полошките говори.

Глаголска придавка

Глаголската придавка во вратничко-полошките говори, како и во стандардниот јазик, се образува со наставките: *-н, -на, -но, -ни* или *-т, -та, -то, -ти*. Со наставките на *-т* се образуваат глаголски придавки од глаголи чијашто основа завршува на сонантот */н/*. Глаголските придавки во еднина имаат различни форми за сите три рода, додека во множината имаат една форма за сите три рода.

Како вокал на основата на глаголските придавки може да се јават *-а* или *-е*. Вокалот *а* се јавува кај глаголите од *а*-група и кај глаголите од *е*-група, *а*-раздел со општ дел на *-н*. Примери: *(из)бег̄ан, (из)викан, (за)коп̄ан, (из)рендан, (ис)т̄еп̄ан, (за)лег̄нат̄, седнат̄, ст̄анат̄, п̄аднат̄*. Од глаголите што завршуваат на *-ува* оваа наставка се скратува во *-уа* или *-уе*, па така и при образувањето на глаголската придавка од овие глаголи имаме двојни форми: *к'уп̄уан// к'уп̄уен, к'ажуан// к'ажуен* и сл.

Вокалот *-е* како вокал на основата се јавува кај глаголските придавки образувани од глаголи од *е*-група, *и*-група и од глаголите со општ дел на вокал. Примери: *д'ојден, н'ајден, п̄'ечен, с'ечен, п̄р'аен, 'умрен; в'арен, к'р̥п̄ен, к'р̥шен, к'уп̄ен, м'ут̄ен// м'ут̄а̣н; 'измиен, 'исп̄иен, с'ӑшиен, скр'иен, 'оцкриен; ж'енет̄, см'енет̄, к'анет̄, р'анет̄, ц'енет̄.*

Во вратничко-полошките говори имаме и двојни форми кај глаголските придавки од глаголи што во аористот го губат вокалот на општиот дел: *бран ('обран) - б'ерен, дран ('одран) - д'ерен, п̄ран ('оп̄ран) - п̄'ерен, клан (з'аклан) - к'олен* итн. И едните и другите форми немаат разлика во значењето бидејќи нивната употреба е изразување резултативност, или во рамките на временските конструкции со глаголска придавка или кога се атрибутски употребени. (види: ИГ во предикативен однос и апозитивни определби).

Глаголски прилог

Глаголскиот прилог во вратничко-полошките говори, како и во повеќето западни говори се образува со наставката *-јќи*. Разликата е во акцентот (види: Прозодија). Акцентот на глаголскиот прилог во овие говори паѓа на третиот слог од крајот на зборот. Примери: *б'ерејќи, в'икајќи, г̄л'едајќи, 'идејќи, п̄'асејќи, с'акајќи, т̄'р̥чајќи, ул'аг̄ајќи, ч'ат̄ејќи.*

Основниот вокал кај глаголите од *а*-група е *-а*, додека кај глаголите од *е-* и *и*-група е секогаш *-е*. Треба да истакнеме дека глаголскиот прилог во вратничко-полошките говори се употребува релативно често.

Глаголска именка

Глаголската именка претставува инфинитна глаголска конструкција која има навистина широка употреба во македонските дијалекти, но и во стандардниот јазик.

Глаголската именка во овие говори се образува од несвршени глаголи со наставката *-ње// -не* која се додава на основните вокали: *ј'адење // ј'адене, д'авање // д'аване, з'емање // з'емане, изл'агање // изл'агане, каж'уање // каж'уане, п'иење // п'иене, п'оење // п'оене, пр'едење // пр'едене, препр'аање // препр'аане, сп'иење // сп'иене, тк'аење // тк'аене, шт'р̥кање // шт'р̥кане.* Може да видиме двојни форми со *-ње* и со *-не.* Со последната наставка се образува глаголската именка во вратничките говори, каде што гласот */њ/* се среќава многу ретко, односно е затврднат во */н/,* а истото важи и за дел од говорите во поселските села.

Во овие говори сретнавме само неколку глаголски именки образувани од свршени глаголи со наставката *-ние*: *вид'ение, пребреж'ение* и др.

Предлози

Во рамките на предлозите ќе наведеме дел од предлозите со нивните фонетски варијанти, а на нивната употреба ќе се осврнеме во делот за синтаксата: *више* (*Се-н'оса више-к'олена*); *за* (*Иде за-Ск'опје*); *зад* (*Отиде зад-с'ело. Отиде зад-р'идот.*); *на* (*Падна на-к'аменот. Падна на-н'его*); *над* (*Пројде над-к'уќа.*); *накӑј* (*Иде накӑј-с'ело. Ќе се врати накӑј-н'едеља ./ Ќе се врати кӑј н'едеља.*); *низ* (*Пројде низ-с'ело. Пројде низ-с'елото. Шеташе низ-дв'ор.*); *од* (*Се враќа од-Ск'опје. Од-десн'а-срана е нашет'о-место. Некња слезе од-пл'анина. Излезе од-в'ода. Куќата од-т'атко-ми беше постара. Детето од-М'арко.*); *околу* (*Ќе дојде околу-В'елигден*); *кӑј//кеј* (*Ќ-идем кӑј т'атко-ми. Дојди кӑј-мене.*); *по* (*Ќе дојде по-П'етровден ; Дӑн по-д'ӑн, година. Година по-г'одина се ост'аре. Се-з'едоа по-една-г'одина.*); *покрај* (*Идеше покрај-В'ардар*); *пред* (*Некој прашаў пред-к'уќа. Обично доаѓа пред-Б'ожиќ.*); *према* (*Дојде према-пон'едаўник*); *преку* (*Пројде преку-р'ека. Пројде преку-р'еката.*); *со* (*Го удре со-ст'ап.*); у (*Они живеа у-с'ело. Отидоф у-Ск'опје; у-м'ене, у-т'ебе, у-н'его; Идеше двапута у-год'ината.*); *уочи* (*Дојде у'очи ср'еда.*); *по* (*Се врати по-неколк'у-дӑна.*).

Сврзници

Карактеристични сврзници за вратничко-полошките говори се: *и, па, али, ал', дека, него ли, зашто, пошто, чим.* Употребата на овие и другите сврзници што се сретнуваат во овие говори подетално е опишана во делот за сложената реченица.

СИНТАКСА

РЕЧЕНИЦА

Синтаксичкиот опис на вратничко-полошките говори се темели врз семантички ориентираната синтакса со која се прави опис на операциите коишто од пораката (т.е. од содржината на јазичното коминике) водат кон нејзината по можност успешна формализација (оформување) на површината на текстот (Тополињска 1995: 5). Со помош на јазикот во општеството се остваруваат две цели: 1) се опишуваат релациите коишто постојат меѓу предметите, вклучително со луѓето, или им се припишуваат различни својства на деловите на светот кои ние во нашата перцепција можеме да ги издвоиме како такви, а тоа е предикацијата, и 2) се именуваат издвојуваните од нас делови на светот и оваа јазична функција е номинацијата. Најчесто на синтаксичко ниво, резултати на предикацијата се речениците, а резултати на номинацијата се именските групи (Тополињска 1995: 5). Во овој дел од трудов, ќе направиме анализа на начините кои се специфични за вратничко-полошките говори, а со помош на кои се реализираат предикативните и номинативните содржини.

Проста реченица

Основната предикативна содржина која се реализира во говорот е простата реченица, т.е. реченица која е конституирана од еден предикат, изразен преку финитна глаголска форма и аргументите што тој предикат неопходно ги бара, а кои се одраз на деловите на светот за коишто предикатот изразува некаква релација. За да ги разгледаме начините на градење на простата реченица во вратничко-полошките говори, најпрво ќе се осврнеме на граматичките категории што ги поседува конститутивниот член, а тоа е предикатскиот израз оформен во финитна глаголска форма.

Граматички категории на конститутивниот член

Граматичките категории кои ги поседува конститутивниот член на основната реченична конструкција (ОРК), а тоа е глаголскиот предикат изразен со финитна глаголска форма, се следниве: вид, начин, време и прекажаност. Редоследот според кој ги даваме граматичките категории не е случаен, ами тој е импликуван од карактерот на самата глаголска форма која: 1) во македонскиот јазик и во словенските јазици во целост, се јавува секогаш како маркирана позитивно по еден од членовите на категоријата вид (свршен или несвршен); 2) ја поседува информацијата за ставот на говорителот спрема вистинитоста (усогласеноста на фактите), односно ја поседува и категоријата начин што може да биде изразена со посебни граматикализирани средства и 3) ја изразува временска соднесеност на настанот (дејството, процесот) спрема моментот на зборувањето или спрема некоја друга точка на временската оска, што граматички се искажува преку зборовен облик којшто е член на некоја од парадигмите за време.

Вид - внатрешна временска организација на дејството

Една од главните особености на словенските јазици е постоењето на категоријата вид кај глаголите. И покрај тоа што околу дефинирањето на оваа категорија има бројни несогласувања, заедничко е мислењето на повеќе лингвисти и научници дека во словенските јазици постојат, генерално гледано, два вида: свршен вид (aspectus perfectivus) и несвршен вид (aspectus imperfectivus) (Симеон: 715-718). Притоа не може да се каже кој од овие два вида е основен или појдовен зашто членовите на категоријата вид остануваат во контраст создаден од две (или повеќе?) привативни опозиции чија хиерархија не секогаш може да се утврди, а се менува зависно од поширокиот семантички контекст“ (Тополињска 1995: 176).

Со категоријата вид се граматикализира информацијата за временската организација на глаголското дејство независно од неговиот однос со апсолутната временска оска. Притоа свршениот вид го одразува временскиот редослед на настаните, а пак несвршениот го одразува течењето на времето додека настаните „мируваат“, односно се во процес, во нивното одвивање. Значи словенските јазици со поседување на оваа глаголска категорија се способни да ја изразат таа внатрешна временска организација на глаголското дејство надвор од категоријата време, на лексички план, со постоење на пар од глаголи за секое дејство, при што едниот член претставува глагол од свршен вид, а другиот член глагол од несвршен вид. Ваквите видски парови во словенските јазици се најчесто глаголи изведени од иста основа со помош на префикси, суфикси, со помош на алтернации на вокалот или консонантот на основата и сл. Таква е ситуацијата и во македонскиот стандарден јазик *роди/раѓа, врати / враќа* и сл., а и во вратничко-полошките говори: (сп. добивање на имперфективни од перфективни глаголи со помош на различни суфикси и алтернации: *роди/раѓа, забрае/забраља//забраа; поздрави /поздравуа; покажи/ покажуа//покажуе; дојде/ доаѓа; отиде//отидна/ отиднуе; каза/ кажуе; зајде/ заоѓа, направи/ напраљуе; почне/почиња; седне/седнуе//седина//седиња; врза/вржуе;* добивање на перфективни од имперфективни глаголи со суфиксот *-не*: *вика/викне, паѓа/падне; дига/ дигне; скока/скокне*; и други начини на кои нема поподробно да се задржиме).

Во словенските јазици можноста за изразување на видската разлика на лексичко рамниште овозможува во рамките на глаголските времиња да се комбинираат видот на глаголот и значењето на дадено време, па да се изразат посуптилни нијанси во временската организација на настаните. Постои само една семантичка блокада мотивирана со природата на видската опозиција; глаголите од свршен вид не можат да изразуваат актуелизирана сегашност. Другите комбинации се отворени и можни, но зависи која комбинација е присутна или отсутна во даден јазичен систем.

Бидејќи презентските форми од перфективни глаголи не се употребуваат самостојно во вратничко-полошките говори, исто како и имперфектните форми од перфективни глаголи, а аористот од имперфективни глаголи веќе не се употребува, во овој дел од морфосинтаксата нема повеќе да се задржиме на видот, освен во оние позиции каде што коментирајќи ги начинот и времето, треба да се коментира и видот на глаголот.

Модална и темпорална интерпретација на настаните

Во овој дел ќе се осврнеме на граматичките категории начин и време и формализацијата на настаните во сферата на фактивноста (индикативот) и во сферата на нефактивноста (модално маркирани конструкции). Настаните што имаат објективна реализација во реалноста и можат да се определат како вистинити му припаѓаат на индикативот, додека настаните што немаат потврда како вистинити во реалниот свет се модално маркирани конструкции. Анализата ќе ја почнеме со фактивните настани и нивната сооднесеност со категоријата време.

Категорија време

Категоријата време, која ја разгледуваме како една од основните граматички категории на глаголот, означува локализација на настанот на временската оска во однос на времето на говорниот чин. На ова рамниште настаните може да ги определуваме како сегашни, како минати или како идни.

Сегашност

(Определување на настаните како сегашни)

Сегашноста е поим кој може да биде сфатен во потесна (*sensu stricto*) или во поширока смисла (*sensu largo*). Тоа значи дека дефинирањето на сегашноста се движи меѓу две основни дефиниции. Првата се однесува на настанот/состојбата што се реализира истовремено со говорниот чин, т.н. актуелна сегашност. При тоа, настанот може да биде започнат пред моментот на зборување (*Што правиш? - Читам книга.*) и тоа е најчест случај. Втората дефиниција, според која сегашноста се сфаќа *sensu largo*, како сегашни настани се определуваат сите настани што се важечки во моментот на зборување, но кои може да зафаќаат помал или поголем простор во зоната на непосредната минатост. (На пр. *Петре, што правиш? – Еве, градам куќа. – Од кога? – Од пред два месеца.*) Искажаниот настан, како сложен процес бара повеќе време за реализација, но со презентските форми може само да се претпостави дека настанот ќе се одвива во иднина. Тоа значи дека сегашноста не може да се шири во иднина, односно по моментот на зборување. (сп. Тополињска 1995: 220-222; Тополињска 2010: 7-9)

Според граматичката традиција сегашноста се сфаќа како: актуелна, итеративно-хабитуална или омнитемпорална.

Формален показател на сегашноста се формите на презентот, односно, сегашното време. Што се однесува до видот на глаголот, во македонскиот стандарден јазик, сегашното време секогаш се врзува со формите на несвршените глаголи. Истото се однесува и на вратничко-полошките говори.

Актуелна сегашност

Актуелната сегашност подразбира истовременост на настанот за кој се зборува и говорниот чин. Еве примери од вратничко-полошките говори:

„Те каним за на свадба“. (Р); *„О д'едо! - бе рече - к'еј-са сељ'аниве - бе рече - 'акам, т̄р'ажим - рече - г̄и-н'ема н'иг̄дека“*. (Р); *„Уше с'ече т̄'ат̄ко-ми д'р̥ва“* (Л).

Секако, во овие рамки спаѓаат и искази со кои се покажува дека нешто се поседува или се наоѓа, живее на определена територија, без оглед колку соодветната состојба зафаќа од зоната на минатоста, сп.:

'Имамо 'е^{д}но м'ест̄о фамил'иат̄а н'аша г̄о-в'икамо П'ајчеі̯ца. (Р); - *Ч'ако:і̯, т̄'иа са-Ч'ако·і̯ т̄амо г̄оре, значи има Мат̄иче·і̯, како-м'ие п̄'р̥ви, п̄а има т̄'амо Брӑз'ако:і̯ г̄и-в'икаа, п̄а-'има т̄'амо некоі̯ на-п̄р'езиме Пашт̄'уле:і̯ г̄и-в'икаа, п̄а-г̄и-в'икаа Гуле:і̯ н'екоі̯ т̄аму, п̄а има М'ат̄о:і̯, Буз'ико:і̯, Ко'ачо:і̯ има, оп̄-п̄'оі̯ќина има,...* (Р); *Ст̄ар'е-Село се-н'аоѓа на-н'адморска в'исина 'осамст̄о т̄р'иесет̄ мет̄ра, 'исп̄от̄ в'р̥вот̄ в'икан Косм'ат̄ица, а низ Ст̄ар'е-Село п̄р'оаѓа п̄'ут̄ат̄ за-Љ'убот̄ан, за-п̄ланин'арскиот̄ д'ом и за-в'р̥вот̄.* (СтС); *И д'ен д'енеска в'ироі̯т̄е си-п̄ост̄'оив в'одат̄а си-т̄'ече и п̄а-се-п̄рае т̄ак’е в'ирчик’и. Тоа је в'ише с'ело, 'имаме м'ест̄о в'икано Дв'а-камна, Б'елост̄анска-к'арп̄а к'оа-је д'ост̄а г̄'олема исп̄од-н'уа има 'извор, к'оишт̄о сег̄а е-сп̄р'оведен у-в'одовот̄ за-м'еснот̄о насел'ение на-Ст̄ар'е-Село. 'Имамо м'ест̄о С'урин шт̄о г̄р'аничи 'измеѓу Ст̄ар'е-Село и Р'ог̄ачео, г̄а-в'икамо С'урин, г̄а-в'икамо и Пл'ош.*(СтС); *Тоа са̥м-з'ат̄екал и п̄'амт̄им* (СтС).

Итеративно-хабитуална сегашност

Пред да се осврнеме на итеративно-хабитуалната сегашност, ќе одвоиме малку простор за општите карактеристики на оваа категорија.

Под итеративност-хабитуалност подразбираме дека серија настани се повторуваат по некој цикличен редослед. Со оглед на тоа дека не станува збор за еден туку за повеќе настани, итеративно-хабитуалните настани не можат да бидат еднозначно поврзани со конкретна точка од временската оска туку може да зафаќаат поголем или помал дел од широко сфатената сегашност, ако станува збор за т.н. отворена серија, односно серија од настани која е сѐ уште важечка во моментот на зборување или зафаќаат некоја отсечка од минатоста, ако станува збор за затворена серија, односно серија од настани која траела до некој минат момент на временската оска.

Со оглед дека станува збор за две серии настани, едни поврзани со сегашноста, а други со минатоста, така и ќе ги претставиме во понатамошниот дел од нашиов труд.

Итеративно-хабитуални настани во сегашноста

Хабитуалната сегашност подразбира дека некоја серија настани трае и во моментот на зборување. Серијата настани може да има регуларен или нерегуларен карактер (*секој ден*, *п̄онекоѓаш*, *во* 11 *часот̄ навечер*, *од време на време* итн.). За хабитуалната сегашност е важно дека серијата настани започнала пред моментот на зборување, но не е задолжително некој од тие настани да се реализира токму во моментот на зборување. Односно, серијата од настани што се повторуваат, сфатена како целост, се смета за актуелна, важечка во моментот на зборување, додека самите итеративни настани искажани со презентот најчесто не се актуелни во моментот на говорење, но нивната актуелност не е исклучена. Повторливоста може да биде вградена и во лексичкото значење на глаголот (*чука, скока* и сл.).

Во нашите материјали, кои повеќе содржат текстови за тоа како се живеело порано, потешко беше да се издвојат примери што ќе ја илустрираат итеративно-хабитуалната сегашност. Еве, некои од забележаните примери: *Ч'ука на-г̄р'обот̄ и 'овја му-се-ј'авуе.* (Р) *Ама с'убот̄а н'едеља л'овцие 'ида у-п̄ланина.* (БТ) *В'елидан, сваки п̄рав'ославен г̄о-сл'ави В'елида̣н. Мие во-Бр'езно В'елиг̄дан се-сл'ави т̄р'и-дӑна као-св'ит̄ина и м'ие. Пр̥виот̄ д'ӑн се-к'оле ј'аг̄не дома се-р'учуа, а фт̄'ориот̄ д'ӑн на-В'елида̣н н'ашет̄о с'ело, 'имамо м'ест̄о в'икано Ј'езеро...* (БТ).

Омнитемпорална сегашност

Општоприфатените вистини во научните дефиниции, поговорките, разни правила од други сфери на животот се сфаќаат како постојано актуелни, природно ограничени до моментот на зборување, со претпоставка дека ќе продолжат да важат и во иднина.

Од запишаните текстови од долнополошките говори во овој контекст одбравме да претставиме рецепт за подготвување бакардан: *Б'акарданạт се-пр'ае п'осебно, бак'арданạт се-т'ура бр'ашното у-в'ода, л'адна и се-ст'аља бр'ашното и ќе-се-н'апрае к'уп. И како-што-вр'ие п'осле тоа, прет, едно два-с'аата вр'иене, со-с'укало се-пр'отнуа у-ср'еде и му-се-п'ушта в'аздух, така да-га-в'ати и-'изнутра, п'ареата поп'олако и в'ише ка-ќе-се-в'иди дека е-в'арен и се-р'астура бак'арданạт. Се-м'еша 'убо· и се-р'астура на-т'анур и п'осле мож-да-се-п'опари со ...* (СтС).

Како што може да се види од примерот, презентот не е единствената формализација на омнитемпоралната сегашност, особено кога станува збор за цел процес од последователни настани кои се постојано релевантни, вклучувајќи го и моментот на зборување.

Искажување на сегашност со транспозициски средства

Актуелноста во сегашноста на резултатот или состојбата предизвикана од реализацијата на некој минат настан се искажува со различните перфектни конструкции (*сум*-перфект, *има*-перфект, *сум*-перфект II). Овој тип на резултативни конструкции ќе биде претставен во посебно поглавје.

Посебно ќе ја спомнеме забележаната употреба на формите на имперфектот во вратничко-полошките говори со кои може да се искаже настан/состојба на кој говорителот не може да се сети во моментот на зборување, па иако се работи за еден актуелен настан/состојба, се употребува формата на имперфектот, а не на презентот, сп. *Сега т'амо 'останаф у-Ѓорче, у-Ѓорче н'е-поста ама ја-п'остеф, п'остев ја н'е-јадоф ама з'еи̯тин ј'адоф, тоа и з'еи̯тин не-с'е-јаде ама ја ј'адов з'еи̯тин. И пр'азникоф ка-се-в'икаше, Пребреж'ение, и т'огаја сум-се-причест'уала и пр̥ва-н'едел'а Велик'и-пос, сега в'ише г'отоо н'е-можем.* (Л). Ваквата употреба на имперфектот се сретнува и во други дијалекти, а карактеристична е и за српскиот и бугарскиот јазик (сп. Лаброска 2008:112).

Минатост
(Определување на настаните како минати)

Како минати настани се определуваат оние настани што на временската оска ги сместуваме пред моментот на зборување. Во македонскиот јазик вакви настани се искажуваат со формите на имперфектот и аористот (минатото определено време) и *сум*-перфектот (минатото неопределено време). За минатите настани зборуваме како за факти. Тие се интерсубјективно достапни за човековата сетилна перцепција па оттука, подложни се на оцена од гледна точка на вистинитоста : невистинитоста. Категоријата вистинитост е тесно врзана за определеноста/неопределеноста.

Минато определено време

Под временска определеност подразбираме еднозначен соодноc на настанот за кој зборуваме со определен момент/отсечка на временската оска. Глаголските форми на минатото определено време (формите на аористот и имперфектот) носат субјективна информација; со нив се искажува настан кој се случил пред моментот на зборување, а кој говорителот знае еднозначно да го смести на определена точка/отсечка од временската оска.

Аорист (минато определено свршено време)

Еве примери за употреба на формите на аористот во вратничко-полошките говори:

„*'Абе б'ире, сиром'аштиа ѓ'олема - рече - се изд'игаја, кој 'отие у-Тетоо, кој по-с'ела, кој в'аму, кој т'аму*". (Р); *И го п'амтим тој ка-'умре, 'Илјас еф'ендија, у-К'опан’це го-дон'есоја, го-зак'опаја.*(Р); *И тоа и н'ошн’ата га-'онади га-д'аде. Н'ошн’а му-д'аоф, ц'ела све, н'ошн’а како-шо-се-'облака на себе, све, и к'р̥па и све.* (Л); *Ама тој, с'елово се-д'озборе, с'ељаниве, н'емавмо стр'уја, да-се-'исече з'абелот, кој како има сн'ăга да-'исече ељ-по-тр'и-метра ељ-по-п'ет-метра ... И т'ој-забел се-'исече све, се-д'игна, се-'однесе* (Р).

Имперфект (минато определено несвршено време)

Еве примери од употребата на формите на имперфектот во текстовите од вратничко-полошките говори што се предмет на наша анализа:

Р'адич м'исеше м'исеше, сн'иша гл'авата ... (Р); *Тоа б'еше, ц'ело Т'етоо се-тр'есеше.* (Т); *Тогаја тиа не-пр'аеа. И у-в'оденца Буг'арите на-к'оњи, 'онаа, меќа у-вод'енцата н'осеа, не-пр'аеа т'иа б'ел’а.* (Л).

Со минатото определено време се искажуваат и настани што не се еднозначно определени само пред моментот на зборување, туку може дополнително да стапуваат во релација со други минати настани, па да искажуваат соодност со некој друг минат настан (претходност/ истовременост/ последователност). Со други зборови, со овие форми се искажуваат сукцесивни минати настани што говорителот лично ги доживеал, сп.: *Он за-вр'еме т̄'урско 'имало 'акцис, ка шо-'имаше с'еа у, у-социјал'измоф, за-р'акиа шо-'идоа п̄о-к'уќе п̄ор'езници, колку-р'акиа 'имаш да-т̄е-оп̄'ореза.* (Р); *А 'овја Ш'ип̄т̄ари, Шип̄т̄'арит̄е п̄р'аеа б'ел’а, бӑш ког̄'ај̯-беше у-алб'анскот̄о.* (Л); *И т̄'ој-забел се-'исече све, се-д'иг̄на, се-'однесе и оп̄-т̄'ог̄аја ст̄р'ујa 'ијамо мие.* (Р).

Имајќи на ум дека во стандарниот македонски јазик со формите на минатото определено време се искажуваат настани што не мора да се лично засведочени туку доволно е само говорителот да е убеден во нивната вистинитост, се обидовме да констатираме и некој таков пример во вратничко-полошките говори, сп.: *А-т̄'ој м'оже и г̄а-т̄'ерало ср'еќат̄а и г̄а-нат̄'ера̣ја со-з'орт̄ да-се-з'ема, н'екој̯ дв'е-деца 'имаја и се-разв'едоа. Го-н'ејќе. 'Ишоў п̄о-др'уг̄и п̄о-т̄р'ек’и, т̄'акоф биў ч'уекот̄. И н'ејќе, п̄'осле п̄'а се-з'едоа, се-з'еле. У-Ск'оп̄је ж'ивеа, п̄а се-з'еле, м'орале ради-д'ецат̄а.* (Т).

За вратничко-полошките говори е карактеристично тоа дека минатото определено време (аористот и имперфектот) во основа функционално се поклопува со ситуацијата позната за македонскиот стандарден јазик. Во однос на фреквенцијата на употреба, ситуацијата е поинаква. Имено, се констатира поретка употреба за разлика од ситуацијата во стандардниот јазик. Оваа карактеристика вратничко-полошките говори ја споделуваат со кумановскиот говор (сп. Видоески 1962: 231-234). Во сферата на минатоста како општ претерит се наметнува минатото неопределено време за што ќе зборуваме подолу.

Што се однесува до формалниот аспект, во вратничко-полошките говори, имперфектот се образува од имперфективни глаголи, а аористот од перфективни глаголи; во вратничко-полошките говори може да се забележи и употреба на аорист од несвршени глаголи, а успеавме да го регистрираме следниот пример, сп.: *Поп̄ 'имаше т̄'амо и цр̥кв'ичет̄о п̄осе се-р'уши и т̄'оа-беше.* (Л).

Минато неопределено време (*сум*-перфект)

Од темпорален аспект, минатото неопределено време искажува минат настан, настан што се случил пред моментот на зборување, без конкретна локализација на настанот на временската оска. Ваквата сиромашна темпорална интерпретација, имајќи ја предвид и историската база врз која се развива (стариот словенски перфект граден врз основа на презентот од помошниот глагол *сум* + глаголската *л*-форма изведена од аористната основа) дозволува минатото неопределено време да ја задржи и својата стара функција и да искажува резултативност, но и да развива и нови функции во сферата на епистемичката модалност (в. подолу).

За вратничко-полошките говори е карактеристично дека имаат проширена употреба на минатото неопределено време во сферата на општиот претерит. Односно, во искази кои раскажуваат за настани темпорално определени (искажани со имперфектот и аористот), често се вметнуваат конструкциите на минатото неопределено време. Оваа појава е типична за северните македонски говори (сп. Видоески, 1962: 231-233). Ќе претставиме дел од забележаните примери:

Ср'едорек се-в'ика тоа м'естото, со-ш'упелька и со-г'аі̯де. Гаі̯де, Л'аде 'Аврамоф, со-г'аі̯де да-ти-з'асвири, т'атко-му на-Зл'аткота. Ка-ќе-засв'иреа они со-г'аі̯де, ка-ќе-се-н'афаќаа ж'ене, н'еесте мл'ади, б'екари тоа било 'урнебес, к'ола не-м'ожела да-пр'ојде. П'осле от-т'уека се-з'афати со-к'уќе в'амо г'оре. А с'ефте п'амтим ја на-Р'амниште се-'играло сеа кеі̯-што-се-з'агради рамн'иштено. Ќе-д'ое В'елидăн, тамо со-т'упан, т'упан, с'урла-ли, г'аі̯де. Тупан 'имаше 'едан от-П'одбреѓе. Ц'иган, ќе-д'ое туе и-на-В'елидăн на-среѓ'ен-дăн се-'ишло. П'р̥во ќ-'ида у-П'ештер св'иреі̯ќи н'атаму, 'играі̯ќи со-п'оење со-св'е, после ќе-д'оја туе со-к'оло ќ-'играа, ама св'ите тр'и-дăна, тоа б'ило 'играње, не како-с'ега, 'овдека, нема што-д'а-праеш вр'емето го-д'онело тоа. Исто и на-Б'ожиќ тоа се-пр'аело таќе, со-музика. Јаб'анцие до'аѓале со-ч'езе, со-к'оњи, па-на-ноќ'еиште 'ишле 'од-вечер, утре сл'ава од-в'ечерта ќе-д'ојда. (Р); *Па т'амо 'имало п'есме бе, 'имаше тамо гр'обишта, н'е-знам аљ-ги-рас'ипаја, 'имаше гр'обишта т'амо, па-п'есме, па-ун'утра ќ-'има 'ора ќе-'играа ун'утра, ун'утра у-Пешт'ерата, Ј'а-може да-р'ечем тамо п'оі̯ќе и-сам-п'ораснạл може, со-'офце сам-'ишạл ја.* (Р); *Кеі̯-смо-б'иле ќе-в'р̥шии тоа, п'осле к'ао 'дете кат-сум-б'ила, к'оі̯знае кол'ку-г'одине, м'алаа. Д'ошло у-м'а-*

наст̄ир, ч'ивлик д'оле 'имаше, ман'аст̄ирско т̄оа, д'ошла м'ашина дав'р̥ши, и м'ие д'еца смо-се-с́'обрале ќ-'иемо ќе-а-г̄л'еамо маш'инат̄а к'аква-е, сег̄а шт̄о вр̥ши, з'ашт̄о, м'ие не-смо-в'иделе. (Л); *И п̄осле он, коі̯-се-з'едоа т̄'ог̄а̣ј се-за̣п̄'ослила, б'^{ă}рг̄у.*(Т); *После ни-д'ојде една-уч'ит̄елка во-с́'ело Бр'езно, 'Ољг̄ица, п̄р'езиме не-'и-знаем. П'р̥вачиња, т̄'аја ни-з'авр̥ши, ама и п̄'р̥ва н'аст̄авна г̄'одина е-б'ило у-с́'ело Бр'езно, на т̄аја Ољг̄ица, сом-г̄а-сл'ушнал на-т̄елев'изија, сег̄а е-п̄'окојна. П'р̥ва г̄'одина ког̄а-се-зап̄'ослила у-Бр'езно е-б'ило.* (БТ); *Ја се-п̄р'езивам П'ет̄ко Н'ешоски, т̄'ат̄ко Н'ешо, р'оден-сам у̣-Ст̄ар'е-Село чет̄ирисет̄-'и-шест̄а г̄'одина и када-сам-'имал н'е$^{г̄}$дека осумн'аесе девет̄н'аесе г̄'одине сам-г̄у-п̄р'ашуал м'аі̯ку-ми к'ӑда сам-р'оден: „Две-н'еделе п̄рет̄-П'ет̄коан, т̄ри-н'еделе п̄о-Кр̥ст̄оан“, ни-г̄одина ми-зн'аеле ни-н'ишт̄о.* (СтС); *П'осле п̄'одоле 'имамо м'ест̄о Бог̄уш'еница, т̄'ак’е т̄оа се-в'ика, 'имамо исп̄от̄-с́'ело сеа 'ископ̄ 'има се-к'оп̄а п̄'есак, т̄оа Габар смо-г̄а-в'икале, и Габар и П'аљур, т̄ак’е две 'имина 'имамо* (СтС).

Од посочените примери може да се констатира дека минатото неопределено време во функција на општ претерит често го наоѓаме во формите за прво лице еднина и множина или за говорни ситуации што непосредно го вклучуваат говорното лице во искажаниот настан или ситуација. Првото лице кое непосредно покажува учество на говорителот во искажаниот минат настан е најсоодветен кандидат за искажување на сигурни факти, темпорално определени во минатоста. Фактот дека 1 л. го вклучува говорителот во говорната ситуација потешко ја доведува во прашање вистинитоста на исказот (сп. Конески 2004: 465-471). Со оглед на сличната ситуација, произлегува и податокот констатиран за кумановскиот говор (Видоески 1962: 232-234) дека модалната употреба на *сум*-перфектот, определена како прекажување или дистанциран однос на говорителот спрема вистинитоста на искажаниот настан (в. подолу) прво се развива кај формите за 3 л. Во ситуација кога е помал степенот на граматикализираност на категоријата дистанца, се намалува и семантичката дистинкција меѓу минатото определено и минатото неопределено време, па минатото неопределено време може да навлезе во сферата на аористот и имперфектот, што може да се евидентира и во вратничко-полошките говори:

'Имало 'овдеќа има и сег̄а ја-сам-г̄а-т̄р'ажел од Ст̄'ојана Ќубур, он рече у-Ѓерм'анија сам-г̄-'ост̄аел и т̄оа е-п̄рев'едена на-ќир'илица, зн'ачи. (Р); *Порано как'о-било, не-р'ип̄але деца како-с́'ег̄а*

м'али, м'ужи р'итале м'оже т'остари и-'од-мене, ја са̣м-з'атекал, п'остари и-'од-мене. ... (Р); *Тамо има њ'иве, ја-сам-з'атека̣л, у-мој-г'одине млади са̣м-в'идел њ'иве ро·т'инчани што-раб'отале тамо.* (Р); *Ама п'орано ако с'акаш да-'ораш, з'аі̯ре смо-н'емале мн'огу м'алу з'емјиштe смо-'имале, м'ораш им'ањете да-и-н'апасеш в'олоі̯те, па утре да-'ораш.* (Р); *Тиа шо-биле најгл'а̣вните муслим'ани, т'уека кӑј-н'ас ш'иеле, св'ите. Овја, Р'ефет, ж'ена̣-му б'еше д'октурка, 'Игбале, најголема при'а̣тел’ка ми-б'ила. И наши, он'а̣дуеле, она све ќе-меж'али.* (Т); *Е нар'едната г'одина смо-н'емале 'учител. За-фт'ораче смо-'ишле, м'о·ата генер'ација и-други, во-Лешок. Не-'учеле Н'овак и-В'ерица, муш и-ж'ена. Н'овак не-'учеше п'р̥во и фт'оро, а-ж'ена-му В'ерица, трето и-четв'ӑрто.* (БТ).

За стандардниот јазик е карактеристично дека настаните искажани со конструкциите на минатото неопределено време за трето лице еднина и множина, функционално речиси комплетно ѝ припаѓаат на сферата на епистемичката модалност. Како што може да се проследи и од веќе претставените примери, во вратничко-полошките говори ваквите конструкции често му припаѓаат на минатото неопределено време, и во таа насока ја потенцираат тенденцијата на негов развој кон општ претерит. Вообичаено, народните приказни се раскажуваат со минато неопределено време, што е случај и со вратничко-полошките говори, сп.: *Б'ила една-б'аба 'имала седум-јар'енцијња и 'увек со-њ'им ж'ивела з'аедно. И едан-д'ӑн б'абата от'ишла у-гр'ат на-п'азар. И ем-рекла на-јаренц'ињата немој да-отв'ораате д'одека н'е-дојдем ја. Ѓи-затв'орила дома. Ама в'ӑлкот сл'ушнал, затоа е прикаска. И б'абата кога-'отишла в'ӑлкот ч'ука на-вр'ата: - Отв'орите јар'енцијња. К'оі̯-си-ти? Ј'а-сум в'ашата б'аба - ама бабата па-ѓи-на'учила. - Пр'ужи-а р'уката - пр'ужил в'ӑлкот, ц'ӑрна. - А на-б'абата е-б'еше б'ела р'уката т'ебе ти-е-ц'ӑрна. Се вр'атил в'ӑлкот у-р'ека и 'отиша̣л г-'избелил р'уката...* (БТ).

Општиот впечаток е дека минатите настани ако не се доволно конкретизирани туку воопштени, редовно или често се одвивале на ист начин, се повторувале, без оглед дека се лично засведочени и сигурни, се искажуваат со формите на минатото неопределено време. Ова наједноставно се претставува со примери од следниот тип: *Сам-се-р'одил ја, у-'офце сом-р'оден! Кај-смо-се-зас'елиле у-Бр'езно, до, ког'аі̯-умре д'едо-ти? - деведес-тр'еќа - значи откако е-зас'елено Бр'езно до-'иљаду д'евет·сто дев'едесет и тр'еќа г'одина, 'офце н'аша к'уќа 'имало. Смо д'р̥жале и сто 'офце, и п'едесе и тр'иесе и дв'аесе и до-л'ани 'една и-тaја га-пр'одадоф. Од-'офцете смо-ж'ивеле, сега 'офцата н'ема просперит'ет, м'ислим за-м'ене за-н'екога м'оже 'има,* *з'ашто од-'офцата смо-ж'ивеле. В'ăлната смо-га-кор'истеле за-ч'орапе, за-палт'олане, за-ф'анеле, па чак и-за-к'ошуле. Пл'еле т'ăнки фан'елчиња, па-смо-обл'акале до-г'ола сн'ăга, од в'ăлната. Од-мл'екото, смо-ј'але, смо-праеле урда смо-прод'аале у-Тетоо, па-да-к'упимо сол, ш'еќ̣р, с'ирење. Дома у-с'ело н'е-смо пр'аеле. Офце ќе-пр'атимо на-пл'анина, тамо се-пр'аело сир'ењето на-б'ачило, д'о-Бог'ороі̯ца. Тр'и-кила на-една-'офца д'авале с'ирење. Тиа што-го-пр'аеле. 'И-на Бог'ороі̯ца ќе-и-з'ememo, д'есет 'офце ако смо-д'але тр'иесе к'ила с'ирење ќе-з'ememo и ќ-'имамо за-цела-г'одина, с'ирење. Смо-ги-ср'ижеле дв'а-пута 'офцете, у-пр'олет м'аі̯-месец и у-август. П'р̥вата в'ăлна била с'ераі̯на, таја б'ила п'одлăга за-кл'ашње, а т'аја в'ăлна што-се-ср'иже у-август от-т'аја в'ăлна пр'аеле ч'ерѓе, черѓе за-пок'ирање, за-пост'иљање таја к'уса в'ăлна се-в'икала. Више от-п'едесе п'осто за-св'оја п'отреба, ти-р'екоф, от-ч'орапе до-к'апа сф'ите смо-кор'истеле в'ăлна.* (БТ).

Итеративност-хабитуалност во минатоста

Итеративно-хабитуалните настани врзани за временскиот отсек на минатоста претставуваат затворена серија, односно укажуваат на тоа дека серија настани вообичаено се одвивала во минатото. Ќе ја претставиме забележаната ситуација во вратничко-полошките говори. Текстовите изобилуваат со теми поврзани со начинот на живот на луѓето од овој крај, сп.: *Туе 'имало ф'ое како у-Ил'иːн-Гроп, г'олеми ф'ое и г'оре не-да-и-с'еча, да-и-к'асра, него ќе-о-пр'есеча, пр'есеча ќе-о-т'исна и доле – Ч'акоі̯ве кеі̯-што-са-нас'елени тоа беше све д'упке т'уека, фăрл'аја м'р̥ше људи. Ќе-ц'оі̯ше 'иманќе ќе-о-ф'ăрља т'амо, п'онапрет т'аќе било р'ăѓао, р'ăѓао било, н'емало никакви-'услови.* (Р); *И тој ср'ебрен к'р̥с кој ќе-о-ф'ати после ќе-с'обера н'ис-село, кој гр'аː, кој р'акија, кој в'ино по-к'уќете како'-сеа што-'ида и'сто и ќе-си-н'апраа н'егде една-в'ечера ељи-р'учек ќе-се-изгост'уаа кој како-ј'е т'уека, н'екој др'уги ќе-се-прис'обера и-т'аќе. Е такваа била работава порано и таќе останало адетот до-с'ега.* (Р); *- За-св'адба п'р̥во, п'р̥во ќе-пр'ати ср'ојник, б'еќарот, ќе-пр'ати ср'ојник за-н'екоа д'еі̯ка, ќе-пр'ата ср'ојник ќе-пр'ашаа т'амо т'атко, м'ајка, д'ецава ако се-с'акаа сл'учајно, ама ќе-пр'ати ср'ојник от-кеі̯-младож'ењата, н'екој-си тиа ст'арите, ќе-пр'ата тамо ќе-пр'ашаа д'еі̯чево, са̣м-д'оша̣л еве ср'ојник за-фиљ'ан м'есто. Е ако с'акаа д'ецава ако не-с'акаа ќе-се-пр'ашаа меѓ'у-себе, с'акаа не-с'акаа м'оже* *да-се-сп̄'ог̄ода н'екако. А младож'ењат̄а т̄р'ебе да-д'аде на-б̄'абат̄а ако-'има б̄'аба и д'едо ж'иви к'ожу^{в} да-ем-к'уп̄и ељ н'ешт̄о др'уг̄о.* (Р); *Смо-'имале, смо-ра̣б̄'от̄але. Ќ-иемо, колʼ-т̄р'ип̄ут̄а ќе-о-к'оп̄амо, ќе-о-к'оп̄амо л'озјет̄о, н'емало т̄оа н'ап̄ред со ..* (Л); *П'осле р'учекот̄, д'ома се-руч'уало т̄'ог̄аі̯, п̄'осле р'учкоі̯т̄е, п̄о-р'учекот̄ до'а̣г̄аа од-кӑј-ж'енско, кӑј-младож'ењат̄а. Тог̄аі̯ и т̄'аму п̄оон'а̣квуа. П'осле, у-п̄онед'а̣ўникот̄ до'а̣г̄а̣а само-ж'ене, т̄иг̄'а̣нʼчари, т̄иг̄'а̣нʼчари. 'Еп̄а п̄окл'онит̄е т̄'ог̄аі̯ се-н'оса, с'ег̄а у-нед'елʼат̄а г̄ʼи да̣ваа. Тог̄аі̯ у-п̄онед'а̣ўникот̄, само-ж'ене со-д'еца.* (Т); *Не, не, од ц'^{ӑ}рква к'оі̯ ќе-се-в'енчаш т̄'ог̄ај 'идеш д'ома, а 'иначе не. Ама ќе-ш'ет̄аш. Ќе-д'ојде, он п̄оі̯ќе кеј-н'ас с'едеше г̄'оре. Ќе-д'ојдеше на-в'ечера п̄а-ќе-си-'иде д'ома, 'иначе не. Вер'еници, т̄'оај слободно м'оеш д-'излезеш и да-г̄-'однесеш н'ег̄де и да-п̄р'ошет̄аш.; И т̄'ат̄ко-ми, коі̯-ќе-ме-в'идеше у-ц'^{ӑ}рква с'едимо св'ит̄е и не-р'ечуе н'ишт̄о, н'ишт̄о не-ми-р'ечуеў.* (Т); *После т̄иа кл'ашнет̄е се-н'осеа у-вл'ачара да-се-в'аљаў, да-се-н'абие т̄оа, у-вл'ачара, 'имаше у-Б'елоі̯шт̄е вл'ачаре две, п̄'осле се-п̄р'аа д'ома се-п̄р'ужав п̄од-др'ӑг̄о·і̯, п̄а-ќе-д'ојдеше т̄'ерзие, 'идоа 'имаше 'едан т̄'ерзија Ст̄'аномир, от̄-Пр'изрен у-Вр'ат̄ница, п̄а-т̄ој 'имаше едан од-Ј'анчишт̄е 'идеше.* (СтС).

Од изложениот материјал може да се констатира дека минати итеративно-хабитуални настани се искажуваат со формите на имперфектот, кондиционалот praesentis и кондиционалот imperfecti.

Имперфектот кој се образува од несвршени глаголи и настанот го претставува како процес укажува на траењето на серијата настани во минатото. Употребата на модално маркираните форми за искажување повторливи, но несомнено, фактивни настани се поврзува, од една страна со непрецизната локација на повторливите настани на временската оска, а од друга страна, се укажува и на податокот дека серијата настани се сфаќа како незавршена, во процес, кога се употребуваат индикативните форми градени врз имперфективна основа, а кога се издвојува еден настан, како претставник од серијата, тогаш се употребуваат модално маркирани конструкции, обично од свршени глаголи, што укажува и на завршеноста на посочениот настан. (в. Петроска, Тофоска 2010: 165-177).

Она што е карактеристично за вратничко-полошките говори е дека *ќе* + презент конструкциите се многу пообични за искажување на минати повторливи настани, одошто *ќе* + имперфект конструкциите, чија употреба е значително поретка. Ако се има предвид дека *ќе* + имперфект конструкциите за искажување на минати повторливи настани се обични за западните говори, додека за северните говори во посочената функција е карактеристична употребата на перфективниот презент и на *ќе* + презент конструкциите, тогаш, ситуацијата во вратничко-полошките говори се издвојува како специфично обележје на северозападните македонски говори.

Искажување на минатост со транспозициски средства

Историски презент

Една од најчестите транспозиции на формите на презентот е токму во сферата на минатоста во функција на praesens historicum. Вообичаено е со формите на презентот да се разбива монотонијата на раскажување на минатите настани, но и „се наложува опсервацијата дека еднаш констатирани факти имаат димензија на вонвременското, што претставува допир со функционалната зона на сегашното време“ (Тополињска 2010: 200). Во рамките на текстот искажан со историски презент секогаш се појавуваат временски определби кои недвозначно го сместуваат настанот во сферата на минатоста. Временските определби може да се појават на почетокот на текстот, но настаните може и по пат на анафора да се врзуваат со претходниот текст, еднозначно сместен во минатото, сп. *На-р'учек у-Ј'у:охром, на-една-м'аса с'еда п̄'оише љ'уди и ја т̄'уека се-п̄'ог̄одиф.* (Р); *'Ама момент̄'ално од-т̄'иа т̄р'ојца 'умира 'едан. Даљ-б'ил п̄'ост̄ар али-п̄'омлад н'е-знам т̄'оа, 'умира. Др'уг̄иоф му-в'ериле дејка, т̄'аќе б'ило п̄'орано зн'ачи, со-ср'ојници.* (Р); *И за-м'инут̄-два, д'оаѓа с'о-нег̄о, нап̄ра'уаа св'адба, ама 'овја младож'ењава, љ'уди т̄'ăг̄аја со-маг̄'ариња, со со-кол'есници, со-к'оњи, г̄-'исп̄раќал п̄ријат̄'елит̄е, „ај-со-зр'авје“, јабанц̣'иет̄е г̄-'исп̄раќал.* (Р); *Ишле и г̄р'ебале п̄о-вр'ат̄ава, ишле, он г̄-'уг̄аснаў шо-е т̄оа, г̄'асникот̄ г̄-'уг̄аснаў, а ср'икот̄о з'абраеў и кои̯-в'идеў вл'аг̄аа љ'уди, он на-т̄аван се-к'ачуе и од-т̄'аван п̄р'аво у-дв'ор. Сл'ег̄уе и 'одма д'ома к'ажуе, т̄'ат̄ко-ми вл'ег̄оў у-в'ода п̄'осле ка-'от̄ишле они. Он ч'уў в'ише т̄'ишина, нема, а м'ора да-и г̄л'еда, а т̄окм'ạциве р'ạбот̄аа и влег̄оў у-вода, т̄ри-с'аат̄а у-в'ода с'едеў, дур-д'ојда.* (Т); *За-вр'емет̄о б'уг̄арско, с'елот̄о ни-'изг̄оре, од-нес'акани п̄р'ичине, ч'ист̄еи̯ќи, с'ељанин 'едан, п̄р'олет̄но вр'еме, ш'умат̄а г̄а-зап̄'аљуе, д'увнуе в'ет̄ар, т̄'оа б'ило за-вр'еме, п̄р'олет̄но вр'еме, В'елиќи п̄'ос. Д'увнуе в'ет̄ар, дев'едесе п̄'ост̄о с'елот̄о изг̄'оруе н'ачист̄о.* (БТ); *Зела бабат̄а ножот̄ со-јаренцет̄о от̄идуе г̄о-на'оѓạ* *т̄амо, т̄ој̭ сп̄'ие. Ф'аќаа му-исеч'уаа м'еот̄, ѓ-'изваѓаа јаренц'ињат̄а г̄о-нап̄ӑлн'уаа со-к'амење и г̄о-сош'ивуе и он п̄род'ужуе да-сп̄ие. Кај̭-се-р'азбудил му-се-п̄'ило в'ода.* (БТ).

И покрај тоа што т.н. секундарни имперфективи, односно имперфективни презентски форми секундарно образувани од перфективни презентски форми обично се употребуваат токму за искажување на историски презент, интересно е да се забележи нивната релативно честа употреба во вратничко-полошките говори: *нап̄ра'уаа, нап̄ӑлн'уаа, зап̄'аљуе, д'увнуе, от̄'идуе, изг̄'оруе, исеч'уаа, сош'ивуе.*

Редослед на минатите настани

Предминато време (плусквамперфект I)

Редоследот на минатите настани може да се искажува и со посебни глаголски форми и конструкции. Така, во македонскиот јазик, како форма со која еден минат настан се става во релација со друг минат настан, се употребува т.н. предминато време, односно, плусквамперфектот. Плусквамперфектот спаѓа во т.н. релативни времиња. Со други зборови, темпоралната интерпретација на настанот искажан со плусквамперфект се врши во врска со неговиот однос со некој друг минат настан, а не со моментот на зборување. Како што кажува самото име – предминато време, со плусквамперфектот се искажува дека еден минат настан се случил пред некој друг минат настан (чија темпорална интерпретација е - настан што се случил пред моментот на зборување). И самиот Конески во Граматиката (2004: 486-487) забележува дека има ограничувања на употребата на плусквамперфектот во стандардниот македонски јазик, а тоа е јасно, бидејќи, последователноста на минатите настани може да се искаже и со самата линеаризација на текстот (сп. пример од вратничко-полошките говори: *После к'уп̄ив и-с'андаци, лично. 'Имаф чет̄ир'иесет̄ и-д'евет̄ с'андака ѓи-д'от̄ерав до-ст̄'о и-н'ешт̄о с'о-сфе кош'арќет̄е, меѓ'ут̄им ѓи-в'ат̄и б'олеза̣т̄, б'олеза̣т̄, ама и к'уп̄иф п̄'ог̄аче у-п̄ч'еларска з'адруг̄а у-Т'ет̄оо, од-Н'ови С'ад и т̄'ӑг̄аја н'е-само м'ојт̄е мл'ог̄о п̄ч'елари ни-от̄'идна:.* СтС). Друга причина за редукција на плусквамперфектот во македонскиот јазик е и развојот на т.н. категорија прекажаност, односно имперцептив, која се врзува со конструкциите во чиј состав влегува *л*-формата, па се случува формите на плусквамперфектот да се изедначат по функционалната оптовареност со неконфирмативната, имперцептивна употреба на формите на *сум*-перфектот, што Конески (2004: 483-485) го забележува уште во приказните од Цепенков.

Во ексцерпираниот материјал од вратничко-полошките говори регистриравме два примера во кои е употребен плусквамперфект, што јасно зборува за слабата употреба на оваа форма, сп.: *Па имамо од-дваесет, тр'иесет, 'имавмо една пог'олема от-п'едесет. Сеа не-ни-седив тиа с-иск'р̥шија, после ј'а-сам, 'имаф к'анте, алум'иниумсќи беше сам-к'упил. После к'упив и-с'андаци, лично.* (СтС); *Таја беше п'р̥вата п'есна што-се-започ'инаше и за-Свети-Ј'оан беше млого в'есело у-с'елото. После тоа д'ојде еден, н'аучил б'еше да-св'ири, Цв'етко се-в'икаше, со-ш'упељче. Н'екој га-в'икав д'удук, мие ш'упељка, по-н'аше. И п'осле он свиреше, мие ка-д'еца гл'едамо како ѓи-м'р̥да п'р̥стите и таќе б'еше. П'осе со-т'ек на-вр'еме 'имаше арм'уника и т'аќе б'еше.* (СтС).

Првиот случај покажува неменливо *беше* и за 1 л. еднина, што само по себе не значи дека е пречка оваа форма да се сфати како предминато време, но веќе покажува нарушена парадигма на плусквамперфектот, која неминовно води и кон семантичка диференцијација. Во вториот пример забележуваме инверзија на помошниот глагол и глаголската *л*-форма и од самиот контекст не може точно да се утврди дали станува збор за настан што се случил пред некој друг минат настан; може само да се претпостави, како што може да се претпостави дека минатите настани следувале едно по друго, што веќе само по себе упатува на разнишаната функција на плусквамперфектот (сп.: Цветановски 2008).

Резултативност

Резултативноста како граматичка категорија на глаголите искажува резултат во сегашноста од некој минат настан. Тоа значи дека конструкциите со кои се искажува резултативност имаат двоен сооднос со моментот на зборување, односно, во моментот на зборување се констатира актуелноста на резултатите, последиците од некој минат настан. Така, искажаниот настан/состојба допира две точки од временската оска – некој минат момент кога се извршило дејството, без конкретна локализација на временската оска, и моментот на зборување, кога е актуелна последицата/резултатот од искажаниот минат настан. Од формален аспект, резултативноста се врзува со формите на перфектот, што во случајот на македонскиот јазик значи со формите на минатото неопределено време, градено врз база на стариот *сум*-перфект, но, првенствено, таа е специфика на новите типови перфект, развиени во македонскиот јазик под влијание на соседните балкански јазици, а тоа се: *има*-перфектот (граден врз база на презентот од помошниот глагол *има* + *-н-/-т̄-* придавка во неменлива форма на третото лице еднина) и *сум*-перфект II (граден врз база на презентот од помошниот глагол *сум* + променливи форми на *-н-/-т̄-* придавките образувани од непреодни глаголи).

Посебно значење во врска со развојот на категоријата *резулт̄ат̄ивност̄*, особено по развојот на стариот *сум*-перфект во минато неопределено време, во македонскиот јазик имаат т.н. *има*-конструкции, кои развиваат цел категоријален микро-систем во сферата на индикативот и во сферата на модалноста.

Во постарите описи на вратничко-полошките говори ја забележуваме следната констатација: „ ... ретки се и формите од типот: *има дојдено* и *е дојден*. Перфектот овде (вратнички говор, з.м.) е основен облик за искажување на минати резултативни дејства“ (Видоески 1998: 155). „Образувањата како *сум дојден* и *имам дојдено* овде (тетовски говор, з.м.) се знатно пообични отколку во подгорските села“ (Видоески 1998: 159).

Нашите согледувања според материјалите што ги анализираме е дека резултативноста несомнено може да се искаже со формите на стариот *сум*-перфект, што е обично и за македонскиот стандарден јазик. Имаме впечаток дека *има*-перфектот и *сум*-перфектот II, денес имаат поширока употреба одошто порано и тоа не само во тетовскиот говор туку и во вратничкиот говор. И во двата случаја забележуваме употреба на конструкции на *има*-перфектот, од типот: презент од *има* + глаголска придавка на *-н-/т̄-*, имперфект од *има* + глаголска придавка на *-н-/т̄-*, како и имперцептивна варијанта од типот: *имал видено*, како и конструкции од типот: *сум дојден* и *бев дојден*. Ова зборува во прилог на тоа дека е напреднат процесот на развој на категоријата *резулт̄ат̄ивност̄* во вратничко-полошките говори.

Резултативни настани искажани со *сум*-перфект:

„Идите в'ие з'емите ова г'оі̯дава да-и-ч'уате шо-све-с-'опинале овде само све-з'инале за-ј'адење, идите да-и-пасете“ (Л); *Ж'ена-му 'умре и га-д'онесе 'овде ама п'осле ја ч'у̣ф, р'еков и тоі̯ син-му шо-б'еше поп, како го-в'икаја сум-з'абраі̯ла, 'имаше едан син з'аедно...* (Л); *Го-знаеш Ил’ота, си-о-в'идеў? не-си-'о-видеў.* (Л); *„Не! - рече - не-с'ам-чул т'оа“.* (Р); *„Абе д'ете - рече - шт'о-ќутек смо-ј'але - рече - мие од-Шипт'арите од-Турците, да-ти-не-к'ажуем - рече - со-т'они, т'они ќ'у̣тек смо-ј'але.* (Р); *-Е н'е-знам, тоа не-с'ӑм, не-с'ӑм-праел м'оабет со-т'атко-ми, к'ој-му-бил на д'едо-ми М'ишота т'атко.* (Р); *Ова н'е-е-легенда, ова е-истина пренес'уана от-к'олено на-к'олено. За-'ова ми-раск'ажуал т'атко-ми Нешо* (СтС).

Резултативност искажана со *има*-перфект

тетовски говор

И 'они т'амо 'имаа р'ечено, уште-п'орано, у-Јанчишта све што-е-д'ојдено, све га-пр'ифаќал с'елскиот пр'азник, с'елската сл'ава. (Г); *Е с'еа 'има љ'у̣ди како-т'и-шо-си на-сл'у̣жба по-таја-л'инија с'игурно, има н'егдека с'иг'у̣рно по ц'р̥квини кн'иге или др'у̣го 'има у-'архиф н'екој п'исано тоа.*(Р*)*;

вратнички говор

А мие 'имамо м'есто к'упено од-н'екој-си п'аша, ж'ивел у-Н'ераште, у-т'у̣рско вр'еме, се-в'ика Бл'ештео и поради-н'екој к'авѓе з'акачќе, т'аќе-да с'амо 'имамо ост'аено п'у̣т дв'еста до-дв'еста п'еесет м'етра да-протер'у̣амо ст'ока, до-Бл'ештео. (СтС); *'От Стар'о-Село има д'оста отс'елено за-вр'еме на-т'у̣рското влад'еене, г'олеми шт'ете са-пр'аени од-К'ачаците, от-Глӑб'очица, от-К'отлино, от-'Иван’е, от-Р'ежанце, от-П'устеник, от-Кр̥веник т'ак’е-да има з'аклано троі̯ца Шиптари, по-фам'илие како-што-у̣л'агале да-сил'уаːв да-з'емеːв н'еːсте мл'ади и додека се-спрему̣а собата за-да-сп'ие он со-н'еːстата, ќе-га-зак'олеф со-с'ек’ире и зав'р̥шена емис'ијата б'ила.* (СтС); *И п'осле тоа в'ише што-б'ере·в от-т'иква, по-ч'енќете и от-св'инските т'икве што-ѓи-в'икамо м'ие и от-стамб'олските т'икве. Од-љ'онциа к'ојшто 'има с'еано, 'уљана р'епка н'е-се с'ее 'овдека, 'иначе да-се-с'ее т'аја мл'ого-је, много за-м'ет-је* (СтС).

Резултативност искажана со *имаше* + глаголска придавка на -н-/-т-

... *т'атко-му у-Ам'ерика б'еше и он имаше пої̭ќе земл'а малце имаше и докупено имаше едан бик,* (СтС); *До-'извесно вр'еме с'едеше 'и-тоа ка-м'ариче, 'имаше едно кам'ариче у-ѕ'идот напр'аено таќе, за-ч'екич ост'ањане, за-тиа-р'аботе* (СтС).

Резултативност искажана со *имал* + глаголска придавка на -н-/-т- (имперцептивна варијанта)

Отишоў з'ат тоа, 'имало н'апраено ка-'онаа да-легаа туе, зат тоа ќ-ием, л'епешка от-г'оі̭дана шо-'остале ќе-о-т'уримо да-се-п'eче и ќе-ј'адемо. (Л); ... *б'убаќ е-од-п'амук, ј'ут̣ак, ј'ут̣ак п'одебел тој за-ч'ерѓе тк'аене, за-јамб'ојлие пр'аене, 'овде за-до-д'уша у-нас јамб'ојлие н'емало пр'аено, а-ч'ерѓе в'унени се-тк'але на-р'азбој.* (СтС);

Како што може да се следи од историските извори процесот на развој на *има*-конструкциите во граматички показатели на категоријата *резултативност* се движи од употреба на менлива форма на глаголската придавка. Кога глаголската придавка ќе стане непроменлива, тогаш може да се зборува за развиена граматичка конструкција. Во нашите материјали забележавме и такви примери со менлива форма на глаголската придавка, што зборува во прилог на тоа дека овие конструкции во вратничко-полошките говори се понова појава, како што веќе укажавме, сп. *И му-викам, жена-му па шлогирана беше, с'едоја 'имаја вик'ендица, куќа напр'аена, четири с'ин-има, ч'етири к'уќе н'апраеў т'амо, дур-м'ожеше.* (Л); *Пут има н'апраен и с-'излага на-Ѓубришта г'оре дека-б'ило, дека-са-т'ӑрлата т'уека дека-б'иле.* (СтС); *Ж'ена-му 'умре и га-д'онесе 'овде ама п'осле ја ч'уф, р'еков и тoі̭ син-му шо-б'еше поп, како го-в'икаја сум-з'абраі̭ла, 'имаше едан син з'аедно са-от'иднати, 'и-тоі̭ 'умрел т'амо г'ал'ба, а едан-с'ин 'овде 'имаше 'остаен, б'ӑш на една-к'омшифка од, 'и-тaја има т'р̥мке, 'од-нас з'едоа, па-'идеше 'овде -рече - на-св'адба бил и кеі̭-д'ошаў д'ома, 'умреў, син-му на-В'елкота.* (Л); *И раб'оташе и п'оле и њ'иве, св'е, идеше и у-нас. Ил'о, па му-и-з'еде шо-'имаше књ'иге у-манастир иск'инати све, Ил'о све му-и-д'аде у-библиот'ека све му-и-н'апраија.* (Л).

Резултативност искажана со *сум* + глаголска придавка на -н-/-т-

тетовски говор

-Вие од-к'еј-све дос'елени аџо...; -Мие смо од Лисец. Мие М'ишо:і̯, Млад'ено:і̯, Гого:і̯ и Авр'амо:і̯. Тоа Авр'амо:і̯ са Млад'ено:і̯, смо од Лисец. -К'огај-са д'ојдени бе? -Значи в'ие-све од-Л'исец д'ојдени. (Р); *Д'ецава ми-б'еа р'одени, четириес'осма смо-м'ие з'емени. Четириесд'евета ќ'ерката ми-е-р'одена, пед'есета К^{ă}рсте ми-е-р'оден.* (Т); *Е ако-в'идиш не-са ст'анати 'уште с'еда, ќе-пр'ојдеш уште-'еднаш, уш-'еднаш и г'отоо в'ише, н'ема ср'амота, т'ак’е е 'адетот.* (Т); *Ж'ена-му 'умре и га-д'онесе 'овде ама п'осле ја ч'уф, р'еков и тоі̯ син-му шо-б'еше пот, како го-в'икаја сум-з'абраі̯ла, 'имаше едан син з'аедно са-от'иднати,...*(Л); *Бр'езно како-Бр'езно, името на-Бр'езно е-д'ојдено од-с'амото м'есто.* (БТ).

вратнички говор

Н'аі̯старата фам'илиа са-Кар'аџини, Кр'агов̯ци, Вел’'анов̯ци, т'иа-са Вел’'анов̯ци См'ил’ков̯ци и Цв'етков̯ци после се-од'елиле, Трај'анов̯ци са и Р'истов̯ци и Бошк'очев̯ци, Ј'анов̯ци са-д'оі̯дени од-Ј'ањево, Пр'иштина. Тиа-са С'ил’'анов̯ци, П'еров̯ци и Ќ'иров̯ци и Куз-м'анов̯ци. Тиа са од-Ј'ан’ево изб'егани от-т'амо д'оі̯дени-са у-с'елото, 'овдека. (СтС); *'Една ф'амилиа, 'едан от-т'иа бр'аќата е-з'аминат за-Бр'езно, од-Бр'езно е-сл'езен у-Гл'оѓи едан-д'ел и тиа се-през'ивав Мис'аі̯лоски исто, сл'авив сл'ава, по-сл'авата се-зн'ае д'ека-са старос'елчани.* (СтС); *... посе ќ-излезев н'е·сте те и со-јабуке пред-дворот у-цр̥вата и туека н'евестете млади што-са-дојдени д'авав и пост'арите на-к'умо·і̯те на-стар'освати што-им-са на-д'еверите, д'аваа ј'абуке, а за-в'озврат овја...* (СтС).

Беше + глаголска придавка на -н-/-т-

И тиа после незад'овољни. Едан свеш пр'имер за-тој В'елко, п'асејќи мие г'оі̯да више-с'ело г'оре и ни-'улезе м'ечка у-г'оі̯дата и мие д'еца п'иштимо пл'ачемо и он, м'ечката се-к'ачи, тоа сам-ч'исто оч'евидац, нат-кр'авава, а т'аја м'ајка му-б'еше, ама он не-гл'едаше коа му-е-м'ајка коа му-е-бр'ат или с'есра, ч'им ќе-п'очне да-р'ика гоі̯ дово он т'р̥чаше и када-гу-'удри м'ечкава со-р'ого·і̯, како-што-б'еше к'ачена нат-кр'авава и да-гу-д'ави поз'ади т'илот, ... (СтС).

Изразување на нефактивни настани
Искажување претпоставка, темпорално лоцирана во иднина

Кондиционал praesentis / Футур / Идно време

Искажувањето претпоставка дека некој настан ќе се случи во иднина се врши со формите на кондиционалот praesentis, односно, со конструкциите оформени со партикулата *ќе* + презент од свршени и од несвршени глаголи.

Настанот искажан како иден носи само претпоставка од страна на говорителот дека тој ќе се реализира во иднина. Ваквата семантика недвосмислено зборува дека идните настани не се дел од објективната стварност, туку дека ѝ припаѓаат на сферата на нефактивноста. Ова не ја исклучува можноста за интерпретација на настаните како идни во однос на моментот на зборување, односно не го исклучува факторот време, туку покажува извесно преклопување на категориите време и начин. А начинот, како надредена категорија во однос на категоријата време, наложува настаните темпорално лоцирани во зоната на иднината да ги третираме како нефактивни, а потоа, вторично да ја определуваме нивната темпорална интерпретација. Истовремено, треба да имаме предвид дека во македонскиот јазик има изоморфизам помеѓу конструкциите на кондиционалот praesentis и на футурот, што во контекст на погоре реченото нѝ наложува конструкциите од типот: *ќе* + презент да ги определиме како конструкции на кондиционалот, а нивната темпорална интерпретација да ја лоцираме во иднината. Со оглед на тоа дека конструкциите *ќе* + презент ја образуваат аподозата на реалниот условен период (*Ако ме поканиш, ќе дојдам*), јасно е дека станува збор за самостојни конструкции, кои можат да се употребат и без да се поставува некаков услов (*Ќе се видиме наскоро*). Условот кај настаните искажани со *ќе*-конструкции е секогаш семантички присутен, бидејќи настаните што сè уште не се реализирани секогаш носат претпоставка дека нешто може да ја оневозможи нивната реализација.

Во овој поглед вратничко-полошките говори не се разликуваат од стандардниот македонски јазик, како што може да се проследи од наредните примери:

Футур

„Ќе дојдем - рече - ја, пр'ичекај м'ало“. (Р); *„Е: - рече - у-шир'инкана тај'а-кука т'уека - рече- ќе-пр'ашаш н'екоа, т'уека с'еди“.* (Р); ***Викам - ќ-'ием, Ил’о ќе-ме-'однесеш да-га-в'идим Л'енка*** (Л); *„Да-м'есиш 'една п'огача и на-д'ецата ќ-'иемо по-д'р̥ва“, и д'ецата со-н”его.* (Л); *„С'едите вие овде!“ и јале од-л'ебот и ја ќе-б'ерем д'р̥ва кеі̯-ќ-'ием д'ома кеі̯-ќе-п'оі̯дем ќе-ве-з'емем.* (Л).

Реален кондиционал

Ако с'едиш т'уе д'оле ќе-н'е-моеш да-фатиш р'абота, ќе-гл'еаш на-п'ут.(Т); „Н'емоі̯ 'имам з'аі̯чина м'али, н'емоі̯ ќе-'остана сир'ачиња, немоі̯ да-ги-т'епаш, ако ти-тр'ебе ја ќе-ти-д'адем едно-з'аі̯че да-ти-се-н'аі̯де у-сф'аки сл'учаі̯“.(Л); ... да-ми-к'ажеш к'ӑде-е цар'еа ќ'ерка 'инаќе гл'авата, 'и-таја, ако не ќе-'останеш жиф. (Л); Сеа да-га-'утепам ќе-'идем у-з'атвор - д'ецата ј'опе б'ез-маі̯ка, јопе никако, не ајт“.(Л) ... *ако тр'ебе да-се-повр'атимо и тоа ќе-ти-к'ажем, з'аш се-в'икаа Би'олофци, некој се-к'ачил п'аднал с-'утепал, даљ је т'очно иљ н'е, пр'икаска.* (БТ).

Интересно е да се спомене и тоа дека во вратничко-полошките говори идност се искажува и со конструкциите оформени со неменливо *има* во 3 л. едн. + *да* +презент конструкција (*има да оди*), сп.: *Ако некоа 'отиде б'егалка, к'утек има да-ј'аде д'ебел, д'ебел ќ'утек има да-ј'аде.* (БТ).

Конструкциите за искажување идни настани образувани со неменливо *има* во 3. л. едн. + субјунктив praesentis се познати во сите балкански јазици и имаат посебна семантичка издиференцираност и носат значење на задолжителност. Ваквите конструкции се образувани од тип на посесивни конструкции од типот: *Имам нешто да ти кажам*, што е одразено и во наредниот пример што ќе го посочиме: *Абе што-д'а-кажем мл'огу има да-зб'орим, ми-се-ч'ини 'уште п'оі̯ќе ќе-'остарем зб'ореі̯ќи.* (Р).

Во однос на негираните форми на кондиционалот praesentis, се забележува дека тие се образуваат или со *не ќе/ќе не* + презент или со *нема да* + презент, сп.

И младож'ењата иде. Па како ќе-н'е-иде. Т'огаі̯ в'ише п'очнало м'одерно. (Т); *Ако с'едиш т'уе д'оле ќе-н'е-моеш да-фатиш р'абота, ќе-гл'еаш на-п'ут.* (Т).

С'еўска. И-сеа, Ил’о ми-зеде и сум-дала, шо и с'еда 'уше к'ошуле доле, - нека седа - вика Ил’о - нема да-пр'одаваш (Л); *'Он 'имаше* *т̄'ат̄ко, н'емало Ш'ип̄т̄ар ако-н'е-биде 'он ср'ојник нема-да-с-'ожени Ш'ип̄т̄аро̄т̄. В'асо М'ут̄о.*; *Он р'ачуна дека-т̄'амо н'ема да-р'абот̄а и к'ажуе на-ж'енат̄а, е-в'ика:* (Р).

Со оглед на малиот број примери нема да зборуваме за некоја специфична семантичка диференцијација меѓу формите со *ќе не/не ќе* + презент и *нема да* + презент. Сепак, сигурно може да се рече дека оние негирани конструкции образувани со *нема да* + презент имаат поширока семантика и функционираат и како прохибитив. Тоа ги модифицира овие конструкции во смисла на поголема решеност на говорителот искажаниот настан да не се реализира.

И секако се забележува дека местото на негацијата може да биде непосредно пред глаголот (линеаризација од словенски тип, сп. *Па како ќе-н'е-иде.* (Т); *Ако с'едиш т̄'уе д'оле ќе-н'е-моеш да-фат̄иш р'абот̄а,..* (Т)) или токму негацијата да ја отвора низата проклитики што му претходат на глаголот (линеаризација од балкански тип, сп. *не-ќе-м'ожеле они 'от̄т̄амо да-о-к'орист̄а н'аамо* (Р)). Ако првата ситуација е карактеристика на повеќе северни говори, втората е карактеристика на западните македонски говори (сп. Видоески 1950: 75; Лаброска 2008: 129-130), што вратничко-полошките говори ги става во една преодна зона која ги дефинира како типично северозападни македонски говори.

Транспозициски средства за искажување на идни настани

Како посебна модална категорија, Конески (2004: 415) во Граматиката на македонскиот јазик ја спомнува категоријата – готовност, можност да се реализира некој настан, со идна темпорална интерпретација. Настанот се искажува со формите на презентот, сп. *И ј'але, ј'але, ј'але д'ецат̄а, п̄'ог̄ачат̄а с'еди не-се-'изедуе и в'ода п̄'иле, п̄от̄п̄ор'аснале.* (Л).

Кондиционал praeteriti

Нереализиран настан во минатото се искажува со формите на кондиционалот praeteriti (*ќе* + имперфект). Во вратничко-полошките говори оваа функција на конструкциите *ќе* + имперфект е ограничена поради специфичната позиција на *би*-потенцијалот, кој во овие говори сè уште активно функционира како кондиционал. Употреба на конструкциите на кондиционалот praeteriti во функција на futurum praeteriti не регистриравме.

Иреален кондиционал за минатост

Да-н'е-беше т̄'аќе до-се'а ќе-б'евмо к'ујзнае к'ăде м'ие, унап̄р'едени. (Р)

Со мал број примери ги регистрираме и конструкциите на кондиционалот praeteriti и во функција на искажување на минати хабитуални настани, сп.: *Не, не, од ц'^{ă}рква к'ој̭ ќе-се-в'енчаш т̄'ог̄ај 'идеш д'ома, а 'иначе не. Ама ќе-иѓ'ет̄аш. Ќе-д'ојде, он п̄ој̭ќе кеј-н'ас с'едеше г̄'оре. Ќе-д'ојдеше на-в'ечера п̄а-ќе-си-'иде д'ома, 'иначе не. Вер'еници, т̄'оај слободно м'оеш д-'излезеш и да-г̄-'однесеш н'ег̄де и да-п̄р'ошет̄аш.* (Т); *Туе 'имало ф'ое како у-Ил'и:н-Гроп̄, г̄'олеми ф'ое и г̄'оре не-да-и-с'еча, да-и-к'асра, нег̄о ќе-о-п̄р'есеча, п̄р'есеча ќе-о-т̄'исна и доле – Ч'акој̭ве кеј̭-шт̄о-са-нас'елени т̄оа беше све д'уп̄ке т̄'уека, фăрл'аја м'р̥ше луѓи. Ќе-ц'ој̭ше 'иманќе ќе-о-ф'ăрља т̄'амо, п̄'онап̄рет̄ т̄'аќе било р'ăѓао, р'ăѓао било, н'емало никакви-'услови.* (Р).

Малиот број примери не дозволува да се изнесуваат поконкретни заклучоци во врска со искажувањето на нереализирани настани во минатото од она што погоре го рековме. Поаѓајќи од формален аспект се наложува општиот впечаток дека конструкциите од типот: *ќе* + имперфект ретко се употребуваат во вратничко-полошките говори дури и за искажување на минати хабитуални настани, што е нивна најчеста функција во македонскиот стандарден јазик (сп. К. Конески 1990: 191-192). Во ваква употреба обично е да се употребат формите на кондиционалот praesentis, а од контекстот да се сфати дека станува збор за настани што вообичаено по утврден редослед се случувале во минатото.

Имперцептив praesentis/praeteriti, imperceptiv futuri, или т.н. прекажаност

Развивајќи се во балканската јазична средина во македонскиот јазик настанале повеќе промени во рамките на граматичките категории на глаголот. Позначајни се токму оние промени кои се однесуваат на начините на искажување модални, нефактивни настани. Особено внимание привлекува т.н. прекажаност во македонскиот јазик, која всушност се однесува на настани во чија вистинитост говорителот не е убеден или сака како такви да ги претстави. Недвојбено, во македонскиот јазик е заникната една нова модална категорија, која во одделните дијалекти на македонскиот јазик има постигнато и различен степен на граматикализираност. Оваа категорија која е позната во литературата како статус, или како дистанца (субјективен однос на говорителот спрема вистинитоста на искажаниот настан) се базира врз формите на минатото неопределено време. Темпоралната неопределеност на минатиот настан, можноста за негово толкување како актуелна резултативност (како што посочивме погоре) сигурно било причина посочената семантика да се наложи токму врз овие конструкции, кои, од темпорален аспект функционираат истовремено како имперцептив praesentis и како имперцептив praeteriti.

Што се однесува до вратничко-полошките говори, незасведочените настани се предаваат со формите на *сум*-перфектот, а самиот контекст укажува на тоа дека станува збор за незасведочени настани, сп.: *Б'иле тр'ојца др'угари нер'аздвојни др'угари у-с'елото Берб'ешоо и-з'еле з'аклетва к'ој п'р̥ф ќе-се-ж'ени да-о-п'окани др'угарот, д'али за-д'евер, 'ели ст'аросват 'или к'ум, зн'ачи т'аква б'еса д'але.* (Р); *'Извикал шо-'извикал 'овја, му-т'екнало у-п'аметот н'ешо у-гл'авата, што-р'ешиле зб'орот т'ој, ка-б'иле др'угари. И 'отишал на-гр'об да-о-п'окани др'угарот да-му-д'ое на-св'адба.* (Р); *Еве Оз'ормиште, Оз'ормиште било ч'исто мак'едонско, Пал'атица б'ило, к'ако-што к'ажуел т'атко-ми п'ола н'апола. К'а-што-е с'еа К'опанце и Ш'емшоо. Тр'ебош, најб'огато м'есто б'ило у-општ'инава, нај'убаа з'емја, е сега нема, не-в'еруем да-'има.* (Р); - *Сеа ја не-с'ам-сретнал т'акваа кн'ига овде, а 'имало у-с'елово.* (Р); *За-едан-м'инут-два: „Да! - рече бе - пост'оело бе, т'атко-ми каж'уеше“.* (Р); *После 'иамо н'итамо 'иамо, значи, доле 'иамо 'онаа шт'о-беше д'оле, Бакạрдạно'о-тăрло, б'унарот кеи̯-што-б'еше, па 'имамо Ил'и:н-Гроп, до-Дв'орце ама има тамо камара некоа се викало Ил'и:н-Гроп, некоа Илинка, Илинка била закопана тамо, као-б'а:и̯ѓиот-ст'арите, шо-сам-ч'ул 'имамо тамо Кашк'алиште, па-имамо Колов'озиште тамо, кеи̯-што-и-бр'афмо д'р̥вата сеа мие. А тоа Кр̥в'омоч се-вика з'ошто б'ило мн'огу т'ешко з-изл'агање, гл'еаш какв'о-име му-д'але они, значи, кр̥в вика ќе-п'омоча за-да-'излезе н'агоре. П'онапрет 'ишле со-с'ање, со-с'ање се-в'озело д'р̥ва.* (Р); *Од-П'ула му-д'ошле, он, т'атко-му 'овде 'имаше м'ајкạ он, ж'ива ж'ена, а тамо у-П'ула, Сл'овенкạ. И Слов'енкạва р'одила д'етенце и г'алиба тој, так’е в'икạја, ѝ-пр'епишаў к'уќа, ѝ-к'упиў, п'ошто 'има д'ете с'о-нега, а она, она-зн'ạе ал’-'има-овде ж'ена, он, и* *д'еца, знае, ама не, н'е-смее да-он'адуе, да-р'ече.* (Т); *Д'емек, м'ислеле д'ека ч'умата 'иде и по-'името.* (СтС); *С'елото пост'оело б'иле ш'ес-фамилие. Ст'р̥вница б'иле ш'ес-фамилие 'и-тиа ш'ес-фамилие га-оформ'уаф Стар'е-Село 'истото прек'р̥стено и више не-гуспомн'уале Ст'р̥вница н'икоі̭-пут заради, пл'ашеі̭ќи-се от-ч'умата.* (СтС).

Во контекст на тоа дека станува збор за посебна категорија која го одразува субјективниот став на говорителот спрема вистинитоста на искажаниот настан зборуваат и примерите во кои говорителот јасно укажува дека настанот е засведочен, но субјективната реакција е реакција на чудење. Станува збор за адмиративната употреба на *сум*-перфектот, сп. *И н'екого пр'ашале: - К'еі̭-беше ти д'ăнăске? По-д'р̥ва-бе - рече - бев-на-з'авој. Ауу тоа з'авој млогу-д'алеку б'ило-бе. А не-е-далеку нема ни-два-километра до-З'авој кеі̭-што-в'икамо д'р̥вата.* (Р).

Имперцептив futuri

Во врска со развојот на категоријата статус или дистанца зборува нејзиниот оформен систем за прекажување и на идни настани. Во македонскиот јазик се користи оваа форма за прекажување и на идни настани, односно на формите искажани со futurum или со futurum praeteriti. Во ексцерпираниот материјал од вратничко-полошките говори ги регистриравме следните примери: *От-Ст'олета Б'узик н'екој т'амо, д'едо њ'егоф, овја Ш'алица, 'Арсо Ш'алица н'екој др'уѓи т'амо тр'еќи от-тоа-м'аало п'оі̭ќина не-се-сл'агале з'ашто б'ило од-Жеданоф 'одовде па не-ќе-м'ожеле они 'оттамо да-о-к'ориста н'аамо, к'ољку што-са̣м-сл'ушал от-ст'ариве што-каж'уале. Ќе-смо-о-кор'истеле м'ие.* (Р); *П'осе тоа со-с'ицим, кој-'имал п'аре да-к'упи с'ицим ќе-к'упил од-ј'ужари от-Т'ето:. Кој-н'емал д'ома от-к'онопц̣т или от-л'ăна̣т ќе-напр'ае·в с'ицим, ќе-г-ус'уче·в у-ч'етири у-п'ет и со-т'оа се-п'раеа ќе-се-с'ăплете оп'анака̣т и с-ост'аљаа^{ф} таќе нар'ечени 'опутке.* (СтС).

Искажување на можност – потенцијал

Искажувањето на можност или желба спаѓа во рамките на деонтичката модалност, а граматикализиран показател на оваа семантичка димензија во стандардниот македонски јазик е *би*-потенцијалот. Станува збор за конструкција што го наследува стариот кондиционал од типот: *бих* + *л*-форма. На современ план се случува сведување на менливата форма од помошниот глагол *сум* во неменлива партикула. За потенцијалот е карактеристична идната темпорална интерпретација на настанот. Ова е случај и со вратничко-полошките говори. Регистриравме еден пример во кој со *би*-потенцијалот се искажува желба, сп.: *Ја тај'а-книга сам-га-тр'ажел от-п'оі̭ ќина. И у-К̣'остота б'ила т'аја, М'уто, у-Ск'опје, дадена, му-а-д'ал Жифко 'овја Масоски, учитељоф што-е, са̣м-му-р'ека̣л и-њ'ему -не-ми-'овде, не-знаем кӑде-е н'е-знаем 'онамо - а чим б'ила на-ќир'илица бӑш би-сакал да-а-пр'очитам тај'а-книга, п'ошто 'уште в'иѓам, значи, и со-на'очаре и без-на'очаре в'иѓам, ама н'е-можем ме-интер'есуа тоа мене.* (Р).

Во однос на употребата, најсоодветно би било да се рече дека со би-потенцијалот во македонскиот јазик се искажуваат неактуелизирани настани со неопределена темпорална интерпретација која може да се движи од минатото, преку сегашноста во иднината. Затоа и неговата употреба се движи и во рамките на реалниот и во рамките на иреалниот кондиционал, како што ќе посочиме подолу.

Реален кондиционал

Ама што-в'икамо на-едан-'остањ нат-пл'анина 'онамо ка-ќе-д'ојде, да-'излезеш овде у-с'елово ќе-се-ч'удиш и н'агоре да-п'ојдеш по-т'ој-рит би-се-ч'удел, ќе-р'ечеш - от-к'ӑде 'ољку ст'ока. (Р); *Жена-му, кӑј-м'ене д'оаѓаў, ја да-р'ечем с'еа, н'ешо да-о-з'амолим не-би-'онадиў, не-те-пр'имаа* ..(Т).

Иреален кондиционал за минатост

И зошо се ... они коі̭-вл'егле да-кр'ада, да-о-в'иеле т'атко-ми не-би-го-'остаі̭ле, за-да-не-'и-знае к'оі̭-са̣. (Т).

Следните примери не се дел од условен период, но во рамките на контекстот, јасно е дека станува збор за нереализирани настани, што темпорално ја опфаќаат зоната на сегашноста, сп.: *Значи т'о-гаја смо-го-из'убиле п'утот, тоа Жеданот све, Ф'ојовник и тоа н'адоле, Дворачк'и-Дол, Пог'убина св'е, до-Дв'орце ск'оро би-б'ило н'аше све.* (Р); *Син-ми с'еа го-'онади со:браќ'аі̭на, 'инаќе он-л'озјето го ... и г-'извадиа, он л'озјето со-тр'акторче би-о-к'опаў и би-о-р'аботаў.* (Л).

Искажување на заповед, желба и забрана

Кога говорителот му наложува одредено однесување на соговорникот зборуваме за заповедни искази или за забрани, кои се искажуваат со формите на императивот, односно, на прохибитивот.

Впрочем, како во македонскиот стандарден јазик, така и во вратничко-полошките говори, морфолошки форми за императив има само за второто лице еднина и второто лице множина, сп. :

2. л. едн.

„Легај-бе 'овде 'ајде!“. (Р); *'Ај-сеа т'и-влези - рече - да-в'иш ја к'еј-живим“.* (Р); *Го-пр'ичекаф. „Сеа! - рече - да-се-пр'иатнем - рече - и да-з'еем тоа - тамо негоі̯-р'аботе шо-тр'ебе - причекај!“ - рече.* (Р); *Ај к'ажи-го т'оа как'о-било.* (Р).

2. л. мн.

„'идите в'ие з'емите ова г'оі̯дава да-и-ч'уате шо-све-с-'опнале овде само све-з'инале за-ј'адење, идите да-и-пасете“ (Л); *„С'едите вие овде!“ и јале од-л'ебот и ја ќе-б'ерем д'р̥ва кеі̯-ќ-'ием д'ома кеі̯-ќе-п'оі̯ дем ќе-ве-з'емем.* (Л).

Категоријата лице е посебно важна кога зборуваме за императивот. Не случајно од морфолошките форми егзистираат оние за второто лице со оглед дека тоа се типични искази со кои говорителот непосредно му се обраќа на соговорникот, односно искажува директна заповед. Освен морфолошките форми во функција на императив се употребуваат и конструкциите на субјунктивот оформени со партикулата *да*, како и соодветни изрази оформени со партикулите: *нека* и *ајде*. Ваквите аналитички конструкции изразуваат индиректна заповед, или неактуелизирана заповед; односно со нив говорителот не искажува наредба која се очекува веднаш да се изврши, а во зависност од контекстот ваквите конструкции може да се протолкуваат и како молба или желба.

Ќе се осврнеме прво на императивните искази оформени за второто лице, сп. - *Да ми кажеш селово Ротинце, од кога постои?* (Р); *„Да-м'есиш 'една п'огача и на-д'ецата ќ-'иемо по-д'р̥ва“, и д'ецата со-н”его.* (Л); *да-ми-к'ажеш к'ăде-е цар'еа ќ'ерка 'инаќе̣ гл'авата, 'и-та̣ја, ако не ќе-'останеш жиф.* (Л); *И се-к'ачиў на-б'аца и гл'едаў кеі̯-га-т'епаа и кеі̯-н'апраі̯ла тоа јад'ењето што ј'ала ј'ала и д'ецата и да-не-каж'уете на т'атко-ви али сум-н'апраі̯ла з'ел’ник и т'ава к'окошка и тоа шо-ост'анало го-ф'ăрлила на-к'учиња и н’ему да-не-'остане на-м'ужот.* (Л).

Императивот за првото лице множина е најблизок до императивот за 2 л. бидејќи сам по себе го вклучува второто лице и може да искажува типична заповед. Сепак најчесто, овој тип на императив се употребува како еден вид согласност говорителот да пристапи кон извршување на некое дејство или како поттик за понатамошна активност, особено кога станува збор за императивот на 1 л. едн. сп., примери од вратничко-полошките говори:

1.л. мн.: *Абе п̄'онп̄рет̄ с'елово 'имало к'озе, 'офце, г̄'оі̯да. Пр̥во за-г̄'оі̯да да-р'ечемо.* (Р).

1.л. едн.: *Го-п̄р'ичекаф. „Сеа! - рече - да-се-п̄р'иат̄нем - рече - и да-з'еем т̄оа - т̄амо нег̄оі̯-р'абот̄е шо-т̄р'ебе - п̄ричекај!“ - рече.* (Р).

Императивот за третото лице не е директна наредба, туку наредбата се искажува преку посредник, „второто лице“. Често ваквиот однос подразбира двојна наредба, една директна, упатена кон второто лице и една посредна упатена кон третото лице. Во нашиот материјал, овој тип на наредби ги илустрираме со партикулата *нека*, сп.: *„Каж'ит̄е-му - рече - нека-се-вр'ат̄и н'зат̄, ј'а-имам т̄р'и-т̄она б'исквит̄и 'овдека, ќе-му-и-д'адем нека-ј'аде нека-ж'иви*“. (Т).

Заповедта кон второто лице не е неопходно да биде експлицитно присутна во текстот, туку се подразбира, па се искажува само императивот за 3 л.: *На-Ат̄ан'асоан См'иљан и М'иљан на-г̄'ост̄и. См'иљан имаше б'ацанак у-Б'елојшт̄е и ја и Гог̄о б'ефмо, ама м'ие смо-'от̄ишле на-г̄'ост̄и у-н'ег̄о·і̯ п̄риј'ат̄ели у-н'аши со-Гог̄от̄а, ама' убоо смо-п̄'оале нека-т̄и-к'аже она.* (Р).

Како што посочивме погоре аналитичкиот императив може да се квалификува и како искажување на желба, како во следните контексти од вратничко-полошките говори: *А и п̄лус т̄оа н'емало фриж'идери, н'емало и мие п̄'оі̯ќина, знаеш месо се-куп̄'уало, п̄р'асиња, т̄'елиња се-кл'ало и т̄амо млог̄'у-људи, т̄амо ми-сц̣-р'одени д'ецạва, един'ạест̄а, ја коі̯-сум-'от̄ишла, т̄ри-св'ек^{а}рве, а сег̄а една н'ејќа, нека-са-ж'иви п̄а...;* (Т); *Шт̄'о-е-т̄оа?“ „Тоа т̄амо е-п̄ланина, се-п̄'аса 'офце се-п̄р'ае б'ачило т̄оа, т̄оа, да-бидне мое*“. (Г).

Индиректниот говор исто така подразбира место императивот на второто лице, типичен за директниот говор, заповедта да се искаже како императив за 3 л. искажана со *да*-субјунктив, сп.: *Почнале п̄рикасќе да-каж'уаа сфе каж'уаа г̄'ачкаа, коі̯ шт̄о-п̄р'аел как'о-п̄раел, на-едан му-т̄екнуе ајде в'оі̯ников да-к'аже една-п̄р'икаска.* (БТ).

Како што може да се види и од последниот пример, императивните искази може да бидат придружени и со некоја поттикнувачка партикула, од кои во нашите примери издвоивме такви оформени со *ајде*. Во сите случаи се работи за неменлива форма на *ајде*, значи, употребена како типична партикула, која може да ги придружува како морфолошките, така и аналитичките императивни искази со што добиваме всушност хортатив, сп.: *„'Ајде 'умрени 'излаг̄ај! н'оќеска т̄р'ебе да-се-р'абот̄а да-се-н'оса к'амење от̄-т̄'амо, т̄'амо ќе-се-н'оса. 'Еднаш в'икнуе, не-'излаг̄а н'икој, 'уш-еднаш, не-'излаг̄а н'икој, от̄'иднуе до-њ'ег̄о: „Ти - рече - ш'о-седиш ун'ут̄ра ајде - рече - да-п̄р'ефӑрљаш к'амење“, 'овја 'излаг̄а нис-т̄'оа д'уп̄чет̄о от̄иднуе:* (Г); *Н'е-бе не-ме-зак'ạчаі̭т̄е мене - , а она све п̄осм'ат̄ра, она-г̄о-в'идела дека и-је-т̄'ат̄ко, а он не-г̄а-п̄'ознаља. - Ајде ќе-ни-кажеш и т̄и - н'е-бре не-ме-зак'ạчаі̭т̄е н'е-знаем ја н'ишт̄о.; И т̄оі̭ ст̄ариот̄ шо-му-б'ил сл'уг̄а - ајде - рече - с-'овја в'оі̭ник д'ома, дӑн, два, т̄ри, да-му-п̄'окажеш шт̄о-се-р'абот̄а како-се-р'абот̄а, да-п̄'окаже м'ест̄ат̄а, а ов'аја от̄р'акана била млог̄у б'ист̄ра, млог̄у к'улт̄урна* (БТ).

Забрана (прохибитив)

Искажувањето забрана е посебен тип на исказ со кој се сугерира соодветно однесување на соговорникот, но целиот исказ е зависен од нему надградената негација. Еден од начините за формализирање на прохибитивот е негација + морфолошки императив, наследена конструкција во словенските јазици, сп.: *Тој в'ише не-г̄'о-чекај за-в'ечер, а б'ил од-с'елот̄о ...* (Г).

Друг тип на искажување на забрана е со негираната конструкција на кондиционалот praesentis од типот: *нема да* + презент, сп.: *С'еўска. И-сеа, Ил'о ми-зеде и сум-дала, шо и с'еда 'уше к'ошуле доле, - нека седа - вика Ил'о - нема да-п̄р'одаваш.* (Л).

Аналитичкиот тип на прохибитив оформен со *да*-субјунктив го регистриравме во примери оформени во 1 л. едн., и во 3 л. едн. односно како искази со кои говорителот сам себе се поттикнува да не врши определена активност, односно во вториот случај, забрана искажана како индиректен говор, сп.: *„Абе д'ет̄е - рече - шт̄'о-ќут̄ек смо-ј'але - рече - мие од-Шип̄т̄'арит̄е од-Турцит̄е, да-т̄и-не-к'ажуем - рече - со-т̄'они, т̄'они ќ'ут̄ек смо-ј'але.* (Р); *И коаі̭-ќе-'ида г̄'оі̭да, п̄а 'имало м'оже п̄реко-'иљада г̄'оі̭да може 'имало, п̄реко-'иљада г̄'оі̭да у-с'елово 'имало, а за 'офце и за-к'озе да-т̄и-не-р'асп̄раам* (Р).; *В'ише с'елот̄о 'имаме Бран'еница м'ест̄о, се-в'ика, т̄оа селот̄о г̄а-забран'уало да-се-н'е-сече,..* (СтС); *Кр̥ст̄'ов-Забел 'ијамо мие т̄'амо њ'ива, т̄амо ка-се-нас'елило с'елово и т̄'ог̄аја г̄'алиба т̄оа б'ило ус-*

тоа умир'ачката ка-б'ила, тоа м'естото се-с'обрале с'елото и св'ите сељ'аните и п'опоі̯ два ељи три н'е-знам кољку-'имало пр'ошле тр'ипута колу-н'околу ч'атејќи и го-н'арекле како-в'акал тоа, да-н'е-смее н'икој да-с'ече туе, кој ќе-пр'есече гл'авата, г'оспот р'уката да-му-а-пр'есече. (Р).

Во однос на посочените примери, исто како и кога стануваше збор за местото на негацијата кај *ќе*-конструкциите, се забележува дека таа стои непосредно пред глаголот, односно по заменските проклитики.

Како посебен тип на прохибитивна партикула во македонскиот јазик е оформена партикулата *немој/немојте* (стари императивни форми од глаголот *може*, Конески 1981: 417). Во ексцерпираниот материјал *немој* се среќава како неменлива партикула, сп. *И еданд'ӑн б'абата от'ишла у-гр'ат на-п'азар. и ем-рекла на-јаренц'ињата немој да-отв'орате д'одека н'е-дојдем ја.*; *„Н'емоі̯ 'имам з'аі̯чина м'али, н'емоі̯ ќе-'остана сир'ачиња, немоі̯ да-ги-т'епаш, ако ти-тр'ебе ја ќе-ти-д'адем едно-з'аі̯че да-ти-се-н'аі̯де у-сф'аки сл'учаі̯“*.(Л). За развојот на *немој* во посебна прохибитивна партикула во литературата се укажува на влијанието на балканските јазици (сп. Тополињска 1995: 309-310).

Искажување на настани зависни од надредени преднкати (субјунктив)

Зависни настани од надредени фазни и модални предикати во македонскиот јазик се искажуваат со помош на т.н. *да*-конструкции, чија основна функционална интерпретација во поновите трудови се утврдува како – субјунктив, односно, подреден начин. Развојот на *да*-субјунктивот во македонскиот јазик се врзува со губењето на инфинитивот. Со субјунктивот се искажуваат подредени настани со надреден модален предикат: *сака, мора, треба, може* (сп. пр. од вратничко-полошки говори: *Е од-мл'адиве тр'ебе д-'изабере он кога-с'ака да-му-б'иде д'ома сл'уга, да-ем-сл'ужи д'ома, да-му-г'отви* (БТ); *Мл'огу б'ило сир'омашко бе, мл'огу. Овде у-с'елово н'аше, па како-д'а-речем, може да-'имало, д-'имало десет'ина к'уќе петн'аесе...* (Р)) и надреден фазен предикат, од типот: *успева, почнува, продолжува* и сл. (пр. *Овега не-'успеал да-га-'испрати, др'угароф* (Р).; ... *ч'им ќе-п'очне да-р'ика г'оі̯дово он т'р̥чаше и када-гу-'удри* ... (СтС)).

Меѓутоа за да се зборува за развој на посебна граматичка конструкција на субјунктивот освен развојот на *да*-конструкциите во зависна синтаксичка конструкција, од поголемо значење е нивниот развој во независна семантичка конструкција, што овозможува и нивна самостојна употреба. Од формален аспект се разликуваат конструкциите на субјунктивот praesentis, субјунктивот imperfecti и субјунктивот perfecti.

Субјунктив praesentis

Зборувајќи за аналитичките начини на изразување заповед, желба, забрана, во врска со образувањето на негираната форма на кондиционалот praesentis, веќе ја илустриравме употребата на субјунктивот praesentis. Останува да напомнеме и за неговата употреба во протазата на реалниот условен период, сп. *Сеа да-га-'утепам ќе-'идем у-з'атвор - д'ецата ј'опе б'ез-мај̯ка, јопе никако, не ајт*“.(Л).

Субјунктив imperfecti

Субјунктивот imperfecti има поограничена употреба и неговата позиција е првенствено протазата на иреалниот условен период, сп. *Да-н'е-беше т'аќе до-се'а ќе-б'евмо к'ујзнае к'ăде м'ие, унапр'едени.* (Р).

Субјунктив perfecti

Субјунктивот perfecti е имперцептивна варијанта на субјунктивот praesentis и на субјунктивот imperfecti. Во нашиот материјал не е потврдена неговата самостојна употреба, но е регистрирана во конструкција со зависен предикат *може*: *Овде у-с'елово н'аше, па како-д'а-речем, може да-'имало, д-'имало десет'ина к'уќе петн'аесе...* (Р).

ВАЛЕНЦИЈА

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПАДЕЖНИ ОДНОСИ

Под падежни односи ги разбираме односите на граматичка зависност во рамките на една реченица, односно граматичките начини на кои се прилагодуваат именските групи коишто ги бара финитната глаголска форма што ја конституира основната реченична конструкција (ОРК), или пак се побарувани од страна на друга именска група (Тополињска 1995: 42). Во македонскиот стандарден јазик падежните односи се изразуваат на синтаксичко рамниште со различни граматички средства, односно се изгубиле морфолошките падежни форми, освен со мали исклучоци, кај личните и роднинските имиња од машки род и кај некои типови заменки (види Б. Конески

1981; Минова-Ѓуркова 1994). Каква е ситуацијата во вратничко-полошките говори кои се предмет на анализа на нашиов труд, ќе видиме од анализата што следува.

Именски групи во номинативен однос

Именската група што го изразува појдовниот аргумент, подметот односно вршителот на дејството изразено со глаголската форма, конституент на ОРК, најчесто се јавува во номинативен однос. Според антропоцентричната теорија, семантички гледано, како појдовен аргумент кој го врши дејството, примарно се јавува човекот (или колективни именки што означуваат некакви човечки групи или формации) или некое друго живо суштество. Примери од вратничко-полошките говори: *Мих'ајло, т̄ој-е-'Ег̄еец, з'ет̄ р'от̄ински, г̄о-п̄р'ашуе Р'адича М'ут̄о,.; Б'иле т̄р'ојца др'у̯г̄ари нер'аздвојни др'уг̄ари у-с'елот̄о Берб'ешоо...* (Р); *Д'ома ж'ена-му р'анела к'окошке саб'ајлет̄о* (Г); *И т̄'ог̄аш дот̄'р̥чала в'оі̯скат̄а т̄'урска и усп̄'еале да-г̄а-сп̄'асив̯ с'амо дв'е к'уќе.* (СтС); *К'ог̄а ст̄'ана колект̄'ивот̄ ми-с'обраја ст̄'окат̄а, 'офцет̄е, к'оњи, в'оло:і̯ сфе шт̄о-'имафмо ни-з'еде дрӑж'аат̄а,* (Б); *...п̄'осле кон'от̄ ј'оп̄е ќе-в'рши, ќе-в'рши...* (Л); *Тој Тевд'осие К'р̥ст̄иќ за-св'ое вр'еме бил бан,..* (БТ); *И младож'ењат̄а иде.* (Т). Се разбира, во улога на вршител на дејство може да се јави и назив на материјален предмет ако е прикажан како персонифициран како во следниов пример: *И н'екоа фам'илиа ц'ела из'умрела и овја се-дозбор'и:нав и б'ег̄ав у-ноќ да-г̄'и-н'е-види ч'умат̄а.* (СтС).

Во позиција на номинативна именска група можат да се јават и називи на машини и алатки што, се разбира, се управувани од човек, „но чие функционирање може да биде согледано како самостојно“ (Тополињска 1995: 46) (пример: *...д'ошла м'ашина да-в'р̥ши*, (Л)). Во номинативен падежен однос можат да се појават и именски групи кои означуваат делови на човечкото тело чија активност не е зависна од човековата волја (*ми-се-п̄'р̥чи к'осава шо-к'ажуем...*(Л)). Секако, во номинативен падежен однос можат да се најдат и природни појави или стихии кои не се зависни од човековата активност, а за кои се јавува потреба да се нагласат во комуникацијата како агенси кои вршат некаква активност: *И д'ен д'енеска в'ироі̯т̄е си-п̄ост̄'оив, в'одат̄а си-т̄'ече и п̄а-се-п̄рае т̄ак'е в'ирчик'и...;* (СтС); *Ѕ'ебљак т̄'ече од-Рог̄'ачео н'адоле...*; *●т̄-т̄'ука п̄р'оаѓа п̄'ут̄от̄ за-п̄р'ема Ст̄'анкоац...* (СтС); *'одовде в'ет̄ар д'уа...* (Л); *д'увнуе в'ет̄ар*

(БТ)*; вр'еме в'ăрне...* (БТ) (наспроти *Д'уа; в'ăрне, додека се-ст̄'ăмни;* безагенсно, т.е. без номинативна именска група) и сл. Како што може да се заклучи и од веќе наведените примери, номинативниот однос се изразува на реченично ниво, со посебен вид на однос на меѓузависност на именската група и на глаголот што го конституира прирокот. Притоа, именската група му ги наложува на глаголот лицето, бројот и родот, а прирокот и ги наложува на именската група карактеристиките кои таа мора да ги поседува како појдовен аргументски израз односно како подмет: да не содржи никакви сигнали на зависност, а тоа значи да не биде употребена со предлог и, кај тие именски класи кај кои постојат морфолошки падежни форми, да не се јавува во такви форми. Во стандардниот јазик именската група во номинатив кога се јавува пред глаголот треба да биде референцијално употребена и позитивно маркирана по определеност. Во вратничко-полошките говори, според примерите со кои располагаме, доколку оваа именска група е тема на исказот, речиси секогаш е маркирана по определеност и најчесто е во препозиција во однос на глаголот (исклучок прават иманентно неопределените клиширани фрази за означување појави кои се генерични по својата природа, што погоре веќе ги спомнавме: '*одовде в'ет̄ар д'уа...* (Л). Исклучок сретнавме во следниов пример: ...'*офце ни-л'ег̄але до-Б'ожиќ.* (БТ)). Притоа, како ознака за определеност кај општите именки се јавува членот, освен кај иманентно определени именки од типот *мајка, т̄ат̄ко* кои можат да се јават без никакви ознаки за определеност или се јавуваат со кратки форми од заменките за датив во улога на показател на посвојност и на определеност. Примери: ..*т̄'ат̄ко-ми н'ејќеше д'омазет̄.; и м'ајка-ми в'ика...;* (Т) наспроти *ме-п̄р'ат̄ил т̄ат̄ко да-т̄е-'ут̄еп̄ам,* (БТ); *И младож'ењат̄а иде.; И д'оаѓа п̄'оп̄от̄ ш'о-ни-е н'ас на-р'еон;* (Т); *С'елот̄о б'ило комп̄л'ет̄.* (Т); *Тамо, сн'аат̄а нас'абаи̭ле ќе-зг̄р'ее р'ак'иа, к'афе, д'оручек, све,* (Л). Номинативната именска група може да биде изразена и само со заменска форма: '*Овја вл'ег̄ал, за-дв'а м'инут̄а шт̄о-п̄'оседел т̄'уека, в'амо п̄р'ошле дв'ест̄а г̄'одине..;* (Р); *т̄и н'е-знаеш к'ољку е-т̄'ешко* (Г).

Дуплиран маркер за определеност (показна заменка + член или лично име), сретнавме и во анализираниов говор: '*Една ф'амилиа, 'едан от̄-т̄'иа бр'аќат̄а е-з'аминат̄ за-Бр'езно, од-Бр'езно е-сл'езен у-Гл'оѓи...; и ш'арено т̄оа д'р̥вцет̄о, ка-з'уп̄чина нап̄р'аено со-н'ош.* (СтС); *ама 'овја младож'ењава, љ'уди т̄'ăг̄аја со-маг̄'арињa, со* *со-кол'есници, со-к'оњи, г̄-'исп̄раќал п̄рија̄т̄'елит̄е,; 'Овја му-в'ика др'уг̄ароф:..* (Р); *Тој Тевд'осие К'р̥ст̄иќ за-св'ое вр'еме бил бан,..* (БТ); *не-зн'аеле да-ра̣б'от̄аа т̄иа м'омцит̄е.* (Т). Оваа заменска редупликација која е специфична токму за ИГ која е во номинативен однос, претставува еден вид тенденција заменската редупликација која ја имаме кај зависните именски групи (акузативен падежен однос: ГО човекОТ; дативен падежен однос: МУ на човекОТ и сл.) да се прошири и кај номинативниот падежен однос по принципот ТОЈ човекОТ (Тополињска 1995: 52), појава што не е можна во првото и во второто лице.

Во почетокот на приказните регистрирани во дијалектниот материјал на крајот од книгава, именската група што е во номинативен однос најчесто е постпозитивно употребена во однос на глаголот: *От̄ с'елово н'окт̄а ст̄'ануе н'екој м'ајчин,..; Бил некоі̯-ч'оек, м'р̥за г̄'олем...;* (Г); *Б'ила 'една фам'илија.; Б'ила една-б'аба...*(БТ). Се разбира, се работи за неопределена ИГ што е рема во реченицата и ова е вообичаениот редослед и за стандардниот јазик. Притоа, ако со таа именска група само се укажува на еден член од дадено множество лица или предмети, без да се посочи конкретното лице или предмет, тогаш ИГ се јавува или без ознака за определеност: *и д'ошол кам'ион...*; (Г); *ка г̄л'еам од-'една к'уќа 'искоча п̄'оп̄ со-м'ант̄иа.* (Р), или со некоја непределена заменска форма: *Туека п̄'овише б'иле п̄'овише н'екоі̯ н'иве со-г̄'р̥мо:і̯ со-'едно др'уг̄о..*(Р) како што е всушност и во погоре наведените примери. Сепак, во повеќе примери сретнавме и поинаков редослед: *Н'екој му-д'одеал ж'иот̄от̄ и ќ-'иде да-с-'изг̄уби, да-се-д'ави, да-се-п̄'уст̄ее,.. Сег̄а, б'рат̄ и с'есра б'иле,..*(Л); *Ќерка њ'ег̄оа за-бр'ат̄-ми б'еше...* (Г) *И едан вика, мег̄у-себе збора...*(Г) *Некој г̄о-р'ека̣л Бр'езно.*(БТ). *Д'ăнăска, с'еа еве у-двеиљ'а̣дит̄а д'есет̄а г̄'одина, м'ислим од-двеиљ'а̣дит̄а г̄'одина само-'една фам'илија ж'иви во-Бр'езно, дв'ајца љ'уди и-т̄оа несп̄'особни.* (БТ); *...некој-си М'иле шт̄о-'избег̄ал от̄-Ч'умат̄а на-вр'емет̄о и т̄амо н'ап̄раел к'олибе и т̄амо ж'ивел со-фамил'ијат̄а* (СтС). Доколку пак во рема се појавува именка која како референт има некое познато лице или предмет, тогаш именската група се јавува определена, најчесто со член: *И т̄'ог̄аш дот̄'р̥чала в'оі̯скат̄а т̄'урска* (СтС); *...сфе шт̄о-'имафмо ни-з'еде дрӑж'аат̄а,..* (БТ).

Во однос на конгруенцијата на именската група во номинативен однос спрема глаголот, најпрво ќе дадеме примери на ИГ кои не отстапуваат од правилата за конгруенција кои важат и за стандардниот јазик, односно примери со граматичка (формална) конгруенција: *ц'ело се'ло сл'ави две к'уќни сл'аве.*; *С'елот̄о един'аест̄а г̄'одина се-зап̄'алило с'амо от̄-с'ебе п̄'ошт̄о к'уќет̄е б'иле слам'арице,*; *И т̄'ог̄аш дот̄'р̥чала в'оі̭скат̄а т̄'урска и усп̄'еале да-г̄а-сп̄'асив̭ с'амо дв'е к'уќе.* (СтС). Последнава реченица е типичен пример за мешање на усогласувањето по форма и по значење: првиот глагол е во еднина, со формално усогласување, а вториот е во множина, при што говорителот потенцирајќи ги припадниците на војската како вршители на дејството употребил множинска форма на глаголот; сп. и во следниве примери: *К'ада влад'еала ч'ума, болес, н'ародат̄ н'емало л'екоі̭ н'емало л'екарст̄ва едино било да-се-сели·в да-б'ег̄а·в от̄-т̄о'а-мест̄о.*; *Ост̄'анала к'уќат̄а от̄-П'еров̭ци и от̄-Кр'аг̄ов̭ци, не-зап̄'алени и т̄ука ц'елот̄о с'ело живееле.* (СтС). Како што може да се констатира од наведениве примери, во вратничко-полошките говори, како што всушност често се слуша и во други дијалекти, може конгруенцијата меѓу подметот и прирокот да биде семантичка, а не граматичка. Се работи за колективни именки, кои опфаќаат множество од луѓе (како во посочените примери) и во таквите реченици имаме најчесто конгруенција според значењето, а не според формата.

Конгруенцијата по број кај именските групи во номинатив кои се оформени како права конјункција најчесто е множинска: *м'ислим д'ет̄е и д'еі̭че не-см'ееле да-се-в'ида ни-да-се-с'ост̄аа,..*(Т); *...она се-скр'ила у-некое др̥во, да-г̄а-не-'изеда в'ӑлци и м'ечке...* (БТ), но, има и исклучоци како во следниов пример каде што конгруенцијата и во двете дел реченици е неграматичка: *Ост̄'анала к'уќат̄а от̄-П'еров̭ци и от̄-Кр'аг̄ов̭ци, не-зап̄'алени и т̄ука ц'елот̄о с'ело живееле.* (СтС).

Кај именските групи кои изразуваат социјативна множина главно се сретнуваме со појава на еднинска конгруенција со предикатот, но може да се слушне и множинска (во последниот пример): *„к'ојшо ќе-се-з'асака со-н'еког̄о и нека-се-з'ема, г̄'от̄ово,* (Т); *она с'о-мене 'учеше шк'оло,* (Т); *некој-си М'иле шт̄о-'избег̄ал от̄-Ч'умат̄а на-вр'емет̄о и т̄а́мо н'ап̄раел к'олибе и т̄амо ж'ивел со-фамил'ијат̄а.* (СтС); *...т̄ој Ќ'ерим н'ајмалав, г̄'алиба, с'о-мене у-шк'оло смо-'ишле м'алу у-П'одбреѓе 'онде,...*(Р).

Во номинативен падежен однос може да се јави не само агенсот, односно вршителот на дејството, ами и пациенсот односно трпителот на дејството во речениците со пасивна дијатеза. Во вратничко-полошките говори пасивната дијатеза, како и во стандардот, често се изразува со конструкција *помошен глагол сум + глаголска придавка* од преоден глагол. Притоа, во позиција на номинатив се појавуваат ИГ кои стапуваат во конгруенција по род и број со глаголската придавка од предикатскиот израз, додека агенсот може да не биде површински изразен: *баб-ми п'едесе-ш'иесе п'осто б'ил’а изг'орена,..., прен'есена е-во-Ск'опје...* (БТ); *Со-зл'ато са-к'упени њ'ивете...* (Р); *'Имамо М'ала Д'убраи̯ца и тука 'имало т'ăрло с'ега с'амо ѕид'инете пост'ои:в, др'уготo е раст'урено.* (СтС); Последниов пример е интересен за номинативот од три различни аспекти: првиот предикат е личниот глагол на поседување *има* употребен во прво лице множина, глагол што во вакви ситуации (при опис на топоними) обично не се употребува, туку се употребува егзистенцијалното безлично *има,* кое пак овде е употребено како втор предикат во реченицата, додека третиот предикат е *сум+ глаголска придавка* како израз на пасивна дијатеза со пациенсот во позиција на подмет, т.е. со заменската форма *другото* во позиција на номинатив.

Кај „медијалната“ формализација која и во стандардот и во вратничко-полошките говори се изразува со повратната заменка *се + глагол* (види дијатеза), зависно од семантиката на глаголот имаме примери со пациенсот во позиција на номинатив, но и примери со блокирана позиција на именската група во номинатив: *сељ'аниве се-с'обраја шк'олото да-се-н'апрае* (БТ); *кога се-коселе ливадете,* (БТ); *Кạј се-гр'ạдело к'ạлено нат-Тетово, се-шило анг'ạрија.* (БТ); *Кр̥ф се-л'иело.* (БТ). Во последната реченица и во втората дел-реченица од претходниот пример позицијата на номинативната ИГ е блокирана. Во примеров што ќе го наведеме сега, имаме интересна ситуација на медијална формализација каде што една иста именска група во првата дел-реченица е во позиција на номинатив, а во последната дел-реченица е во улога на акузатив, односно директен објект што е всушност вистинската семантика на таа ИГ: *...се-с'еал 'пои̯ќе пр'олетан ј'ечмен, з'ашто проб'уале ќ-'изгине, дали од-в'етрои̯те ... и таќе се-с'еало пр'олетан ј'ечмен.* (СтС) (сп. Бл. Корубин 1990: 335).

Во вратничко-полошките говори, освен оние со „медијална“ формализација, постојат и други конструкции со блокирана позиција на именската група во номинативен однос. Најчесто тоа се изрази со кои се искажуваат психички состојби или физиолошки потреби од типот: *Каи̯-се-р'азбудил му-се-п'ило в'ода.* (Б), во кои појдовниот персонален аргумент е поместен од привилегираната синтаксичка позиција во позиција на објект, или директен или индиректен, што, пак се сигнализира со помош на кратките заменски форми. Ќе наведеме уште неколку примери од овој тип: *Му-т̄'екнало дека-д'але т̄в'р̥да б̄'еса,...*(Р); *... п̄'осе в'иш е ми-е-ср'ам да-о-в'идим н'ег̄о.* (Т).

Именски групи во акузативен однос

Кај предикатите со по два или повеќе аргументи, покрај појдовниот аргумент, односно вршителот на дејството, најчесто се јавува и аргументот што го изразува трпителот на дејството, односно оној што ги поднесува последиците на тоа дејство. Во ваква позиција на поднесувач на дејството најчесто се јавува назив на материјален предмет, но може и на живи суштества, а вторично може да биде и назив на апстрактен поим. Опишаниов однос меѓу предикатскиот и аргументскиот израз на синтаксички план претставува директна граматичка зависност од глагол и во рамките на падежната теорија се определува со терминот акузатив (Тополињска 1995: 55).

Доколку е акузативната именска група со неидентификуван референт, таа не се удвојува т.е. нема заменска реплика ниту во стандардниот јазик ниту во вратничко-полошките говори: *Ћ'иве куп̄'уеље п̄о-л'ешечко п̄'оле, п̄о-р'ат̄аі̯ско п̄'оле. ...мие смо-'имале т̄'уека слон..* (БТ); *Тоі̯ 'от̄оде ќе-т̄'ури вр'еќа, ј́ут̄ане шо-в'икамо вр'еќе* (Л); *...п̄рст̄ење ќе-им-т̄'ури п̄'оп̄от̄...*(Т); *...некој ќе-си-к'уп̄и р'иба, к'омп̄ир,* (Р); *'Иначе са'ма сум-п̄р'аела л'еб д'ома.* (Т) *И р'адос б̄'ило к'ат̄-ќе, за-В'елидӑн или за-свет̄и-Ј́оан да-'облечеш за-Б'ожиќ клашн'иќиќи н'оі̯, саш'иени.* (СтС). Сепак, сретнавме и исклучок односно удвоена, но неопределена ИГ во функција на акузатив: *в'ажно к'уќе г̄и-обн'овија, може-н'екој дв'аесе-т̄р'иесе к'уќе обн'овија.* (БТ).

За изразување на акузативен падежен однос, односно за изразување на директниот предмет на дејството изразено со предикатот, во вратничко-полошките говори кај личните и кај роднинските имиња и кај некои општи именки се употребува општата зависна падежна форма или casus generalis. Casus generalis по потекло претставува стара морфолошка генитивно-акузативна форма добиена со наставката *-а* од старата -о- основа (кај личните имиња што завршуваат на -о или -е, таа се изведува со наставката *-т̄а*: *Пет̄рет̄а (<Пет̄ре), Ст̄ефот̄а (<Ст̄ефо), Пет̄кот̄а (<Пет̄ко)* и сл.; види Стаматоски 1957: 91) и се зачувала само кај сопствените имиња од машки род и кај некои именки од машки род што означуваат сродство и кај именки од типот *Бог̄, човек, син.* Бидејќи општата падежна форма е стандардизирана (Б. Конески 1981: 241, Минова-Ѓуркова 1994: 37) таа сè уште се чува во вратничко-полошките говори. Примери: *И г̄о-на'оѓаа и г̄о-п̄р'аќаа Ст̄'ојана кăј кр'аљот̄...* (Г) *в'икнио - рече - Гог̄от̄а в'амо. Га-в'икнавмо Гог̄от̄а,..; Мих'ајло, т̄ој-е-'Ег̄еец, з'ет̄ р'от̄ински, г̄о-п̄р'ашуе Р'адича М'ут̄о,..* (Р)*; ...а с'ег̄а 'овја, сеа ј'адење п̄'ит̄ај б'ог̄а.* (Р); *Го-знаеш Ил'от̄а, си-о-в'идеў?* (Л); *сам-г̄у-п̄р'ашуал м'аи̭ку-ми к'ăда сам-р'оден...* (СтС); сп. и материјал од дополнителните истражувања од кој може да се заклучи дека во селата Вратница и Беловишта има зачувана и форма за акузатив кај именките од женки род и таа форма завршува на-у според наставката од старата -а-основа: *Го видов Горана; Го видов Крст̄ет̄а / Га видов Мара;* (Р); *Га видов Борет̄а; Гу видов Љубицу* (Б/В)[•].

Како што може да се заклучи од наведените примери, за изразување на акузативен падежен однос, општата падежна форма се употребува без предлог, но со удвојување со кратка заменска форма во случаите кога аргументот е определен. Се разбира, кога се во прашање именките кај кои сè уште се чуваат морфолошки падежни облици, а тоа се личните и роднинските имиња, аргументот е секогаш определен, така што случаите на употреба на овие морфолошки форми најчесто се придружени и со кратка заменска форма. Постоењето на општа падежна форма и кај именките од женски род, а не само кај оние од машки род како што е во западното македонско наречје, претставува логично надоврзување на североисточниот дел од вратничко-полошките говори кон северните говори од источен тип (сп. Видоески 1999б: 216).

Морфолошките падежни форми најдобро се зачувани кај заменките при што исто така се јавуваат удвоени: *'Овег̄а не-'усп̄еал да-г̄а-'исп̄рат̄и, др'уг̄ароф.* (Р); *...не-а-п̄р'ашале н'ег̄а, не-и-п̄раш'уеле н'иа.* (Т). Кога сме веќе кај заменките треба да истакнеме дека тука регистрираме мешање на долгите форми за акузатив и датив, па

[•] Општата падежна форма или casus generalis во вратничко-полошките говори има поширока употреба. Освен за изразување на дативниот однос каде што се употребува со предлогот *на* и за изразување на акузативен однос каде што се употребува без предлог, таа се користи и во сите предлошки конструкции и заедно со предлозите може да изразува различни падежни односи (сп. ги следниве примери: локација: *И у-Кост̄от̄а б̄ила т̄'аја, М'ут̄о, у-Ск'оп̄је, дадена,* (Р); посвојност: *овја од-Д'имет̄а Д'арков т̄'ат̄ко-му, 'Имало 'овдека има и сег̄а ја-сам-г̄а-т̄р'ажел од Ст̄'ојана К'убур,* (Р); агенс во пасивни реченици: *Га-п̄'от̄еп̄аў в'ои̭скат̄а, ст̄р'елат̄а блаус'уана од-Госп̄ода,* (Л)).

така во текстовите од Брезно/Теарце сретнавме: *н'е̯зу г-'изваѓа н'адвор.* (БТ).

Сега ќе наведеме примери на определен аргумент во позиција на акузатив, изразен со некоја општа именка која не познава морфолошка падежна форма, ами е определена на некој друг начин, најчесто со член: *Ќе-о-с'обереш и ... ќе-о-вееш, ќе-о-вееш ж'итото.* (Л); *И ќе-го-ист'уримо, ќе-о-нап'оўнимо* ***тоа к'ачето****...* (Л); *...и л'ебот ќе-о-м'есиш д'ома, с'ега 'иди к'упи с'омун, ч'екаі̯ г'ости.* (Л); *Туе ст'ого·і̯те ги-пр'аеле...* (БТ); *...т'уека к'оњите ги-вр̥ж'уеле,..* (БТ); *дом'акинц̯т што-б'ил у-к'уќа ќе-гу-п'одели в'уната,* (СтС); *... и туе ќе-а-т'уриш свеќата...* (Т); *...к'р̥вот у-ш'иште да-ми-о-д'онесеш, да-в'идим.* (БТ). Како што се забележува од примерите, во сите имаме удвојување со кратка заменска форма, ситуација карактеристична и за стандардот, а во вториот пример, означен овде со зацрнети букви, сретнуваме и двојноопределена ИГ (и со показна заменка и со член). Но, што е она што е специфично за овие говори во поглед на акузативниот падежен однос? Тоа ќе го согледаме од следниве примери:

Р'адич м'ислеше м'ислеше, сн'иша гл'авата..., Пр'егнуем ја-к'оњот, ч'езата ќ-'ием да-о-з'еем. П'икнаф ја-к'оњот со-ч'езата т'уе у-шир'окото, ка гл'еам од-'една к'уќа 'искоча п'оп со-м'антиа. (Р); *А не-е-далеку нема ни-два-километра до-Завој кеі̯-што-в'икамо д'р̥вата.* (Р); *да-з'емеш в'олот, к'оњот од-д'ома д-'иеш да-работаш б'еспаре. Кога ст'ана колект'ивот ми-с'обраја ст'оката, 'офцете, к'оњи, в'оло:і̯ сфе што-'имафмо ни-з'еде дрӑж'аата,...; што-се-р'абота како-се-р'абота, да-п'окаже м'естата,...; Ф'аќаа му-исеч'уаа м'еот, ѓ-'изваѓаа јаренц'ињата...;* (БТ); *Обнов'уело к'уќата, не-да-га-р'астури, ств'арало.* (БТ); *Ф'аќа една-г'уска зак'ољуе, к'р̥вот у-ш'иште нап'ăлнуе, см'естуе сфе.* (БТ); *у-Б'елграт гл'едај к'уќа, коа ќе-ти-се-св'иди, з'еми фамил'иата да-д'оеш 'овдека таја ќе-бидне тв'оа, к'уќа*". (Г); *Ј'але што-ј'але и ост'анале т'уека и ј'але пог'ачата ј'але...* (Л); *Чекаі̯ - реков - 'Ангеў, да видим пр̥во путоф шо-сум-'ишла...* (Л); *Зеў тоа леп'ешката ќе-а-п'ече и ќе-'онади,..* (Л). Она што може да се заклучи од примерите е дека често се сретнува определен аргумент во акузатив без заменска реплика, ситуација регистрирана и во скопските каршијачки говори, но не во толкав обем (сп. Цветановски 2004: 154). Во последниот пример (*Зеў тоа леп'ешката..*) имаме интересен пример на неудвојување на акузативната ИГ со кратка заменска форма, но затоа пак имаме двојна определеност со показна заменка и со член што е вообичаена појава во дијалектите.

Во текстовите сретнавме и еден интересен пример на удвојување со кратка заменска форма за еднина женски род, на директен предмет изразен со множина и тоа неопределен: *И т'огаш дот'р̥чала в'оі̭ската т'урска и усп'еале да-га-сп'асив̭ с'амо дв'е к'уќе.* (СтС).

Директниот објект што е тема на исказот може да биде изразен само со кратка заменска форма, анафорски, за што има бројни примери и во нашите дијалектни текстови од вратничко-полошките говори: *и т'аја д'онела дв'е-деца и овде две нашла, ама т'оўку б'ила л'оша и* ***ги****-т'епала...*(Л); *а сеа д'ецата м'али пред-род'итељот ќе-'отида т'амо, он-т'амо ќе-****и****-н'ајде.* (Р); *Сеа* ***го****-пр'аа ш'арен, шарен, грозје ќе-н'апраеш, ќе-н'апраеш вр'апчиња, ја'-сум т'урала, пошо смо-'имале л'озје и б'уренце и грозје и вр'апчиња...* (Т); ***Ги****-вапс'уаа у-б'оја од-љ'уште од-'ора,*(СтС); ***ме****-пр'атил татко да-****те****-'утепам, да-****те****-з'аколем*, (БТ).

Од сите наведени примери можеме да донесеме неколку заклучоци значајни за начинот на формализација на директнозависната именска група, односно акузативната именска група во вратничко-полошките говори; прво, во вратничко-полошките говори добро се пази општата падежна форма кај личните и кај роднинските имиња од машки род во функција на директен предмет, а во посевероисточните села се пази општата форма и кај именките од женски род; второ ако е акузативната ИГ определена, често е проследена со кратка заменска форма, но има многу исклучоци што сведочат за припадноста на овис говори кон северната и скопската група говори каде што неудвојувањето е исто така една од особеностите; трето, кратките заменски форми стојат секогаш пред глаголот, односно како проклитики, освен со императивните форми и со глаголскиот прилог (примерот *„Каж'ите-му - рече - нека-се-вр'ати н'азат,* (Т); *Ај к'ажи-го т'оа как'о-било.* (Р)), појава карактеристична за стандардниот македонски јазик и за целото западно наречје, при што ваквата западномакедонска линеаризација е од романски тип и е стекната во контактот со балканските јазици (Тополињска 1995: 57); четврто, од примерите може да се заклучи дека ИГ во акузативен однос во нашите текстови може да се најде и пред и зад глаголот, во зависност од тематско-рематската структура на реченицата.

Што се однесува до пасивните конструкции со блокирана позиција за подмет кај коишто на површина се појавува само аргументот во акузативен падежен однос, веќе зборувавме во делот за номинативот, а овде само ќе наведеме уште неколку примери: *П'онап̄рет̄ 'ишле со-с'ање, со-с'ање се-в'озело д'р̥ва.*(Р); *На-'ист̄ит̄е з'идо·і̭, ни-ќер'амиде 'имало ни-н'ишт̄о,* (БТ); *има* ***в'оденца*** *у-Гора-начкат̄'а-река и* ***т̄'ӑрло*** *'имаав рад'ушани.* (СтС). Последниов пример е посебно интересен зашто во иста реченица се употребени двата глаголи *има1* – егзистенцијално и *има2* – посвојно и двата употребени со акузативни неопределени аргументи.

Во рамките на реченичните аргументи во акузативен однос треба да ги спомeнеме и бројните примери употребени во текстовите со егзистенцијалното *има* кое е безлично, но всушност отвора празно место токму за директен објект, особеност од балкански карактер: *...значи има Мат̄иче·і̭, како-м'ие п̄'р̥ви, п̄а има т̄'амо Брӑз'ако:і̭ г̄и-в'икаа, п̄а-'има т̄'амо некоі̭ на-п̄р'езиме Пашт̄'уле:і̭ г̄и-в'икаа, п̄а-г̄и-в'икаа Гуле:і̭ н'екоі̭ т̄аму, п̄а има М'ат̄о:і̭, Буз'ико:і̭, Ко'ачо:і̭ има, от̄-п̄'оі̭ќина има, т̄иа б'иле љ'уди, н'екоі̭ бил к'оач, п̄о-т̄'оа г̄и-д'обиле им'ињат̄а.*(Р) *ама ако 'има в'ет̄ар н'авечер, ако н'ема в'ет̄ар, не..* (Л); *т̄уе 'има т̄'ӑрла п̄ост̄'оеле ј'ошт̄е у-т̄'урскот̄о вр'еме.* (СтС); *И од-т̄'оа с'ело 'имало дв'ајца бр'аќа на-П'ечалба у-Рум'унија. Ког̄а 'они д'ошле, с'ело н'ема, ун'ишт̄ено св'е.*(БТ) *Има д'р̥ва бр'еза, си-ч'ул за-бр'еза? б'ела к'ора шт̄о-'има. Е т̄'уека 'имало мн'ог̄у д'р̥ва т̄'акви.* (БТ).

Посебна семантички мотивирана варијанта на акузативен однос во македонскиот јазик, а што е карактеристична и за вратничко-полошките говори е изразување на директниот објект со предлогот *од* + именска група во ситуации кога именската група има за референт дел од определено идентификувано количество од некоја супстанција или пак дел од некое идентификувано множество (Тополињска 1995: 118): *...донеси- ми од-јаб'укет̄е.* Ваквиот директен објект е од секундарно потекло; се работи за специфичен начин на изразување на партитивност каде осамостоената *од-* именска група ќе ја реконструираме како *(*дел) од...* и ќе ја разгледаме во делот посветен на изразување на генитивниот однос. *Од-мл'екот̄о, смо-ј'але, смо-п̄раеле урда смо-п̄род'аале у-Тет̄оо, п̄а-да-к'уп̄имо сол, ш'еќр̥р, с'ирење.* (БТ); '*От̄-т̄иа к'амење т̄аму ќе-и-п̄р'ефӑрљаш*". (Г).

Именски групи во дативен однос

Дативот претставува падежен однос помеѓу предикативниот израз и именската група - назив на второто живо суштество, што зема учество во предикацијата, односно, покрај номинативот, дативот е тој што е најчесто резервиран за второ лице (второ живо суштество, стихија, автомат) ангажирано во дејството (Тополињска 1995: 74). Има повеќе такви глаголи коишто покрај номинатив задолжително бараат и датив, а тоа се глаголите на зборување, давање-земање и сл. Пример: *Мирјана ѝ прати писмо на Душица.* Како што се гледа од примеров, во стандардниот македонски јазик дативот се изразува на тој начин што именската група што претставува аргумент во дативен падежен однос е придружена со предлогот *на* и со кратката заменска форма на личната заменка за датив. Овој начин се среќава и во најголемиот дел од вратничко-полошките говори. Примери: *Е таке р'ешиле и ст'ариот му-р'екоў на т'атко-ми* (Т); *Ја ѝ-в'икам с́'еа на-сн'аата,..* (Т).

Најпрво ќе се задржиме на начинот на изразување на дативниот однос со именска група оформена или „како синтетски падежен облик што по формата го континуира стариот датив или како предлошка конструкција составена од граматичкиот предлог *на* и од таканаречениот casus generalis“ (Тополињска 1995: 87-88). Вообичаен начин на изразување на дативот од личните имиња во вратничко-полошките говори денес е со предлогот *на + casus generalis*. Примери: *Му дадов на Горана, му реков на Крстета // е дадов на Мара* (Р); *Он т'атко-му му-к'ажуал н'ему на-т'атко-му на-Тр̥пкота му-к'ажуал тоа, Б'огоја, се-в'икаше.* (Р); *Он 'одма телеф'онот на-Р'ефетạ му-в'ика.* (Т); Во посевероисточните села од вратничко-полошките говори, како и во другите посеверни македонски говори (сп. Видоески 1999б: 216), кај личните и роднинските именки се зачувала флексија, односно дативната форма кај овој тип именки се изразува со посебна наставка. Примери: *Му реков Борету, му викам Томчету // е реков Љубице, е дадов Руже, сам е рекла Нине* (В/Б); *Да телефонирамо Љиљу* (В/Б) (последниов пример всушност е употребена форма за акузатив во функција на датив без предлогот *на*). Како што се гледа од примерите, во вратничко-полошките говори кај личните и роднинските имиња се чуваат синтетски дативни форми од овој тип: *Трајану, Душану, Маркоту, Крстету, Николу; сину, тетину, вујчету, богу, господу, чојку* (кај именки од машки род); *Маре, Нине,* *Руже, Душице, мајке* (кај именки од женски род). Како што се гледа од примерите, кај именките од машки род доминира наставката *-у* од старата -о- основа. Кај именките, пак, од женски род во вратничко-полошките говори се генерализирала наставката -е.

Освен кај сопствените имиња и кај именките што означуваат роднински врски, дативни флексивни форми најмногу се зачувани кај заменките. Освен оние што се стандардизирани во македонскиот јазик, а тоа се специјализираните форми на личните заменки за датив (види: форми на личните заменки), како и формите на лично-предметните заменки за датив (*кому, чуму),* ги сретнуваме овде и формите од показните заменки: *овему, онему, другому*. Овие дативни флексивни форми се употребуваат регуларно кај постарата генерација говорители. Примери: *И 'овја б'ез да-к'аже др'у:ому...*; *ама не-к'ажуел н'икому др'уг̄ому.* (Р); *са̣м-му-р'ека̣л и-њ'ему -* (Р); *...т̄'ебе т̄и-е п̄'оўно с^{ӑ}рцет̄о.* (Т) *к'р̥вот̄ да-му-г̄-однесем њему...;* (БТ). *- А на-б'абат̄а е-б'еше б'ела р'укат̄а т̄'ебе т̄и-е-ц'ӑрна.* (БТ); *Ај да-ми-се-вр'ат̄а м'ене г̄од'инет̄е, да-ми-се-вр'ат̄а, не-се-вр'аќаа, 'умре т̄'оа.* (Л); *а 'и-њему му-е-сл'ава и он т̄р'ебе да-сл'ави.* (Г).

Кај начините на изразување на дативниот однос во вратничко-полошките говори ќе го споменеме уште оној што е карактеристичен за стандардниот јазик, а тоа е следниов: *на* + именска група при што именската група е во основната номинативна форма. Бидејќи именската група во датив најчесто е определена, најчесто е придружена и со кратка заменска форма како граматички показател на дативниот падежен однос кај ИГ маркирани како (+деф). Примери: *Ја ѝ-в'икам с'еа на-сн'аат̄а,..* (Т); *И т̄ој ем-в'икал на-рот̄инч'аниве,* (Р); *...и к'ажуе на-ж'енат̄а, е-в'ика:* (Г). Како што се гледа од последниов пример, во вратничко-полошките говори, за женски род еднина се јавуваат две кратки заменски форми *и* и *(ј)е*, но не може да се констатира разлика во нивната употреба како што е тоа случајот во некои од западните поархаични говори (сп. бобоштенски говор, Тополињска 1995: 75; кичевски говор, Лаброска 2008: 148). Во вратничко-полошките говори овие две кратки заменски форми се мешаат во својата употреба без разлика дали се во адвербална или адноминална позиција што понекогаш е веројатно мотивирано од нивната звуковна страна и потребата за диференцијација со сврзникот *и* односно со формата на глаголот *сум* во 3.л. едн. сегашно време.

Важно е да нагласиме дека кратката заменска форма е секогаш во препозиција односно е проклитика и дури може да се најде на самиот почеток на реченицата, ситуација со балкански корени за којашто веќе укажавме во делот посветен на акузативната именска група, а линеаризацијата на дативната и на акузативната реплика е иста како и во стандардот, т. е. прво е дативната, па акузативната кратка заменска форма. Овде ќе наведеме примери на дативен предмет во тема изразен само со кратка заменска форма: *Велко вика - си-п'остела за-д'етево - она вика - сум-постела - бравос - Велко ѐ-в'ика,* (Л) *з'аедно смо-б'иле и кеи̯-ќе-д'ое едан-ш'аран тол’кав, ќе-ем-д'ое на-г'ости ќе-ем-пок'ажуе од-Б'еўград пр'акаше р'иба.* (Л); *...н'ишто не-ми-р'ечуеў.* (Т).

Она што треба да се истакне за вратничко-полошките говори е појавата на примери со неудвоен предмет во дативен однос: *...мушт'иата шо-ќ'е-прае, вика на-ж'ената - ж'ено...* (БТ); *...и б'акшишите т'огаи̯ г’и-н'оса на-не'естạта.*(Т); *А младож'ењата тр'ебе да-д'аде на-б'абата ако-'има б'аба и д'едо ж'иви...* (Р); *...т'уека и ј'але погачата ј'але и 'изеле и рекла на-братје...*(Л). Ситуација со неудвојување со кратка заменска форма регистриравме и кај акузативот, но таму примерите беа побројни што оди во прилог на фактот дека дативниот однос како експонент на второто живо суштество во релацијата каде што речиси секогаш предметот е определен, задолжително бара во реченицата заменска реплика како една од балканските јазични црти.

Во конструкциите со блокирана номинативна позиција, многу често 'носителот' на дејството е деградиран на дативната позиција и е изразен само со кратка дативна заменска форма: *Па Талј'ạнци овде беа, па-н'ејќа д-'иа им-је-ср'а.* (Т); *...п'осе в'ише ми-е-ср'ам да-о-в'идим н'его, а не да-ме-гл'едаа.* (Т); *Б'егале, не-им-се-р'абота...* (Г); *Му-т'екнало дека-д'але тв'р̥да б'еса,..* (Р); *Е к'ои̯нае шо-м'и-текна м'ене* (Р)... *а и н'ему му-б'ило ср'а по-мр'ак с'игурно да-'иде.* (Р); *...ми-се-пр̥чи к'осава шо-к'ажу̣ем...* (Л). Во текстовите забележавме и интересни примери каде што наместо долга заменска форма за датив од личнопредметната заменка имаме номинативна форма, ситуација што е својствена за дијалектниот јазичен израз: *Н'екој му-д'одеал ж'иотот* (Г). *Др'угиоф му-в'ериле дејка, т'аќе б'ило п'орано зн'ачи, со-ср'ојници. Му-в'ериле д'ејка....* (Р) *„Ја - рече - ме-к'анеше, ти-б'еф. 'Ај-сеа т'и-влези - рече - да-в'иш ја к'ej-живим“.*(Р); *Приạт'елите в'аши, вика, д'етево ц'ела недел’а п'укнато му-е-цр'ево.* (Т).

Конструкциите со дативно-генитивен јазол во кои со кратката заменска форма за индиректен предмет употребена пред предикатот во реченицата, се изразува посвојност, се чести во вратничко-полошките говори: *Шк'олот̄о ни-'изг̄оре смо-н'емале шк'оло.* (БТ); *...п̄а-со-шт̄ич'инкат̄а п̄о-г̄л'ава је-п̄ушт̄и кр'ӑв, п̄'осле п̄а-г̄а-бр'ише.* (Л); *Ај да-ми-се-вр'ат̄а м'ене г̄од'инет̄е, да-ми-се-вр'ат̄а, не-се-вр'аќаа, 'умре т̄'оа.* (Л); *А! ќе-му-р'аниш и в'олоі̯т̄е н'оќеска.* (Г); *...а 'и-њему му-е-сл'ава и он т̄р'ебе да-сл'ави.* (Г); *Д̄'оаѓа П'оника и т̄аја ни-г̄а-п̄оп̄л'авуа п̄'олево, н'ашево, кӑј М'илош Мл'аденов, 'овде н'адоле.* (Г); *...к'оај ќе-му-б'иде св'адбат̄а.* (Р); *„Ама 'иам 'ушт̄е г̄'ост̄и за-исп̄р'аќање, в'амо-т̄'амо, п̄риј'ат̄ели“. „Ја-т̄и-б'еф - рече - ај-т̄'и вл'ези“* (Р); *„Ти-си-ми с'ин м'ој“* (Р); *Шо-м'и-беше зб'орот̄?* (Р); *Цело л'ет̄о ни-с'едоа 'онде д'убјет̄е.* (Р).

Во вратничко-полошките говори ретко се употребуваат кратките заменски форми за индиректен објект со значење на dativus ethicus барем судејќи според материјалот што го имаме. Најдовме два-три примери од ист информатор: *И т̄'аква ми-т̄и-р'абот̄а.; Таква м'и-т̄и раб'от̄ат̄а. Па 'офце б'уљуци, п̄р'ап̄орци, п̄а-к'озе, п̄а и св'ињари 'имаше со-св'иње 'идоа, шт̄о-т̄'и-не 'имало, сег̄а н'ишт̄о* (Р). Во ваквите реченици со кратката дативна форма не се искажува некое посебно значење, ами се изразува субјективно интимен однос кон соопштувањето во реченицата (Конески 1981: 325). Во примериве што ги наведовме овде употребата на кратката заменска дативна форма не е импликувана од страна на предикатот ами изразува на семантички план надградена конструкција 'внимавај, тебе ти се обраќам' (Тополињска 1995: 99), со тоа што во сите три примери со овие заменски форми дополнително се потсилува фамилијарната врска, или на говорителот со адресатот (кај употребената заменска форма *ми*) или на адресатот со друг аргумент во реченицата (при употреба на заменската форма *т̄и*). Овде треба да ја истакнеме и употребата на повратната дативна заменка во реченици од типот *...и ќе-си-н'ап̄раа н'ег̄де една-в'ечера ељи-р'учек...* (Р); *...некој ќе-си-к'уп̄и р'иба, к'омп̄ир,* (Р); *ст̄'арцит̄е с'едиў 'от̄срана, р'аќијче си-п̄'ијеја.* (СтС); *И мие си-с'едефмо од п̄'о-ручек на-б'алкон т̄'уека,..* (Т). Во вакви позиции *си* ја потенцира ангажираноста на субјектот во дејството, и, како што може да се заклучи од примерите, се појавува до „глаголи – експоненти на предикати кои не имплицираат „дативен“ аргумент“. Оваа употреба во основа е стилска и е знак на неформално фамилијарно кажување (Тополињска 1995: 77).

Именски групи во инструментален однос

Именските групи кои се во зависен однос спрема предикатскиот израз, а со кои се изразува средството, начинот на кој се извршува дејството изразено со глаголот, или пак придружбата на вршителот на дејството се наоѓаат во инструментален падежен однос. Овде накратко ќе ги разгледаме начините на кои се формализира инструменталниот однос во вратничко-полошките говори.

Основен начин во вратничко-полошките говори, а и во стандардот, е изразување на инструменталот со зависна предлошка именска група со предлогот *со: Со-зл'ато са-к'упени њ'ивете, не-са со-паре.* (Р); *...ако с'ееш со-ср'ун’ак п'оједро ќе-п'аѓа,..* (Л); *Со-сито кеі̯-ќе-'имаш г'ости, али за Свети-Н́икола, в'аќе за-пр'азник, со-сито ќе-г-'отсееш - п'оубаф л'ебот,..* (Л); *И ќе-го-ист'уримо, ќе-о-нап'оўнимо тоа к'ачето со-в'ода...* (Л); *Со-'един б'уквар смо-'учеле д'есет д'еца,..* (Б); *И мие, д'еца сиром'ашчиња, со-оп'анчиња, боси, вр'еме в'ӑрне, зима, едно друго, ќе-се-накв'асимо,..* (БТ); *...и тв'оа сл'ика тамо со-ношн’ата сум-пр'атил,..* (Л); *Тоа е-н'ивњо, тоа било н'ивњо со-три-ќ'ушиња б'еше тaја к'у̯ќата,..* (Р), *...с-'ишло со-к'оле, ако е овде 'от-село 'у-с'ело бл'изу, значи, не-тр'ебело к'ола с'амо за-не'естата може да-тр'ебе к'ола, со-к'оњ, ељи ч'еза, ељи 'имаше к'оле др'уги 'имаше со-четир'и-колца...* (Р); *Коі̯ е од-д'алеко, со-к'ола,...* (Л); *го-изгр'адија и-со-сла'ма, се-покри и-една-училница напр'аеја и 'едно канцелар'и:і̯че,...* (БТ); *И на-тој што-отиша̣л со-дв'ата в'ола...* (Б); *Д'еі̯чето било мл'огу п'аметно, дом'а̣ќинче, со-п'арете ств'арало.* (БТ); *...а-к'оач и со-з'ӑмбата, у-дв'е се-пр'аеше.* (СтС); *П'осе тоа со-с'ицим, кој-'имал п'аре да-к'упи с'ицим-н'ош.*(СтС); *и ш'арено тоа д'р̥вцето, ка-з'упчина напр'аено со-н'ош.*(СтС); *б'еа со-к'амен, с'амо 'улас и т'аќе у-кр'ук беа и пош'иени со-сл'ама у-ш'иљаст, к'онусни д'ел т'аќе.* (СтС); *...беше покр'иена шт'алата со-ќир'амиде,..* (СтС); *...а 'овде пом'одерно се-пр'аеше, куд'ељата со-тр'и да-б'иде, чат'алчина.* (СтС); *...ка з'еде со-гл'авата у-т'абла, удери со-ст'олица по-пл'еќите, удри, и на-едно од-В'арвара, шт'ичинка зак'оана на-кл'инец па-со-штич'инката...* (Л).

Од примериве се гледа дека двете основни функции кои се покриваат со семантичкото поле на инструменталниот падежен однос, т.е. средството и начинот на кој се извршува дејството, се изразуваат на ист начин: со предлогот *со* + именска група. Сега ќе дадеме примери за групи во кои со ИГ во инструментал се изразува придружба, што е вторична функција на инструменталот: „*к'ојшо ќе-се-з'асака со-н'еког̄о и нека-се-з'ема, г̄'от̄ово,...* (Т); *...она с'о-мене 'учеше шк'оло,...* (Т); *Тог̄аі̯ у-п̄онед'а̯ўникот̄, само-ж'ене со-д'еца.* (Т); *и сом-з'авр̥шил т̄р'ет̄о и ч'ет̄вăрт̄о д'еление, т̄'уека, со-П'ет̄ко Мих'аі̯лоски од-село Вр'ат̄ница.* (Б); *...т̄ој Ќ'ерим н'ајмалав, г̄'алиба, с'о-мене у-шк'оло смо-'ишле м'алу у-П'одбреѓе 'онде,..* (Р); *... и 'увек* ***со-њ'им*** *ж'ивела з'аедно...* (БТ); *Само т̄рае, зр'аво п̄р'аво со-с'есра...* (БТ). Како што се гледа од примерите, и оваа функција на инструменталниот падежен однос се изразува со *со* + *ИС*. Треба да нагласиме дека овде предлогот *со* како и другите предлози кои се јавуваат во предлошките именски групи, а кои подолу ќе ги разгледаме, (за разлика од предлогот *на* при изразувањето на дативниот однос чија функција е чисто граматичка) не се лишени од семантика. Интересен е претпоследниот пример на употреба на ИГ *со-њим* каде што имаме употреба на со +долгата дативна форма од личната заменка.

Сретнавме и неколку убави примери на зачувана падежна инструментална форма: *Н'екоі̯ 'има с'илом ...* (Т), т.е. прилог што се сретнува и во други дијалекти како петрифицирана инструментална форма токму од оваа општа именка како вид на начин на реализација на дејство (Конески 1981: 345) и примерите *ноќум* (Г), *дăњом, бошт̄ум* (Р) што се јавуваат како специфични токму за северните говори (сп. Видоески 1999: 227).

Во реченици каде предикатите имплицираат по два предметни аргументи главно се користи зависна предлошка именска група со предлогот *со: И ќе-г̄о-ист̄'уримо, ќе-о-нап̄'оўнимо т̄оа к'ачет̄о со-в'ода...* (Л); *... п̄'ăлно со-в'ода и т̄оа б́иљќет̄е*. (БТ).

Регистриравме и интересни примери во коишто средството за извршување на дејството е употребено без предлогот *со* односно без експонентот на инструментален падежен однос: *Доле беше з'авесе п̄'ушт̄ени,...* (Т): *Сег̄а - рече - у-г̄л'уа д'оба* ***к'оњит̄е****, ќе-м-однесеш у-п̄л'анина н'ег̄дека, н'икоі̯ да-н'е-знае,...* (БТ); *...и т̄оа све 'оризот̄ ќе-б́иде г̄л'аве, шт̄о-ќе-ј̑ада г̄'ост̄ит̄е и г̄л'авет̄е т̄'уека у-т̄ав'ичет̄о...* (Л).

Именски групи во локативен однос

Под локативен однос, пошироко сфатен, се подразбира семантичка релација меѓу предикатот и/или предикатско-аргументската структура и локализаторот на соодветното дејство (Тополињска 1995: 88).

Показатели на семантичка зависност на именските групи кои се во локативен однос во вратничко-полошките говори има неколку. Локативната именска група може да биде беспредлошка, но најчесто е предлошка, при што тука предлозите не се лишени од лексичка семантика (како кај граматичката употреба на предлогот *на* при изразувањето на дативниот однос), ами тие носат вистинска семантичка, предикативна информација.

Ќе почнеме од предлошките именски групи кои укажуваат правец на движење во просторот или статична локација, а во вратничко-полошките говори се сретнуваат со предлогот *у* (*//во;* под влијание на стандардот) и со пошироко познати топоними и со општи именки како називи на населено место кои се немаркирани по определеност: *Кога гран'ицата се-стоп'ирала за-Софија, нашиот народ од Брезно се-пр'ефӑрлил во-С'р̥бија во-Б'еоград. Во-Б'еоград од-н'ашето с'ело 'имало...* (БТ); *Ама с'убота н'едеља л'овџие 'ида у-планина.* (БТ); *...тиа се-н'осеа на-бојадис'уане у-Тето:.* (СтС); *У-Ск'опје ж'ивеа, па се-з'еле, м'орале ради-д'ецата.* (Т); *●ни у-ц'^{ӑ}рнина отишле у-Пр'илеп на-св'адба....* (Т); *...он рече у-Ѓерм'анија сам-г-'остаел...*(Р); *И н'екоı̭ скр'ил у-гр̥мо:ı̭те т'аму у-П'аı̭чеı̭ца, буре.*(Р); *Кого да-пр'ашаш у-с'елово к'еı̭-седи фиљ'ан-чуек,* (Р); *...у-п'ошта раб'ота̣ла,..* (Т); *Д'ошло у-м'анастир,* (Л); *Тамо у-Ѓорче с'еа смо-д'ошле у-н'едел’а, у-пон'едаўник.* (Л); *св'аки др'уги дӑн д-'идеш у-лозје* (Л); *Ќе-а-в'аѓаш сл'амата, ќе-га-в'аѓаш, ќе-а-т'искаш у-пл'емн’а,..* (Л); *Ношн’а у-Фр'анциа, у-она:, у-муз'еı̭ та'мо ш'о-знаем.* (Л); *Г-однес'уаа у-гр'оп, т'ураат во-гр'оп.* (Г).

Беспредлошките именски групи за локатив се ретки: *идемо Милеı̭-К'олибе.* (СтС); *Е ево наамо идемо Ц'р̥веник, има к'арпа, т'аке ц'р̥вена е 'увек,..* (БТ); *...и Рупа ќе-пладн'уаа.* (БТ); *●д Р'упа 'излагаш н'агоре, Бел'енице.* (БТ). Од примерите може да се заклучи дека овие именски групи овде се употребени со називи на топоними кои се определени и познати за територијата која информаторот ја објаснува, а се однесува на атарот на неговото село. Сепак, во текстовите во целост гледано ваквите ИГ се ретки, па дури ИГ во последниот пример е дискутабилна со оглед на паузата во говорот, па може да се работи за елипса на реченица со глаголско-именски прирок.

За изразување на локализираност на дејството со одушевен локализатор се употребуваат предлозите *у* и *кӑј (//кеј)*, иако вториов малку поретко отколку предлогот *у*. Примери: *И у-К'остота б'ила* *т̄'аја, М'ут̄о, у-Ск'оп̄је, дадена,..* (Р); *Б'иў кӑј-дев'ојкạт̄а, од-л'озје б'иў кӑј-дев'ојкạт̄а,..* (Т); *...не-д'оаѓам кӑј-в'ас. П'осле р'учекот̄, д'ома се-руч'уало т̄'ог̄аі̯, п̄'осле р'учкоі̯т̄е, п̄о-р'учекот̄ до'ạг̄аа од-кӑј-ж'енско, кӑј-младож'ењат̄а.* (Т); *...у-м'ене, у-т̄'ебе, у-н'ег̄о...* (Т); *...ќе-т̄и-р'ечa т̄амо у-Мат̄'ичеі̯ т̄'амо т̄р'ажи-г̄а.* (Р); *Кӑі̯-до'аг̄аа кӑі̯-њ'им г̄о-заобикољ'уаа бач'илово 'овја од-н'адвор и вика...* (Г).

Со општи именки кои означуваат место, ако се работи за отворен простор, главно се употребува предлогот *на* (и со глаголи на движење и со статични глаголи на престојување некаде):... *к'ожат̄а ќе-с-'исуши на-ѕ'ит̄,..* (СтС); *...в'ак'е ве, шо са на-ст̄'оџаров нар'едени...* (Л); *„Л'еле - рече - в'амо на-овј'а-век к'ољку р'абот̄а...* (Г); *Ишал, 'ишал, 'ишал на-некое-м'ест̄о* (Г).

Од примериве лесно може да се заклучи дека предлошките локативни групи со *на* + општа именка главно означуваат место што не е определено. Ако пак се сака да се определи местото, тогаш се употребува многу често предлогот *кӑј//кеј* + определена членувана именка (најчесто со член или на друг начин; види: референцијална карактеристика на именската група): *Кӑі̯-сум-'учела имаше школо у-м'анаст̄ирон онде кеі̯-шо-е-боўн'ицава овде ст̄ара, т̄уе б'еше шк'олот̄о.* (Л). Од примеров може убаво да се забележи дека разликата во формата на лексемите *ког̄а* и *кај* е минимална (во селото Глоѓи воопшто и нема разлика: *Кӑі̯-до'аг̄аа кӑі̯-њ'им г̄о-заобикољ'уаа..* (Г)) и кај слушател од друго дијалектно наречје тоа предизвикува чудење или можеби и неразбирање кога првпат ќе ги слушне овие говори.

За определеност на локацијата, но со прецизирање на точна локализираност се употребуваат именски групи со предлогот *у (во): Тоі̯ 'от̄оде ќе-т̄'ури вр'еќа, ј́ут̄ане шо-в'икамо вр'еќе, над-г̄л'ават̄а да-не-м'у-иде п̄л'еат̄а у-ш'ииа.* (Л); *...се-р'азболе 'одма, менинг̄'ит̄ у-г̄л'ава и г̄'от̄оо за-две-н'еделе.* (Т); *Г-оп̄и'аниле, у-кạф'ана, имаше у-г̄орна ч'ạршиạ.* (Т); *...као-н'ајст̄ара фам'илија у-с'ело...* (СтС); *'одлучил ж'ив да-се-з'акоп̄а у-г̄р'оп̄.* (Г).

Граница на просторот до кој се оди или од кој се поаѓа т.е. адлативната и аблативната функција соодветно се изразува со предлозите *до* и *од: Д'оаѓа до њег̄о г̄о-изг̄'оруа со-не'колку ш'амара...* (Р); *И сеа т̄оа 'от̄ишло до-'уши на-кр'аљоф...* (Г); *„Језерце да-б'идне мое - п̄лан'инава, Ј'езерце, до-јел'ошничко,..* (Г); *и п̄от̄-п̄р'уг̄ат̄а до-В'ардар м'ест̄от̄о т̄'ука се-в'ика Врӑж'ивир, дека се-в'р̥т̄и в'одат̄а,..*

(СтС); *....'от-село 'у-с'ело бл'изу...* (Р); *П'осле, за-вр'еме т'урско што-пребег'уале од-Рек'анлио, од-рек'анскиот крај, од-Лазар'ополе, од-Мил'етино, една фам'илија има од-Лазар'ополе, една фам'илија има од-Мил'етино, д'ојдени т'уе, 'една фам'илија 'има од Стар'е-Село, една фамилија има од-Алб'а̣нија, од-Алб'а̣нија д'ојдени...* (БТ); *П'осе тоа со-с'ицим, кој-'имал п'аре да-к'упи с'ицим ќе-к'упил од-ј'ужари от-Тето:.* (СтС); *...да-з'емеш в'олот, к'оњот од-д'ома д-'иеш да-работаш б'ес-паре.* (БТ); *да-м'оже д-'излезе от-т'уека.* (Г); *Во-Б'еоград од-н'ашето с'ело 'имало...* (БТ).

Движење по површината на нешто или по должината на нешто се изразува со именски групи со предлогот *по: Њ'иве куп'уеље по-л'ешечко п'оле, по-р'атаі̯ско п'оле...*(БТ); а движење во круг или заобиколување на нешто се изразува со предлогот *около/ околу: тоа т'орење, т'орење се-в'ика, около стоцарот* (Л); *...а кол'ибете со-сл'ама пр'аени, са-'около, б'еа со-к'амен, с'амо 'улас и т'аќе у-кр'ук беа и пош'иени со-сл'ама у-ш'иљаст, к'онусни д'ел т'аќе.* (СтС).

Локација или движење во внатрешноста на нешто се изразува со предлогот *низ* + именска група: *...к'ада за-т'епане, 'измеѓу н'атпревар 'имаше нис-с'елото.* (СтС); *...нис-план'инава има д'оста бор,..* (СтС); *...и што-ти-н'е пр'аеше св'егде нис-ц'ела Југосл'авија,..* (Р); *...ш'етаі̯ низ-ч'а̣ршиа̣ да-д'ое дв'а-саат...* (Т).

Лоцираност односно положба од предната страна на предметот се изразува со предлогот *пред*: *И тоа пред-вр'ата т'уе, коі̯-д'оаѓаў д'ома.* (Т); *...и со-јабуке пред-дворот у-цр̥вата...* (СтС); *Некој прашаў пред-к'уќа.* (Т).

Со спротивно пространствено значење на предлогот *пред* т.е. за означување на положба од онаа страна на даден предмет, се употребуваат *зад* и *позади: Отиде зад-с'ело. Отиде зад-р'идот.* (Т); *...и да-гу-д'ави поз'ади т'илот,..* (СтС).

Во списокот на предлози со кои се образуваат именски групи кои изразуваат локациона содржина ќе ги додадеме уште предлозите *под* и *изнад// над* и предлогот *више* (карактеристичен за северните говори; сп. Видоески 1999б: 235) кои првенствено изразуваат пространствено значење, а кои често се употребуваат: *Ка̣ј се-гр'а̣дело к'а̣лено нат-Тетово се-ишло анг'а̣рија.* (БТ); *Бр'езно пост'оело 'изнат 'ова с'ело, па 'едно килом'етар 'ипол, повисоко.* (БТ); *'Изнад Коњ'ушница одма се-в'ика П'ио·і̯.* (БТ); *Тоі̯ 'отоде ќе-т'ури вр'еќа, ј'утане шо-в'икамо вр'еќе, над-гл'авата да-не-м'у-иде пл'еата у-ш'иа.*

(Л); *Е до-више-к'олена м'р̥зло, значи, до-више-к'олена ст'ут.* (Р); *За-вр'емето и мие смо-'имале в'оденца, 'овдека, више-к'уќава дека-ж'ивим с'ега.* (СтС); *...п'асејќи мие г'о̯јда више-с'ело г'оре...* (СтС); *'Имамо н'ива преко-тр'иесет и с'едом д'екара до-више-пр'угата што-иде С'копје Т'етоо... и пот-пр'угата до-В'ардар м'естото т'ука се-в'ика Врӑж'ивир, дека се-в'р̥ти в'одата,..* (СтС); *...тиа беа до-више-к'олена, нат-чаш'ирете за-у-з'имно вр'еме за-от-сн'ег з'аштита на-кол'ената.* (СтС); *Пројде над-к'уќа.* (Т). Последниве примери се интересни по комбинациите на предлози за прецизна локација при што можеме да заклучиме дека како спротивен на предлогот *под* во вратничко-полошките говори се употребува предлогот *више* (некаде паралелно со *над*), предлог којшто и Трајко Стаматоски го нагласил како особеност на тетовскиот говор (Стаматоски 1957: 114), а се употребува и на целата територија на скопско-црногорските говори (Видоески 1999: 235), но и во скопскиот карширјачки говор (Цветановски 2004: 89).

Со поголемиот дел од веќе наведениве предлози + именска група можат да се изразат и временски релации, за кои ќе наведеме неколку примери од вратничко-полошките говори: *Тамо у-Ѓорче с'еа смо-д'ошле у-н'едел’а, у-пон'едаўник.* (Л); *Аа, пред-сл'авата и пред-В'елигден ида...* (Т);*Обично доаѓа пред-Б'ожиќ. Не:, гости на-славата доаѓа̣а т'иа-шо-са̣ виз'ита̣ри, на-в'изита, а па најбл'иските у'очи сл'авата...* (Т); *И на-крај му-вика...* (Г); *...тогаја сам-'имал около четири годинe.* (СтС); *До-'извесно вр'еме с'едеше 'и-тоа ка-м'ариче,..* (СтС); *Житово у-ј'есен кат-ќе-п'очнемо да-'оремо,..* (СтС). Од примерите може да се заклучи дека специфичен предлог само за временска релација е предлогот *уочи.*

Во вратничко-полошките говори сретнавме и беспредлошка ИГ со значење на временска локација: *Атан'асоан на-стар-м'анастир смо-'ишле.* (Л).

На крајот да истакнеме две специфични лексеми, што ги забележивме во овие говори, а кои претставуваат остатоци од именски падежни форми со постпозитивна показна заменка *д'ӑнту* и *б'ошу*: *Тоа семе-в'адене, д'ӑнту, зн'ачи, се-к'оле п'етал обав'езно или м'есо.* (СтС); *Ќе-се-з'апослим б'ошу, ќе-се-з'апослим, ќе-се-з'апослим.* (Т).

Именски групи во предикативен однос

Именски групи во предикативен однос се оние чијашто функција е да му припишат на референтот на една друга именска група извесно множество особини – конотација на поимот – без референција (Тополињска 1997: 191). Овде ќе ги разгледаме именските групи во предикативен однос кои се дел од именскиот прирок. Примери: *Тој е-благ̄ за-јадене укусан ама п̄ресан и додека-е-вр'уќ е-п̄а п̄'одобар, п̄'осле ка-ц'иг̄ла.* (СтС); *Н'ашиц̣в 'овде м'ет̄ је разн'овр̥са̣н. ...п̄о-нег̄а и т̄аја м'едена р'оса је-мл'ог̄о 'оп̄асна за-т̄'оа.* (СтС); *...п̄'исмен ч'уек б'ил, дел'овог̄а.* (Р) *...т̄'оа б'ило за-вр'еме, п̄р'олет̄но вр'еме, В'елиќи п̄'ос* (БТ); *Туе б'ило с'елот̄о,..* (БТ); *Цр̥кват̄а е Свет̄и-'Илија и д'ӑнӑска п̄'ост̄ои ц'р̥кват̄а.* (БТ); *т̄амо - рече - б'ило т̄'ешко,..* (Г); *ја-сум-п̄'ојунак от̄-т̄'ебе.* (Г); *...с'обат̄а г̄'олема н'и-е,..* (Л); *Пр'ед н'ег̄о, т̄ој шо-б'еше т̄ој б'еше фа̣култ̄'ет̄лица̣,..* (Т); *Он слеп̄'о-црево, т̄ој Сир'иецов нема, т̄оа-било-п̄'укнат̄о, ц'ела н'едел'а.* (Т); *...н"имн'ат̄а не-беше уба:, г̄'адна.* (Л); *..т̄оа л'иваде-са с'еа,*(БТ); *Е т̄оа буд'алалок б'ило,* (Л).

Во наведените примери се потрудивме да избереме репрезентативни примери за повеќе видови на предикативни именски групи. Како што се гледа од дел од примерите, се сретнуваме и со придавски предикати коишто акомодираат зависни именски групи (*Тој е-благ̄ за-јадене*). Во вратничко-полошките говори лексемите на *-лок* од турско потекло (и други заемки од турскиот јазик, види лексика) често се јавуваат во предикативна улога, а некои од нив се резервирани исклучиво за таква функција. Последните два примера (*т̄оа л'иваде-са с'еа, т̄оа буд'алалок б'ило*) се карактеристични по тоа што како субјектна ИГ ни се јавува показна заменка од среден род, којашто не подлежи на конгруенција со именката од која е конституирана предикативната именска група. Се работи за појава од словенски небалкански тип, карактеристична и за стандардниот јазик (за разлика, на пример, од егејските говори каде имаме *Тој бил лувц'иа;* наспроти сè почесто употребуваното во стандардот *Тоа е човек;* сп. Тополињска 1995: 21). Сепак, во текстовите ги сретнавме и следните убави примери: *...т̄иа б'иле љ'уди, н'екој̯ бил к'оач, п̄о-т̄'оа г̄и-д'обиле им'ињат̄а.* (Р); со конгруенција од балкански тип.

Типично за дијалектниот јазик е глаголот - копула често да биде испуштен од именскиот прирок и прирокот да биде сведен на неговиот именски дел: *со-сит̄о ќе-г̄-'от̄сееш - п̄'оубаф л'ебот̄,* (Л); *...на-ср'еде он'адено от̄п̄'ушено т̄оа т̄р̥п̄'езаа г̄олема,...* (Л); *Ќ-от̄ида и* *пр'азен ман'астирот, нема н'икоі̭.* (Л); *...готоо - в'икам р'ибата.* (Л); *...д'оạѓа б'абата от-п'азар гл'еда вр'атата отв'орена.* (БТ); *...п'р̥чка и к'ол’ку п'р̥стов д'ебела, од-др'ен,..* (Л); *...превр'иено 'офчото м'асло,* (СтС). Ваков тип реченици, т. н. „номинални реченици“ во говорниот јазик се чести затоа што „им се спротивставуваат на класичните конструкции со именски прирок како експресивно маркирани - отсуството на глаголскиот дел го истакнува именскиот дел од прирокот и така често служи за потенцирање на ремата“ (Тополињска 1995: 28-29).

Во рамките на именскиот прирок можат да се сретнат именски групи кои претставуваат осамостоен именски дел од прирокот кој потоа се присоединува кон еден друг предикатски израз. Притоа, ваквите именски групи не се разликуваат суштествено од ИГ врзани со глагол-копула, зашто и во двата случаи „именскиот дел од прирокот по дефиниција е немаркиран од гледна точка на категоријата определеност, односно на семантички план има само конотативна, а не и денотативна вредност“ (Тополињска 1995: 17). Пример: *тоа све 'оризот ќе-б'иде гл'аве, што-ќе-ј'ада г'остите и гл'авете т'уека у-тав'ичето и 'оризот ќ-'изеда и ш'о-ќе-остане 'остане,..* (Л). Во оваа реченица имаме кондензиран јазичен израз и од реченицата *оризот ќе биде полн со главе* е добиена погорната реченица.

Именски групи во генитивен однос

Во генитивен однос се наоѓаат именските групи што се зависни од други именски групи. Зависната ИГ по формата или го континуира стариот датив, или има облик на предлошка конструкција составена од предлозите *на* и/или *од* и од casus generalis (Тополињска 1995: 88). Со генитивниот однос можат да се изразат неколку релации на вистинска посвојност: релацијата 'X го поседува Y', релацијата 'дел- целина', релацијата 'роднинска врска'. Во вратничко-полошките говори првиот вид релација на вистинско поседување, доколку се изразува со предлошка конструкција, се изразува со предлогот *од: ...с'ицим ќе-к'упил од-ј'ужари от-Тето:.* (СтС); *К'уќата от-Петрета* (сп. Стаматоски 1957: 114). Како што се забележува од примерите, кај именките кои познаваат морфолошки падежни форми зависната генитивна ИГ се наоѓа во casus generalis.

Релацијата 'дел - целина' во вратничко-полошките говори се изразува со предлошки конструкции со предлогот *од* и поретко со предлогот *на*: *И сеа т̄оа 'от̄ишло до-'уши на-кр'аљоф...* (Г); *Ги-вап̄с'уаа у-б'оја од-љ'ушп̄е од-'ора,..* (СтС); *...к'орат̄а од-ор'ает̄е, 'ораат̄ за-јадене, и од-ј'ела, ј'елат̄а, п̄а-у-Ст̄ар'е-Село ј'ела н'ема п̄'ошт̄о т̄'аќе в'ода н'ема п̄а-смо-'ишле у-Вр'ат̄ница, п̄окрај-р'екат̄а смо-љ'уп̄еле к'орат̄а и со-љ'ушп̄ет̄е од-'ора се-вап̄с'уаа кл'ашнет̄е да-не-б'идев б'ели.* (СтС); *...п̄'р̥чка и к'ол'ку п̄'р̥ст̄ов д'ебела, од-др'ен, т̄ол'каа и на-м'аса ост̄'аена,..* (Л); и сл. Како што може да се заклучи од примерите, во вратничко-полошките говори вистински дел од некоја целина којашто се јавува како определено идентификувано множество, се изразува главно со предлошка *од*-конструкција. Со осамостоена предлошка *од*-конструкција т.е. со *од* + определена именска група во вратничко-полошките говори (всушност тоа е и една од особеностите на македонскиот јазик) се изразува и партитивност на реченично ниво во реченици од типот: *Кој-н'емал д'ома от̄-к'оноп̣ат̄ или от̄-л'ăн̣ат̄ ќе-нап̄р'ае·в с'иџим,..* (СтС); *Од-мл'екот̄о, смо-ј'але, смо-п̄раеле урда смо-п̄род'аале у-Т'ет̄оо, п̄а-да-к'уп̄имо сол, ш'еќ̣ер, с'ирење.* (БТ); *'От̄-т̄иа к'амење т̄аму ќе-и-п̄р'ефăрљаш*". (Г); *От̄-т̄'иа деца сф'ит̄ина, некој-д'есет̄ д'еца с-одл'учифмо у-Т'еарце г̄имн'азија, т̄ăг̄аја.* (БТ); *..кој̯ 'имал чист̄о от̄-ч'енца д'обро кој̯ не,..* (БТ); сп. Б. Конески 1981: 526; Тополињска 1995: 118; Цветановски 2004: 107). Ваквите осамостоени *од*-конструкции, иако претставуваат еден специфичен начин на изразување на директниот предмет имплицуван од страна на предикатот, ние ги разгледуваме во овој дел посветен на генитивот затоа што таквите конструкции можеме да ги реконструираме како **(дел) од...* со што тие се вклопуваат во погоре спомената релација 'дел - целина'. Партитивност во македонскиот јазик може да се изрази и со именска група во акузативен падежен однос, односно со директен објект, но немаркиран, односно без член, наспроти целосна опфатеност на директниот објект кога е употребен со член. Примери: *Дај ми млеко / Дај ми го млекот̄о;* во овие два примери се изразува разликата 'дел / целина'.

Релацијата пак, од типот *шише ракија* (се сфаќа како единица мерка за дадена супстанција или даден предмет) и се изразува со беспредлошко надоврзување на две именски групи. Притоа, дадената супстанција е изразена со неопределена именска група со која само се укажува на супстанцијата/ предметот, а не се определува точно за која супстанција/ кој предмет се работи, односно имаме генерична употреба на втората именска група, а не определувачка.

Со конструкцијата 'предлогот *од* + именска група' се изразуваат и релациите 'кој порано му припаѓал на X ', 'кој доаѓа од страна на X' 'кој порано бил составен дел на X', каде што немаме вистинска посвојна интерпретација: *Тоа е-к'удеља од-др'ен или од-ј'асен, 'Оп̄анци се-н'осело от̄-к'ожа от̄-сф'ина и от̄-кр'ава, од-в'ол, од-б'иоли.* (СтС). Всушност, овие конструкции може да имаат генеричка функција бидејќи имаме работа со именски групи во кои предлогот *од* се јавува со својата аблативна функција (сп. *к'ожа од б'иол* (‛кожа што потекнува од биол’ – еден тип посесивна релација) или *к'олиба од-сл'ама* (‛колиба што е направена од слама’ – релација што не е посесивна).

Релацијата 'роднинска врска' се изразува и со предлогот *од* и со предлогот *на* коишто, за разлика од нивното функционирање во источните говори каде што имаат комплементарна дистрибуција, овде се изофункционални (Тополињска 1997: 136), а честа е употребата и на посвојни придавки: *...овја од-Д'имет̄а Д'арков т̄'ат̄ко-му,..* (Р); *И ка̣ј-ќе-от̄'идемо т̄аму, т̄аја В'ерица, ж'ена-му на-уч'ит̄елот̄,..* (БТ) *Гаі̭де, Л'аде 'Аврамоф, со-г̄'аі̭де да-т̄и-з'асвири, т̄'ат̄ко-му на-Зл'ат̄кот̄а.* (Р); *...т̄ат̄ко от̄-Сп̄асот̄а Ќуко г̄о-п̄'амт̄им. Коаі̭-се-р'ип̄ало, ќе-р'ип̄на, Тр̥п̄е 'Уља, од-Жифкот̄а т̄'ат̄ко-му н'екој др'уѓи т̄амо т̄р'еќи, Ст̄'еван Ст̄'анчев, ст̄ар'и-људи, значи, у-г̄'одине, п̄'едесе, ш'иесе г̄'одине р'ип̄але...* (Р); *М'ат̄о се-в'икал ељи т̄'ат̄ко на-Мат̄от̄а, от̄-Симчет̄а М'ат̄оф. Од-Ѓорет̄а брат̄уч'едиве т̄вој, он 'имал ж'ена од-н'аша фам'илија. Ана се-в'икала, дали била т̄'аја за-М'ат̄от̄а 'ељи за т̄ат̄ко М'ат̄оф н'е-знам т̄'аја 'Ана и п̄ост̄'арит̄е се-д'р̥жеа п̄'осле б'аба-ми Н'икоі̭ца м'ајка от̄-т̄'ат̄ко-ми, ми-каж'уала 'ишла на п̄'р̥виче т̄'амо у-њ'иф 'они 'ишле н'аамо меѓ'у-себе г̄'ост̄и ка-се-м'ужеле 'одовде 'ељи 'от̄уде ка-се-ж'енел н'екој се-в'икале, п̄'осле мие смо-се-ост̄'аеле в'ише.* (Р) *деі̭чет̄о од-бог̄а рече сум и му-д'аов ј'аі̭ца и 'от̄идна,..* (Л). Како што се гледа од наведените примери, називите за роднински врски често се проследени со кратка заменска форма (употребена постпозитивно) од личните заменки за трите рода и за двата броја, но не редовно, барем не со именките *т̄ат̄ко* и *мајка* (*т̄'ат̄ко на-Мат̄от̄а; п̄'осле б'аба-ми Н'икоі̭ца м'ајка от̄-т̄'ат̄ко-ми*). Од примерите можеме исто така да заклучиме дека за изразување на генитивниот однос, честа е употребата на општата падежна форма, и со двата предлога *на* и *од*. Примери: *Значи, т̄ат̄ко на-М'илана Д'умко, Тофиљ се-в'икал.* (Р) / *овја од-Д'имет̄а Д'арков* *т̄'ат̄ко-му,..* (Р). За разлика од западните македонски говори во кои можат да се изразуваат роднински врски со дативните флексивни форми, во вратничко-полошките говори изразувањето на истата релација се прави почесто со помош на посвојни придавки: *...идемо Милеі̯-К'олибе.* (СтС); *...овја од-Д'имет̄а Д'арков т̄'ат̄ко-му,* (Р); *Гаі̯ де, Л'аде 'Аврамоф,..* (Р); *от̄-Симчет̄а М'ат̄оф.* (Р); *н'екој др'уѓи т̄амо т̄р'еќи, Ст̄'еван Ст̄'анчев,..* (Р). Со тоа се потврдува мислењето на повеќе автори дека во посвојните придавки има елементи на соодветните заменски и/или именски падежни парадигми и оние дијалекти како вратничко-полошките каде што падежните форми од лични и роднински имиња се помалку зачувани (отколку во некои западни говори; сп. поречкиот: Видоески 1950; кичевскиот: Лаброска 2008) го развиле подобро системот на посвојните придавки.

Посвојноста во вратничко-полошките говори може да се изрази и со именски групи конституирани од посвојни заменски придавки и општа именка: *...од-свек'р̥ва-ми в'ујко, брат̄'учеда п̄'р̥ва н'ејзина.* (Т); *...на-р'еон н'ејзин...* (Т); *...и и-с'обрала д'ецат̄а н'еі̯зини...* (Л); *Една п̄ри'ат̄ел'ка от̄-сфек'р̥ва-ми ќ'ерка шо-'имала п̄а сн'аа е н'еі̯зина вика...*(Л); *Сесра-му н'ег̄оа...*(Л).

Како што се гледа од последниве примери, кај роднинските називи можат да се слушнат и дуплирани ознаки за посвојност, и со кратка заменска форма и со посвојна заменска придавка, од типот *сн'аа е н'еі̯зина*, но вакви изрази не се чести и главно со нив се потенцира лицето за кое се зборува, односно се доопределува за да биде појасно за соговорникот за кое лице точно се работи.

Посвојноста на реченично ниво најчесто се изразува со кратки дативни заменски форми (види: датив): *...с'обат̄а г̄'олема н'и-е,..* (Л); *И ни-је-п̄реп̄'исано 'ијамо т̄'ап̄ија т̄'урска све, кој дӑн-д'ӑнӑсќе в'ажи.* (СтС); *Д'оаѓа П'оника и т̄аја ни-г̄а-п̄оп̄л'авуа п̄'олево, н'ашево, кӑј М'илош Мл'аденов, 'овде н'адоле.* (Г). Од примериве се гледа дека посвојноста може да се изрази само со кратките заменски форми од личните заменки за индиректен предмет, односно за датив. Последниот пример е интересен со фактот дека раскажувачот ја истакнал посвојноста со двата начини на изразување, и со кратката заменска форма и со посвојната придавка.

ИМЕНСКА ГРУПА (ИГ)

Во анализата на вратничко-полошките говори ќе се осврнеме и на особеностите на именската група.

Како што веќе истакнавме на почетокот на описот на морфосинтаксичките особености на вратничко-полошките говори, номинацијата односно именувањето на деловите на светот е една од двете цели во јазичната комуникација, покрај предикацијата. Како основен резултат на процесот на номинација се јавува именската група (ИГ). Начините на кои е формализирана именската група во вратничко-полошките говори, а кои се израз на одредено значење кое го носи самата именска група, граматичките категории кои се карактеристични за именската група, како и дополнителните членови кои можат да се јават во исказот, а чија цел е доопределување на самата именска група, сето ова ќе биде предмет на анализа во делов што следува.

Структура на именската група

Именската група се состои од конститутивна именка која е нејзин главен член и дополнителни членови кои претставуваат главно определби на конститутивниот член, а кои можат да бидат во форма на придавски зборови, на (зависни) именски групи или на релативни реченици. Веќе рековме дека со именската група се идентификуваат предметите или појавите за кои станува збор и оваа способност за идентификација на ИГ претставува нејзина референцијална служба. Освен референцијалната служба ИГ е способна да ја изрази и количествената мерливост на деловите на светот кои таа ги изразува, а кои најчесто ние ги перцепираме како дискретни единици кои се мерливи според нивните просторни и/или временски параметри. Погоре наведените две основни семантички карактеристики на ИГ, референцијата и квантификацијата, кои се универзални, на граматичко ниво имаат свои формални обележја кои се изразуваат преку граматичките категории „посоченост“ („определеност“) и „број“ (Тополињска 1997: 109). Освен на овие две граматички категории, ќе се осврнеме и на граматичката категорија „род“, која може да има своја семантичка мотивација во поглед на тоа дали изразува живо суштество кое е определено по пол (+ човек и пошироко + живо) и се изразува со формалните обележја во рамките на ИГ кои граматички го маркираат природниот род, но може и да нема семантичка мотивација кај именски групи кои не означуваат живи суштества, и тука се изразува со немотивирани формални обележја по граматички род.

Именската група семантички ја сфаќаме како компонирана од референцијалната карактеристика (Р), количествената карактеристика (К) и сè она на што се однесува, а што ние ќе го викаме предикативна содржина. Ваквата семантичка структура на ИГ може шематски да се претстави на следниов начин: *РК (п̄)* (Тополињска 1997: 110). Површинската репрезентација на *п̄* (предикативната компонента) ќе ја наречеме јадрена именска група. Како конститутивен член на јадрената именска група, освен именката којашто најчесто се јавува, издвојуваме и неколку други формални експоненти: 1) составите *т̄оа шт̄о, кој шт̄о;* 2) именка со задолжителна определба од типот *Мајка ми е добра жена* наспроти неможното *Мајка ми е жена. 3) придавски збор, односно супстантивизирана придавка од типот ... *'умреў 'очувот̄ ст̄'арат̄а г̄а-з'еле со-н'иф, м'ало б'ило и т̄'ак’е ст̄'анало п̄'осе,..* (Т); или: *Ама најмал'оот̄о ск'окнало на-т̄'аван г̄'оре.* (БТ).

Ќе ги разгледаме накратко овие формални начини на изразување на јадрената именска група.

Составите од показна и од релативна заменка *т̄оа (ова, она) шт̄о/ кој шт̄о* функционираат како неделиви и се појавуваат на почетокот на релативната реченица. Нивната улога е катафорска, а повеќе информација носи релативната реченица. Овде ќе наведеме два репрезентативни примери од вратничко-полошките говори: *Тр'икила на-една-'офица д'авале с'ирење. Тиа шт̄о-г̄о-п̄р'аеле.* (БТ); *т̄'ог̄аја ќе-п̄'ост̄ел’а на-з'емја ка-онаа, н”ивн’о шо-има п̄'ост̄ел’а, и т̄оа све на-з'емја шо-ќе-се-п̄р'одава све на-з'емја.* (Л).

Како конститутивни членови на јадрената ИГ можат да се јават именки кои бараат, најчесто, задолжителна определба. Тоа се именки кои означуваат некое сродство или некаква релациска содржина или именки кои означуваат делови од нешто. Како илустрација од вратничко-полошките говори ќе го наведеме следниов пример: *...т̄аја В'ерица, ж'ена-му на-у̯ч'ит̄елот̄,..* (БТ).

Придавски збор што се осамостоил и што претставува конститутивен член на јадрената именска група исто така се сретнува и во стандардот и во дијалектите, следствено и во вратничко-полошките говори: *„к'ојшо ќе-се-з'асака со-н'еког̄о и нека-се-з'ема, г̄'от̄ово, н'ареди ст̄'ариот̄.* (Т); *Тог̄аи̯ в'ише п̄'очнц̣ало м'одерно.* (Т); *Так'е б'ило како-ќе-р'еча ст̄'ари и-г̄'от̄о:.* (Т).

Сега ќе се осврнеме на дополнителните членови што можат да се јават во јадрената именска група. Во улога на дополнителни членови ги сретнуваме придавките и придавските зборови, други зависни именски групи или релативните реченици. Ќе ги разгледаме редум сите начини на коишто овие дополнителни членови се акомодираат кон јадрената именска група.

Придавските зборови како дополнителни членови на јадрената именска група

Една од основните функции на придавските зборови, покрај предикативната, е да бидат дополнителни членови на ИГ односно да ја доопределуваат именката што ја конституира ИГ. Притоа именката, која е главен член на ИГ, на придавките им налага конгруенција по род и број, за разлика од другите типови определби кои не стапуваат во конгруентна врска со именката. Во вратничко-полошките говори отстапувања во поглед на конгруенцијата нема, освен кај придавките од турско и грчко потекло (или изведенките со турскиот суфикс *-ли*, сп. *П'осле 'имало ако-с'акаш ако-си мог̄'у̣ќлија 'имало п̄'р̥виче се-в'икало.* (Р)) кои по своите синтаксички особености (не се менуваат по род, а почесто се јавуваат во предикативна функција, отколку во определувачка функција) се наоѓаат на границата меѓу именки и придавки. Инаку, придавките во поглед на тоа што определуваат, односно какво значење носат, според теоријата што ја прифативме, ги делиме на кондензатори кои можат да бидат единични ($K_е$) или генерични ($K_г$) и на кои во класичните граматики би им одговарале отприлика *релацискӣт̄е п̄ридавки* (пример: *мојот̄ ст̄ан, змиска кожа, офчо млеко)* и модификатори (Мод) на кои би им одговарале *качест̄венит̄е п̄ридавки* (пример: *добра свекрва, шарена чешма*).

Немаркираниот редослед кај ИГ определени со придавски збор е кога е прво придавката, па именката. Примери: *...св'ински 'оп̄анци, на-г̄л'адно-ср̥це п̄р'иќешња,; ...с'ит̄ни р'ип̄чиња 'имаше, на'о-коло, а у-ср'еде, ова в'аќе 'ол'коо, с'олена р'иба ќе-а-т̄'уриш,..* (Л); *Сл'авски л'еб.* (Т); *т̄в'р̥да б'еса* (Р). Маркираниот редослед, именка, па придавка, се јавува често во текстовите што ги собравме на терен, а мотивацијата за таков редослед може да биде различна: 1) кај емотивно маркираните ИГ, како во следниов пример: *„Ти-си-ми с'ин м'ој“, а мл'ад, млад'ожења, 'овја дв'ест̄а г̄'одине.* (Р); кај ИГ кои претставуваат рема на исказот, а најдобро ремата се истакнува со маркиран редослед како во следниве примери: *...т̄'авиче п̄'осно не м'р̥сно,; ...п̄а п̄'осле кеі̯-ќе-р'учаа мезе к'ошт̄ање суі̯, в'арени и 'орае не-к'р̥шени, нека к'р̥ши т̄оі̯.; ...к'уп̄ус к'исеў ќе-в'ариш т̄оа и т̄ав'ичео ќе-о-н'ап̄раеш р'ип̄чиња с'ит̄ни,; ...а от̄-т̄'аја р'иба с'оленат̄а... св'аки ќе-з'ема от̄-р'ибат̄а с'олена, т̄оа т̄'ол’коо в'аќе п̄'арче от̄-ср'еде, т̄оа. И п̄'осле 'орае с'уі̯ нека-к'р̥ша и к'ошт̄ање суі̯ и с'ушени и в'арени,..* (Л); *...ка-у-зг̄р'ада г̄'олема,..* (Т); 3) кај ИГ со повеќе од една придавска определба при што таа придавка што претставува главна рема оди во постпозиција: *...п̄р'ет̄ п̄'едест̄а г̄'одина 'едан з'абел др'уг̄и в'акалски се-'исече све.* (Р) .

Од последниве примери се гледа дека неопределениот член *еден* секогаш се наоѓа во препозиција, додека новата информација која најчесто донесува некаква квалификација за конститутивната именка многу често се јавува во постпозиција. Како генерален заклучок за линеаризацијата на придавските определби во ИГ во вратничко-полошките говори можеме да кажеме дека доста честа е постпозитивната употреба, односно маркираниот редослед што сигурно не е без влијание од типот на текстовите од кои црпиме материјал: текстовите се усно раскажувани при што многу често раскажувачот првенствено сака да ја каже главната информација, а потоа ги додава определбите, било да се тие во вид на придавски определби или од друг тип (види: релативна реченица).

Кога пред именката се појавуваат повеќе придавски определби, во зависност од значењето што тие го носат, имаат и таков редослед, односно утврдена линеаризација од која ретко се отстапува: $(РК\ \cdot)\ К_{е}\ \cdot\ Мод\ \cdot\ К_{\bar{г}}\ (\cdot\ КЧ)$ каде што *РК* претставуваат експоненти на референцијална и количествена квантификација, а *КЧ* претставува конститутивен член на ИГ (сп. Тополињска 1997: 119). Оваа линеаризација што е карактеристична за стандардот, карактеристична е и за вратничко-полошките говори, иако, како и во секој народен говор, примери со сите позиции пополнети поретко се сретнуваат, зашто тие во принцип се израз на поизграден литературен стил. Овде ќе ги наведеме сите примери што ги најдовме во нашиот материјал: *В'ардар т̄'еп̄а у-'една г̄'олема к'арп̄а...* (СтС); *Ког̄аі̯-д'оі̯доа Герм'анцит̄е, викам п̄'оубаі̯ љ'уди н'емало. 'Едни в'исок'и, п̄л'ави, кр'уп̄ни и на-ч'ешмана доле к'еі̯-шо-е, п̄а-т̄'уека, п̄о'убаі̯ немало, от̄-т̄иа.* (Л). *А Буг̄'арит̄е ког̄аі̯-'идоа, Бог̄ да-т̄е-ч'уа, овде у-м'анаст̄ир 'идоа со-к'оле, едни с'уі̯, исп̄'ечени и сл'аби и ц'ӑрни, леле! в'икам какви са-т̄'иа за-н'ишт̄о Б'уг̄ариве, а Герм'анцит̄е мл'ог̄у б'еа он'адени.* (Л).

Сега ќе ги разгледаме придавските кондензатори кои изразуваат посвојност. За посвојноста и начинот на изразување на оваа семантичка категорија со именски групи во генитивен однос веќе зборувавме (види: именски групи во генитивен однос). Овде ќе се осврнеме повеќе на придавските кондензатори и на тоа во кои позиции повеќе се употребуваат придавски кондензатори, а во кои именски групи. Заменските посвојни придавки често се употребуваат во вратничко-полошките говори за да изразат посвојност. Што се однесува до нивната линеаризација, веќе рековме дека тие, освен во препозиција, често се јавуваат и во постпозиција. Овде ќе наведеме уште неколку примери: *...нашат̄а куќа одг̄ледуаше свилена буба,..* (СтС); *...'имало б'а:і̯ѓи љ'уди т̄'амо и н'ашиве љ'уди раб'от̄але,..* (Р); *Приа̣т̄'елит̄е в'аши,..* (Т); *...и т̄оа у-к'укат̄а н'аша се-д'р̥желе т̄уе бр'але д'укани, т̄ог̄аі̯ г̄'и-'имале дук'а̣нит̄е н'аши.* (Т); *'Одма п̄од-цент̄р'ала б'ила вал''а̣і̯ца̣т̄а н'аша.* (Т); *Сесра-му н'ег̄оа...* (Л).

Како што може да се заклучи од примерите, кога се работи за именки што означуваат сродство, ако е посвојната заменска придавка во постпозиција, тогаш имаме задолжителна употреба на енклитичка кратка заменска дативна форма. Ако е, пак, посвојната заменска придавка пред именката, тогаш не може да се појави и кратка заменска форма ни во препозиција ни во постпозиција (нема синтагми од типот *мојат̄а ми мајка*). Исто така, треба да нагласиме дека во вратничко-полошките говори не можат да се сретнат со посвојно значење предлошки групи образувани од предлогот *на* + *долг̄а акузат̄ивна заменска форма* од типот: *мајка му на нег̄о* (како што имаме во југоисточните македонски говори сп. Видоески: 1999б: 141), туку овде таа улога ја вршат само посвојните заменски придавки: *Мајка му нег̄оа.* Изразувањето на посвојност со помош на посвојни придавки образувани од лични имиња исто така е често во вратничко-полошките говори: *Му реков на муж је од Мара Маркова.; Го видов син му од Јована Марков.* (Т) и се употребува паралелно со посвојните релации изразени со предлошки групи со предлозите *од* или *на* + casus generalis: *...к'ој-му-бил на д'едо-ми М'ишота т'атко.* (Р); *А од д'едо-ти по-ж'ена, од-К'оцета, од -Т'р̥икота, као- с'е-викал т'атко-му...* (Р).

Посвојност во вратничко-полошките говори може да се изразува и со посвојна придавка образувана од општа именка употребена како единечен кондензатор (како што имаме во јужните македонски говори сп: Тополињска 1997: 124): *...преврʼиено 'офчото м'асло,* (СтС); *...и ж'ените из'ӑткале 'едно м'ало ш'умино пл'атно...* (СтС); *Селската слава ни-е-Ѓурѓовдӑн,..* (СтС); *...да-ми-к'ажеш к'ӑде-е цар'еа ќ'ерка 'инаќе гл'авата, 'и-таја, ако не ќе-'останеш жиф. И он му-а-к'азаў, му-а-к'азаў ќ'ерката и 'излегла и т'аја на-тар'аса.* (Л); иако дел од примерите со вакви посвојни придавки се всушност генерички кондензатори: *От-цр̥ква кој-има име идев на-ракија после дома, по-куќете, се-идеше, кому-му-е-'имен-дӑн: Божин, Божидар, таќе, име и идев по-ракија и тука се-поеше селски песне, пароі̯ по-пароі̯, по-куќете...* (СтС); *...'уљана р'епка н'е-се с'ее 'овдека,..* (СтС); *...има н'егдека с'игурно по ц'р̥квини кн'иге.* (Р); *Се-с'еело к'оноп и лан за-да-с-'исткае 'осноа и да-с-'исткае ј'ута̯к к'онопни.* (СтС). Во овие говори паралелно функционира и моделот за изразување посвојност со генитивна именска група (види повеќе во: ИГ во генитивен однос). Примери: *-Значи в'ие-све од-Л'исец д'ојдени. -Од-Л'исец. 'Уште п'остои 'имиња на-м'аала, на-њ'иве...* (Р).

Освен на придавските кондензатори од групата на посвојните придавки, ќе се осврнеме накратко и на другите типови придавски кондензатори. Тука спаѓаат единичните кондензатори од групата на показните заменки (*вакоф, толкаф,* и сл.), од групата на редните броеви (*прв, трет, последен*) и оние од групата на показатели на просторните и временските односи (*вчерашен, сегашен, тукашен, десен, леф,* и сл.). Овде ќе наведеме неколку примери што ги сретнавме во нашите текстови: *Турциве, 'овдешни,..* (Т); *...тоа е-ч'ист треќ'и-пута.* (Т); *...п'р̥вите л"уди што-ж'ивеле, ж'ивеле едно четир'иесет м'инута 'изнат сега дека-се-н'аоѓа Стар'е-Село.* (СтС); *...св'аки ќе-з'ема от-р'ибата с'олена, тоа т'ол'коо в'аќе п'арче от-ср'еде, тоа.* (Л).

Придавските модификатори изразуваат различни релации, т.е. „**а**. релации измерливи како просторни и/или временски или други физички димензии (тип: *долг, широк...*) или барем **б**. релации споредливи со други релации со иста основна содржина, т.е. **ба**.

психички димензии (тип: *мудар, итар...*) или **бб**. оценки (тип: *добар, одличен, згоден...*)“. (Тополињска 1997: 156). Оттука придавските модификатори ја имаат можноста за степенување (не можат да се степенуваат само поголемиот дел од глаголските придавки). Како придавски модификатори во вратничко-полошките говори се јавуваат голем број од качествените придавки, степенувани или не степенувани:...*г'адна н'осиа.* (Л); *И т'иа 'отоде и ка-наша н'ошн'а гадна...* (Л); *Атан'асоан на-стар-м'анастир смо-'ишле.* (Л); *...и таја м'едена р'оса је-мл'ого 'опасна за-т'оа.* (СтС); *Н'ема н'икој, с'амо 'едан ст'ар-чуек.* (Р); *п'исмен ч'уек б'ил, дел'овоѓа.* (Р); *Има к'р̥сте ц'р̥вено у-кал'ендарче,..* (Р); *...најб'огато м'есто б'ило у-општ'инава, нај'убаа з'емја, е сега нема, не-в'еруем да-'има.* (Р); *...тоа тр̥п'езаа голема,...* (Л); *...д'оạѓа б'абата от-п'азар гл'еда вр'атата отв'орена.* (БТ); *Га-п'отепаў в'ој̭ската, стр'елата блаус'уана од-Господа,...* (Л).

Од последните примери се гледа дека глаголската придавка во функција на рестриктивна определба на јадрената ИГ најчесто се јавува во постпозиција. Во ваква позиција обично се јавуваат апозитивните определби, а не рестриктивните и би било тешко да се утврди за каква определба станува збор ако се работи само врз пишан текст, ама бидејќи најголем дел од материјалот е собран на терен, располагаме со звучен запис што ја отклонува дилемата. За употребата на глаголската придавка веќе зборувавме во делот за предикативна именска група. Овде само ќе истакнеме дека во македонскиот јазик, а таква е состојбата и во вратничко-полошките говори, глаголската придавка сè почесто се употребува како модификатор на именката која е конститутивен член на ИГ. (за глаголските придавки види и во делот за апозитивна определба).

Именка како дополнителен член на јадрената именска група

За словенските јазици не е својствено именките да претставуваат определби, но во македонскиот стандарден јазик не е мал бројот на вакви примери (Конески 1981: 267), уште повеќе сега, во поново време кога под влијание на англискиот јазик овој број се зголемува. Дијалектниот јазичен израз, сепак, особено на постарите генерации говорители, не нуди многу примери со именски определби на јадрената именска група. Да видиме колку вакви примери нудат текстовите од вратничко-полошкиот регион: *И п'очнаја т'огаја, па со-м'ашине в'еачке...* (Л); *...тиа тенеќе-м'аало ги-в'икамо ама н'е-знаем по-фамил'иата.* (Л). Од примериве можеме да донесеме неколку заклучоци: во првиот пример именката претставува определба на функцијата на предметот (*машине*), а во вториот пример определба на карактерот на дејноста што била доминантна во тоа маало, со тоа што овој пример добил веќе значење на зацврстен обрат што означува дел од населено место. Што се однесува до линеаризацијата, очекуваниот редослед би бил прва да е именката којашто е конститутивен член на ИГ, а потоа нејзината определба - именка, која по правило би требало да е во конгруентна врска по број и по зависност со именката - конститутивен член на ИГ. Во нашите примери во првиот имаме вообичаен редослед, а во вториот имаме прво именска определба, а потоа јадрената именка.

Количествена информација во именската група

На почетокот на овој дел којшто е посветен на именската група, веќе кажавме дека таа, освен предикативната содржина, носи и количествена информација затоа што предметите кои таа ги посочува најчесто претставуваат дискретни единици кои се избројливи и кои подлежат на квантификација (Тополињска 1997: 174). Во овој пасус ќе се задржиме на средствата кои ја носат количествената информација и на нивниот сооднос со јадрената именска група (која најчесто е именка). Што е карактеристично за вратничко-полошките говори во поглед на изразувањето на количествената информација, ќе видиме од примерите што следуваат.

Веќе ни е познато дека дел од количествената информација се оформува на морфолошко ниво со тоа што именките кои се конститутивни членови на ИГ се менуваат по број и не можат да се реализираат надвор од оваа морфолошка категорија. Во македонскиот стандарден јазик постои морфологизирана информација за збирна множина наспроти обичната, немаркирана множина. Во вратничко-полошките говори збирната множина веќе речиси не се употребува. Освен обичната множина, на морфолошко ниво со посебни морфеми во вратничко-полошките говори се изразува и избројаната множина кај именките од машки род, најчесто еднослoжни и двосложни, со тоа што овие форми бараат на синтагматско ниво задолжително присуство или на број или на бројна определба од типот: *колку, неколку, т̄олку* (за образувањето на формите за избројана множина види: формите на зборовите).

Најпрво ќе дадеме примери за изразување на множество еднородни елементи со помош на ИГ конституирана од именка во множинска форма, која често е придружувана од определба во вид на број (што главно ѝ претходи на именката): *...и за м'ое вр'еме едан брес, може 'имал д'есет к'убика д'р̥ва, г'олем мн'огу.* (БТ); *'Убоо б'ило, ама ќе-п'остиш с'едум н'еделе, не с'ега. ; п'р̥ва н'едел'а п'ос ни-зеі̯тин не-смо-јале,...* (Л); *Жене, некол'ку, три ако-д'оа, др'угото све д'еца...;* , *т'атко-е г-ут'епа̣ле тр'оі̯ца бр'аќа б'иле,..; ...коі̯-са̣-б'огати дв'е-слатка ќе-т'ура,..* (Т); *Па ќе-г-'изврт̥иш на-дв'е-места, сањ'илата, и-н'апрет и н'азат и 'ототде и 'отоде 'обете и ќе-и-т'уриш ... тоа се-в'ика 'оплењ.* (Р); *..ама-кол'ачи едно-дв'е-в^{ă}рсте кол'ку шо ..., сл'атко по-че'нца̣та сл'атко,..*(Т).

Од примериве може да се заклучи дека броевите немаат посебни морфолошки форми за род, освен броевите *два* и *обата* кои имаат посебна форма за машки род и една посебна форма заедничка за женски и за среден род: *две, обете* (бројот *обата, обете* се употребува само во членувана форма и означува целосно опфатено множество).

Сега ќе дадеме примери за ИГ изразени со морфолошки форми за избројана множина за кои веќе рековме дека задолжително се претходени од бројна определба: *Од'оздола 'имамо 'около с'едом 'и-пол д'екара н'екада и до-д'евет..* (СтС); *Мие смо-'имале два г'оі̯дара што-ѓи-ч'уале г'оі̯дата.* (СтС); *Ќе-изн'есев дв'а-бика,* (СтС); *...најдобар бил со-три ч'атла...* (СтС); *...тр'и-дăна 'ишле от-п'азар от-Кум'аноо...* (СтС); *Дв'а в'ола у-т'иа м'алине, 'оноа колесн'ицине,..* (Г); *П'етко Мих'аі̯лоски, покојни у-Ам'ерка. има три сина,..* (БТ); *...'имаме м'есто в'икано Дв'а-камна,..* (топоним во СтС); *...тр'и-пара в'оло:і̯ д'ăнăс́ке ќ-из'оре·в една-н'ива от-пет-д'екара...* (СтС). Можеме да заклучиме дека избројаната множина е често употребувана форма во вратничко-полошките говори.

Посебно интересни бројни определби се оние кои се маркирани по машки род, односно кои носат информација дека „објектите што се бројат се човечки суштества од машки пол, односно човечки суштества меѓу коишто има и претставници на машкиот пол“. (Тополињска 1997: 176). Тоа се бројните определби образувани со суфиксите *-ица* и *-мина.* Во вратничко-полошките говори се употребуваат и двата суфикса. Ќе ги наведеме примерите што ги најдовме: *Тр'ојца п'опо:і̯ д'ојдоа и тр'ебеше 'едан од-Лешак.* (Р); *...од'-овде к'озари дв'ајца,..* (Р); *Ќ'ерка̣ва и м'ајка̣ва и т'атково, три, и бр'аќата дв'ајца, пет.* (Т).

Кога се изразува поголема бројност на лица, обично се употребува именката *души* (за лица од трите морфолошки рода) претходена од главен број: *Они учеств'уале у-Ил'инденско вост'ание со-д'едо-ми Н'икола, дван'аес д'уше...* (Р); *...тр'иесет, дв'аесет, дваесп'ет, н'екој четир'иесет д'уше ч'ељат.* (СтС).

Во поглед на употребата на збирната множина вратничко-полошките говори речиси и да не ја употребуваат, а за ваквата ситуација една од причините е и фактот што именките од женски род множина образуваат со *-е,* па формалниот елемент што во западните говори е една од наставките за збирна множина овде нема функционална вредност кај веќе споменатите именки. Неколкуте примери што имаат форма за збирна множина се од машки род: *гр'обја, т'р̥не* и *д'убје*. Примери: *...ќе-се-'исуши ќе-с-'исчисти от-т'р̥не од-ѓ'убре, све,..* (СтС); *...тука има гр'обја р'имск'и от-п'ети или ч'етвр̥ти в'ек-са...* (СтС); *Тамо има д'убје може п'естотине г'одине са, ама п'оі̯ќе н'е-расна тиа, т'ољку р'асна и се-с'уша поі̯ќ'е-пута др'уѓи не-с'е-сеа не-никн'уаа.* (Р). Примериве се по малку дискутабилни дали да ги третираме како форми на збирна или на обична множина зашто членуваната форма од последната именка *дубје* што ја регистриравме понатаму во текстот (*с'едоа 'онде д'убјете*) нѐ упатува токму на тоа. Вратничко-полошките говори, во тој поглед, се приклучуваат значи на групата северни македонски говори (в. Видоески 1999а: 126-127). Денес, како што ни е познато, заради ограничената употреба на овие форми на поголемиот дел од македонската дијалектна територија, сѐ помалку се употребуваат и во стандардниот јазик.

Семантичките колективни именки кои формално се во еднина од типот *народ, војска, аскер, село, град* (како збир на луѓето што живеат таму, а не како вид населба) на синтагматско ниво имаат еднинска конгруенција (*ц'ело село, голема војска*), а на реченично ниво таа може да биде еднинска, но и множинска (види: номинативен однос): *...ц'ело се'ло сл'ави две к'уќни сл'аве.*; *...и тука ц'елото с'ело живееле.* (СтС).

Приближни бројни определби во вратничко-полошките говори се изразуваат на следниве начини: *...две-три-к'уќе, и така с'елото се-зас'адило т'уека од-њ'иː*^{в}*...* (БТ); *..м'ие едно три-четири-фам'илие во-Теарце...* (БТ); *...с'елото 'имаше н'егде 'около ш'есто и н'ешто г'оі̯да.* (СтС); *Може-има преко-дес'етина д'уше дван'аесе.* (Р).

Како што се забележува, приближна бројност се изразува со редење на два соседни броја едно до друго (кај овој начин, ако е бројот поголем од 12 тогаш обично се редат само единичните броеви пред зборообразувачкиот дел *-аесе: три-четăрин'аесе, седум-осумн'аесе.* види: формите на броевите). Еден од начините е, исто така, кога пред бројот ќе се стави предлогот *около* или *преко* (како во вториот и третиот пример). Интересни примери за приближна бројност што ги регистриравме во градот Тетово е со додавање на ознака за неопределеност на именската група од типот *некој//кој* (второво пак со значење на *некој*): *...н'екои̯ дв'е-деца 'имаја и се-разв'едоа.* (Т); *Кои̯ седум-м'есẹца б'иле у-бр'ак, се-с'акаја,..* (Т); *...а м'ие св'ите г'оре дејч'ињава, некои̯ дв'ạесе, свите г'оре раб'отамо.* (Т).

Приближна бројност со суфиксот *-ина* се изразува поретко, зашто овој ист суфикс се употребува и за да означи луѓе од машки пол: *п'етина, ш'естина, с'едмина, 'осмина, дев'етина, дес'етина* (види дел за формите на броевите).

Приближна бројност може да се изрази и со неправите броеви во кои спаѓаат: *малу, многу, п'оише, п'уно, б'а:и̯ѓи.* Примери: *...п'оише љ'уди...* (Р); *...з'аи̯ре смо-н'емале мн'огу м'алу з'емјиште смо-'имале,..* (Р); *Гуске, ш'апке низ-дв'ор п'ụно.* (БТ); *...'имало б'а:и̯ѓи љ'уди т'амо...* (Р) *Млогу стока имало у-селово.* (Р); *Зејтин млого малце, зејтинạт се-викаше др̥вен'о-масло, напрет. Млого ретко, ќило зејтин за-ц'ел-месец, ако се-потрош'ụало, само ете таќе, кољко адет.* (СтС).

Кога се работи за прецизно определување на објекти замислени како еден или повеќе делови на една целина, тогаш ИГ формално се изразува со нумерички определби: *Од'оздола 'имамо 'около с'едом 'и-пол д'екара* (СтС); *т'аќе од'оздола тр'и н'оѓе, тиа беа к'ако полу м'есец пр'аени, столч'иќите, полу кр'ук т'аќе.* (СтС).

Дистрибуција на одделни единки од збирот такви суштества или предмети се изразува со *по* + број + јадрената именска група: *н'апрет у-в'ои̯ска стар'ешине што-б'иле, по-'едан з'емале сл'уга да-ем-б'иде д'ома да-ем-р'абота,* (БТ); *...и како-за-Свети-Ј'оан таќе за-В'елидăн, ј'ајца се-д'аваше по-зак'овните и ст'арците с'едиў 'отсрана, р'аќијче си-п'ијеја.* (СтС) (за значењето на лексемата *заковните* види лексика).

Количествена информација со означување на контејнерот или единицата мера која определува приближно количество на именката што е конститутивен член на ИГ, најчесто се дава со именка, и најчесто со предлог (за конструкциите со предлог види: ИГ во инструментален однос и ИГ во генитивен однос), а притоа главната именка најчесто е во еднина: *...да-ти-не-к'ажуем - рече - со-т'они, т'они ќ'утек смо-ј'але.* (Р); *...па-се-з'емало ш'ише р'акија па-ќе-му-'идеш д'ома, па-ќе-о-п'оканиш со-ш'ише р'акија...* (БТ); *Тр'и-кила на-една-'офца д'авале с'ирење.* (БТ); *...д'есет 'офце ако смо-д'але тр'иесе к'ила с'ирење ќе-з'ememo...* (БТ); *...ќило зејтин за-ц'ел-месец, ако се-потрош'уало, само ете таќе, колько адет.* (СтС); *...тр'и-пара в'оло:ј̯ д'ăнăсќе ќ-из'оре·в една-н'ива от-пет-д'екара.* (СтС).

Референцијална карактеристика (определеност) на именската група

Овде ќе ја разгледаме граматичката категорија 'посоченост' кај ИГ во вратничко-полошките говори, т.е. граматичките средства со кои се изразува референцијалната карактеристика на ИГ (нејзината способност да идентификува делови на светот). При јазичната комуникација, од основно значење е адресатот успешно да биде информиран за кои објекти се работи, односно да ги поврзе називите со нивните референти. Средствата, односно структурните елементи на ИГ што служат пред сè за посочување на нејзините референти, спаѓаат во проблематиката на нејзината референцијална карактеристика (Тополињска 1997: 191). Треба да нагласиме дека референцијалната карактеристика не спаѓа само во доменот на ИГ, туку таа може да се утврди дури на нивото на реченицата. Затоа, морфолошкиот израз на определеноста кај именските зборови во македонскиот јазик, т.е. членот, покрива само дел од начините на посочување, т. е. членот е само еден од експонентите на референцијалната карактеристика на ИГ.

Според степенот на идентификација на ИГ тие можат да бидат: 1) без референција, предикативно употребени како називи на множество особини што му се припишуваат на референтот на друга ИГ (види повеќе во т. ИГ во предикативен однос); 2) генерични употребени: *Л'екарите се хумани.* 3) употребени како називи за даден елемент кој објективно постои, е индивидуализиран, но не е идентификуван; и 4) определени, т.е. да означуваат еден единствен објект кој е познат и за говорителот и за соговорникот.

Маркирани по посоченост се сите именски групи кои се употребени референцијално, а немаркирани по посоченост се предикативните именски групи. Кај ИГ маркирани по посоченост се издвојуваат оние маркирани по определеност, т.е. кои претставуваат називи за идентификувани предмети. Во овој дел од трудов, ќе се осврнеме на ИГ маркирани по посоченост во вратничко-полошките говори.

Именски групи со идентификуван референт

ИГ со конститутивни членови маркирани по определеност

ИГ која изразува идентификуван предмет може да биде изразена со конститутивни членови маркирани по определеност, а такви се личните заменки за прво и второ лице еднина. Обично, кога не се работи за посебно истакнување во текстот, личните заменки се испуштаат, а првото и второто лице се изразени преку самите морфолошки глаголски наставки. Примери: *А ја п̄'ошт̄о 'една сумб'ила може-м'ислеле,..* (Т); *Му-в'ика на-с'инот̄ - с'инко ќ-'и:деш т̄и, еве-т̄и п̄'аре.* (БТ); *Ајде ќе-ни-кажеш и т̄и...* (БТ); (со употреба на личните заменки); *Ај ќе-ви-к'ажем,..*(БТ); *Ако бр'ат̄ко не-се-с'екираі̯ ќе-нап̄р'аемо...*(БТ) (само со глаголската наставка). Заменката за второ лице само во дијалог може навистина да го идентификува адресатот. Инаку, со глаголски форми за второ лице или со заповеден начин, веќе кажавме, можат да се изразуваат и дејства кои важат општо за човекот или за некакво подмножество луѓе: - *Л'ебот̄ б'ашка, л'ебот̄ ќе-о-н'ап̄раі̯ш, ќе-о-н'ашц̣ариш со-вр'ап̄чиња, со-г̄р'озје.*; *Да ќе-д'ојда г̄'ост̄ит̄е. Тоа б'ашка ќе-г̄'от̄виш за-г̄'ост̄и т̄оа ј'адење све.* (Т); *...'имаш ќе-н'ап̄раеш ќе-се-сп̄р'емаш, от̄-т̄'оа м'ест̄о, значи, ќе-т̄'ураш, било-м'анџа, ако е-п̄ос, значи г̄р'а:, р'иба,..* (Р).

Кај личните заменки за прво и второ лице множина се работи за елиптична множина односно 'јас + Х' , 'ти + Х', и, при употреба на овие заменки, само од контекстот може да се открие кој се крие зад 'ние' или 'вие': *на-п̄р'имер мие 'имамо т̄оа е-н'ег̄дека 'около с'едом д'екара м'ест̄от̄о...* (СтС); *...п̄'осле мие смо-се-ост̄'аеле в'ише.* (Р); *...и м'ајка-ми в'ика како-ќ-'идет̄е т̄'ак'е у-л''удиве т̄'амо да-п̄р'ашат̄е. Д'аі̯ ќе-ви-д'аем ј'абук'е без-н'ишо не-с'ẹ-иде.* (Т).

Заменките за третото лице се јавуваат во текстот во анафорска, кореференцијална служба.

Освен личните заменки, инхерентно оспособени да го идентификуваат референтот на ИГ се сопствените имиња. Под сопствени имиња ги подразбираме и човечките и месните имиња како и името на господа. Примери: *М'ат̄о се-в'икал ељи т̄'ат̄ко на-Мат̄от̄а, от̄-Симчет̄а М'ат̄оф. Од-Ѓорет̄а брат̄уч'едиве т̄вој, ..*(Р); *Ѕ'ебљак т̄'links*

Ѕ'ебљак т̄'ече од-Рог̄'ачео н'адоле и т̄'аќе 'имет̄о м'у-е и т̄'уе м'ест̄от̄о се-д'ели на Ѕеблачќ'и-Рит̄, Срег̄'ан-Рит̄ и идемо Милеј̯-К'олибе. (СтС); *Туе у-Бог̄'ороі̯ца цᵃ̆рква ни-б̑'ило бл'изу,..* (Т).

За сопствените имиња во вратничко-полошките говори е карактеристично тоа што, кога ќе се најдат во зависнопадежен однос, се јавуваат во посебни морфолошки форми, една за casus generalis, почесто, т.е. стара генитивно-акузативна форма која врши различни функции во реченицата (види: падежни односи) и една за датив, поретко: *Го видов син му од Јована Марков.* (Т).

Групите кои се во вокатив се исто така инхерентно маркирани по определеност. Примери: *...бр'ат̄ко к'ажи-бре, шт̄о-е раб̑'от̄ава: - Е бре с'есро, в'аква и-в'аква р'абот̄а,..* (БТ); *К'ă̯ј-са бе-б̑'ир др'уг̄ит̄е, сл'ези б̑'ире д'оле...* (БТ); *„Слушај бе-п̄ри'ат̄ељу, дека?“* (Г); *„Абе дедо-п̄'оп̄е - рекоф - оче, дал’-зн'аеш дал’-п̄ост̄'оело с'ело Берб̑'ешоо“*. (Р).

Конститутивните членови на вокативните ИГ најчесто се лексеми кои се маркирани по определеност и кога се надвор од вокативната ИГ (најчесто се лични заменки за второ лице, сопствени имиња, називи на сродство, професионални титули). Инаку, како што се гледа од примерите, експоненти на определеноста кај овие ИГ се самите експоненти на вокативот, т.е. соодветната синтагматска интонација, во вратничко-полошките говори најчесто придружена со посебна вокативна наставка. Конститутивниот член на вокативните ИГ може да биде придружен од тесен избор на дополнителни членови кои внесуваат експресивен став на говорителот спрема соговорникот.

ИГ со конститутивни членови немаркирани по определеност

Сега ќе се осврнеме на ИГ чии конститутивни членови се немаркирани по определеност. Тоа значи дека сами по себе дадените ИГ не го идентификуваат референтот на кој се однесуваат, туку идентификуваноста произлегува од заедничкото искуство на соговорниците стекнато или пред или во текот на разговорот, т.е. во времето на изговарањето на текстот (Тополињска 1997: 200).

Основен експонент на идентификувачката употреба на ИГ инхерентно немаркирана по определеност се показните заменки. Во вратничко-полошките говори, исто како и во стандардот, постојат три серии показни заменки *-ов, -он, т-,* кои се маркирани по род и по просторна оддалеченост од говорното лице и со делумно зачувана деклинација кога се однесуваат на лично или роднинско име. Заменките базирани на *-ов* коренот посочуваат предмети кои се блиски на говорителот; заменките од коренот *-он* посочуваат предмети кои се пооддалечени во однос и на говорителот и на соговорникот; показните заменки базирани на коренот *т-* посочуваат предмети кои се оддалечени во однос на говорителот, но блиски во однос на соговорникот. Исто како и личните заменки, и показните имаат и долги и кратки форми. Притоа, кратката форма од показната заменка со коренот *т-* се специјализирала во анафорска служба и станала определен член. За прашањето дали и кратките форми на показните заменки со корен *-ов* и *-он* во вратничко-полошките говори станале вистински определени членови или се само показни заменки кои се немаркирани од гледна точка на топикализацијата, ќе видиме во текстот што следува.

Морфосинтаксички гледано, членот во македонскиот јазик претставува постпозитивна клитика која се додава на првиот елемент со кој започнува дадената ИГ, па оттука тој е знак за почетокот на една ИГ: *ќ'ерката, ц'арската ќ'ерка, н'ајст'арата ц'арска ќерка* (за формите на членот во вратничко-полошките говори види: определеност). Со членот се конкретизираат, односно се прикажуваат како познати именуваните предмети или лица. Членот може да извршува повеќе функции. Оние функции на членот кои можат да ги вршат и други морфолошки средства (на пример показната и анафорската функција можат да се изразат и со заменки) не се примарно обележје на семантиката на членот. Функции кои се карактеристични само за членот се: изразувањето на ситуациска определеност, т.е. случаите кога членот преставува обележје на ИГ со референти идентификувани in absentia и употребата на членот со генерично значење, т е. кога членот го определува како познат целиот генус, а не само поединечни претставници (Тополињска 1979: 39). Поаѓајќи од ваквата дефиниција, членските морфеми на *-ов* и *-он* во македонскиот стандарден јазик не извршуваат чисто членска функција, туку нивната употреба останува во сферата на функциите на показните заменки. Ситуацијата во вратничко-полошките говори малку се разликува од онаа во стандардот. Во вратничко-полошките говори сретнавме неколку случаи со употреба на членската морфема *-ов* со значење што му се доближува на чисто членското. Примери: *Житово у-ј'есен кат-ќе-п'очнеме да-'ореме, таќе се-в'икаше тоа, семе-в'адене и кој-ќе-иде д'ӑнӑсќе да-'оре се-н'осеше р'уча̣к...* (СтС); *Чим ќе-г-ут'епа̣а тој, одма г’и-з'ема бр'аќата, ги-з'емаа д'ецава, не-и-д'а̣ва̣а и ако с-'омужи сн'аата не-и-д'а̣ва̣а, туе ќ-остана.* (Т); *Па на..., смо-'ишле да-се-к'упемо, с'акамо мие горном'ааўци да, др'угиве н'е-ишле од-д'а̣леку.* (Т). Слична употреба на членот *-ов* се сретнува и во други говори од западното наречје, пр. во Гостиварско: *Си бил некој стар чоек со едно внуче. Стариоф сакал да го однесет внучево да се учит.* (Поповски, 1970: 64). Сепак, треба да се нагласи дека во погоре наведените примери се работи за замислено пространствено определување на предметот којшто доминира во говорот во дадениот момент. Оттука, можеме да констатираме дека во вратничко-полошките говори, слично како во некои западни говори (сп. Видоески 1957: 65), се сретнуваме со употреба на членската морфема *-ов* (некаде и на *-он*) која се приближува до чисто членското значење карактеристично за *т-*, но за попрецизни заклучоци потребни се поопстојни истражувања на терен на цела територија каде што е регистрирана оваа појава. Во секој случај со ваквата употреба на членските морфеми, вратничко-полошките говори припаѓаат повеќе на западните говори отколку на поисточните северни говори (сп. Видоески 1999: 219). Инаку членската морфема *-ов* нормално се употребува со пространствено значење: *Д'ецава ми-б'еа р'одени, четириес'осма смо-м'ие з'емени.* (Т); *Како-с'еа л'етово, оваја-г'одина што-'умреле у-Р'о·тинце љ'уди у-ниедн'о-село не-'умреле п'оі̭ќе љ'уди, оваја-г'одина, што-пр'ојде м'ислим.* (Р); *Ова од-'овдека б'ило н'атамо све 'орман, она онамо Пр'аі̭ца што-о-в'икаа б'ило н'аше ст'аро тоа, Пр'аі̭ца, а 'ова од м'остов н'атаму, п'утоф што-д'р̥жи како до-к'уќана, на-кр'ај што-е, рибарн'ицана га-зн'аеш онја р'ибарон што-е, Ст'ојче, тоа н'атамо б'ило све р'аќита, в'р̥бе таќе, г'р̥мотен, в'р̥бе и ка-ќе-и-п'ушта од'-овде к'озари дв'ајца, от-с'елово од-ов'а-село, аљи, и-од-друг'о-село, од-'овде ка-ќе-и-п'ушта и ќ-'ида по-п'ут н'атамо, к'озете ќ-'ида с'ами н'агоре.* (Р).

Сега ќе дадеме примери на употреба на членот *т-* во вратничко-полошките говори: *Туе б'ило с'елото, за-време турско кога го-нап'адале с'елото, јан'ичари, т'урски ар'амије, с'елото г-*

ун'ишт̄иле ст̄'о п̄'ост̄о. (БТ); *За-вр'емет̄о б'уг̄арско, с'елот̄о ни-'изг̄оре, од-нес'акани п̄р'ичине, ч'ист̄еі̭ќи, с'ељанин 'едан, п̄р'олет̄но вр'еме, ш'умат̄а г̄а-зап̄'аљуе, д'увнуе в'ет̄ар, т̄'оа б'ило за-вр'еме, п̄р'олет̄но вр'еме, В'елиќи п̄'ос.* (БТ).

Од примерите можеме да констатираме дека членот *т̄-* ги обележува: а) ИГ употребени анафорски, т.е. ИГ чии референти биле спомнати во текстот (или пак биле спомнати нивни роднини, делови од тело, т.е. елементи кои автоматски се идентификуваат во однос на друг идентификуван референт) или б) ИГ чии референти во дадената ситуација однапред им се познати на соговорниците како резултат на заедничка културна зона, заедничко минато и сл. (таков е примерот со *ш'умат̄а*). Генеричната употреба, што е една од функциите на членот *-т̄-* во македонскиот стандарден јазик се сретнува и во вратничко-полошките говори: *'Алват̄а, се-п̄р'аеше, у-вр'ела в'ода т̄'ураш бр'ашно ч'енкарно, не-се-т̄'урало со-л'ојца н'ег̄о со-р'ука и н'екој м'еша, ако н'емаш к'ој-да-т̄и ... с'ам со-една-р'ука т̄'ураш и м'ешаш со-сук'алот̄о и ка-ќе-п̄'очне в'ише да-се-заг̄'уснуа н'е-т̄ураш бр'ашно с'амо м'ешаш, м'ешаш, м'ешаш,..*(СтС).

Во вратничко-полошките говори членската морфема на *-т̄-* може да се употреби и со пространствено значење и во тој случај нема вистинска членска функција: *Дај-ми-г̄а т̄орбат̄а!* (со значење 'таа торба што е до тебе').

Главно со пространствено значење се употребува и членската морфема *-он: 'Онаму 'имамо з'абел кеі̭-шт̄о-е-шк'олоно, з'абел, т̄оа ми-к'ажуал, Кр̥ст̄'ов-Забел 'ијамо мие т̄'амо њ'ива, т̄амо ка-се-нас'елило с'елово.* (Р).

Удвојување на експонентите на определеноста од типот *Тој чојкот̄ п̄ак дојде;* се сретнуваат и во вратничко-полошките говори. Се работи значи, не за апозитивен атрибут (во тој случај би стоела запирка зад показната заменка), туку за вистинско удвојување на определеноста при што ИГ ги опфаќа во иста конгруентна низа и долгите и кратките форми на показната заменка. Примери: *'едан от̄-т̄'иа бр'аќат̄а е-з'аминат̄ за-Бр'езно, од-Бр'езно е-сл'езен у-Гл'оѓи...; и ш'арено т̄оа д'р̥вцет̄о, ка-з'уп̄чина нап̄р'аено со-н'ош.* (СтС); *ама 'овја младож'ењава, љ'уди т̄'ӑг̄аја со-маг̄'арија, со со со-кол'есници, со-к'оњи, г̄-'исп̄раќал п̄ријат̄'елит̄е,; 'Овја му-в'ика др'уг̄ароф:..* (Р); *Дв'а в'ола у-т̄'иа м'алине, 'оноа колесн'ицине,..* (Г).

Оваа појава може да се објасни семантички бидејќи се работи за обновување на експонентите на референцијалната определеност. Кај ИГ кои се во номинативна позиција ако се тема на исказот, знаеме дека се граматикализира употребата на членот. Така се појавила потреба да се обнови показателот на референцијалната определеност со воведување и на показната заменка. Впрочем, системот од удвоен предмет што функционира кај ИГ во дативен и акузативен однос, можел да повлијае вакво удвојување да се појави и кај именската група која е во меѓузависен однос со предикатот, т.е. во номинатив. На крајот, и во ситуации кога мотивот можеби е експресивно истакнување на дадената ИГ, наједноставно решение е воведување на показната заменка. (Тополињска 1997: 208).

Освен со показните заменки и со членот, идентификувачкиот карактер на дадена ИГ може да се изрази и со т.н. метапредикати од типот *сиот, цел, полн* или *истиот тој, самиот тој* кои, употребени со конститутивниот член на ИГ укажуваат на екстензијата или на интензијата на ИГ, т.е. дека дејството изразено со предикатот се однесува на целото множество на референти означени со конститутивниот член на ИГ, или дека токму тој референт идентификуван со констутутивниот член на ИГ е опфатен со дејството изразено со предикатот, а не некој друг. Овие метапредикати, стојат надвор од самата ИГ и затоа се наоѓаат или на самиот почеток на ИГ, или во постпозиција како апозитивни модификатори (Тополињска 1997: 209). Примери: *...а м'ие св'ите г'оре дејч'ињава, некој̯ дв'а̯есе, свите г'оре раб'отамо.* (Т); *...тија-њиве, све са тиа турски.* (Р). *И ст'ока, л'ично нас н-изг'ореле сед'умдесе ј'аганци.; ...баба-ми п'едесе-ш'иесе п'осто б'ил’а изг'орена, а ја л'ично сум-га-гл'едал к'ога г'ори, ама сум-б'ил м'алав, д'ете, тр'и-ч'етири г'одине, прен'есена е-во-Ск'опје и оздрави.* (БТ). Како што се гледа од последниов пример, со ваква функција се употребува и прилогот *лично*.

Именски групи со неидентификуван референт

Именските групи со неидентификуван референт не се едноставен лингвистички проблем. За разлика од ИГ со идентификуван референт каде што идентификацијата на референтот на кој се однесува ИГ (а за што условот е таа да претставува определена дескрипција) претпоставува согласност на говорителот тој референт да го гледа како постоечки ентитет (Тополињска 1997: 214), кај ИГ со неидентификуван референт ситуацијата е многу посложена. Кај ваквиот тип именски групи постоењето, односно непостоењето на референт на кој се однесува дадената ИГ зависи од временската локализација на предикатскиот израз, односно кога имаме реченици во сегашност или минатост непределената ИГ е референцијално употребена, а ако се работи за идност тогаш таа е нереференцијално употребена. Оттука, ние ќе тргнеме од лексичките показатели на неопределениот карактер на ИГ и ќе ги толкуваме можностите за изразување на овој тип ИГ во вратничко-полошките говори. Треба да го истакнеме уште и фактот дека ИГ со неидентификуван референт кои содржат во себе лексички показатели на неопределеноста, посочуваат индивидуализирани елементи на општото множество, за разлика од ИГ со нулти показател, кои најчесто се во генерична употреба. Во вратничко-полошките говори, како што е и во стандардниот јазик, освен ИГ со нулти показател, генерично значење може да има и членувана ИГ (види ИГ употребени генерично).

Во македонскиот стандарден јазик, а ситуацијата е иста и во вратничко-полошките говори, има три типа неопределени заменки: 1) тип *некој* кој носи информација дека говорителот не знае да го идентификува посочениот предмет; 2) тип *еден, друг̄* со информација дека говорителот не сака да се изјасни дали го идентификува посочуваниот објект, и 3) тип *кој било, кој и да е* со информација дека не постои таков елемент на идентификуваното множество што не би можел да биде референт на дадената ИГ. Како конститутивни членови кои се инхеретно маркирани како индивидуализиран неидентификуван референт кај неопределените дескрипции се јавуваат само членовите на една затворена група неопределени заменки (*нешт̄о, некој, некојси* и сл.), додека кај другите ИГ со неидентификуван референт, најчесто конститутивниот член е необележен, а соодветната информација за неидентификуваноста ја носи дополнителен член кој е најчесто заменска определба. Во примерите подолу во текстот ќе ги разгледаме ИГ конституирани и од неопределени заменки и од некој немаркиран конститутивен член со неопределени заменски определби во вратничко-полошките говори.

Објективно неопределените ИГ најчесто се изразуваат со неопределената заменка *некој: И п̄'онадоле на-н'екое м'ест̄о н'аоѓа* *ж'аба, г̄'олема. Фап̄! п̄'ика у-т̄'орба. П'ут̄уајḱи, п̄'ут̄уајḱи, к'оњ н'екој. Рече:... му-се-ст̄'ӑмнило и ḱ-'ие у-некоа-к'уḱа ḱе-сп̄'ие, овја; Тaја м'ириши, има ч'уек н'екој. И л'амјава в'аѓа некоа-в'ӑшка, онаа.. Оваја оḱ'инуе н'екое л'акно, И р'ат̄, ме'ут̄оа, от̄-кр'аљот̄ некој-бл'ижни р'однина,..* (Г). Кај ваквите ИГ најчесто се работи за референт што не му е познат на говорителот. Во примерите што ги наведовме, *некој* се јавува како определба на именката која е конститутивен член. Се сретнуваат и примери каде што *некој* самостојно ја конституира ИГ со неидентификуван референт: *...н'екој т̄'амо г̄л'авен да-п̄р'евиди шт̄о т̄р'ебе за-т̄'урско да-се-д'аде...* (БТ); *Н́е-смеел н'икој д'ома да-д'онесе ни-сл'амка,..* (БТ); *...му-р'екал н'екој шт̄о-ḱе-н'аеш п̄о-п̄'ут̄ з'еми-г̄о. „М'ајкат̄а - рече - до-с'еа ова н'икој - рече - сеа 'овја ш'о-јунак ḱе-б́иде овја да-ме-ј'аде м'ене“ За-вр'еме на-п̄'р̥ва св'ет̄ска в'ојна бил н'екој, не н'екој, н'ег̄о Ст̄'ојан бил од-Д'оброшт̄е, г̄о-п̄'амт̄а љ'уди.* (Г); *...шо-ḱе-д'ојда да-д'онеса н'екој̯ за-ш'иење.* (Т); *...не-се-т̄'урало со-л'ојца н'ег̄о со-р'ука и н'екој м'еша,...* (СтС).

Освен *некој,* во текстовите од вратничко-полошкиот регион се сретнува и формата *некојси* која носи информација дека говорителот не знае да го идентификува референтот, но и дека таквата информација не е важна за текстот: *...некој-си М'иле шт̄о-'избег̄ал от̄-Ч'умат̄а; од-н'екој-си п̄'аша, ж'ивел у-Н́ерашт̄е,..* (СтС); *...некоа-си п̄'ара т̄'урска т̄оа б́ила...* (СТС); *...н'екој-си т̄иа ст̄'арит̄е, ḱе-п̄р'ат̄а т̄амо ḱе-п̄р'ашаа д'еи̯чево, са̣м-д'оша̣л еве с̣р'ојник за-фиљ'ан м'ест̄о.* (Р).

Објективно неопределени, т.е. со позитивна информација дека говорителот не знае да го идентификува референтот, се и именските групи конституирани од заменката *нешт̄о: ...к'ој ḱе-се-ж'ени, знач'и, да-му-б́ида 'они н'ешт̄о,; ...или да-п̄р'е°блече н'ешт̄о.* (Р); *И од-лип̄а, лип̄а има ама мл'ог̄о малце д'алеко-е у-п̄л'анина г̄'оре шт̄о-'има н'ешт̄о.* (СтС).

За лексемата *еден* знаеме дека во македонскиот јазик врши функција на неопределен член. Слична е ситуацијата и во вратничко-полошките говори. Овде ḱе дадеме примери од користените текстови во кои *еден* навистина има членска функција (а не бројна): *...ка г̄л'еам од-една-к'уḱа 'искоча п̄'оп̄ со-м'ант̄иа.* (Р); *Едни-ч'орап̄е 'овде ве, до-'овде, као с'р̥ма, к'ои̯знае к'ако да-т̄и-к'ажем, и овде со она...* (Л); *...зат̄оа шт̄о 'едни в'икаа ј'еп̄ирит̄е не-се-в'иѓаа н'оḱум,..* (Г); *Ја-се-с'еḱаам за-'едни л”уди, д'ет̄е сум-б́ила и м'ајка-ми в'ика како-ḱ-'идет̄е т̄'ак’е у-л”удиве т̄'амо да-п̄р'ашат̄е.* (Т).

Од примерите се гледа дека со *еден* се врши индивидуализација на објектот којшто е посочен со дадената ИГ, но не и негова идентификација. Слична индивидуализирачка функција извршуваат и броевите, па затоа ИГ со бројни определби по дефиниција ги толкуваме како непредикативни. Од кажаново произлегува дека двете функции на *еден*, членската и бројната, се преклопуваат и се доближуваат на некој начин.

За субјективна неопределеност во вратничко-полошките говори се употребува и лексемата *фиљан* како во следниов пример: *Кого да-пр'ашаш у-с'елово к'еі̯-седи фиљ'ан-чуек, ќе-ти-р'еча тамо у-Мат'иче·і̯ т'амо тр'ажи-га.* (Р). Значењето на оваа заемка од турскиот јазик (тур. филан/фалан) е дека 'тој и тој е идентификуван за оние чии зборови се прекажуваат, но експлицитно неименуван во текстот' (Тополињска 1997: 222).

Лексемата *друг* не е вистинска неопределена заменка. Таа функционира главно во опозиција со некој друг објект, претходно споменат, а можеби и веќе идентификуван. Пример: *За-фт'ораче смо-'ишле, м'о·ата генер'ација и-други, во-Лешок.* (БТ); *Ако е у-друго село, св'адбата, мислим н'е:стата од-др'уго с'ело, со-к'оњи тр'оі̯ца ќ-'ида н'апрет едо пола саат, тиа муст'улџие се-в'икаа,..* (БТ). *У-с'елото али ќ-'остана п'ет д'уше или д'есет или не и тоа ст'арци кoі̯ -н'е-можа д-'отида, друго све тамо ќе-б'ида, Ј'езеро, таке било.* (БТ); *Ќе-з'емеш што-м'ож да-ѓ-'истерам от-пч'елете со-п'ушаљка, праемо на-вр̥ӑв на-кош'арката одозг'ора 'отвор и д'уамо со ... и ќе-изл'ага̣в они ќе-ул'агаў у-друга-к'ошарка нам'ачкана со-м'ет пр'азна.* (СтС).

Освен посочување на неопределени елементи од општите подмножества, како кај досега наведените примери, јазикот располага и со средства за посочување на неопределени подмножества од општите или определените множества. Има два типа такви средства: 1) за издвојување на само две подмножества или 2) без конкретна информација колку подмножества можат да се издвојат. За издвојување на само две подмножества се употребуваат заменките *еден* vs *друг*. Примери: *...мора 'едниот да-и-д'онесе д'ома па-и-др'угиот да-им-ги-д'онесе д'ома тиа д-'отиа н'агоре.* (Р); *'Едниоф, зн'ачи тр'ојца б'иле, 'едниоф вика: „Слушај! ја-ќе-б'егам, в'ии шт'о-збора, ќе-а-п'аља“, тој др'угиов в'ика: „И-ја - рече - ќ-'излезем“,..* (Г); *Едни д'ошле на-В'ардар в'ода п'ија, г'оі̯да, а 'едни 'уште г'оре ќе-сл'агаа полаку-п'олаку.* (Р); *И тој ем-в'икал на-*

ротинч'аниве, ама стари са-т'иа 'одамна са и-из'умрени, ја 'едни сạм-ги-з'атекạл едни не-сạм-ги-з'атекạл. (Р). Од последните два примера може да се заклучи дека издвојување на само две подмножества во овие говори може да се употреби само заменката *еден,* се разбира употребена два пати.

Регистриравме и интересен начин за издвојување на елементи од општото множество со помош на турцизмот *башка* (види: турцизми): *Ама тоа-м'аало 'имало б'ашка г'оі̯дари. От-К'уцара н'аамо 'имало дв'ајци б'ашка г'оі̯дари Зл'атан и Гого, на-Ќ'уфлија дедо.* (Р).

За издвојување на неопределен број подмножества се користи како средство повторувањето на заменката *некој*: *П'онапрет бр'але овде бл'изу со-с'ање па-ќе-б'ера, н'екој пос'ирома некој п'обогат, сега кӑі̯-с'акаш м'оеш д-'иеш у-Ж'едạн.* (Р); *...р'иба, н'екој ф'аќал од-овде, некој ќе-си-к'упи р'иба, к'омпир, само к'омпир овде п'онапрет слабо и-се-с'еало,..* (Р).

На крајот ќе истакнеме еден пример со заменката *како-б'ило* со информација дека не постои таков елемент на идентификуваното множество што не би можел да биде референт на дадената ИГ: *...било како-б'ило ама т'аке се-ч'екало, а не како-с'еа,..* (Р).

Именски групи употребени генерично

Под именски групи употребени генерично ги подразбираме оние со кои не се посочува конкретен референт во стварноста, ами се именува множество на референти на кое припаѓа и поимот означен со дадената ИГ. Значи службата на овие групи е сведена на конотација, а не и денотација. На кој начин во вратничко-полошките говори се градат ИГ со генерично значење? Тоа се истите начини како и во стандардниот јазик: 1) прниот начин е со ИГ без член, која се разликува од оние групи кои го содржат неопределениот член *еден* (и со кои се врши индивидуализација на референтот), примери: *...па-ќе-д'ојдеше т'ерзие...* (СтС); (а не поштар или водоводџија), наспроти *...'идоа 'имаше 'едан т'ерзија...* (СтС). И во двата примери ИГ е употребена референцијално, т.е. се однесува на определен референт, но во синтагмата без *еден* референтот не се посочува, туку само се нагласува дека тој припаѓа на дадено множество (множеството терзии во конкретниов случај); и 2) вториот начин е со ИГ со членската морфема *т-*, којшто го забележивме и во вратничко-полошките говори: *...з'ашто од-'офцата смо-ж'ивеле.* (БТ).

Сега ќе наведеме повеќе примери за генерична употреба на ИГ со нулти показател: *А и п̄лус т̄оа н'емало фриж'идери, н'емало и мие п̄'оі̯ќина, знаеш месо се-куп̄'уало, п̄р'асиња, т̄'елиња се-кл'ало...* (Т); *Р'омани ч'ит̄аше т̄'ат̄ко-ми, мл'ог̄у љ'убеше да-ч'ит̄а р'омани,..* (Т); *Се-с'еело к'оноп̄ и лан за-да-с-'ист̄кае 'осноа и да-с-'ист̄кае ј'ут̄а̣к к'оноп̄ни.* (СтС); *'Инаќе за-м'анце се-п̄р'аі̯ло, значи како-шт̄о-р̥'еков ако е-м'р̥с, се-п̄р'аело м'анца од-м'есо.* (Р).

Со нулти показател на референцијалната карактеристика се јавуваат и називите на единици на мера кои се поврзани на други ИГ од типот: *...ш'ише р'акија...* (БТ); *...т̄'они, т̄'они ќ'ут̄ек...* (Р); како и (од)глаголските именки во перифрастичните предикати од типот: *води ат̄ер* (сп. *Ст̄'ојан Д'р̥жаа р'ачуна 'водат̄а 'ат̄ер ќе-му-в'оди.* (Г). Всушност, кај овие примери се работи за предикатски содржини чија форма дозволува внесување во позиции наменети за ИГ, но кои во конкретниот текст не можат да бидат актуелизирани, па се употребуваат заедно со надградениот предикат што е како таков способен за актуелизација (Тополињска 1997: 225). Исти карактеристики имаме и кај подвлечените ИГ во следниве примери: *П'ап̄унка т̄'оа-је, т̄'аќе г̄у-д'елеле на-п̄'ап̄унка од-г̄'оі̯дат̄а, дел у-ф'орма на-п̄'ап̄унка.* (СтС); *Ги-вап̄с'уаа у-б'оја од-љ'ушп̄е од-'ори,* (СтС); *Тоа е-к'удеља од-др'ен или од-ј'асен,* (СтС).

Генеричната употреба на членската морфема претставува вторична појава во развојот на членот и во дијалектниот израз се среќава поретко, зашто е одраз на поапстрактен начин на размислување. Во текстовите собрани на терен најдовме еден пример: *Би'олскат̄а к'ожа најд'ебела и оп̄'анцит̄е се-п̄р'аеа д'ома,..* (СтС).

Меѓу ИГ со генерично значење има разлика во информацијата што ја даваат меѓу оние со нулти показател и оние со членска морфема. Имено, тие ИГ што се со нулти показател укажуваат само дека постои таква единка означена со дадената ИГ која му припаѓа на соодветното множество елементи (референти во природата или замислени поими). Со исказот, пак, во кој имаме ИГ со членска морфема генерични употребена, најчесто се даваат квалификации, упатства што важат за сите припадници на даденото множество што е означено со таа ИГ. Па така, во погорниот пример *з'ашт̄о од-'офицат̄а смо-ж'ивеле* (БТ) , констатацијата што се дава во овој исказ важи за сите такви единки од тој крај, а не за една единка што припаѓа на тоа множество. Во примерот пак, *...знаеш месо се-куп̄'у̣ало, п̄р'асиња, т̄'елиња се-кл'ало...* (Т), се кажува дека информацијата дадена во исказот важи за повеќе единки од семејството *п̄расиња* или *т̄елиња*, но не значи дека важи и за сите постоечки такви единки. Оттука ни се наложува заклучокот дека можеби членот кога е во генерична употреба не е без семантичка улога, тука тој „како да ја проширува предикацијата на целиот генус на цела една класа на нештата." (Тополињска 1997: 226). На крајот, како констатација ќе кажеме дека со генерична употреба во вратничко-полошките говори почести се ИГ со нулти показател, зашто тие можат да се употребат и во функција на припишување на предикација на целиот генус како во примеров: *Се-с'еело к'оноп̄ и лан за-да-с-'ист̄кае 'осноа и да-с-'ист̄кае ј'у̣т̄ạк к'оноп̄ни.* (СтС).

Релативна реченица

Во улога на дополнителен член на јадрената именска група може да се појави реченична конструкција односно т.н. релативна реченица. Релативната реченица всушност прикажува некаква состојба чиј учесник е референтот на ИГ чијшто дополнителен член е токму таа релативна реченица. Со други зборови, појдовниот аргумент во релативната реченица е „идентичен со аргументот на надредената реченична структура оформен во ИГ во кој се вградува релативната конструкција" (Тополињска 1997: 162). Затоа, при градењето на релативните реченици, местото резервирано за појдовниот аргумент се блокира со семантички празни супститути (т.н. релативни заменки) кои претставуваат и конектори односно средства за акомодација на релативната реченица кон определената од неа ИГ.

Во вратничко-полошките говори како и на целата македонска дијалектна територија универзален релативен супститут - конектор т.е. relativum generale е заменката *шт̄о*. Но, поради фактот дека *шт̄о* е максимално немаркирано (среден род, еднина, нулти показатели на падежен однос), кога оваа релативна заменка се јавува како средство за прилагодување на релативна реченица кон ИГ која не е во номинативен однос, ами во некој друг падежен однос, се јавува потреба да се сигнализираат функциите што таа ИГ ги врши во дадената реченична конструкција. Затоа, често, со ваква функција на изразување на категоријалните карактеристики се јавуваат категоријално маркираните заменски клитики кои заедно со *што* го покажуваат падежниот однос. Кои заменски клитики најчесто се појавуваат во вратничко-полошките говори, ќе видиме во примерите што следуваат.

Најпрво ќе дадеме примери во кои со релативната реченица се изразува номинативниот падежен однос (меѓузависност на глаголскиот предикат и именската група која претставува појдовен аргументски израз): *Не:, гости на-славата доаѓа̣а т'иа-шо-са̣ виз'ита̣ри, на-в'изита, а па најбл'иските у'очи сл'авата...* (Т); *Стар'е-Село, п'р̥вите л’'уди што-ж'ивеле, ж'ивеле едно четир'иесет м'инута 'изнат сега дека-се-н'аоѓа Стар'е-Село.* (СтС)*; От туе 'имамо м'есто што-се-в'ика Тарај, С'едло, Радоп'ојато,..* (СтС)*; ...дали тоа пр'ема к'аменот што-е, ц'р̥н р'ударсќи к'амен...* (СтС); *Ми-з'еде н'осиа ц'ела, н'ошн’а и к'р̥па и јелече ваќе шо се-н'осело.* (Л).

Освен со *што* релативна реченица во номинативен однос сретнавме и со *кој(што)* во следниве примери: *...ама у-бл'изина има К'арацин Ст'уденца̣ц се-в'ика, 'извор к'ојшто н'икада не-прес'ушуа, в'одата е мл'ого ст'удена, а бл'ага-е за-п'иене.* (СтС); *И ни-је-преп'исано 'ијамо т'апија т'урска све, кој дӑн-д'ӑнӑсќе в'ажи.* (СтС).

Сега ќе дадеме примери со нула во позиција на релативизирана ИГ: *П'осе тоа со-с'ицим, кој-'имал п'аре да-к'упи с'ицим ќе-к'упил од-ј'ужари от-Тето:. Кој-н'емал д'ома от-к'онопа̣т или от-л'ӑна̣т ќе-напр'ае·в с'ицим, ќе-г-ус'уче·в у-ч'етири у-п'ет и со-т'оа се-п'раеа ќе-се-с'ӑплете оп'анака̣т и с-ост'аљаа*^{ф} *таќе нар'ечени 'опутке.* (СтС). Од примериве убаво се гледа дека фактички се работи за празна релативизирана ИС, па употребата на *кој(што)* е неопходна за да укаже на фактот дека со релативната реченица се посочува на некое лице кое претходно не се појавува во текстот.

Акузативниот однос при употреба на relativum generale во вратничко-полошките говори се изразува на следниов начин: - *За-ридо:и̭ можем да-ти-кажем све ја што-сам-ги-прошал и са̣м-ги-прегазил шо-се-вика у-мои̭те године, можем да-ти-кажем све. па-имамо Колов'озиште тамо, кеи̭-што-и-бр'афмо д'р̥вата сеа мие.* (Р); *Една при'ател’ка от-сфек'р̥ва-ми ќ'ерка шо-'имала па сн'аа е н'еи̭зина вика...* (Л); - *Мл'огу, мл'огу, как'о-не, от-сфегде, при'атели шо-смо-'имале от-сф'егде.* (Л); *...кумот шо-се-з'акуми сеа С'аше и-'они П'етковден 'имале, е-мл'адите шо-г’и-в'енча,..* (Т).

Како што се гледа од примериве, акузативниот однос кај релативните реченици се изразува најчесто со *што* и со кратките заменски клитики за акузатив: *ме, те, го, е, нас, вас, и//ги.*

Дативниот однос во релативните реченици во текстовите што ги имаме на располагање не се сретнува.

Инструменталниот однос во релативните реченици во вратничко-полошките говори се изразува на следниов начин: *...кумот̄ шо-се-з'акуми сеа С'аше и-'они П'ет̄ковден 'имале, е-мл'адит̄е шо-г̄'и-в'енча,..* (Т).

Како што се забележува од примерот, инструментален однос во релативните реченици се изразува без посебни средства кои ќе ги изразат категоријалните карактеристики на релативизираната ИГ, ами само со употреба на *шт̄о,* а до двозначност не доаѓа затоа што најчесто релативизираната ИГ што е во инструментален однос означува некој предмет на кој нормално не може да му се припише дека самостојно врши некое дејство. Но ако се работи за човек како во првиот пример, се гледа дека може да дојде и до не многу јасна реченица, но затоа информаторот во овој случај прибегнал кон дополнително објаснување во следната релативна дел-реченица во која имаме изразување на акузативен однос.

Локативен однос во вратничко-полошките говори се изразува со *каде шт̄о* кое во овој говор се изговара скратено како *кӑј шт̄о// к'еи̯-шо* или само со *шт̄о*, и со прилогот за место *дека: ...к'ои̯знае ка-с'е-вика ова м'аалово мие к'еи̯-шо-смо н'е-знаем.* (Л); *Чекаи̯ - реков - 'Анг̄еў, да видим п̄р̥во п̄ут̄оф шо-сум-'шила за-на-ст̄ар-м'анаст̄ир.* (Л); *П'осле до'аѓамо раск'р̥сница п̄о-'оноо и Тр'омеѓе шт̄о т̄'уека е-г̄ран'ицат̄а 'измеѓу Ст̄ар'о-Село, Горно 'Орашје и Рог̄'ачео.* (СтС); *'Уг̄оре Р'уп̄а, Р'уп̄а т̄'амо г̄а-в'икамо, лив'адет̄е дека-н'и-са.* (БТ); *...ст̄'окат̄а дека сп̄ие ќе-т̄'ура г̄р'анчиња,.* (БТ); *Мие смо-'шиле п̄о-б'иљке млог̄у д'алеко, дека викамо 'Извор, Селишт̄а, Ц̦р̥веник, п̄о-н'екои̯ т̄р'афке смо-'шиле да-и-б'еремо.* (БТ); *На-д'ăнот̄ Ѓурѓовден ст̄'арит̄е љ'уди, б'иљкет̄е п̄рет̄-сл'ăнце ќ-'излеза ќе-з'ап̄от̄на б'аф-чет̄е, ст̄'окат̄а дека сп̄ие ќе-т̄'ура г̄р'анчиња, п̄р'ет̄ сл'ăнце т̄оа да-г̄и-з'ап̄от̄на, т̄оа.* (БТ); *...ка̣ј-ќе-и-ср'ижемо офцет̄е, с'илин, др'ен вр'ат̄лика т̄иа у-в'едро дека-смо-и-м'ăлзале 'офцет̄е, п̄'ăлно со-в'ода и т̄оа б'иљќет̄е и ка-ќе-и-оср'ижемо 'офцет̄е ќе-г̄и-п̄оп̄рăск'уемо.* (БТ); *'от̄п̄ад дека-се-ф'ăрља и љ'ег̄нал да-сп̄'ие, н'ајаден.* (БТ).

На крајот на овој краток преглед на релативните реченици во вратничко-полошките говори ќе го истакнеме фактот дека тие претставуваат добар пример за тоа на кои начини говорителот се труди да му ја дообјасни ИГ на соговорникот. Токму затоа, во овој избор на примери не ги издвоивме оние што се нерестриктивни од рестриктивните релативни реченици.

Апозитивни определби

Под апозитивни определби ќе ги разгледаме именските групи кои ја определуваат основната именска група, но не се граматички зависни од неа, ами се конгруентни со неа по граматичка зависност, т.е. по падежен однос. Многу често, основната ИГ, ако е маркирана по определеност не може да прифати „обични“ определби и токму тука апозитивната определба се јавува како најдобра варијанта за доопределување на таквата ИГ, зашто содржината што ја формализира апозитивната определба се наоѓа надвор од доменот на референцијалниот квантификатор што ја доминира определуваната ИГ (Тополињска 1997: 227). Во нашите текстови најдовме навистина голем број примери со апозитивни определби. Најпрво ќе ги издвоиме оние кои доста често се среќаваат во текстовите собрани на терен, а тоа се именски групи со конститутивен член именка во функција на апозитивни определби на други именски групи: *..т̄оа н'ат̄амо б'ило све р'аќит̄а, в'р̥бе т̄аќе, г̄р̥мот̄ен, в'р̥бе...* (Р); *Он т̄'ат̄ко-му му-к'ажуал н'ему, на-т̄'ат̄ко-му на-Тр̥п̄кот̄а му-к'ажуал т̄оа, Б'ог̄оја, се-в'икаше.* (Р); *...т̄иа беа к'ако п̄олу м'есец п̄р'аени, ст̄олч'иќит̄е, п̄олу кр'ук т̄'аќе.* (СтС); *К'ада влад'еала ч'ума, болес,..* (СтС); *...од-д'оле сум, к'уќава к'аришц̯а т̄аја кеј̯-дуќ'аниве, т̄ај'а-куќа 'оздола,..* (Л); *...т̄'ог̄аја, ѓерд'анчиња, п̄'р̥ст̄ење, т̄аквиа-р'абот̄е,..* (Л); *Јаб'анцие до'аѓале со-ч'езе, со-к'оњи, п̄а-на-ноќ'ешт̄е 'шиле 'од-вечер, ут̄ре сл'ава од-в'ечерт̄а ќе-д'ојда.* (Р).

Во текстовите сретнавме и повеќе примери со апозитивни именски определби, како определби на заменски ИГ, а кои се разликуваат од сличните такви примери во кои имаме дуплиран референцијален показател (види ИГ со идентификуван референт) според начинот на изговор со пауза: *...они в'икаа мур за-п̄'ечат̄, со-мур т̄'урска 'онаа, т̄'урска т̄'ап̄ија 'имаа.* (Р); *Ношн’а у-Фр'анциа, у-онаа, у-муз'еј̯ т̄а'мо ш'о-знаем.* (Л); *...т̄иа 'от̄оде, Р'еканке мие смо-и-в'икале,* (Л); *До-н'ег̄де г̄о-зн'аем т̄'оа, п̄'есн’ат̄а.* (Л); *Дв'е г̄одине т̄'уе сум-'шила, у-м'анаст̄ир.* (Л).

Освен апозитивните определби конституирани од ИГ со именка како контитутивен член, под апозитивни определби ги подразбираме и придавските модификатори кога се во функција на нерестриктивни определби, а што може да се утврди со помош на паузата во звучниот запис на материјалот. Ќе наведеме неколку примери од нашите текстови: *'Обични 'округло ни-беа тр̥п'езете и ст'олчиќи, м'алии св'ите, тр'и н'оѓе, т'аќе од'оздоли тр'и н'оѓе,..* (СтС).

Во вратничко-полошките говори со функција на апозитивна определба на основната ИГ често се јавува и глаголската придавка: *...ж'енско б'еше, пром'енено, у-в'ăстан пром'енето и ќ-'иемо да-о-кр̥шт'еамо,..* (Л). Ваквата употреба на глаголската придавка е доста раширена и вообичаена и во стандардниот јазик (Б. Конески 1981: 445).

Сретнавме и примери каде што метапредикатите од типот *сиот, сите* се јавуваат како апозитивни модификатори, појава што се сретнува и во другите дијалекти (Тополињска 1997: 209): *...а м'ие св'ите г'оре дејч'ињава, некоі̯ дв'а̣есе, свите г'оре раб'отамо.* (Т); *Кл'ашинете, дома, бабете, мајќете, свите. В'у̣ната се-'дели, дом'аќинц̣ит што-б'ил у-к'у̣ќа ќе-гу̣-п'одели в'у̣ната,..* (СтС).

На крајот, можеме да констатираме дека се забележува тенденција на голема употреба на апозитивни определби во усна конверзација, при водење на разговор за секојдневни теми, каде што говорителот се труди да биде што појасен, за разлика од помалата употреба на апозитивни определби во приказните каде што во голема мера текстот на приказната е клиширан, со мали измени од страна на раскажувачот.

Комплементарни реченици

Во функција на аргумент на глаголскиот прирок на основната реченична конструкција, освен именски групи можат да се појават и комплементарни реченици. Ваков тип на аргумент бараат предикати од втор ред т.е предикати што означуваат мисловни процеси, глаголи што означуваат комуникација, со други зборови предикати што го одразуваат восприемањето и/или толкувањето на светот од страна на човекот. Често ваквиот тип на реченици во народниот јазичен израз нема посебен показател, туку комплементарната реченица се надоврзува директно на предикатот. Вакви примери сретнавме и во вратничко-полошките говори: *...д'оа̣ѓа б'абата от-п'азар гл'еда вр'атата отв'орена.* (БТ); *Когаі̯-д'оі̯доа Герм'анците, викам п'оу̣баі̯ љ'у̣ди н'емало.* (Л).

Сепак побројни се оние реченици каде што сретнуваме комплементарни оператори кои ја поврзуваат основната реченична конструкција со нејзиниот реченичен аргумент. Најчести се примерите со комплементарниот оператор *дека*: *...ќ-ида напрет да-ст'ора 'абер дека ида сфатоі̯те.; ...она-го-в'идела дека и-је-т'атко, а он не-га-п'ознаља.* (БТ); *...и му-кажуавмо дека е-в'одата к'исела 'опасна, онади,..* (Л); *Он р'ачуна дека-т'амо н'ема да-р'абота...* (Г); *...п'ареата поп'олако и в'ише ка-ќе-се-в'иди дека е-в'арен и се-р'астура бак'ардан̣цат.* (СтС).

Она што е впечатливо за градскиот тетовски говор тоа е употребата на комплементарниот оператор *ал'*: *...а она, она-зн'а̣е ал'-'има-овде ж'ена, он, и д'еца, знае, ама не, н'е-смее да-он'адуе, да-р'ече. Све, шо-им-ра̣б'отца̣ле тиа сл'угете, зн'аа ал'-са-богати, с'игурно, с'игурно.* (Т). Овој комплементарен оператор не го сретнавме во текстовите од другите вратничко-полошки села, но затоа го наведува Аритон Поповски во монографијата за гостиварскиот говор како еден од карактеристичните сврзници за гостиварскиот говор (сп. *Разбирам ал' му е тешко*; Поповски 1970: 94).

Во рамките на комплементарните реченици спаѓаат и сите индиректни прашања кои всушност се воведени со некое прашално зборче: *...т'аја ц'ела га-зн'аем, и к'оі̯знае како сум-га-зап'амтила и др'угиве,..* (Л); *...леле! в'икам какви са-т'иа за-н'ишто Б'угариве, а Герм'анците мл'огу б'еа он'адени.* (Л); *...и тоі̯ син-му шо-б'еше поп, како го-в'икаја сум-з'абраі̯ла,..* (Л); *Така е благ'уњаа за-п'иене, дали тоа пр'ема к'аменот што-е, ц'р̥н р'ударски к'амен, п'ошто у-бл'изина се-н'аоѓа и хр'омната р'уда.* (СтС).

СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА

Во рамките на сложената реченица ќе ги разгледаме речениците чиј конститутивен член претставува сврзнички предикат, односно предикат од трет ред и нивните кондензирани варијанти т.е. просто-проширените реченици кои се изградени од два реченични аргументи од кои едниот е изразен со матрична реченица конституирана од финитен глаголски облик, а другиот со трансформа која најчесто се состои од некој нефинитен глаголски облик. Најпрво ќе ги разгледаме речениците конституирани од сврзнички предикати, а потоа и оние со трансформи.

Конструкции конституирани од сврзнички предикати

Сврзничките предикати семантички претставуваат израз на релациите кои поврзуваат два настани „средени / корелирани во резултат на мисловните процеси на говорителот“ (Тополињска 1997: 9). Таквите релации формално се изразуваат со сврзник кој во дадената сложена реченица претставува сврзнички предикат и нејзин конститутивен член. Одделните настани за кои се зборува во дел-речениците на една сложена реченица говорителот може да ги доведе во различна врска: чисто асоцијативна, временска, причинска и др. Токму такви се и типовите сложени реченици чиј конститутивен член е сврзнички предикат: асоцијативни, темпорални, каузативни. Дел-речениците кои се поврзани со еден сврзнички предикат всушност претставуваат негови реченични аргументи.

Асоцијативна врска меѓу настаните

Конјункција

Конјункцијата е наједноставната релација која се изразува со сврзнички предикати, но затоа и најсиромашна семантички. Во дијалектните текстови таа е многу раширена токму заради овие свои својства. И покрај тоа што е сиромашна во поглед на информациите што ги донесува самиот сврзнички предикат, оваа релација им поставува и извесни барања на реченичните аргументи што ги поврзува. Прво такво барање е дека реченичните аргументи треба да бидат сукцесивно подредени, ако се работи за настани што се случуваат едно по друго (а не за синхронизирани настани), а информацијата за тоа е вградена во лексичкото значење на глаголските предикати или е дополнета со други содржини вградени во аргументските конструкции. Другите барања зависат и од типот на сврзникот што е употребен.

Најчестите сврзнички предикати кои изразуваат асоцијативна врска на настаните во вратничко-полошките говори се сврзниците *и* и *п̄а: Б'ег̄але, не-им-се-р'абот̄а и к'ăде, к'ăде, н'ашле у̣-п̄л'анина н'ег̄дека ка-у̣-јел'ошничка п̄л'анина и му̣-се-п̄'икнале у̣-б̄'ачило.* (Г); *'Овде-су̣м, 'овде чет̄ăр-г̄'одина и з'авр̥шиф п̄'осле шк'олот̄о.* (Л); *Ј'але шт̄о-ј'але и ост̄'анале т̄'уека и ј'але п̄ог̄'ачат̄а ј'але и 'изеле и рекла на-брат̄је...* (Л); *И младож'ењат̄а и св'ит̄е и т̄'ог̄ај ќе-д'ојде, п̄рст̄ење* *ќе-им-т̄'ури п̄'оп̄от̄ на-р'еон н'ејзин ш'о-е и п̄'ошо кăј ж'енскот̄о ида.* (Т); *...некоа-Р'ада 'убоо п̄'ошли, д'ејка ч'уала 'овце, к'озе на-вр'емет̄о и т̄'аќе п̄о-н'ојзино 'име се-в'ика Радоп̄'ојат̄о.* (СтС); *п̄а-ќе-д'ојдеше т̄'ерзие, 'идоа 'имаше 'едан т̄'ерзија Ст̄'аномир, от̄-Пр'изрен у-Вр'ат̄ница, п̄а-т̄ој 'имаше едан од-Ѓанчишт̄е 'идеше...* (СтС); *...н'ест̄ат̄а ќе-г̄а-'изнеса со-п̄емб'езари п̄а-ќе-а-к'ача на-к'оњ и со-к'оњ ќе-д'оі̯де.* (БТ); *...п̄а-со-шт̄ич'инкат̄а п̄о-г̄л'ава је-п̄ушт̄и кр'ăв, п̄'осле п̄а-г̄а-бр'ише.* (Л); *И з'емаа све, п̄ов'оркава т̄р'ăг̄нуа, ка-т̄р'ăг̄нуа, како-'овде ка-шо-'имамо с'еа д'уќан овде, н'екое д'уќанче и д'ошол кам'ион со-н'екоа р'оба раст̄о'араа.* (Г).

Адверсативна врска

Релацијата на адверсативност или спротивставеност која претставува комбинација од конјункција и негација, во вратничко-полошките говори се изразува со неколку сврзници. Најфреквентни се сврзниците *ама* и *а*, ситуација карактеристична и за соседниот гостиварски говор и за каршијачкиот говор (сп. Поповски 1970: 93; Цветановски 2004: 174): *Голема Д'убраі̯ца н'ема в'ода, ама у-бл'изина има К'арацин Ст̄'удена̣ц се-в'ика, 'извор к'ојшт̄о н'икада не-п̄рес'ушуа, в'одат̄а е мл'ог̄о ст̄'удена, а бл'аг̄а-е за-п̄'иене.; ...како коа фам'илија п̄'оі̯ќе учест̄в'уала т̄'аја 'има п̄о-цела п̄'ат̄унка, а н'екој 'имал п̄о-п̄'ола п̄'ат̄унка. ...не-п̄рес'ушуа 'она, 'ама п̄'онира и се-м'еша у-В'ардар.* (СтС); *Има до-Бунар Кр̥шанск'о-Рит̄че, Кр'ешански Пр'исој, Кр'еша, Ј'езеро има т̄амо, Ќа'ушица има, Кр'омош има, Мал'а-Креша има, ама 'от̄оде т̄'иа не-г̄'и-знаем т̄оа-м'аало.* (Р); *Ет̄е и др'уг̄’и 'еден шо-'имаше мн'ог̄у м'ирен, ама т̄оі̯ се-п̄ок'а̣жуаў, д'емек п̄'оі̯ќе да̣-и-т̄'еп̄а, п̄а г̄и-т̄еп̄аў до-см'^{ă}рт̄, да-и-'ут̄еп̄а. Ама и-нег̄о со-т̄р'и д'еца г̄-ут̄'е̣п̄а̣ја. Коі̯-г̄-'ут̄еп̄а Госп̄од зн'ае. ...п̄'осе в'ише ми-е-ср'ам да-о-в'идим н'ег̄о, а не да-ме-г̄л'едаа.* (Т); *Ама т̄'ог̄ај вер'еници сл'ободно, а до-т̄'ог̄аі̯ н'е-може. А м'ие св'ит̄е см'о-се..., све-у-ц'^{ă}рква.* (Т); *...значи, у-г̄'одине, п̄'едесе, ш'иесе г̄одине р'ип̄але, ама н'екако п̄'онап̄рет̄ ов'а-време било мл'ог̄у ст̄'удено на-В'одице,* (Р); *В'елко д'обар б'еше, мл'ог̄у раб'от̄аше, ама г̄о-ист̄'ераја, е-т̄'оа т̄'и-е, сф'адбет̄е т̄'аквша-са.* (Л).Сврзникот *ама* којшто е познат и во турскиот и во грчкиот јазик е навистина фреквентен во вратничко-полошките говори и тоа со значење на вистински адверсативен сврзник. Како што може да се констатира од примерите, како спротивен сврзник го регистриравме и сврзникот *нег̄о* кој претставува заемка од српскиот јазик: *„Н'е-ви-е* *л'епешка н'его-ви-е п'огача*". (Л); *За-вр'еме на-п'р̥ва св'етска в'ојна бил н'екој, не н'екој, н'его Ст'ојан бил од-Д'оброште, го-п'амта љ'у̣ди.* (Г); *Ту̣е 'имало ф'ое како у̣-Ил'иːн-Гроп, г'олеми ф'ое и г'оре не-да-и-с'еча, да-и-к'асра, него ќе-о-пр'есеча, пр'есеча ќе-о-т'исна и доле.* (Р).

Примери со *ту̣ку̣* има релативно малку и овие што ќе ги наведеме се единствените што ги забележавме во текстовите: *....а тоа не-било змеі̯, ту̣ку̣ д'етето б'ило со-с'есра-му̣, има з'аі̯чето и тиа шо-ги-з'еў му̣-пом'огале н'ему̣ му̣-помож'у̣але в'оі̯ската да-не'-дое да-г-'у̣тепа.* (Л); *И не-с'у̣м-била, ја не-м'ожем д-'идем. Ту̣ку̣ на-т'оі̯ к-'отиоф, Ил'о кӑі̯-м-'однесе да-а-в'идим.* (Л).

Алтернатива

Една од асоцијативните релации е и алтернативата која во вратничко-полошките говори се изразува со сврзниците *али//ал'*, *или* или со сврзничкиот состав *ели...ели...*и, притоа, сите овие фонетски варијанти се мешаат во ист текст без некое правило. *Е после Саше, е дали тамо ќ-'ида или в'амо 'и-тамо 'и-тамо тиа, др'у̣штвото им-је-'едно.* (Т); *Ал'-б'еса ал'-'ова ал'-'она, не! па п'орано п'ет-славе нека-б'ида у̣-год'ината, м'оːжеш.* (Т); *Со-сито кеі̯-ќе-'имаш г'ости, али за Свети-Н'икола, в'аќе за-пр'азник, со-сито ќе-г-'отсееш...* (Л); *Даљ-б'ил п'остар али-п'омлад н'е-знам т'оа, 'у̣мира.* (Р) *...може да-тр'ебе к'ола, со-к'оњ, ељи ч'еза, ељи 'имаше к'оле др'у̣ги 'имаше со-четир'и-колца, б'ирце ги-в'икаја, т'аквија,..* (Р); *...'они 'шиле н'аамо меѓ'у̣-себе г'ости ка-се-м'у̣желе 'одовде 'ељи 'оту̣де ка-се-ж'енел н'екој се-в'икале, п'осле мие смо-се-ост'аеле в'ише.* (Р).

Регистриравме и еден пример со сврзниците *било-било*: *...значи, ќе-т'у̣раш, било-м'анца, ако е-пос, значи гр'аː, р'иба, н'екој ф'аќал од-овде, некој ќе-си-к'у̣пи р'иба, к'омпир, само к'омпир овде п'онапрет слабо и-се-с'еало, ама гл'авно посни-р'аботе, коаі̯-б'ило пос, посни-р'аботе коаі̯-б'ило м'р̥с било месо т'елешко, било сф'инско, било како-б'ило ама т'аќе се-ч'екало, а не како-с'еа, сеа ка-ќе-с'еднеш на-т'р̥пеза, н'а-маса н'е-знаеш шо-д'а-кӑснеш н'е-знаеш од-'ошто п'р̥во, дали-од-'ова, дали-од-'она. Леб бил д'омашен.* (Р).

Сврзнички показатели на споредба

Овде ќе ги разгледаме сврзничките предикати кои конституираат сложена реченица во која се споредуваат два настани, (или ситуации, процеси), а не два аргументи на еден ист глаголски предикат како што е кај простата реченица. Примери од овој тип има доста, иако во текстовите често се сретнува ситуација вториот реченичен аргумент на ваквата релација на споредба, да биде искажан со трансформа. Ќе ги наведеме примерите за сврзнички предикати на споредба што ги најдовме во нашите текстови: *Кој га виде како слӑнце да г-'огреа.* (Т); *Так’е б'ило како-ќе-р'еча ст'ари и-г'ото:..* (Т); *Н'ивата е-под'елена, таќе д'елбата била на-п'апу̣нќе, по-фамил'иете. како коа фам'илија п'ој̭ќе у̣честв'у̣але т'аја 'има по-цела п'апу̣нка...* (СтС); *...таќе, ќе-з'ема:в д'ома м'ера со-едно-ж'елезо, ка-р'азмер, тоа како-мер'у̣аа со-н'ега, и зб'ореа само: „'ичин д'у̣пка д'ичин р'у̣па“.* (СтС).

Темпоралната врска меѓу настаните

Темпоралната врска меѓу настаните се изразува со посебен инвентар на сврзнички предикати кои можат да покажуваат неколку типа на временски однос: истовремено одвивање на настаните, со делумно или целосно поклопување во време, последователност на настаните, при што последователноста може да биде разгледувана од перспектива на поранешниот или на подоцнежниот настан, односно да се изразува релацијата 'по' или релацијата 'пред' и, најпосле, сврзничкиот предикат може да сигнализира помала или поголема временска дистанца меѓу настаните. Како се изразуваат сите овие релации во вратничко-полошките говори ќе видиме во прегледот на временските сврзнички предикати што следува.

Општ контакт во време во вратничко-полошките говори најчесто се изразува со сврзникот *кога,* но неговата фонетска варијанта е посебно специфична и впечатлива за овие говори (сп. морфологија), па напати е изедначена со заменката *кој,* што за човек што првпат го слуша овој говор е сосема необично и неочекувано. Еве бројни примери, се разбира со мали фонетски разлики од место до место: *Кӑј̭-до'аѓаа кӑј̭-њ'им го-заобикољ'у̣аа бач'илово 'овја од-н'адвор и вика...* (Г); *Кạј се-гр'ạдело к'ạлено нат-Тетово се-шило анг'ạрија.* (БТ); *'Одма х'итно да-д'ојдеш. Кој̭-д'ојде ќе-нѐ-п'отепа н'ас ..., право се-с'облака 'одма у̣-опараци'она с'ала, одма.* (Т); *Со-сито кеј̭-ќе-'имаш г'ости, али за Свети-Н'икола, в'аќе за-пр'азник...* (Л).

Примерите со стандардната форма *кога* регистрирани кај еден информатор од Брезно/ Теарце, сметаме дека се влијание на стандардот, а не особеност на овие говори: *...кога го-нап'адниле* *с'елот̄о, јан'ичари, т̄'у̣рски ар'амије, с'елот̄о г̄-у̣н'ишт̄иле ст̄'о п̄'ост̄о.* (БТ); *Ког̄а 'они д'ошле, с'ело н'ема, у̣н'ишт̄ено св'е.* (БТ). Во идиомот на истиот овој информатор сретнавме и варијанта *ка: Па-ка-ќе-сл'езе ќе-се-кл'ања.; п̄а-се-п̄'оало п̄а-с-'иг̄рало до-в'ечер, додека се-ст̄'ӑмни.* (БТ).

Во селото Лешок сврзникот *ког̄а* го регистриравме и во фонетската варијанта *ког̄аи̯* (*//кеи̯*)*: Ког̄аи̯-д'ои̯доа Герм'анцит̄е, викам п̄'оубаи̯ љ'у̣ди н'емало.; А Бу̣г̄'арит̄е ког̄аи̯-'идоа, Бог̄ да-т̄е-ч'уа, овде у̣-м'анаст̄ир 'идоа со-к'оле,..* (Л).

Последователност на дејство во вратничко-полошките говори се изразува со сврзникот *чим*: *Ова н'е-може на-др'у̣г̄и да-се-сл'ожи, чим му̣-г̄о-д'аваш ов'а̣-дᵃ̆рфце, мал'оово н'ему̣, на-т̄'ои̯ шо-д'онеў̣, а 'едново г̄о-дᵃ̆ржиш у̣-кл'ашињет̄е, т̄'у̣ека ќе-и-т̄'у̣риш и кои̯-ќе-д'ојде т̄ои̯, м'ожеш да-му̣-г̄о-д'аеш, н'е-можеш ... не-у̣и̯дису̣е на-н'иког̄о с'амо на-нег̄'оот̄о.* (Т); *...ч'им ќе-п̄'очне да-р'ика г̄'ои̯дово он т̄'р̥чаше и када-г̄у̣-'у̣дри...* (СтС). Употребата на сврзникот *чим* ја истакнува и професорот Видоески како карактеристика на соседните скопско-црногорски говори во коишто делумно се опфатени и особеностите на вратничкиот говор (сп. Видоески 1999: 237).

Изразување на обратен временски редослед во вратничко-полошките говори не најдовме, а во говорот на помладата генерација тој се изразува со употребува сврзничкиот предикат *п̄ред да* како и во стандардот: *Пр'ед-да д'адеш збор, размисли малу̣.* (Т).

Причински релации

причина

Причинската релација се изразува со неколку сврзници во вратничко-полошките говори. Најчест е сврзникот *зашт̄о / зошт̄о, зат̄оа шт̄о*, а втор по фреквенција е сврзникот *п̄ошт̄о* кој навлегол во поголем број дијалекти како влијание од српскиот јазик (сп. Цветановски 2004: 180; Лаброска 2008: 183). Сврзникот *бидејќи* се сретнува поретко, а во употреба е и сврзникот *дека* што е карактеристичен за комплементарните реченици.

От̄ с'елово н'окт̄а ст̄'ану̣е н'екој м'ајчин и от̄'идну̣а во-г̄робишт̄а зат̄оа шт̄о 'едни в'икаа ј'еп̄ирит̄е не-се-в'иѓаа н'оќу̣м, ј'еп̄ир н'е-виѓаш. (Г); *А т̄оа Кр̥в'омоч се-вика з'ошт̄о б'ило мн'ог̄у̣ т̄'ешко з-изл'аг̄ање, г̄л'еаш какв'о-име му̣-д'але они, значи, кр̥в вика* *ќе-п'омоча за-да-'излезе н'агоре.* (Р); *...ја'-сум т'урали, пошо смо-'имале л'озје и б'уренце и грозје и вр'апчиња...* (Т); *Така е благ'уњаа за-п'иене, дали тоа пр'ема к'аменот што-е, ц'р̥н р'ударски к'амен, п'ошто у-бл'изина се-н'аоѓа и хр'омната р'уда. Се-в'ика Су'а-Река з'ашто прес'ушуа, п'онира преко-л'ето...; ...к'ожата ќе-с-'исуши на-ѕ'ит, п'ошто ст'арите к'уќе све-са со-к'ал пр'аени м'ачкани н'емало, вар 'имало ама не-зн'аеле ка-с'еа м'алтер да-пр'ае·в, тиа-р'аботе....; а у-н'ашето м'есто 'овдека се-с'еал 'поі̯ќе пр'олетан ј'ечмен, з'ашто проб'уале ќ-'изгине, дали од-в'етроі̯те; ... и таќе се-с'еало пр'олетан ј'ечмен.* (СтС).

Забележавме и два примера со сврзникот за причина *бидејќи* во следниве реченици: *таќе не-н'арекле б'идеі̯ќи н'ајпр̥во смо-се-нас'елиле 'овде м'ие.; П'осле по-Буг'арите ка-от'идоа и Тито го-н'аследи тоа, б'идејќи беше Југосл'авија проп'адната све н'ачисто изг'орена и што-да-с'е-прае, се-в'р̥шеше 'откуп.* (Р). Овој сврзник има поретка употреба отколку сврзниците *зашто / зошто, затоа што* и *пошто.*

Комплементарниот оператор *дека* се јавува и во причински реченици во вратничко-полошките говори, појава регистрирана и во други македонски дијалекти: *...н'е-знаем макид'онсково,* ***дека*** *не-сум-'учела не-г'о-знаем, н'емало т'огаі̯, с'р̥пско б'ило, и /ќ/ и /ѓ/ и д'ӑн-д'ӑнӑске, с'р̥пско, е т'оа т'и-е.* (Л).

последица

Релацијата 'последица' иако реално постои во јазикот, во вратничко-полошките говори површински ретко се изразува со специјализиран сврзнички предикат, ситуација карактеристична и за другите дијалекти (сп. Цветановски 2004: 181; Лаброска 2008: 185). Регистриравме три примера од коишто третиот е всушност малку дискутабилен зашто може да се третира и како релативно надоврзување: *н'еі̯дем вика, с-упл'ашила шо-в'идела г'остите т'ол'ку с-упл'ашила и н'еі̯де, н'еі̯дем р'екла.* (Л).; *Со уништу'ан'ето на-к'озете ст'очниа̣т фонт се-н'амали и со-емиграц'ијата кӑда-п'очнаа да-'идев от-ш'есет и-'осма, у-Н'емачка, Ам'ерика, таќе-да ст'очниа̣т ф'онт се-н'амали на сто 'овце сеа момент'ално и п'ет кр'аве у-с'ело, т'олько 'имамо.* (СтС); *Го-сл'ужи му-спр'емуе што-н'е-може п'-убоо да-б'иде.* (БТ). Интересен е вториот пример со сврзничкиот предикат *таќе-да,* кој во стандардната фонетска варијанта *така да* често се употребува во секојдневниот говор на помладите генерации, не само во тетовскиот регион туку и пошироко, но како отстапка од нормата.

Реално постојат голем број реченици во текстовите што семантички изразуваат причинско-последичен однос, но не се искажани со последичен сврзник, туку најчесто како асоцијативна врска: *...ама у-т'оа вр'еме д'еца како-д'еца, некое дете го-оц'етило б'укварот, Славе н-исп'отепа, мие се-испл'ашифмо и нап'уштифмо шк'олото, незав'р̥шифмо п'р̥во-одел'ение.* (БТ); *И ќе-о-в'ртиш, ќе-о-в'ртиш, 'идеш н'атамо, н'аамо, н'атамо, н'аамо, тоа ќе-се-стр'опа, ќе-се-стр'опа ж'итото, све.* (Л).

концесија

Релацијата 'концесија' или 'допуштање' претставува негација надградена врз причинската врска, т.е. „отсуство на очекуваната последица при присуство на причината која би можела да ја предизвика" (Тополињска 1997: 77). Притоа првиот или појдовен аргумент (што не мора да биде и прв по редослед) е настанот чие (не)реализирање значи дека не се остварила очекуваната последица, а вториот реченичен аргумент воведен од сврзничкиот предикат за концесија, ја изразува причината заради која сме можеле да ја очекуваме нереализираната последица. Во вратничко-полошките говори оваа релација се изразува со сврзничкиот предикат *ако* чијашто употреба е одлика на народниот јазик (Минова-Ѓуркова 1994: 269). Во нашите текстови најдовме само еден ваков пример: *До п'едеста г'одина селото б'ило компл'ет, ако н'ародот бил по-Б'елграт, Софија се-'отрӑгна, две-три фамилије останаја и дӑнӑска са во-Софија во-Буг'арија, а-др'угите се-тр'ӑгнаја од-Софија от'иднаја во-Б'елграт.* (БТ).

услов

Условната релација е една од основните каузативни релации. Показателите на оваа релација главно се исти за поголемиот дел од македонската дијалектна територија, а тоа се *ако* и *да* -субјунктивот (види: дел за фунциите на *субјунктив*). Истото важи и за вратничко-полошките говори. Сите условни реченици се нефактивни. Разликата е само во тоа дали со нив се искажува реален или иреален услов.

Најпрво ќе дадеме примери за условни реченици што изразуваат реален услов, а што ги има поприлично многу и во нашите текстови: *[illegible]д'оздола 'имамо 'около с'едом 'и-п̄ол д'екара н'екада и до-д'евет̄ д'оаѓа ако е п̄'омалц̣в В'ардарат̄, ако п̄а-не, 'иначе обраб'от̄лива је-н'ег̄де 'около с'едом д'екара м'ест̄о.* (СтС); *Г-однес'у̣аа у̣-г̄р'оп̄, т̄'у̣раат̄ во-г̄р'оп̄, му̣-објасн'у̣аа све, се-вр'аќаа љ'у̣диве, а њ'ему̣ му̣-ост̄'аеле т̄оа, ако се-п̄ред'омисли.* (Г); *Ако некоа 'оп̄иде б'ег̄алка, ќ'у̣т̄ек има да-ј'аде д'ебел, д'ебел ќ'у̣т̄ек има да-ј'аде. Ако е у̣-с'ело т̄'у̣ека, ќе-се-собера, п̄а му̣ст̄'у̣лцше ќ-оп̄а дв'аi̯ца т̄р'оi̯ца п̄рво-н'ап̄рет̄, од-му̣шкат̄а срана п̄рема-н'е:ст̄ат̄а п̄а п̄осле ќе-доi̯ да сф'ат̄оi̯т̄е. Ако е у̣-дру̣г̄о село, св'адбат̄а, мислим н'е:ст̄ат̄а од-др'у̣г̄о с'ело, со-к'оњи т̄р'оi̯ца ќ-'ида н'ап̄рет̄ едо п̄ола саат̄, т̄аа му̣ст̄'у̣лцше се-в'икаа,..* (БТ); *...ако-'имало, леп̄ д'омашен, коi̯ 'имал чист̄о от̄-ч'енца д'обро коi̯ не, м'ешано, р'ӑжано, т̄акво'о-леп̄че...* (БТ); *Ако с'ц̣каа, колку̣-с'ц̣каа нека-с'еда, н'ека г̄л'едаа сл'ик’е.; Е ако-в'идиш не-са ст̄'анат̄и 'у̣шт̄е с'еда, ќе-п̄р'ојдеш у̣шт̄е-'еднаш, у̣ш-'еднаш и г̄'от̄оо в'ише, н'ема ср'амот̄а, т̄'ак’е е 'адет̄от̄.* (Т); *А младож'ењат̄а т̄р'ебе да-д'аде на-б'абат̄а ако-'има б'аба и д'едо ж'иви...* (Р); *„Сеа да-г̄а-'у̣т̄еп̄ам ќе-'идем у̣-з'ат̄вор...* (Л). Последниов пример претставува реален услов изразен со *да-* субјунктивот (види во делот за употреба на субјунктив praesentis).

Речениците што изразуваат иреален услов се помалубројни. Во текстовите собрани на терен успеавме да регистрираме два примера со иреален услов изразен со условен период: *Да-н'е-беше т̄'аќе до-се'а ќе-б'евмо к'у̣јзнае к'ӑде м'ие, у̣нап̄р'едени.* (Р); *И зошо се ... они коi̯-вл'ег̄ле да-кр'ада, да-о-в'иеле т̄'ат̄ко-ми не-би-г̄о-'ост̄аi̯ле, за-да-не-'и-знае к'оi̯-са̣.* (Т); и се разбира реченици во кои е јасен односот нереализиран услов/последица спротивна на очекуваното, но не се изразени со посебни синтаксички средства за условен период (сп. Гајдова 2008; види: иреален кондиционал во минатост).

цел

Целните или финални реченици ја искажуваат целта заради која се извршува дејството изразено во првиот реченичен аргумент. Се работи за нефактивно дејство изразено во вториот реченичен аргумент кое, нормално, бара и глаголски форми кои ја изразуваат таа нефактивност, а тоа е главно субјунктивот. Затоа, најчест сврзнички предикат за изразување на оваа релација во вратничко-полошките говори е *да*, а поретко е *за да*, сврзници кои се карактеристични и за стандардниот јазик (Б. Конески 1981: 538). Примери: *...ќ-ида напрет да-ст'ора 'абер...* (БТ); *...ме-пр'атил татко да-те-'утепам, да-те-з'аколем,..;* *...она се-скр'ила у-некое др̥во, да-га-не-'изеда в'ăлци и м'ечке...* (БТ); *Ќе-зема за-да-им-го-рạзн'осуе в'ак’е дạ-он'ạдаа, не-зн'аеле да-рạб'отаа таа м'омците.* (Т); *И не-с'ум-била, ја не-м'ожем д-'идем. Туку на-т'оі̯ к-'отиоф, Ил’о кăі̯-м-'однесе да-а-в'идим...* (Л); *Н'екој му-д'одеал ж'иотот и ќ-'иде да-с-'изгуби, да-се-д'ави, да-се-п'устее,..* (Г).

Регистриравме и една асиндетонска реченица во која се изразува цел, што е можно само со глаголи од несвршен вид како во следниов пример: *Не н'емало, с'ега 'ида, сега ида бера јаі̯ца.* (Л).

Реченични трансформи

Глаголскиот прилог што на македонската дијалектна територија се јавува во навистина многу форми (сп. Видоески 2000); се сретнува и во вратничко-полошките говори. За неговото акцентско место и за спецификите на формален план веќе укажавме во делот за фонологија и за морфологија. Овде ќе дадеме примери за негова употреба и функциите што тој ги извршува.

И п'онадоле на-н'екое м'есто н'аоѓа ж'аба, г'олема. Фат! п'ика у-т'орба. П'утуајќи, п'утуајќи, к'оњ н'екој. Рече: „Коњ н'е-моем ама ќе-му-о-з'еем 'опашот“, и 'опашот ... и тоа у-т'орба. (Г); *За-вр'емето б'угарско, с'елото ни-'изгоре, од-нес'акани пр'ичине, ч'истеі̯ќи, с'ељанин 'едан, пр'олетно вр'еме,...* (БТ); *Пр̥во ќ-'ида у-П'ештер св'иреі̯ќи н'атаму, 'играі̯ќи со-п'оење со-св'е, после ќе-д'оја туе со-к'оло к-'играа, ама св'ите тр'и-дăна, тоа б'ило 'играње, не како-с'ега, 'овдека, нема што-д'а-праеш вр'емето го-д'онело тоа.* (Р); *...д'ека е-с'ега посто'еќе̣во с'ело, напраљ'уаа една-к'олиба...* (БТ).

Од примерите се гледа дека глаголскиот прилог во вратничко-полошките говори се употребува наместо временска реченица при што изразува или истовременост или последователност во време. Последниот пример е посебно интересен зашто имаме малку поинаква форма на глаголскиот прилог (т.е. на континуантот на активниот партицип на презентот од нашиот стар јазик) и, како што се гледа од примерот, таа форма има атрибутска функција, а не претставува замена на временска реченица како во другите наведени примери.

Глаголските именки исто така се употребуваат во вратничко-полошките говори како и во другите македонски дијалекти, но не се толку фреквентни како во западните говори (сп. Лаброска 2008: 192-198). Во примериве што ги наведуваме подолу глаголските именки се употребени со целно значење во комбинација со предлогот *за* и со предлогот *на* (два примера): *Така е благ'уњаа за-п'иене; От-т'ука пр'оаѓа п'утот за-пр'ема Ст'анкоац и за-р'удникạт 'Орашје, та биле за-хр'ом ископ'уање, зав'р̥шено е со-иск'опите.* (СтС); *к'ората од-ор'аете, 'ораат за-јадене,..* (СтС); *...черѓе за-пок'ирање, за-пост'иљање таја к'уса в'ǎлна се-в'икала....* (БТ); *Не-бе Тал'јạнциве н'е-беа за-рạт'уење. Не! та беа за-м'узик'е за-љ'убов за-т'оа.*(Т); *....после ка-ќе-д'ое за-в'ршење...* (Л); *У-воденца на-м'елење, в'оденца смо-'имале 'овде,..* (Л); *...та се-н'осеа на-бојадис'уане у-Тето:.* (СтС). Во последниов пример имаме исто така целна релација, но фактот што оваа трансформа се јавува по глагол на движење е затоа што структурите со *на+ глаголска именка* носат и дополнително локационо значење (сп. Чашуле 1989: 142).

Глаголските именки како основно предикатско јадро се употребени во неколку примери каде што во отсуство на финитна глаголска форма, глаголските именки се носители на основната предикативна содржина (Чашуле 1989: 234): *И д'авање з'емање за-д'едото ељи к'ондуре ељи н'ешто др'уго та-р'аботе се-д'авало и ќе-се-св'р̥ши.* (Р); *И мие си-с'едефмо од п'о-ручек на-б'алкон т'уека, на-т'етка в'ицо:і̯ кạж'уење, од свек'р̥ва-ми с'есра,...* (Т); *После имало у-с'елово натпр'евари, в'ǎрљање на-к'амен, т'р̥чане, кој-ќе-н'афǎрли к'амен тоа беше..* (СтС).

Трансформите со глаголски придавки се исто така чести во текстовите во вратничко-полошките говори, но овие примери ги анализиравме и во делот на ИГ во предикативен падежен однос, па овде ќе наведеме само неколку примери: *...т'уека г'и-п'оале к'оњите, в'иро:і̯ напр'аени, з'атоа се-в'ика П'ио:і̯, п'иеле к'оњите в'ода.* (БТ); *...д'оạѓа б'абата от-п'азар гл'еда вр'атата отв'орена.* (БТ); *А мие 'имамо м'есто к'упено од-н'екој-си п'аша...* (СтС). Последниов пример можеме да го третираме или како реченична трансформа од глаголска придавка што заменува релативна реченица. т.е. претставува неинтегриран придавски атрибут, или пак како типичен пример за тоа како се развивал *има* -перфектот во дијалектите, ситуација што ја регистрираме и во други дијалекти (в. Лаброска

2008: 120) каде што глаголската придавка е усогласена со директниот објект, ситуација што не се сретнува во југозападните говори каде што *има* -перфектот доминира над *су̣м*-перфектот (сп. Марковиќ 2007: 161; Цветановски 2010: 92).

На крајот ќе наведеме само неколку примери за реченични трансформи со предлог како единствен показател на предикатот, Овие трансформи главно се од каузативен карактер при што во следниве примери доминира релацијата 'цел', *И за-со-ѓ'ариња 'шиц̣л ч'у̣ек, со-јаѓанцa, со-'офце.* (Р); (спореди ист тип на трансформа во гостиварскиот говор: *и за со п̄ари не т̄и оі̯т̄ чоек с офци.* Поповски 1970: 78); *Чекаі̯ - реков - 'Анѓеў, да видим п̄р̥во п̄у̣т̄оф шо-су̣м-'шила за-на-ст̄ар-м'анаст̄ир.* (Л); *От̄-т̄'у̣ка п̄р'оаѓа п̄'у̣т̄от̄ за-п̄р'ема Ст̄'анкоац̣ и за-р'у̣дникат̣̄ 'Орашје,..* (СтС); *Се-раб'от̄ало се-ж'ивело само от̄-ст̄'ока и од-з'емл'ат̄а.* (СтС). Во последниов пример имаме причинска релација и овде при реконструкција би се добил предикат со (од)глаголска именка.

ЛЕКСИКА

Кога ги изделуваме дијалектите како јазични посебности и оформуваме една поцелосна претстава за одделен говор, покрај фонетско-фонолошките и граматичко-структурните, важна улога имаат и лексичките посебности.

Имено, лексичкиот систем на еден говор, иако како најотворен дел од јазичниот систем е најподложен на влијанија и промени, тој може многу да помогне во воспоставувањето на врските на еден говор со другите дијалекти на еден јазик како и со дијалектите на други сродни јазици особено ако тие се наоѓаат во непосредно соседство.

Во таа смисла, потребата за презентирање на лексичкото богатство на народниот јазик се должи на фактот што народната лексика е подложна на силна корозија поради новите општествени односи, новите начини на производна работа, изумирање на занаетите и сл.

Речничкиот материјал на вратничко-полошките говори, лексичките дијалектизми (зборообразувачките, семантичките, многузначните зборови, дијалектните зборови со јасна мотивираност, архаизмите како и туѓите зборови) коишто побудуваат интерес како на семантички така и на деривационен план, претставуваат вистински предизвик во дијалектолошките истражувања.

Не претендирајќи на исцрпност во прикажувањето на дијалектизмите од вратничко-полошкото говорно подрачје, имаме цел да укажеме на нивната вредност во еволуирањето и збогатувањето на речникот на македонскиот јазик. Во таа смисла собраниот и анализираниот лексички материјал од овие краишта, ќе остане трајно сведоштво за јазичното богатство на луѓето од овие простори.

Што се однесува до *фонетските дијалектизми*, ќе истакнеме дека ваквите дијалектни зборови се јавуваат, како резултат на фонетските специфичности на одделни дијалекти. Дијалектизмите опфатени од фонетските промени се видоизменети и наштрбени, па затоа тие на прв поглед изгледаат непознати и неразбирливи и притоа создаваат лажна претстава за бројот на дијалектните зборови во одделниот говор, како во однос на другите дијалекти така и во однос на стандардниот јазик. Сп.: *б'у̣а* ʻпаразит што живее по луѓето и животнитеʼ Т; *г̄ӑрди* ʻпредниот горен дел на телотоʼ Т; *ду̣б* ʻдабʼ Т; *доў* ʻпоголема, долга вдлабнатина низ која обично тече вода; долʼ Т; *ј'ет̄ки* плодот од оревотʼ Т; *ј'у̣т̄ок* ʻпреѓата што се вткајува во основатаʼ Т; *лоўса* ʻлеунка; родилка за време на првите 40 денаʼ Т; *м'у̣до* ʻмадеʼ Т; *п̄ант̄у̣л'у̣ми* Т; *п̄'у̣п̄ок* ʻсредето на мевотʼ Т; *т̄'еп̄е* ʻгорниот дел на главатаʼ Т; *'у̣дица* ʻметална кукачка со која се фаќаат рибиʼ Т; *чу̣рка* ʻмисирка, ќуркаʼ Т; *м'у̣ќкао* ʼматко јајце; расипано јајцеʼ Т.

Зборообразувачкит̄е дијалект̄изми имаат ист корен со соодветните зборови во литературниот јазик, а се разликуваат само по зборообразувачките елементи (префикси или суфикси). Во вратничко-полошките говори зборообразувачките дијалектизми не се малубројни, такви се на пр.: *боља* ʻболка, болестʼ Т; *брат̄анка* ʻбратаница, женско дете од братʼ Т; *бу̣далилок* ʻбудалштина; будалеста постапкаʼ Т; *г̄л'ежањ* ʻглуждʼ Т; *г̄ӑрм* ʻгрмушкаʼ Т; *ј'ачменик* ʻона што расте во окото и личи на зрно од јачменʼ Т; *к'у̣ќњак* ʻкатникʼ Т; *кап̄'ачиќи* ʻпредмет, направа со која се затвора некаков сад, поклопкаʼ Б; *к'ожу̣ра̣к* ʻпоследен степен од развојот на некои инсекти; кожурецʼ СтС; *кр'акори* ʻкокошката кога несе јајца *крака*ʼ Т; *к'р̥ст̄ина* ʻдолниот дел на плеќитеʼ Т; *краи̯че* ʻпарче леб од крајотʼ Т; *малив* ʻмалʼ Т; *м'у̣шт̄иа* ʻженет човек; мажʼ Т; гл. *п̄'ап̄ру̣т̄ка* ʻправ и долг стап; прачкаʼ Т; *ск'ит̄ач* ʻтој што постојано скитаʼ Т; *ст̄олчиќи* ʻстолчињаʼ Т; *ст̄'ау̣р* ʻстаорецʼ Т; *северњачи* ʻѕвездата што е најсветла и се наоѓа на северната странаʼ Т; *шт̄'ичинка* ʻштица; даскаʼ Л.

Како интересни, би ги истакнале и *семант̄ичкит̄е дијалект̄изми*. Тоа се оние дијалекни зборови што по формата односно образувањето се совпаѓаат со соодветните лексеми во литературниот јазик, но со преосмислување, развиле поинакво значење или пак презентираат постара состојба. Сп.: *д'оп̄ре* ʻзапре, сп. н'е-допре авт'обусовʼ Т; *д'у̣п̄ки* ʻгробʼ Л; *збор* ʻразговор, зборување, нешто што е кажаноʻ Р; гл. *се-засадило* ʻнастаналоʼ БТ; гл. *наст̄'анале* ʻпораснале' БТ; гл. *седи* ʻпостои на исто место, за објектиʼ Л.

Многузначните зборови коишто освен основното развиле и други преносни значења, укажуваат на еден од начините како всушност се добиле семантичките дијалектизми. Многузначните дијалектни зборови се дел од семантичките дијалектизми. Кај нив се наѕира присуството на фигуративност во изразот, а преносните значења понатаму може да се лексикализираат. Сп.: *глава* 1. ʽум’, 2. ʽлице што стои на чело на семејството’, 3. ʽбројна единица, обично за добиток’, Т; *ор'аница* 1. ʽизорана нива’, 2. ʽизорано место’ Т; *'остањ* 1. ʽпрачката со која се тераат говедата’, 2. ʽмерка за должина на падот на небесните тела (сонцето, јасна месечина)’ Р; *п'атунка* 1.ʽмерка за површина’ СтС, 2. ʽтврдиот дел од ногата на добитокот, делот со кој се гази Р.

Изобилството *дијалектни зборови со јасна мотивираност* укажува на богатството на духот и творечката моќ на народот. Во вратничко-полошките говори ги регистриравме следниве: *апс'ана* ʽзатвор’ Т; гл. *бр'ани* ʽтоа што го прави земјоделецот со браната; влачи’ Т; *в'оќњак* ʽзградено место каде што има овошки’ Т; *крив'ошија* ʽчовек со крива шија’ Т; *м'ек’ичари* ʽтие што одат на мекици’ Р; *м'уќеница* ʽпијалак направен од закиселено млеко обезмастено со матење’ СтС; *н'ебо* ʽгорниот сводест дел од усната празнина’ Т; *'окаљке* ʽтоа што луѓето го носат на очите кога не гледаат’ Т; *п'р̥виче* ʽпрвото дете родено во фамилијата’ Р; *северњача* ʽѕвездата што е најсветла и се наоѓа на северната страна’ Т; *ск'утина* ʽдел од женска облека што се носи напред врз кошулата’ Л; *стр'аница* ʽштицата што се става на страните на колата’ Т; *т'р̥мкарник* ʽместото каде што се сместени кошните’ Т; *ушн'иќе* ʽукрасите што ги носат жените на уши’ Т и др.

Анализираниот лексичкиот материјал од вратничко-полошките говори укажува на тесна врска со речничкиот фонд од нашите западни говори. Се работи за терминологија сврзана со начинот на секојдневното живеење, односно за лексеми што влегуваат во заедничкиот македонски речнички фонд.

Со цел полесно да се следи лексичкиот материјал, лексичките дијалектизми ќе ги предадеме според сементичките полиња претставени во Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас (Видоески 2000).

Делови на човечкото тело:

воўк ‘диво животно што јаде овци и друга ситна стока’ Т; *буба-м'ара* ‘инсект со црвена или жолта боја и со црни дамки’ Т; *д'ијанија* ‘диво животно, општо име’ Т; *зајак* (...пушти хрăта по зајака..) Р; *к'авт̄арḱе* (...а 'озгора (на к'ошарḱе) се-пр'аеше од-р̥'ăжана сл'ама, к'автарḱе се-в'ика:,...тоа к'афтарка се-в'ика сеа горе, како капа му-д'оаѓа,..) СтС; *кожура̣к, п̄еп̄'еруг̄а* (...сам-видел како мајка-ми ѓи-онадуашее тиа кожурци се-викаа и ако пројде некој кожура̣к се-праеше у-пеп'еруга, е у-кож'урака̣т св'илата, м'ајка-ми на-р'уḱе гу-т'очеше, таḱе се-в'икаше точење.) СтС; *к'ошара* (...к'ошарḱе пл'етени, от п'авит се-пл'етоа, а стапч'иḱите од-др'ен се-пр'аеа, ...после се-дотураа како-п'омошни и кукаче да-има за да-се-в'аḱа кош'арката и доле отвор се-остаљаше,..за-да-ул'ага̣в и изл'ага̣в пч'елете,...) СтС; *кл'ица* (...меѓ'утим ѓи-в'ати б'олеза̣т, б'олеза̣т,...и т'ăгаја н'е-само м'ојте мл'ого пч'елари ни-от'идна:...н'ајверов'атно беше кл'ица п'уштено н'амерно да-ни-ѓи ун'иштиф.) СтС; *л'асица* ‘мало диво животно што јаде кокошки и се лови поради кожата’ Т; *л'еп̄т̄ир* ‘пеп'ерутка’ Т; *м'ат̄ица* ‘пчела што ги води сите пчели во кошницата’ Т; *м'ечок* ‘машкото од мечка’ Т; *м'ᵃ̆рморец* ‘мали жапчиња, имаат голема глава и тенко тело’ Т; *мр'ава* (...за-да-ул'ага̣в и изл'ага̣в пч'елете,...'Оздола к'амен, пл'оча к'амена..., з'аради од-мр'авје з'ашто ѓи-нап'аѓа·,...) СтС; *с'аḱе, мед, в'осак* (...п'осле со-ч'еткиче од-р'ăжана сл'ама подв'р̥зано и со-тоа ѓи-ч'истевмо от-с'аḱето, тр̥мḱете и после м'еда̣т га-т'опевмо, в'оса̣к.) СтС; *свилена буба* (...нашата куḱа одгледуаше свилена буба,...зн'аем ḱе-ч'укав или ḱе-се-кач'уаў пост'арите, бр'ат-ми се-кач'уаше да-б'ере л'исја от-ц'ăрнице искљ'учиво со-ц'ăрница се-р'анеше.) СтС; *ск'ачка* ‘инсект што скока’ Т; *ст̄'аур* ‘стаорец’ Т; *руе* ‘волкот ги довикува другите волци; вие’ Т; *т̄'р̥мка* ‘инсект што збира мед’ (..'и-таја има т'р̥мке, од нас зедоа..) Л / (Смо-одглед'уале и т'р̥мќе, дв'е-куќе у-с'елово 'имало т'р̥мќе.) СтС; *т̄'р̥мкарник* ‘местото каде што се сместени кошните’ Т; *т̄р'ут̄* ‘пчела што не работи’ Т.

Од именувањата поврзани со домашната живина како поинтересни би ги споменале називите на машките членови на некои птици:

г̄'уска / г̄'усак, ш'ат̄ка / ш'ат̄ок (Г'уске, ш'атќе низ-дв'ор п'уно.) БТ; *п̄'ет̄ал* (Тоа семе-в'адене, д'ӑнту, зн'ачи, се-к'оле п'етал обав'езно или м'есо, ако-н'емаш м'есо, п'етал се-к'оле...) СтС; *ч'урка / ч'уран* ‘машкото од мисирка’ Т; *ј'арка* ‘кокошка што уште не пронесла’ Т; *ј'ајце /ж'оўчка /б'еўка* Т; *м'уќкао* ‘расипано јајце’ Т; *к'ракори* ‘гласот што го испушта кокошката кога несе јајца’ Т; *с'едало // г̄н'ездо* ‘местото каде што кокошките несат јајца’ Т.

Кај птиците како поинтересни именувања ги нотиравме: *вр'ат̄ка* ‘суштество што лета, општо име’ Т; *вр'ат̄че* ‘малечка сива птица што живее во населени места; врабец’ Т; *кљ'укодрвец* ‘шумска птица со долг и остар клун’ Т; *сиви сокоў* (Сиви сокоў доле гледа џанам...) Р; *н'окт̄и // к'анце* ‘тврдите делови на нозате на птиците’ Т; *'ут̄* ‘птица што гледа само ноќе’ Т.

Риби:

'икра ‘јајцата што исфрла рибата’ Т; *ј'ег̄уља* ‘долга риба има облик на змија’ Т; *м'амаец* ‘тоа што се става на јадицата да се намами рибата’ Т; *мр'ест̄илишт̄е* ‘местото каде што се мрестат рибите’ Т; *п̄'аст̄р̥мка* ‘риба што живее во бистри планински реки’ Т; *ск'ᵃрљушка* ‘тоа што се лупи од кожата на рибата кога таа се готви’ Т; *'удица* ‘јадица’ Т.

Растителност:

г̄ᵃр̥м ‘грмушка’ Т // *г̄'р̥мот̄ен* ‘место со грмушки’ (г'р̥мотен, в'р̥бе и ка-ќе-и-п'ушта од-'овде к'озари дв'ајца... к'озете ќ-'ида с'ами н'агоре) Р; *з'абел* ‘место, нива со дрва за огрев’ (...да-се-'исече з'абелот, кој како има сн'ӑга да-'исече ељ-потр'и-м'етра ељ-по-п'ет м'етра,...) Р; *м'езра* ‘тенкиот слој под кората’ Т; *'орман* ‘многу густа шума’ (...н'атамо све 'орман,...б'ило...тоа н'атамо б'ило све р'аќита, в'р̥бе таќе, г'р̥мотен,...) Р; *п̄'авит̄* ‘вид ползечко растение’ (...к'ошарќе пл'етени, от п'авит се-пл'етоа, а стапч'иќите од-др'ен се-пр'аеа,) СтС;

п'атрутка ʽдолг стап за чукање ореви' Т // *др'ăг* СтС; *тр'еска* ʽисечена гранка или суво гранче' Т; *труп* ʽделот од дрвото над коренот на кој се наоѓаат гранките' Т; *с^{ă}рц'евеница* ʽсредниот најтврдиот дел во дрвото' Т; *се б'ере* (Се-б'ере /д'р̥ва/ 'еднаш у-год'ината не-с'е-бере 'овде се-б'ере д'алеку, таму се-с'ече, со-трактори с-иде,...) Р;

в'оќњак ʽзаградено место каде што има овошки' Т; *г'ољушка* ʽтврдиот дел во плодот на овошјето' Т; *јабука* (Ор јабуче кисељаче...Што си тољку род родило...на три гранке две јабуке..) Р; *ј'емиш* ʽплодно дрво' Т; *ј'етка* ʽплодот од оревот' Т; *к'оштањ, 'ораф* (па п'осле кеи̯-ќе-р'учаа мезе к'оштање суи̯, в'арени и 'орае не-к'р̥шени,...) Л; / (...Пошто к'оштан 'имамо д'оста у-изоб'илство... М'ириши све на-к'оштан.) СтС; *л'озје* (...и на-п'оле се-н'оси р'аќија, в'ино, пошто-с'елото 'имаше л'озја, сега неме-н'ишто све се-'ископа тоа) СтС; *м'ушмуле* (Т'огаја м'ушмулеве ги-зн'аеш м'ушмуле, ќе-и-'онадиш 'озгора ќе-и-'очистиш и ќе-и-т'уриш у-в'ода да-се-к'исна, ќе-'омекна и тоа м'езе ќе-т'ураш...) Л; *с'емка* ʽсемката во коската' Т; *цв'еќе* ʽтоа што се јавува на пролет на овошките од што после настанува плодот' Т; *ч'епке* ʽмлади гранчиња на кои нема плодови и кои се отстрануваат за да има подобар род и да нема болести на лозјето' (...д-'идеш у-лозје да-о-ч'истиш, ч'епке шо-ист'ерало, да-и-ч'епиш...) Л; *шт'р̥кање / шт'р̥ка* ʽпрска' (...лозјето ќе-о-шт'р̥камо...м'алу з'елено, м'алу б'ело, ч'орба за шт'ркање и п'осле п'омпете на-пл'еќи иди шт'р̥каи̯) Л;

бр'еза (...си-ч'ул за-бр'еза? б'ела к'ора што-'има. Е т'уека 'имало мн'огу д'р̥ва т'акви.) БТ; *брес* (...туека постоеше и за м'ое вр'еме едан брес, може 'имал д'есет к'убика д'р̥ва, г'олем мн'огу.) Б; *в'р̥ба, вр̥б'ице* ʽгранчиња од врба'; (В'р̥бе, в'р̥бе т'ол'каи̯ д'р̥фчиња ќе-и-к'р̥шиш...) Л; *г'абар / г'абрика* (..а Пл'ош мало поз'емнесто па-т'ера г'абрика, б'ел г'абар и ц'р̥н г'абар и з'атоа т'оа како-плош се вика..) СтС; *др'ен* ʽшумско мало дрво, што расте во грмушки, со многу тврдо стебло, со жолти цветови и со ситни црвени плодови' *др'ен* (...п'р̥чка и к'ол'ку п'р̥стов д'ебела, од-др'ен...) Л; *дуб* ʽдаб' (Тамо има д'убје може п'естотине г'одине са,...т'иа др̥ва, ка-ги-с'ековме за-'играл'иштето,..) Р; *л'еска* ʽдрво од лешник' (...овде 'имамо л'еска д'оста. Она 'обично п'очнуа да-ц'ăвти н'е^{г}дека петн'аести ф'евроар, ако биде времето 'removed шака̣т...сега таќе га-в'ика̣в, они по-н'оо мие пр'ашака̣т од-л'еската.) СтС; *липа, бор, ј'елика* ʽлистопадно дрво', *чам* ʽвид бор' (После тоа п'очнуа̣в прол'етните, више почнуа да-цӑвти сливата, и почн'уа̣в лив'адете....багрем мало има, И од-липа,...а сега 'имам ова н'агоре св'е м'и-е-л'ипа, се-раст'р̥чило за-м'ерак-е. И бор смо-'имале...тоа у-ј'едно место ј'елика се-в'ика у-вр'атничко, тамо имаше пр'ирода̣н чам, не бор чам.) СтС; *р'аќита* ʽвид ниска врба со црвеникава кора' (н'атамо све 'орман,...б'ило...тоа н'атамо б'ило све р'аќита, в'р̥бе таќе, г'р̥мотен,...) Р; *тр'ӑње* (...сеа по-п'утот н'агоре не-се-пр'оаѓа от- тр'ӑње н'е-моеш да-пр-оеш.) Р; *ф'оја* ʽсмрека' (Ф'ојовник е што 'има многу ф'ое,.. г'олеми ф'ое и г'оре не-да-и-с'еча, да-и-к'асра...) Р;

б'иљке ʽопшт назив за тревки; тревка, растение со лековита маѓиска моќ' (У-'очи Ѓурѓовден младежот от-с'ело 'излагал по-б'иљке..., по-н'екоі̯ тр'афке смо-'ишле да-и-б'еремо.) БТ; *с'илин* ʽлековита билка што се користи и во функција на етимолошка магија, да се сили стоката; див копар', *вр'атлика* ʽмиризлива полска зелјеста билка со жолт цвет' односно ʽрастенија со лековита маѓиска моќ' (...ка̣ј-ќе-и-ср'ижемо офцете, с'илин, др'ен вр'атлика тиа у-в'едро декасмо-и-м'ӑлзале 'офцете, п'ӑлно со-в'ода и тоа б'иљќете и ка-ќе-и-оср'ижемо 'офцете ќе-ги-попрӑск'уемо.) БТ; *тр'авка б'азар* (...Б'азар се-в'ика п'ошто има тр'авка Б'азар што расте,...) СтС; *тр̥ска // ш'амак* Т;

б'афча (...смо с'еале б'афче туе, к'омпир, п'ипер, л'ук, па и ч'енка.) Б; *з'аі̯ре* 1. ʽопшт назив за храна' (Ама п'орано ако с'акаш да-'ораш, з'аі̯ре смо-н'емале мн'огу м'алу з'емјиште смо-'имале,...) Р / 2. ʽхрана за стоката' Т; *з'арзават* ʽзеленчук' Т; *к'у̣пу̣с* (...и к'упус, к'упус к'исеў ќе-в'ариш...) Л; *м'орку̣ф* (...'едната р'иба д'ӑнӑске 'едната утре и кеі̯ ќе-се-св'ари ќе-т'урим ф'иденце и м'оркуи, р'ендани) Л / *шаргар'епа* Т; *т'иква* (...б'ере·в от-т'иква, по-ч'енќете и от-св'инските т'икве што-ѓи-в'икамо м'ие и от-*стамб'олските т'икве*.) СтС / *т'иква б'аўкабак* Т / *ц'р̥пке* ʽвид тиква која откако ќе се исуши ѝ се прави отвор од едната страна, се вадат семките и може да служи како црпалка' (И з'еў и ц'р̥пке, зн'аі̯ш к'ако-е ц'р̥пке си-ч'уў си-в'идеў, и тоа да-г-'окачи и тр'ак, кеі̯-д'уа в'етар се-ч'ука, 'ено-^{у}-друго.) Л; *шт'авељ, к'оприе, прас* (...гр'а·со-шт'авељ или со-к'оприе,....да-се-н'апрае у-пр'олет со-к'оприе и со-прас) СтС;

б'осиљок Т; *љуб'ичица* Т; *сл'абинка* 'јоргован' Т; *сл'ӑнчог̄лед* Т; *т̄р'ендафиљ* Т;

к'оноп̄, лан (Се-с'еело к'оноп и лан за-да-с-'исткае 'осноа и да-с-'исткае ј'ута̣к к'онопни.) СтС / *лӑн* (..Три девојке лӑноберке, лӑн ми бера и говора..) Р; *п̄'амбук* Т // *б'убаќ* (б'убаќ, се-в'икаше, не! б'убаќ е-од-п'амук,) СтС;

ј'ечменка, ш'ут̄ица ч'еница (По'сле откеи̯-з'еде, Ј'ечменка и Ш'утица ч'еница, от-к'ӑде изд'ои̯доа от-к'оа д'р̥жаа, тоа н'е-знаем,...) Л; *љонџа* 'вид детелина' (Од-љ'онџа к'ојшто 'има с'еано,...) СтС; *овес, л'еќа*, *'уроᶠ* ('Овос се-с'еало и се-с'еало л'еќа за-ј'адене, 'уроᶠ се-с'ееше, н'екој пр'аеа од-н'еа к'афе, ама п'ои̯ќе за-ст'ока, а 'урова̣т га-д'аваа искљ'учиво на-ј'унците да-б'иде·в п'ојаќи,...) СтС; *'осиљке* 'игличките на класјето' (Па кoаи̯-се-н'емало и ј'ечмен се-мл'ело, ама т'ој па има 'осиљке, па и мл'огу е-п'олошо.) Р; *п̄леа* 'сламчиња и лушпи, остатоци при вршење на житото што се отстрануваат при веење' (...ж'итото... Ќе-о-в'ееш, ќе-о-в'ееш, ќе-о-в'ееш и ќе-г-'одвееш. После од-голем'а-плеа ќе-о-м'етеш, после од-маал'а-плеа...) Л; *ч'енка, ч'еница*, *ш'ут̄ица* 'вид пченица', *р'ӑш, ј'ечмен* (...ќе-'однесеш, с'омелеш ч'енка, аљ ч'енца, р'ӑш-ли, ј'ечмен-ли. Ч'енка и р'ӑш б'идуа да-го-с'омелеш, да-о-м'ешаш тоа бр'ашното, п'омек је-л'ебот седи, р'ӑжот го ... не-'остава да-се-ст'ега г-ом'екнуа.) Р.

Транспорт и комуникација:

б'ирџе 'поголеми коњски коли со четири тркала, за подолг пат' (...не-тр'ебело к'ола с'амо за не'естата може да- требе к'ола, со-к'оњ, ељи ч'еза, ељи 'имаше к'оле др'уги 'имаше со-четир'и-колца, б'ирџе ги-в'икаја, т'аквија, за-до-гр'ат д-'иеш пог'олема к'ола...) Р; *да-с-'изг̄уби, да-се-д'ави, да-се-п̄'уст̄ее* (Н'екој му-д'одеал ж'иотот и ќ-'иде да-с-'изгуби, да-се-д'ави, да-се-п'устее,...) Г; *ј'уже* 'ортома' Т; *коли* (...'ишле , н'ајблизо Рум'унија, и тоа ги-н'осел од-'овдека ч'уек от-с'елово со-к'ола со-дв'а-коња галиба.) Р; *колесник* 'воловска кола' (Н'аишал н'екој со в'оло:и̯, со-к'олесник, ќе-н'оси ѓубре.)Р / (...зашо 'идеа све со-кол'есници, а з'има-е, з'има сн'ек г'олем. ...Дв'а в'ола у-т'иа м'алине колесн'ицинс, от тамо...'ишле бе.) Г; *коњск'а-коли // шп̄'едит̄ељ* 'кола што ја влечат коњи' Т; *к'оўџе* 'тркало' // *т̄'р̥кало* Т; *мос, п̄ут̄* (Не, нем'аі̯-гаі̯ле - вика - м'остов је пр'епраен, иди сл'ободно. Ја идем, отиднав до-пут - ч'екаі̯ - реков - да-о-видим путоф што-сум-ишла за-на-стар-м'анастир, к'акви е.) Л; *с'ања* ʽсанка’ (...брашното...- К'ола, у-з'има со-'сања ќе-г'-однесеш.) Р; *сањило* ʽделовите на санката што се влечат по земја (место тркала на кола)’, '*оплењ* ʽводорамна греда на кола’ (т'аквиа да-б'ида сањ'илата м'алу н'агоре да-ти-не-з'апираа у-к'амен. Па ќе-г-'извр̥тиш на-дв'е-места, сањ'илата, и-н'апрет и н'азат и 'ототде и 'отоде 'обете и ќе-и-т'уриш ... тоа се-в'ика 'оплењ. Ќе-г-'извр̥тиш и на-тој на-'оплењот ќе-му-т'уриш,)Р; *с'ицим* ʽврвка, потенко јаже’ (...д'ома от-к'онопạт или от-л'ăнạт ќе-напр'ае·в с'ици̯м, ќе-г-ус'уче·в у-ч'етири у-п'ет) СтС; *сл'ăпци* ʽчетирите дирекчиња што ги држат страниците на колата’ (...значи, ќ-'има сл'ăпци на-сањ'илото 'оплен’от у-с'ањила ќе-се-скл'опи и н'апрет и н'азạт и на-опл'ењите по-ср'ане ќ-'има на-дв'ата 'оплења ќ-'има по-едно-к'олче, ќе-з'авр̥тиш, к'олчиња, д'р̥ва да-и-нат'оариш т'уека.) Р; *ср'аница* ʽштицата што се става по страните на колата’ (Со-с'ање, т'уриш една-ср'аница две ќе-т'уриш, кад-'има с'еа сн'ек к'ола н'еі̯де сн'егот г'олем, со-с'ања.) Р; *чвор* ʽделот каде што е врзано јажето’ Т; *ч'еза // јавалица* ʽкола на две тркала’(На- ноќ'еиште, при'атели со-коњ, е со-ч'еза, со јавалица, со-ж'ена, со-д'ете, со-коњ ќе-д'ода и-од-вечер, ...) Р; *ч'ивија* ʽжелезен клин за цепење дрва; дрвени клинови за прицврстување - на слапците на колата’, *г'ужва*, '*игле* (ќе-му-т'уриш една-ч'ивја и една-г'ужва 'озгора да-се да-н'еі̯де крај-н'а-крај, н'его да-б'иде раш'ирено к'олку што-е-'сањата. И ќе-му-'туриш се-в'икаја т'ија 'игле, ќе-и-з'авиткаш т'уека тоа, ка-п'ајтон. Ј'арем п'осле да-и-пр'егаш, значи.) Р.

Општествено-политички живот:

апс'аана // затвор ʽместо каде се зтвораат виновниците’ Т / (...се-вр'аќа н'азад и три-дăна у-затвор у-општина, да-ч'ука т'уека.) Р; *бан* ʽсамостоен или вазален владетел на држава’ // *министер* ʽвисок државен функционер’ (Тевд'осие К'р̥стиќ за-св'ое вр'еме бил бан, с'еа в'икаа м'инистер, то'а-време бан, на-ск'опска ок'олија.) БТ; *барут'аана* ʽместо каде се чува барут’ Т; *б'уквар* (Со-'едан б'уквар смо-'учеле д'есет д'еца, н'емало б'уквари,...) БТ; *в'оі̯на* (И р'ат,...го-р'аниле т'ешко, се п'уца б'ојно п'оле, н'ормално) // (За-вр'еме на-п'р̥ва св'етска в'оі̯на...) Г; *в'оі̯ска* (..у-в'оі̯ска г'алиба 'умре.) Л; *в'ојник* (...б'ил в'ојник у-крал'евина с'р̥пска, с'р̥пски в'ојник.) Г; *гр'анат // д'уќан* ʽобјект каде што се продаваат разни производи’ (...т'огаі̯ р'аботаф у-д'уќан, 'учев з'анат) Т / (...ка-шо-'имамо с'еа д'уќан овде, н'екое д'уќанче и д'ошол кам'ион со-н'екоа р'оба расто'араа.) Г; *гр'аница* (Кога гран'ицата се-стоп'ирала за-С'офија, нашиот народ од Брезно се-пр'ефӑрлил во-С'р̥бија во-Б'еоград.) БТ; *гр'ат* (И едан-д'ӑн б'абата от'ишла у-гр'ат на-п'азар.) БТ; *се-зас'адило* ʽнастанало' (...'от-тиа Чут'урофци с-умл'ожила фамил'ијата, две-три к'уќе, и така с'елото се-зас'адило т'уека од-њ'и:^{в}.) БТ; *се изд'игаја* 'се раселија' („'Абе б'ире, сиром'аштиа г'олема - рече - се изд'игаја, кој 'отие у-Т'етоо, кој по-с'ела, кој в'аму, кој т'аму".) Р; *'имот* ʽнедвижна своина, со едно име' (...'имотот го-д'авал од-п'ашата за-п'аре, на-бр'езјани, варв'арчạни, м'ал д'ел и от'унчạни куп'уеле м'оже и д'ӑнӑска њ'ивете ги-д'р̥жат.) БТ; *книга, библиот'ека* (Ил'о, па му-и-з'еде шо-'имаше књ'иге у-манастир иск'инати све, Ил'о све му-и-д'аде у-библиот'ека све му-и-н'апраи̯ја.) Л; *колектив* (К'ога ст'ана колект'ивот ми-с'обраја ст'оката, 'офцете, к'оњи, в'оло:и̯ сфе што-'имафмо ни-з'еде дрӑж'аата,...) БТ; *колективиз'ација* ʽкооперативни стопанстава' (П'едеста г'одина кога завл'адее колективизац'иата...) БТ; *к'омшиа* (...мие не-смо-чуле, кӑј-д'ое 'едан 'овде от-комш'иеве - рече- зн'аете 'Ангел 'умре.) Л; *м'атичар* (М'атичар ка-ќ-'ида ќе-о-пр'ашаа младож'ењата аљ-га-в'олиш.....и д'еи̯ката исто...) Р; *оцепило* ʽскинало' (...ама у-т'оа вр'еме д'еца како д'еца, некое дете го-оц'епило б'укварот,...) БТ; *пар'охиа* (..али 'овја п'опоф, ш'о-знам т'амо, рече - да-ми-д'адеш пар'охиа - и му-даде у-Јег'унофце, у-Ј'анчишта т'амо.) Л; *п'ечạлба, печ'албари* (Од н'ашето с'ело б'ило печ'ạлбарско. 'Ишле на-п'ечạлба во-С'офија...Во-Б'еоград од-н'ашето с'ело 'имало тр'иесе до-четир'иесе ф'урне, п'екаре,...) БТ; *пљачка* ʽкога некој краде; кражба' Т; *пр'иатељ* („Ама 'иам 'уште г'ости за-испр'аќање, в'амо-т'амо, при'атели".) Р; *рат // м'ур* ʽпечат' (...от-п'ашата го-куп'уале и со-докум'ент, тоа што-о-к'упиле св'аки има 'овдека у-с'елово докум'ент, и-тоа со-м'ур шо-се-в'ика, они в'икаа мур за-п'ечат, со-мур т'урска 'онаа, т'урска т'апија 'имаа.) Р; *село* ʽмала населба од 50, 100, 200 куќи' (...една фам'илија има од Лазар'ополе, една фам'илија има од-Мил'етино, ...од Стар'е-Село,... една фам'илија има од-Алб'ạнија,...И така с'елото се-'оформило...Све, д'ошло до-сед'умдесе ос'умдесе к'уќе...) БТ; *сл'ово* (ископ'уаа гр'оп, ама кој-а-к'опаа гр'обот, иск'опале па-га-напр'аеле у-сл'ово на /г/.) Г; *т'апија* (...ем-викал да-ви-го-пр'одадем местово ова, со-т'апија,...) Р / (И ни-је-преп'исано 'ијамо т'апија т'урска све, кој дӑн-д'ӑнӑсќе в'ажи.) СтС; *т'умрук* ʽпорез, данок' (њ'ивете што-му-и-р'аботале ги-раб'отале за-с'ебе ама д'авале, значи, како-т'умрук се-в'икало тоа н'ешто како-порез, еден м'алав п'орез.) Р; *'уем* ʽвид данок' (- 'Уем, 'уем з'емаја, на-ст'о-кила, шт'о-знам, т'акво 'едно како-ц'р̥паљка т'енџерче едно, како-к'ој зн'аел т'аќе з'емал.)Р; *ш'андан // св'еќник* (...кеј-шо-с'еди св'еќата, ш'андан го-викале тоа.) Т; *шк'оло/чк'ољо, боўн'ица* (Кăі̯-сум-'учела имаше шк'оло у-м'анастирон онде кеі̯-шо-е-боўн'ицава стара,...) Л.

Обичаи и вера:

-термини поврзани со обичаи за свадба, крштевка, погреб:

'адет, светењ'е-масло (..ч'есто ум'рале љ'уди. И што-ќ'е-праа љ'удиве, изм'ислиле ај-ќе-св'етимо м'асло,значи, тоа ќе-се-в'икне поп, ќе-се-н'апрае т'амо 'адетот, ќе-отч'атуа 'едно др'уго тиа-р'аботе све,..) Р; *владика* (Го-к'анел т'атко-ми влад'иката, влад'иката 'имал р'абота н'е-можел да-д'ојде, н'ејсе.) Р; *об'ичаі̯* (Ќе-св'етимо м'асло у-к'уќава, к'ако-што об'ичаи, правосл'авни. Ама тр'ебе да-д'ојда н'епар п'опо:і̯...) Р; *м'анастир, ц'р̥ква* (Атан'асоан на-стар-м'анастир смо-'ишле.../ Л; *поп* (Поп 'имаше т'амо и цр̥кв'ичето посе се-р'уши...) Л; *ц'р̥ква*, *св'еќа* (Седи седи, ц'р̥квата, седи, ида п'ала св'еќе..) Л;

вид'ение, вид'енџие, п'р̥виче, пăрв'чари (Ќе-се-н'апрае св'адба,... други'от-дăн ќ-'има *вид'ение*, ќе-д'ојда от-кеі̯-н'е:стата,...а от-кеі̯-младож'ењата други'от-в'ечер ќ-'има п'оклон, значи фамилијата ќе-д'ојде со п'оклон со-една-п'огача..., една-т'ава со-к'окошка ељи со-м'есо т'аќе н'ешто, т'аќе бил обичајот, ќе-д'ојда и ќе-пр'аа г'ости в'ечерта. П'осле 'имало...ако-си мог'уќлија 'имало п'р̥виче...Родн'ината од-не:стата,...кеі̯ младож'ењата ќ-'ида на г'ости тамо, п'р̥виче....Пăрв'чари с'еа в'икаа вид'енџие...(Р); *д'авање з'емање, се-св'р̥ши, се-'узбори, в'олење,* (А младож'ењата тр'ебе да-д'аде на-б'абата ако-'има *б'аба* и д'едо ж'иви к'ожу^в да-ем-к'упи ељ н'ешто др'уго. И д'авање з'емање за-д'едото ељи к'ондуре ељи н'ешто др'уго тиа-р'аботе се-д'авало и ќе-се-св'р̥ши. Ќе-д'оаѓа двајца тројца ќе-се-'узбори не'естата и ќе-д'оаѓа ќе-а-свр̥ш'уаа. Ка-ќе-се-св'р̥ши, по-свр̥шу'ењето п'осле ќ-'има в'олење, тоа се-в'икаше в'олење на-п'оп, коаі̯-ќ-'ида на-п'оп. М'атичар ка-ќ-'ида ќе-о-пр'ашаа младож'ењата аљ-га-в'олиш, га-в'олим, тр'ипута и д'еі̯ката исто, аљ-га-с'акаш, в'олење т'аќе го-в'икаја.) Р; *се-кл'ања* (...н'естата... ќе-се-кл'ања.,... леблебија, ш'арени бомб'ончиња, ка-ќе-доі̯де т'епсија ќе-е-пр'инеса па-ќе-ф'ăрља прек'о-глава,...) Б; *муст'улџие* ‛лицо што првин ќе донесат, ќе јават радосна вест’ (тр'оі̯ца ќ-'ида н'апрет едо пола саат, тиа муст'улџие се-в'икаа, ќ-ида напрет да-ст'ора 'абер дека ида сфатоі̯те.) БТ; *навод'џие, ср'ојници* (...н'апред, млад'ожења, м'ислим д'ете и д'еі̯че не-см'ееле да-се-в'ида ни-да-се-с'остаа, преко при'а̣тели, тиа навод'аџие, ср'ојници шо-ѓи-в'икале, преко-њ'им.)БТ; *пемб'езар* ‘вел’ (...н'естата ќе-га-'изнеса со-пемб'езари па-ќе-а-к'ача на-к'оњ и со-к'оњ ќе-д'оі̯де. Па-ка-ќе-сл'езе ќе-се-кл'ања.,... леблебија, ш'арени бомб'ончиња, ка-ќе-доі̯де т'епсија ќе-е-пр'инеса па-ќе-ф'ăрља прек'о-глава,...Ќе-зам'ешуе манца, ќе-пос'ọљуе,...Бр'ашно ќе-з'асее, тиа-'адети б'иле.) БТ; *пов'ојница* ‘кога се оди со подарок кај мало штотуку родено дете’ (Кр'ава ка-ќе-се-'отели па-ка-ќе-а-п'ушта у-Жеда̣н, се-от'ељуа сеа кр'ава и една-н'едеља ќе-с'еди д'ома, две, ка-ќе-а-п'уишта за-у-Жеда̣н, п'огача на-гоі̯д'арите, пов'оі̯ница д'емек, 'обичај трад'иција,...) Р; *пр'аа срој, св'адби* (П'осле по-тоа ќ-'ида ќе-пр'аа срој, ќе-а-свр̥ш'уаа, значи, ср'ојници ќе-а-св'р̥ша, па-ќе-з'акажа тогаја коаі̯-ќ'е-биде свадба, па-св'адбата ка-ќе-б'иде после ќе-се-с'обера од-еднат'а-срана, девер, ст'аросват, кум тиа-р'аботе све,...) Р; *сл̥б'ица* ’скала’, *к'оњоар* ’мало дете’ (...и на-сл̥б'ицата, т'уека, к'оњоар ќе-ти-д'ада, д'ете ма'лоо, две-три г'одине, да-о-д'игаш н'агоре...); *тиг'а̣н’чари* (П'осле, у-понед'а̣ўникот до'а̣ѓа̣а само-ж'ене, тиг'а̣н’чари, тиг'а̣н’чари. 'Ѐпа покл'оните т'огаі̯ се-н'оса,...) Т;

бр'аќа /с'есри (...'и-тоа у-една'а-вода ги-к'р̥шт'еваа и тиа-са ка-бр'аќа, ако са-мушки, ако са-ж'енски, брат и-с'есра, так’е.) Л; *к'р̥сти, к'р̥штева, к'р̥штевка* (...ќ-'идеш к'умот ќе-о-тр'ажиш, 'онаа, име ќе-ти-д'аде. П'осле ќе-о-к'р̥штеаш, ќе-в'икаш г'ости...Се-кр̥шт'еваа деца, се-наст'асале, т'амо у-м'анастир, 'и-тоа,...т'аќе к'р̥штевка, т'а-ти-е, ќе-'онадиш, ќе-о- к'р̥стиш д'етето...) Л; *мек'ичари* (а-к-ќе-сер'оди н'ешто на м'екице, *мек'ичари..*) Р;

гр'обишта (..глеі̯ и сега и у-гр'обишта н'е-идемни м'аі̯ка ка-ми-'умрела и св'екр̥ва и све,..) Л; *д'упка* ‘гроб’ (Ја-сум-стара, деветн'аеста г'одина, ј'а-сум в'ише за-у-д'упка) Л; *ѓ'аоў* (Меѓутоа, му-се-ст'ăмнило и ќ-'ие у-некоа-к'уќа ќе-сп'ие, ..., д'ека н'оќта изл'агаа 'овја, ѓа'олите, како-и-в'икав.) Г; *задушница* ‘деновите кога се оди на гробишта’ Т; *з'акоп // п'огреб* ‘процесот кога се закопува умрениот’ Т; *ј'епир* (...затоа што 'едни в'икаа ј'епирите не-се-в'иѓаа н'оќум, ј'епир н'е-виѓаш...саб'ајлето јеп'ирите се-п'икаа у-гр'оп ка-ќе-з'адăни.) Г; *м'р̥тви* (..кăі̯-гич'итаа м'р̥твите.. у-гр'обишта..) Л; *умирачка* (...умир'ачката ка-б'ила, тоа м'есто се-с'обирале с'елото и св'ите сељ'аните и п'опоːі̯ два ељи три н'е-знам кољку-'имало пр'ошле тр'ипута колу-н'околу ч'атејќи...) Р;

- слави, празници и термини поврзани со нивното празнување:

к'р̥ст̄е ц'р̥вено (-Има к'р̥сте ц'р̥вено у-кал'ендарче, тој-д'ăн н'е-се р'абота.) Р; *к'уќна слави* (Нашат'а-слава? ĪП'етковден. Ат'атко-ми, Свети-Никола. – Порано било, на-пример с'ега ќе-б'иде сл'авата, ченица ќе-се-н'оси, при'ạтели ќе-се-носи пạн'аѓиа и ч'еница се-н'осело.) Т / (..ц'ело с'ело сл'ави две к'уќни сл'аве..) СтС; *к'ани* ʽпрвиот ден од славата, заслуг’ (Домашна слава ни-б'ила Свети-Ѓ'орѓија. Се-ч'екало на-к'аната до'ạѓале љ'уди, другари, н'е-фамили'арни, др'угари, н'авечер.) БТ / (- Два три дăна, кана, уочи сл'ава, дă'нот и после вториот дăн патерице. Три дăна гости колку сакаш.) Т; *сл'авски леп̄* (...л'ебот ќе-о-н'апраи̯ш, ќе-о-н'ашạриш со-вр'апчиња, со-гр'озје. Тој п'пот ..го-с'ече и ќе-му-т'ури в'инце..) Т; *п̄ạн'ạг̄иа* ʽобредно лепче што служи за причестување вoправославната црква’, *к'ᵃ̆рсник* ʽдрвен ксрст за моделирање’ (...пạн'ạгиа и ч'енца се-н'осело... пạн'ạгиа, л'епчиња м'али па со, наш'ạрено со-к'ᵃ̆рсник, тоа с-в'икало пạн'ạѓие.) Т; *се б'ери* ʽсе собираат’ (И после ќ-'идеш, от-св'е с'елава ќе-се-б'ера т'амо...на слва..) Л; *ќе-л'ег̄аа* (..и тамо ќе-л'егаа на-ч'ардакот, г'оре, ќе-расп'осел’а туе ќе с'еда, ќе-л'егаа.) Л; *п̄р'елег̄и* ʽпреспие’ („Ти - рече - ќе-пр'елегаш ама ќе-пр'елегаш у-б'очвава за-в'ино т'уе ун'утра“.) Г; *г̄'ачкаа* (Почнале прикасќе да-каж'уаа сфе каж'уаа г'ачкаа, кои̯ што-пр'аел как'о-праел,...) Б; *се-оф'ирали* ʽсе разоткрила’ (И т'ăгаја се-оф'ирала дека е-ж'енско.) Б; *и꞉ст̄ерали // исп̄'ỵрдили* ʽизбркала’ (..тиа г-и꞉стерала ги- исп'урдила аи̯ б'егаи̯те от-т'уека‘) Л; *Водице* (..не-р'ипале деца како-с'ега м'али, м'ужи р'ипале...стар'и-људи, значи, у-г'одине, п'едесе, ш'иесе г'одине р'ипале, ама н'екако п'онапрет ов'а-време било мл'огу ст'удено на-В'одице, н'е-знам може да-б'ило и дв'аесе ељи дв'аесе и-п'ет шес сте'пени 'испод н'ула.) Р; *Ат̄ан'асоан* (Атан'асоан на-стар-манастир смо-'ишле. Тамо, снек било, ...) Л; '*Илинден* ('Илинден коаи̯-ќе-д'ои̯де 'Илинден п'онапрет, на Свети 'Илија п'орано ќе-има св'ирке 'овдека, ќе-п'азара св'ирке, б'анде.) Р; *в'ап̄ца* (Напре ќе-'онадиш, јаи̯ца на-Вели-ч'етвр̥ток ќе-в'апцаш и д'еца кеи̯-ќ-'излеза...) Л; *б'ери* ʽсобираат’ (Не н'емало, с'ега ида *б'ери јаи̯ца*) Л; *В'елидạн* (В'елидạн, сваки прав'ославен го-сл'ави...се-сл'ави тр'и-дăна... П'р̥виот д'ăн се-к'оле ј'агне дома се-р'уча... Мл'адите ќ-'играа ст'арите ќе-с'еда г'оре ќе-се-к'р̥шкаа со-ј'ајца, ќе-п'оа, к'оњи ќе-тр'ăкаа, ќе-ј'аваа тиа-р'аботе, см'ешке да-се-пр'аа.) БТ / (Се-постеше за-В'елидạн, свите шес неделе се-п'остеше, исклучиво месо никако, јајце никако.) СтС / (Напре ќе-'онадиш, јаи̯ца на- Вели-ч'етвр̥ток ќе-в'апцаш) Л;

Вељ'асреди, Величетвр̥ток, Вел'ипеток, Вељас'убота (...ја само до-Вел’а-среда сум -ш'иела...) Т / (Се-постеше за-В'елидạн, свите шес неделе се-п'остеше, искључиво месо никако, јајце никако.) СтС; *Б'ожиќ, Свети-Ј'оан* (И р'адос б'ило к'ат-ќе, за-В'елидӑн или за-свети-Ј'оан да-'облечеш за-Б'ожиќ клашн'иќиќи н'оі̯, саш'иени...д'еца мие се-к'р̥шка·в, ј'ајца меѓ'у-себе и пак ќе-се-'игра без-м'узика т'аќе б'еше се-'играше се-п'оеше.) СтС; *Лазарице, Цв'етници* (...и д'ецата м'али, д'ецата со-ѕв'ончиња м'али 'едни, па ќ-'идеш ќе-поеш песн’а - лазаре, лазаре - коі̯знае сум-га-з'абораі̯ла как'о-беше п'есн’ата...Ќ-иеш нагоре вр̥б'ицете на-в'р̥бице тоа лаз'арице туе у-цр̥ква ќе и-остаеш па-на-Цв'етници ќе-'ида н'арот от-цр̥ква и све ќе-земаа от-вр̥б'ицата,) Л; *Петковден* (...н'ашата б'ила м'ᵃ̆рсна, Петковден м'ᵃ̆рсна, м'ᵃ̆рсно се-ј'аде) Т; *Св'ета Вр'ача, М'итровдӑн* ('Иначе к'уќни сл'аве са-Св'ета Вр'ача и М'итровдӑн на-'осми, дв'е сл'аве к'уќни са, ц'ело с'ело сл'ави...) СтС; *Сфети С'ава* (На-Свети-С'ава...децата ќе-ти-д'адеф п'есниче да-го-н'аучиш, па-на-Сфети-С'ава ќа-гл'едаа тиа л’’удите туе ќе-с'еда, ти-ќе-пр'ичаш, 'овде н'асрана си-'останал, л’’удите 'одонде. До-н'егде го-зн'аем т'оа, п'есн’ата...Ама не-г'а-знаем све, таја г'олема б'еше: Раско ко удара тако позно у дубини ноќног мира на капии затвореног светогорског манасира, веќ је прошло ...) Л; *Ѓурѓоан* (Према-Ѓ'урѓоан значи, утре е Ѓ'урѓоан в'ечерва се-б'ере б'иљке..) Р / (У-'очи Ѓурѓовден младежот от-с'ело 'излагал по-б'иљке. ...ст'арите љ'уди, б'иљкете прет-сл'ӑнце ќ-'излеза *ќе-з'апотна* б'афчете, ст'оката дека спие ќе-т'ура гр'анчиња, пр'ет сл'ӑнце тоа да-ги-з'апотна, тоа.) БТ / (Селската слава ни-е-Ѓ'урѓовдӑн, тоа е на-ш'ести м'аі̯ и ц'р̥квата га-н'оси 'истото 'име, Свети-Ѓ'орѓиа.) СтС; *Бл'агоец* (Бл'агоец го-сл'авело Ј'елошник, аљи за-Бл'агоец мие смо-им-с'екле 'ушите на-јагн'ињата, б'елези смо-им-т'урạле на-Бл'агоец, да-ги-н'е-боли да-б'ида бл'аги.) БТ; *Свети-Јоан* (...а за-Свети-Јоан сите мужите у-цр̥ква и посе ќ-излезев н'е·сте те и со-јабуке пред-дворот у-цр̥вата и туека н'евестете млади што-са-дојдени д'авав и пост'арите на-к'умо·і̯те на-стар'освати што-им-са на-д'еверите, д'аваа ј'абуке, а за-в'озврат овја ќе-ем-д'адев по-д'инар, ...у-в'озврат тоа б'ило.) СтС; *пр'иќешња* (...п'р̥ва н'едел’а п'ос ни-зеі̯тин не-смо-јале, ако не-см'о-биле на-пр'иќешња,...) Т; *прич'истени* (...'уште н'е-смо прич'истени за-Велигден тиа-'одма пᵃ̆рва-н'едел’а д'оạѓạа, т'огај се-пл'аќа) Т; *в'изита // виз'итạри* (гости на-славата доаѓạа т'иа-шо-сạ виз'итạри, на-в'изита, а па најбл'иските у'очи сл'авата...) Т; *п̄'осна / м'ᵃ̆рсна слава* (Ако е-п'осна слава, посно се-г'отви, н'ашата б'ила м'ᵃ̆рсна, Петковден м'ᵃ̆рсна, м'ᵃ̆рсно се-ј'аде.) Л;

к'оло ʽоро' (...от-св'е с'елава ќе-се-б'ера, ќ-'играа к'оло, ов'а-село, б'ашка к'оло Непр'оштено, б'ашка Т'еарце, б'ашка, све с'елава б'ашка п'о-башка ќ-'играа к'ола,..) Л / (И п'осле тоа се-п'оеше п'есна и оро се-'играше со-п'есна.) СтС; *св'ирке, ш'у̣п̄ељка, г̄'аі̯де* (...по'рано ќе-има св'рке 'овдека, ќе-п'азара св'ирке, *банде*. Прет-т'оа со-ш'упељка и-со- г'ајде...со ш'упељка ка-ќе-св'ира овде..) Р; *т̄'у̣п̄ан, с'у̣рли* (Ќе-д'ое В'елидăн, тамо со-т'упан, т'упан, с'урла-ли, г'аі̯де.) Р; *ш'у̣п̄ељче // д'у̣дук, арм'у̣ника* (...н'аучил б'еше да-св'ири,...со-ш'упељче. Н'екој га-в'икав д'удук, мие ш'упељка, по-н'аше...П'осе со-т'ек на-вр'еме 'имаше и т'аќе б'еше.) СтС.

Небесни тела, страни на светот, време:

в'ек (...тука има гр'обја р'имски от-п'ети или ч'етвр̥ти в'ек-са, ...) СтС; *вр'еў̣* ʽза многу топол леб', а, *врӯќ* ʽза денот, кога е многу топло' Т; *г̄л'у̣а д'оба* (..у- гл'уа д'оба измеѓу-дван'аесет и 'едан саат ноќту...) СтС // *п̄оўноќ* ʽсредината на ноќта' Т; *г̄'одина, м'ину̣т̄* ('Овја вл'егал, за-дв'а м'инута што-п'оседел т'уека, в'амо пр'ошле дв'еста г'одине...)Р; *д'ăнп̄ладне // п̄л'адне* ʽвремето кон средината на денот кога сонцето најмногу грее' Т; *д'ăнăске, џ'еў̣-дăн, н'авечер, в'ечер, у̣т̄ре,* (Сега и д'ăнăске к'ана, шо в'икаа, ќ-'има, Бог'ороі̯ца џ'еў-дăн в'ечерта, и утре, џ'еў-дăн до-в'ечерта. Т'огаја, от-с'абаі̯ле кеі̯-ќ-'ида, от-сабаі̯ле, тиа 'отоде..) Л; *иќ'индија* (Н'авечер ка-ќе-д'ојде иќ'индија, значи в'икамо м'ие иќ'индија н'ели, н'авечер сл'ăнцето пред-з'аод да-е, ка-ќе-б'иде у-кр'ај.) Р; *ј'есен* (...у-ј'есен кат-ќе-п'очнемо да-'оремо,...) СтС; *ј'у̣ни, ј'у̣ли* (По-д'уба̣т, а тоа н'егдека је, около от-петн'аести ј'уни до-дв'аести ј'ули, додека ј'оште л'иса̣т п'освеш, на-дуб'ицата, т'ăгаја п'иеф, по-нега..) СтС; *л'ет̄о* (У-л'ето 'шле у Пула. Коі̯-тр'еба да-ш'еташ.) Л; *м'аі̯, 'авг̄у̣с* (Смо-ги-ср'ижеле дв'а-пута 'офцете, у-пр'олет м'аі̯-месец и у-август.) БТ; *март̄* (Нас р'еката ни-б'ила т'уека, а 'он-па, м'уш-ми мн'огу с'акаше, ишоў у-м'арт-месец да-се-к'упе.) Т; *мр'ак* ʽвремето кога настапува ноќ' (В'ише се-смр'ачило, а и н'ему му-б'ило ср'а по-мр'ак с'игурно да-'иде.) Р / *мраќ* Т; *н'едеља* (...св'адбата у-н'едеља на-пр'имер ќе-биде свадбата.) БТ; *п̄л'адне* (А ти, ц'ел-дăн г'оі̯ дата ќе-п'аса у Жеда̣н, ама и т'ера на пладне...) Р; *п̄он'еда̣ўник* (Тамо у-Ѓорче с'еа смо-д'ошле у-н'едела, у-пон'едаўник.) Л; *п̄рест̄у̣п̄на-г̄одина* ʽгодина што има 366 дена' Т; *п̄р'олет̄* (..у-пр'олет ќе-оз'елене ...) СтС; *с'абаі̯ле, нас'абаі̯ле* (Тамо, сн'аата нас'абаі̯ле ќе-згр'ее р'ак'иа, к'афе, д'оручек, све, ќе-'онади ј'адење...) Л/ (И саб'ајлето ст'ануа, доручк'уаа и ќе-г-'испраќа кеј-шо-о-з'ел,...) Р; *саб'ајле* // *'ут̄ро* ʽвремето кога излегува сонцето' Т; *с'аат̄* ʽвреме од 60 минути', а, *час* ʽсамо како училишен час' Т; *сев'ерњача* ʽѕвездата што е најсветла и се наоѓа на северната страна' Т; *сл'ӑнце* (И от-т'амо со-к'озете вечер каќе-з'аоѓа сл'ӑнце ќе-и-с'обера, ...) Р; *с'убот̄а* (Од-с'убота в'ечер ќе-се-соб'ираа, млади ќе-ј'ада, ќе-п'ија, ...) БТ.

Релјеф и геолошки состав на земјата:

г̄р'аг̄ор ʽместо каде има ситни камења' Т; *з'авој* ʽостра кривина на стрмен планински пат' (По-др̥ва-бе – рече – бев-на-з'авој....З'авој кеі̯-што-в'икамо д'рвата.) Р; *к'амен, в'аровник* (...м'ало сл'ӑнце ако-в'ати, не-се-знаело к'амен 'има в'аровник и се-суши...) СтС; *к'арп̄а* ʽголем камен' (..тука 'има к'арпе со-наслони..) СтС; *п̄'есак* ('имамо испот-с'ело сеа 'ископ 'има се-к'опа п'есак) СтС; *п̄ланина* („Тоа тамо е-планина, се-п'аса 'офце се-пр'ае б'ачило...) Г; *п̄оле* ʽпоголема рамница' (И раб'оташе и п'оле и ниве, св'е, ..) Л; *рид* (...овде р'идоф како-ф'аќа р'идоф од рамн'иштево што-вик'амо, од-гроб'иштава н'агоре...Туе 'имало ф'ое...) Р / р'идно н'агоре (..а ја н'е-можем д-'идем р'идно н'агоре..) Л; *т̄умба* ʽмало возвишение во рамница' (...по-ср'еде р'идот т'амо 'има една-т'умба,...) Р.

Метеорологија:

б'ӑбот̄и 'грми' Т; *б'ура* ʽневреме на море' Т; *б'учи* ʽветрот кога дува силно и се слуша глас' Т; *в'еда - фр̥ка в'еда* ʽсветкање на небото, кога врне силен дожд и кога грми' Т; *вет̄ар* (...в'етарот што-д'уа от К'осоо, от-Л'епенац, пр'ема н'аамо, Стар'е-Село е заштитено от-североист'очниат ветар) СтС; *винож̄ит̄о* ʽтоа што се јавува на небото после дожд, кога ќе огрее сонце' Т; *г̄р'адушка* ʽзамрзнатите капки што паѓаат летно време (кога врне)' Т; *дожд'овница* // *к'ап̄аі̯ца* ʽвода од дожд' Т; *'иње* ʽсмрзната роса што се фаќа по дрвата и потревата' Т; *лап̄аі̯ца* ʽкога истовремено врне и дожд и снег' Т; *др'онци* // *мр'азулици* ʽмразулци кои висат по стреите' Т (Дронци од-десет-м'етра, па-ќе-р'ипна, ама Вардарот бил тогаја малаф, не како сега.) Р; *м'еќш* ʽлошо време, тогаш кога врне снег и вее силен ветер' Т; *мраз* ʽзамрзната вода' Т; *н'авеф* ʽнавеан снег' Т; *н'евреме* ʽфортуна' Т; *сл'ана* ʽзамрзната слана во доцна есен (им нанесува штета на растенијата) Т.

Хидрографија:

бр'азда (...в'одата е-т'ерана од-Љ'убота̣н, од-Мал'а-Река н'адоле по-бр'азда з'емлена, к'ако-и дӑн-д'ӑнӑсќе што-'иде и два воден'ичарсќи к'амна.) СтС; *бунар* ʽместо од каде се црпе вода' Т; *вир, 'извор*

(...после 'имамо едно-м'есто В'ирјан, тамо 'имало в'иреі̯, 'извори на-вода и се-пр'аело в'ирчина..., 'извор к'ојшто н'икада не-прес'ушуа, в'одата е мл'ого ст'удена, а бл'ага-е за-п'иене.) СтС; *јаз* ‘голема бразда со која се води водата на воденица’ Т; *кал* (блато не се употребува) Т; *к'исели-води* (...'умре...му-кажуавмо дека е-в'одата к'исела, 'опасна... таја 'отрувна б'еше..) Л; *к'орито* ‘местото низ кое тече реката, како и местото покрај реката’ Т; *л'окви // вир* ‘вдлабнатина каде што се собира вода’ Т; *мочуриште // шамак* ‘подводно земјиште каде што расте трска’ Т; *пл'иќак* ‘плитко место во река’ Т; *п'орој* ‘река штп има вода само за време на големи дождови’ Т; *река* (...и едан 'извор има Марк'ов-камен од-Рог'ачео и т'аја се-вл'ева у-Су'а-Река и дв'ата 'извора гу-сочин'уạв р'еката.) СтС; *сува река / сушица* (Су'а-Река з'ашто прес'ушуа, п'онира преко-л'ето не-прес'ушуа 'она, 'ама п'онира и се-м'еша у-В'ардар.) СтС; *т'алас* ‘бран’ Т; *улив // утока* ‘местото каде што една река влегува во друга, поголема’ Т.

Лице според занимањето:

'апаш // 'арамі̯а // 'ајдук // кр'адец (понов збор) ‘тој што краде’ Т (...и т'огај кої̯-им-вл'егле 'апаши, им он'ạдиле све...) Т; *'аргат* ‘човек што работи кај некого под надница’ (...'аргати 'ишле од Брезно, тамо раб'отале...) БТ; *б'егалка* ‘девојка што побегнала за некого, се омажила без знаење на родителите’ (Младите не-се-прạш'уеле,...Ако некоа 'отиде б'егалка, ќ'утек има да-ј'аде д'ебел,...) БТ; *вл'ачар* (...в'уната...ка-ќе-се-'избие на-вл'ачар све з'аедно ќе-гу-исп'ере·в, ќе-се-'исуши ќе-с-'исчисти от-т'р̥не од-ѓ'убре, све, п'осле пер'енето и се-н'осеше на-вл'ачар.) СтС / (...вал'аі̯ч'ạрите дạн'оноќно раб'тале) Т; *вод'ариа / в'одарка* ‘човек, жена што носи вода’ Т; *вол'оари* (Ама и вол'оари 'имаше б'ашка што не-и-т'ераја у-г'оі̯дари. И за-со-ј'арињa 'ишал ч'уек, со-ј'аганца, со-'офце. Р; *гаі̯д'аџиа* (Прет-т'оа со-ш'упељка и-со-г'ајде 'овдека 'имаше гаі̯д'аџиа и ш'упељка. Ка-ќе-засв'иреа они со-г'аі̯де...) Р; *г'оі̯дар* (...п'р̥во и п'р̥во гоі̯д'ạрите ќ-'излеза, ќе-в'икне гоі̯дар, ќе-и-с'обере г'оі̯дата ќе-и-'отера н'агоре....смо-'имале два г'оі̯дара што-ѓи-ч'уале г'оі̯дата.) Р; *г'атач* ‘човек што гледа (гата)’ Т; *ј'ужари* (...кој-'имал п'аре да-к'упи с'иџим ќе-к'упил од-ј'ужари от-Т'ето:.) СтС; *кал'ајџиа* (...н'апрет б'ило к'отле б'акарно, кал'ајсано на-кал'ајџиа, да-б'иде б'ело 'иначе ќе-ф'ати пл'ав-камен 'унутра и д'оаѓа до-тр'оене, б'акар.) СтС; *к'оач* ‘ковач’ (...и з'ăмба пр'аена на-м'ајстор, на-к'оач и со-з'ăмбата, у-дв'е се-пр'аеше.) СтС / (..Ко'ачоі̯ има, от-п'оі̯ќина има, тиа б'иле љ'уди, н'екоі̯ бил к'оач, по-т'оа ги-д'обиле им'ињата) Р;

ловции ʽтој што лови зајаци ли друг дивечʼ (...ловц̯'иеве ч'екаа, нема н'ишто, м'ислим да-'излезе з'ајак.) БТ; *м'омок* ʽчовек што работи кај некого секаква домашна работаʼ (– Ти кажаф, они само ра̣б'отале, п'осле з'емале м'омок,...не-зн'аеле да-ра̣б'отаа тиа м'омците.) Т; *'офчари, к'озари, св'ињари, т̄'елчари* (...по-гоі̯д'аритс, 'офчари, к'озари, св'ињари, т'елчари, светоа 'имало. Жеданот т'амо не с'и-моел да-се-п'омериш од имење, на-свак'а- страна 'имало ст'ока...) Р; *п̄'екар* (Во-Б'еоград од-н'ашето с'ело 'имало тр'иесе до-ч'етириесе ф'урне, п'екаре,..) Б; *п̄р̥ст̄'енција // к'оенции* ʽчовек што прави и продава прстениʼ Т; *ск'ит̄ач* ʽтој што постојано скитаʼ Т; *т̄'ерзии* ʽлице што крои, шиеʼ (...па-ќе-д'ојдеше т'ерзие,...И таќе, ќе-з'ема:в д'ома м'ера со-едно-ж'елезо, ка-р'азмер, тоа како-мер'уаа со-н'ега,...) СтС; *т̄уп̄'анција* ('Ишал, 'ишал на-некое-м'есто гл'еда туп'анција со-т'упан:..) Г; СтС; *уч'ит̄ел*ʼ (...и д'ојде 'учителʼ др'уги. Ж'ико се-в'икаше, Цӑрн'огорец. Ама лош!...) Л; *фурн'а̣ц̯ии* (...н'ајмного со соч'арство и фурн'а̣ц̯ие.., ги- в'икале т'амо за ф'урна̣ц̯ие, за-да-м'еси, да-п'ече, све тиа-р'аботе,...) Р; *ч'елар* (Сега 'имамо н'ов ч'елар мл'ад, има един'аесе к'ошнице,...) СтС.

Како што истакнавме погоре, промените во општествено-политичкиот и економскиот живот на македонскиот народ најмногу се одразуваат во лексиката, која како најотворен систем во јазикот е најподложна на влијанија и промени. Новите предмети и поими навлегуваат заедно со називот и како такви се прифаќаат. Анализата на речничкиот фонд од вратничко-полошките говори покажува дека кај информаторите од постарата генерација сè уште е присутен духот на времето во кое тие живееле. Тие со ненаметливата народна реч го држат вниманието на оној што го проучува нивниот говор, истовремено запознавајќи го со времето на нивното живеење, со традицијата и со нивните обичаи. Во нивниот јазик сè уште живеат зборови кои денес се помалку познати, или воопшто се непознати за помладите генерации, односно се архаизирале и влегле во пасивниот лексички фонд, а за жал голем дел од нив исчезнале. Меѓутоа, анализираниот материјал покажува и на континуитет во навлегувањето на нови зборови кои означуваат нови поими и предмети и кај постарата генерација говорители, односно и кај оваа генерација говорители видливо е заменување на старите зборови со нови, би кажале „во духот на времето“. Во оваа смисла во употреба се бележат следниве лексеми: *'акцис, социализам, п̄ор'езници* (Он за-вр'еме т'урско 'имало 'акцис, ка шо-'имаше с'еа у, у-социал'измоф, за-р'акиа шо-'идоа по-к'уќе пор'езници, колку-р'акиа 'имаш да-те-оп'ореза..); *апаши // арамии* (...и т'огај коі̯-им-вл'егле 'апаши, им он'ạдиле све...) Т; *археол'ошк’ки испит'ụана* (..истраж'уаа т'амо, археол'ошк’ки испит'уана, за-в'реме на-Југосл'авиа...) СтС; *венч'ạница* (венч'аница... 'од-таму да-и-н'апраа да-и-к'упа, како шо, најмо'дерна...) Т; *вик'ендица* (с'едоја 'имаја вик'ендица, к'уќа н'апраена..) Л; *викенд'аши* (Сега има, преко л'ето 'има, викенд'аши 'ова 'она, 'аљи за-жив'е:ње само дв'ајца љ'уди...) БТ; *грạдон'ачалник, б'ụџа* (...б'уџеве, тиа ш'о-сạ, еве шо-б'еше, пр'ед-овега, грạдон'ачалник, тој б'еше тут'убајко н'ишто, н'ишто,...) Т; *дел'овоѓа* ’сметководител’ (Дел'овоѓа, п'исмен ч'уек б'ил, дел'овоѓа. Он б'ил дел'овоѓа, б'ил и учител’,...) Р; *емиграција* (...и со-емиграц'ијата кăда-п'очнаа да-'идев от-ш'иесет и-'осма, у-Н'емачка, Ам'ерика, таќе-да ст'очниạт ф'онт се-н'амали на сто 'овце сеа момент'ално и п'ет кр'аве у-с'ело,...) СтС; *ин'екциạ // игла* (...т'урајте мр'ас, т'урајте ин'екциạ..) Т; *к'адар* (...б'еше како т'техничар, туе зав'р̥шија х'емиско у-Јег'унофце ги-'учеа то'а-време...,) Р; *колектив* (К'ога ст'ана колект'ивот ми-с'ораја ст'оката, 'офцете, к'оњи, в'оло:і̯ сфе што-'имафмо ни-з'еде дрăж'аата,...) БТ; *колективиз'ации* ‘кооперативни стопанстава’ (П'едеста г'одина кога завл'адее колективизац'иата, сеа се-повр'аќамо т'уека има мн'огу завр̥зл'аме....) БТ; *комун'исти* (т'уека 'исто н'ашиве горном'а:ло мн'огу 'имаше комун'исти, беа д'ецата комун'исти и све -се-сн'аоѓạја со-Талј'ạнциве,...) Т; *министер* ‘висок државен функционер’ (Тевд'осие К'р̥стиќ за-св'ое вр'еме бил бан, с'еа в'икаа м'инистер, то'а-време бан, на-ск'опска ок'олија.) БТ; *оператор // хирург* (Рефет, оп'ератор, биў специал'иста...хирург биў...) Т; *п'ạртиец* (...ако ф'ата 'еден п'ạртиец да-го-п'икна у-з'атвор...г’'и-т'епаа.) Т; *с'алон зạ-ш'иење // д'ụќан* (...а м'ене д'ојде мајстор'ицạтạ да-ме-моли у-с'алон, дạ-б'идем шеф у-с'алонот зạ-ш'иење.; ...ти п'оложи 'испит зạ да-'отвориш ти с'ама д'уќан.) Т; *телев'изија* (...'Ољгица, пр'езиме не-'и-знаем. П'р̥вачиња, т'аја ни-з'авр̥ши,...на таја Ољгица, сом-га-сл'ушнал на-телев'изија, сега е-п'окојна.) БТ; *'ụрнебес* (Ка-ќе-засв'иреа они со-г'аі̯де, ка-ќе-сен'фаќаа ж'ене, н'еесте мл'ади, б'еќари тоа било 'урнебес,..) Р; *фạкул'етлијạ* ‘учен човек’ (...тој б'еше фạкул'етлијạ...учен..)Т; *ф'арма // коњ'ụшница* (Коњ'ушница е, како-да-т'и-кажем, да-имамо време ќе-т-'однесем тамо, како дупка, рамно,...За-вр'еме т'урско, т'уека к'оњите ги-вр̥ж'уеле, туе било како-ф'арма, к'оњите ги-вр̥ж'уеле т'уека, зашт'итено од-в'етар...) БТ; *фора* (Му-остаеле фора, ако се-пред'омисли да-м'оже д-'излезе от-т'уека.) Г; *х'уманост* (Буг'арите пок'азаја г'олем х'уманост, према-с'елото. Тија пож'арени к'уќе шо-б'еа, ги-изгр'адија, со-ч'иви ср'ества, к'акви, в'ажно к'уќе ги-обн'овија,...) БТ; *ч'адор* // *н'ајлонче* (Н'емало ни-ч'адорче, ни-н'ајлонче, да-т'уриш на-гл'ава, ништо.)БТ; *Чича мича готова прича* (кога се завршува со раскажување) Б.

Богатството на речничкиот фонд во вратничко-полошките говори се огледа и во употребата на двојни форми (без разлика дали се работи за постар наспрема понов збор, или пак, за лексема од словенско наспрема збор од несловенско потекло) со кои се именува еден предмет или пјава, пр.: *д'еца* // *ч'ељат*, *живее* // *стануе*, *л'оква* // *вир*, *љ'уди* // *ч'уеци*, *п'ули* // *гледа*, *р'ило* // *буза*, *тр'ае* // *м'олчи*, *'окаљке* // *н'очаре*, *пена* // *сап'уњаи̯ца*, *фл'ека* // *д'амка*, *љ'убеў* // *сака*, *ч'ичо* // *с(т)р'ико* // *ацо*, *сројник* // *навод'ацие*, *л'амба* // *г'асник*, *с'едало* // *гн'ездо*, *пача* // *пифтија*, *т'иганце* // *м'екице*, *пр'апорци* // *ѕв'онои̯*, *п'амбук* // *б'убаќ*, *к'оўце* // *т'р̥кало*, *з'акоп* // *п'огреб*, *др'онци* // *мр'азулци*, *улив* // *утока*, *тр'удна* // *н'осеќа* // *г'олема*// *бремена*, *рат* // *војна*, *шаргар'епа* // *м'оркоф* и др.

Основниот лексиксичи фонд на вратничко-полошките говори има словенски карактер. Ова, меѓу другото, се должи на долговековниот контакт на македонскиот со словенските народи на многу полиња од животот, контакт којшто продолжува и денес. Така на пр., како и на целиот македонски дијалектен ареал, во поголеми или помали дијалектни подрачја (Дрвошанов: 2005), така и во разгледуваниве говори, во составот на анатомската лексика за човекот се регистрираат именувања со словенско потекло: *бр'ада*, *в'илица*, *гăрди*, *гл'ава*, *г'р̥клан*, *зглоб*, *зуб*, *к'оса*, *к'оска*, *кук*, *мев*, *'образ*, *'око*, *'рскаи̯ца*, *'ребро*, *сл'езинка* и др. Кај роднинската терминологија најголемиот дел од речничкиот фонд на дијалектниот арел вратничко-полошки говори, исто како и на целиот македонски јазичен ареал (Стоевска-Денчова 2009) му припаѓа на основниот словенски фонд, пр.: *брат*, *д'ете*, *зет*, *м'аи̯ка*, *м'аќеа*, *'очуф*, *свекор*, *свек'р̥ва*, *с'есра*, *син*, *с(т)р'ико*, *т'атко*, *ќ'ерка* и др. Анализата на дијалектните именувањата од сферата на покуќнината и посатките во македонските дијалекти, покажува дека и овде преовладуваат лексеми од словенски потекло (Давкова-Ѓоргиева 2009). Потврда за ова е и ексцерпираниот материјал од односнава сфера на вратничко-полошките говори. Сп.: *огн'оште, в'едро, с'оларник, стоў, тл'ᵃчник, чаша, л'ăјца, виљушка, нож, г'ăрне, цр'епња, сито.* Вакви заклучоци во македонските дијалекти се изведуваат и кај називите од тематските области на земјоделството и обработка на земјата каде основниот речничкиот фонд е со општословенски карактер (Пеев 1976: 121). Во оваа смисла, во вратничко-полошките говори регистрираме називи што се однесуваат на површините што се сеат, односно косат: *н'ива, бр'азда, ораница, ледина* и сл., на именувањата на орудијата за обработка на земјата: *р'ало, плуг, в'ила, лопата, мотика* и др., како и на називите на житните растенија и начинот на нивната преработка: *жито, овес, ј'ечмен, р'ăж, гу̣мно, ст'оцар* и сл. И кај именувањата од семантичката сфера на животните (домашни, диви), на облеката и облекувањето, хрната, како и на растителниот свет на целиот македонскиот дијалектен ареал, вклучително и во вратничко-полошките говори (*брес, в'р̥ба, д'ᵃрво, ду̣б* 'даб, *д'у̣ња, з'елје, ј'абука, коноп, кр'у̣ша, к'у̣пу̣с, лен, л'еска, л'еќа, лу̣к, 'ораф, р'аќита, сл'ива, т'иква, ф'оја, цр'ешња, шт'авељ* и др.), се забележува фрквентност на општословенскиот лексички слој (Киш: 1996; 2010). Што се однесува до термините со кои се именуваат предметите и поимите од тематското подрачје на сточарството, би посочиле дека лексемите од оваа сфера во вратничко-полошките говори, како и во другите македонски говори, во потполност сведочат за условите во кои се развивала сточарската култура на Јужните Словени. Туѓите елементи што се навлезени во првобитно чисто словенскиот сточарски речник (*б'ачило* < ром. *báčil'ă<bacilu* 'плански офчар', *б'у̣тин* < ром. *butoi(u), в'едро* < и.е. *wēd-ro-* и грч. *ὑδρία* 'сад за вода', *к'олиба, к'отеў, тᵃрло, ц'едило*), се должат на раните општествени контакти со балканските староседелци, Албанците и Власите, на грчките културни влијанија, а најдоцнежните меѓу нив, турските зборови, се распространувале откако турското владеење се закрепило на балканот (Голомб 1959: 19-32).

Туѓи зборови

Карактерот на етнолингвистичката ситуација на Балканот неминовно ни дава поттик за навлегувањето на јужнословенската односно балканската лексика во македонскиот јазик. Меѓусебното влијание на балканските јазици се огледа во напоредните особености што се јавуваат во граматиката, но немалубројни се и заедничките особености на полето на лексиката. Имено, секој јазик во помала или поголема мера бил упатен да врши лексички заемања и од другите јазици и тоа главно за означување предмети и поими што дотогаш не биле во употреба во дадената јазична средина (се работи за т.н. нужни заемки), а понекогаш заема и такви зборови за кои постојат адекватни термини од домашно потекло, се работи за т.н. ненужни заемки (Јашар-Настева 1962/63: 109). Заедничките елементи во лексиката на балканските јазици, не може да се исцрпат само со директно заемање од еден јазик во друг, па затоа, честопати точното определување на јазикот кој послужил како непосреден извор за позајмување е невозможно. Но, факт е дека „грчкиот и турскиот, како јазици со посебен престиж, биле изворот од кој се шределе ред зборови во сите балкански јазици, па и во македонскиот" (Конески 1982: 213).

Извесен дел од туѓиот лексички фонд на вратничко-полошките говори веќе претставивме во тематскиот дел. Овде ќе се осврнеме само на дел од заемките од несловенско потекло (турцизми, грцизмите и албанизми). Забележливо е поголемо присуство на заемки од турскиот јазик наспрема заемки од грчко (во споредба со појужните говори овде се избројани) и албанско потекло. Факт е дека грчкиот јазик и грчката култура на овие простори имале слабо влијание. Грчки натписи по црквите и другите споменици во овој крај речиси нема (Стаматоски 1959: 80).

Турцизми – Најголем број од заемките во вратничко-полошките говори ги чинат турцизмите. Ексцерпираниот и анализираниот материјал и од овие говори укажува на тоа дека во одредена етапа од историскиот развоиток на македонскиот јазик, значајна улога одиграл токму турскиот јазик. Со оглед на тоа што македонскиот народ живеел и имал јазични контакти со турското население во тек на неколку века, ваквата состојба е сосема разбирлива и е резултат на неколкувековната македонско-турска лингвистичка симбиоза. Влијанието во доменот на лексиката било толку силно што голем број зборови од словенско потекло се заменувале со заемки од турскиот јазик, или пак, има ситуации кога и двата збора се во напоредна употреба, како на пр.: *ап̄с'ана // зат̄вор, б̄аџа // оџак, б̄еќар // 'ерг̄ен, г̄р'анит̄ // д'уќан, ј'аг̄лак // к'р̥п̄а, лек // иљач, мев //*

стомак, наб'едуе // код'оши, н'окти // к'анце, обичај // адет, с'оба // 'одаја, св'еќнак // ш'андан, стоў // сундалиа, ср'ун’ак // с'ито, ќар // корист, ќор // слеп, шт'ичинка // дăска, ш'упељче // д'удук и др. Турските лексички елементи или турцизмите (сите оние заемки што во македонскиот јазик почнале да навлегуваат од турскиот јазик по завладувањето на Балканскиот Полуостров од страна на Османлиите, т.е. од XV век наваму, без оглед на нивното етимолошко потекло, арапско, персиско, грчко, латинско, француско и др.) се ширеле во насока град –> село. Доказ за ова е нивната застапеност во народното творештво, како и застапеноста на голем број зборови од турско потекло кои и денес се во жива употреба во народните говори, кај селското население, отколку во литературниот македонски јазик (Јашар-Настева 2001: 18-39). Разгледуваните дијалектни зборови од вратничко-полошките говори сè уште еден показ за тоа дека заемките од турскиот јазик се застапени речиси во сите сфери на материјалниот и духовниот живот на овие говорители, кои во својата јазична свест и не ги сеќаваат како туѓи. Ареалната слика на вратничко-полошките говори во однос на речничкиот фонд бележи присуство на турски заемки во следниве лексичкосемантички области: делови на човечкото тело – *бубрег* (тур. *böbrek*), *бут* ‘ногата од колкот до колено’ (тур. *but*), *џигер* и полукалките *цăрн-џигер, б'еў-џигер* (тур. *ciğer, akciğer, karağer*); физички и психички особини – *д'ембељ* ‘мрзлив, неработлив’ (тур. *tembel*), *'инает* (тур. *inat* < арап.), *кодош* ‘човек што кодоши’ (тур. *kodoş*), *сакат* ‘човек со физички недостатоци’ (тур. *sakat*), *ќ'ел’аф* (тур. *kel*), *ќор* ‘слеп човек’ (тур. *kör*), *ш'ашаф* ‘човек што гледа со едното око на една страна, а со другото на друга’ (тур. *şaşı*); болести и лекување – *иљач* ‘тоа што лекарот им го дава на болните за да оздрават’ (тур. *ilâç*), *м'елем* (тур. *mehlem* < арап.); хигиена – *ј'аглак* ‘тоа со што се бришеме, крпа’ (тур. *yağlık*); роднински односи – *баўдеза* ‘жената сестра’ (тур. *baldız*), *б'екар* ‘неоженет, ерген’ (тур. *bekâr*), *ј'етинче* ‘сираче, дете коешто останало без родители’ (тур. *yetim* < арап.), од албанскиот јазик заемката *аџо* ‘татковиот брат; чичко; стрико’ (алб. *áxh/ë*); облека и облекување – *б'офча* ‘подарок на свадба, крштевка’ (тур. *bohça*), *долама* ’горна машка клашнена облека долга до колена, која се носи врз другата облека’ (тур. *dolama*), *ѓерд'анчиња* (< *gerdan*); *к'оланче* ‘тесен женски појас во повеќе бои’ (< *kolan*), *конд'урлии / к'ондуре* ‘кондури’ (тур. *kundura, kundra* гр.), *минтан* ‘вид горна машка или женска облека со тесни ракави’ (тур. *mintan* < перс.), *н'алање* (тур. *nalın* < арап.), *р'у̣ба* ‘женската облека со едно име’ (тур. *ruba* < герм.), *'у̣чку̣р* ‘тоа со што се врзуваат гаќите’ (тур. *uçkur*), *фанели* (тур. *fanila* < итал.), *ч'ашире* ‘вид панаталони широки од колената нагоре’ (тур. *çakşır*), *ш'амија* ‘тоа што го носат жените на глава’ и *шам'џ̭че* ‘џебно марамче’ (тур. *şamı* < перс.), *ч'орап̄е* ‘тоа што се носи на нозете под чевлите’ (тур. *çorap* < арап.); стан (куќа и нејзините делови) – *баџа* (тур. *baca*), *одаја* (тур. *odaya*), *п̄армаџи* ‘дрвена ограда на чардакот или басамаците, направена од тенки летви’ (тур. *parmak*, *parmaklık*), *с'анда̣лија* ‘стол’ (тур. *sandalye* < арап.), *џам* ‘прозорец’ (тур. *çam* < перс.); уредување на куќата и посатки – *долап̄* (тур. *dolap* < перс.), *кап̄ак* (тур. *kapak*), *килим* (тур. *kilim* < перс.), *черг̄а* (тур. *çerge*), *т̄еп̄сија* (тур. *tepsı*), *сандак* (тур. *sandık* < арап.), *софра* ‘ниско тркалезно масиче на кое се јаде’ (тур. *sofra*), *сач* ‘вршник’ (тур. *saç*), *т̄енџере* (тур. *tencere*), *т̄аб'а̣ка̣* ‘послужавник; голема плитка чинија’ (тур. *т̄абак* < арап.), *т̄ава* ‘земјен сад во кој се пече односно вари јадењето’ (тур. *tava*), *шандан* ‘свеќник’ (тур. *amdan*), *ќ'у̣мбе* (тур. *kümbet*), *шише* ‘стаклен сад за вода и разни течности’ (тур. *şişe*); приготвување храна – *алва* (тур. *helva* < арап.), *ѓ'еврек* (тур. *gevrek*), *к'о̣ўп̄ит̄е* ‘пита слична на зелник, само што има повеќе кори и средното е помало’ (тур. *kolpide*), *мезе* (тур. *meze* < перс.), *п̄'ашт̄р̥ма* ‘сушено овчо месо’ (тур. *pastırma*), *суџу̣к* ‘колбаси’ (тур. *sucuk*), *т̄у̣ршија* ‘конзервиран зеленчук за зима’ (тур. *turşu*), *чорба* (тур. *çorba* < перс.); занаети – присуството на турски заемки во односнава сфера, во овие говори, е резултат на тоа што најголем број од занаетите се појавиле и развиле за време на Турците (Јашар-Настева 2001: 72). Меѓу поопштите заемки ги нотираме: *б'акшиш* (тур. *bahşiş*), *д'у̣ќан* (тур. *dükkân*), *зијан* (тур. *ziyan* < перс.), *т̄'езг̄е* (тур. *tezgâh*), *ќар* (тур. *kâr* < перс.), *т̄'ерзија* (тур. *terazi*); од материјали: *с'р̥ма* (тур. *sırma*), *с'иџим* (тур. *sicim*), *т̄'енеќе* (тур. *teneke*), од алатките: *алат̄* (тур. *alat* < арап.), *ч'ивија* ‘шајка, големо железо’ (тур. *çivi*), *ч'екич* (тур. *çekiç*); од пари: *п̄аре* ‘стари или нови метални пари што се редат на носија или се ставаат во колач’ (тур. *para* < перс.), *меџ'у̣дие* ‘сребрена и златна монета од времето на султан Абдул-Меџид’ (тур. *mecidiye*); од мерките: *кило* (тур. *kile* <арап.), *ока* (тур. *okka* <арап.), *чифт̄* (тур. *çift*); домашни животни – *'ајван* (тур. *hayvan* < арап.), *б'у̣љу̣џи* ‘собрано на куп’ (< *bölük*), *з'аг̄ар* ‘ловечки пес’ (тур. *zagar*), *н'аўча* ‘коњска потковица’ (тур. *nalça* < перс.); диви животни – *к'анџе* ‘ноктите кај птици грабливки’ (тур. *kanca*); растителност: *б'афча* (тур. *bahçe* < перс.), *зарзават* ‘зеленчук’ (тур. *zerzevat/zarzavat* < перс.), *ј'емиш* ‘плодно дрво’ (тур. *yemiş*), *калем, калеми* (< *kalem*), *магдонос* (тур. *maydonoz*), *патл'иџани* (тур. *patlıcan*), *памук* (тур. *pambuk* < перс.), *тутун* (тур. *tütün*), *чам* (тур. *çam*); транспорт и комуникација – *џ'аде* ‘друм, државен пат’ (тур. *cadde* < арап.); општествено-политички живот – *барут/барут'ашна* (тур. *barut/baruthane* < перс.), *јабанџ'иа* (тур. *yabançı*), *јан'ичар* (тур. *yeniçeri*), *к'омшиа* (тур. *komşu*), *к'онак* (тур. *konak*), *маало* (тур. *mahalle*), *мур* ‘печат’ (тур. *mühür*), *п'аша* (тур. *paşa*), *с'арај* ‘голема куќа за живеење, дворец, палата’ (тур. *saray* < перс.), *т'апија* (тур. *tapı*), *тумрук* (тур. *tomruk*), *ч'аршиа* (тур. *çsrşı* < перс.), *ч'ивлик* (<*çiflik/ çiftlik*), *џ'амиа* (тур. *cami* < арап.); обичаи и вера: *'адет* ‘обичај, право, закон, традиција’ (тур. *adet* < арап.); од музичките инструменти ги забележавме заемките: *г'аи̯да* (тур. *kaide* < арап.), *д'удук* (тур. *düdük*); небесни тела, страни на светот, време – *иќ'индија* ‘pоладне сѐ до залезот на сонцето, инаку втора муслиманска молитва’ (тур. *ikindi*), *сабајле* ‘наутро, утро’ (тур. *sabahile*); *саат* ‘временска единица од 60 минути’ (тур. *saat* < арап.).

Од прилозите ќе ги нотиравме: *башка* ‘одделно, посебно’ (тур. *başka*), *б'ајги* ‘прилично, доста’ (тур. *bayağı*); *демек* ‘значи, спрема тоа’ - конклузивен сврзник (тур. *demek*), *к'арши̯а* ‘преку, спроти, наспроти’- прилог за место (тур. *karşı*) / *карши-к'арши̯а* ‘еден спроти друг’ (< *karşı-karşıya*); од модалните зборови: *г'ал’иба* // *г'алиба* ‘изгледа, веројатно’ (тур. *galiba* < арап.); со апстрактна содржина: *м'оабет/ м'уабет* (тур. *muhabbet*), *ељбет* ‘секако, јасно, природно’ (тур. *elbet, elbette* < арап.).

Овде би спомենале и неколку изрази во кои е употребена неодредената заемка *фиљан* како прва секвенца (тур. *filân, fulan* ‘некојси, едикојси’), а раскажувачот ја употребува со цел јавно да не го открие идентитетот. Оваа заменка е позната пошироко на македонската дијалектна територија како и во македонските говори во Албанија (Јашар-Настева 2001:114). Сп.: *ф'иљан д'ӑн* („Ф'иљан и фиљ'ан д'ӑн да-зн'аеш ја, ќе-в'икнуам љ'уди ќ-'ископам гроп и све ќе-организ'ирам, п'огреп 'идем ж'иф ќе-се-з'акопам да-н'е-седим 'овде.“)Г; *фиљ'ан место* (...ама ќе-пр'ати ср'ојник от-кеи̯-младож'ењата, н'екојси тиа ст'арите, ќе-пр'ата тамо ќе-пр'ашаа д'еи̯чево, сạм-д'ошạл еве ср'ојник за-фиљ'ан м'есто.) Р; *фиљ'ан-чуек* (Кого да-пр'ашаш у-с'елово к'сеи̯-седи фиљ'ан-чуек, ќе-ти р'еча тамо у-Мат'иче·и̯, тамо тр'ажи-га.) Р.

Грцизми – Мал дел од лексичките заемки во вратничко-полошките говори се од грчко потекло, но тие во овие говори навлегле преку турскиот јазик, индиректно со турско посредство и ги носат сите фонетски и семантички измени што ги претрпеле при преминот во турскиот јазик Такви се: *ангарија* (гр. ἀγγαρεία), *ѓубре* (тур. *gübre*, н.гр. *κοπριά*), *ефендија* (од н.гр. вокатив *атхенди* и *афенди*), *кантар* (тур. *кантар*, ср.гр. *κεντηνάριον*, односно лат. *центенариум* (centum = сто), *конд'урлиш*, *к'ондуре* ʽкондуриʼ (тур. *kundura, kundra* < гр.), *мушмула* (тур. *muşmula*, гр. – *Mespilus germanika*), *сомун* (тур. *somun*, гр. *psómi*), (Јашар-Настева 2001: 37; Таховски 1951).

Албанизми – Од албанскиот јазик, во овие говори, ги нотиравме заемките *аџо* ʽтатковиот брат; чичко; стрикоʼ (алб. *áxh/ë*) и *беса* (алб. *bés/ë* ʽдаден збор, чесен збор, вераʼ (Б'иле тр'ојца др'угари...и-з'еле з'аклетва к'ој п'р̥ф ќе-се-ж'ени да-о-п'окани др'угарот, д'али за-д'евер, 'ели ст'аросват 'или к'ум, зн'ачи т'аква б'еса д'але.) Р, како и фразеологизмот „*'ичин д'упка д'ичин р'упа*“ (во алб. *njëqind* – сто – *dyqind* – двесте) што во превод би значело *сто дупки, двесте дупки* (...па-ќе-д'ојдеше т'ерзие, 'идоа 'имаше 'едан т'ерзија Ст'аномир, от-Пр'изрен у-Вр'атница, па-тој 'имаше едан од-Ј'анчиште 'идеше. И таќе, ќе-з'ема:в д'ома м'ера со-едно-ж'елезо, ка-р'азмер, тоа како-мер'уаа со-н'ега, и зб'ореа само: „ 'ичин д'упка д'ичин р'упа“, само т'аќе ем-б'еше зб'ор̣ат, тоа-т'урсќи-ли-са̣.) СтС.

Би заклучиле дека, презентираниот лексички материјал од вратничко-полошките говори е само уште една коцка во пополнувањето на мозаикот наречен македонска дијалектна лексика, уште една коцка што ќе остане трајно сведоштво на македонското духовно и културното наследство.

ЗАКЛУЧОК

Од јазичната анализа што ја направивме на вратничко-полошките говори можеме да ги констатираме следниве особености што овие говори ги издвојуваат од другиот дел на македонската јазична територија.

На **фонетско рамниште** особеност е затворениот изговор на /а/ во градскиот тетовски говор и во поголемиот дел од другите околни села. Се работи за едно позатворено [ạ] кое може да се јави во сите позиции, значи и под акцент, освен во финален отворен слог (надвор од акцент): *Б'иў кăј-дев'ојкạта; Д'ецạ н'оселе бạкш'ишите...* (Т); *...смо-рạб'отале; Н'иве смо-рạб'отале..* (Л); *...они гу-в'икạв...* (СтС); (под акцент): *Тогаи̯ и т'аму поон'ạквуа; у-понед'ạўникот до'ạѓạа само-ж'ене, тиг'ạн'чари, тиг'ạн'чари; ...е не-може сеа одма да-се-он'ạдуеш; се-зас'ạкале и се-з'едоа; ...у-П'ула слạтк'ạрница има.; ...најголема при'ạтел'ка ми-б'ила; повл'ạстице 'имạфмо...* (Т).

Друга особеност на фонетско рамниште е сонантскиот карактер на /*в*/ во вратничкиот регион што резултира со зачувување на неговата звучност и во позиции во кои во другите говори доаѓа до асимилација по звучност: *И т'огаш дот'р̥чала в'ои̯ската т'урска и усп'еале да-га-сп'асиу̯ с'амо дв'е к'уќе.*; *...п'ошто има тр'авка Б'азар што расте,..; ..д'ејка ч'уали 'овце,..* (СтС); *..ама сум-б'ил м'алав, д'ете, тр'и-ч'етири г'одине...* (БТ).

На **морфолошко рамниште** она што е навистина карактеристично и препознатливо за овие говори е чувањето на вокалот на основата кај глаголите во прво лице еднина сегашно време, како и наставката *-мо* за прво лице еднина на сегашното време: *р'аботам/ раб'отамо; п'ечем/ п'ечемо; м'есим/ м'есимо.* Исто така како препознатлива специфика е личната заменка за прво лице множина: *м'и(ј)е*: *Мие 'имавмо центриф'уга,* (СтС); *И мие, д'еца сиром'ашчиња,* *со-оп'инчиња, боси, вр'еме в'ӑрне, зима, едно друго, ќе-се-накв'асимо, кај-ќе-от'идемо т'аму, м'окри.* (БТ). Во зборовната група на прилозите исто така имаме неколку карактеристични прилози препознатливи за овие говори: *т'аќе//т'аке, в'аќе//в'аке, д'ӑњум //д'ӑњу, н'оќум//н'оќу.*

На **синтаксичко рамниште** ќе наведеме неколку специфики што ги забележавме во вратничко-полошките говори.

Во рамките на употребата на временските парадигми карактеристично е дека има проширена употреба на минатото неопределено време во сферата на општиот претерит, т.е. во искази кои раскажуваат за настани темпорално определени (искажани со имперфектот и аористот), често се вметнуваат конструкциите на минатото неопределено време. Оваа појава е типична за северните македонски говори (сп. Видоески, 1962: 231-233). Ќе претставиме дел од забележаните примери: *Ср'едорек се-в'ика тоа м'естото, со-ш'упељка и со-г'аи̯де. Гаи̯де, Л'аде 'Аврамоф, со-г'аи̯де да-ти-з'асвири, т'атко-му на-Зл'аткота. Ка-ќе-засв'иреа они со-г'аи̯де, ка-ќе-се-н'афаќаа ж'ене, н'еесте мл'ади, б'еќари тоа било 'урнебес, к'ола не-м'ожела да-пр'ојде. П'осле от-т'уека се-з'афати со-к'уќе в'амо г'оре. А с'ефте п'амтим ја на-Р'амниште се-'играло сеа кеи̯-што-се-з'агради рамн'иштено. Ќе-д'ое В'елидӑн, тамо со-т'упан, т'упан, с'урла-ли, г'аи̯де. Тупан 'имаше 'един от-П'одбреѓе. Ц'иган, ќе-д'ое туе и-на-В'елидӑн на-среѓ'ен-дӑн се-'ишло.* (Р).

Интересно е да се забележи и релативно честата употреба на т.н. секундарни имперфективи, односно имперфективни презентски форми секундарно образувани од перфективни презентски форми за искажување на историски презент во вратничко-полошките говори: *напра'уаа, напӑлн'уаа, зап'аљуе, д'увнуе, опидуе, изг'оруе, исеч'уаа, сош'ивуе.*

За изразување на резултативност констатиравме дека *има*-перфектот и *сум*-перфектот II, денес имаат поширока употреба отколку порано и тоа не само во тетовскиот говор туку и во вратничкиот говор: *И 'они т'амо 'имаа р'ечено, уште-п'орано, у-Јанчишта све што-е-д'ојдено, све га-пр'ифаќал с'елскиот пр'азник, с'елската сл'ава.* (Г); *Од-љ'онца к'ојшто 'има с'еано, 'уљана р'епка н'е-се с'ее 'овдека, 'иначе да-се-с'ее т'аја мл'ого-је, млого за-м'ет-је.* (СтС).

Во рамките на изразување на падежните односи треба посебно да се истакне чувањето на општата зависна падежна форма или casus generalis која во овие говори може да извршува повеќе функции – акузатив: *И го-на'оѓа и го-пр'аќа Ст'ојана кăј кр'аљот* (Г) *в'икнио - рече - Гогота в'имо. Га-в'икнавмо Гогота,..;* (Р); датив: *Он т'атко-му му-к'ажуал н'ему на-т'атко-му на-Тр̥икота му-к'ажуал тоа, Б'огоја, се-в'икаше.* (Р); *Он 'одма телеф'онот на-Р'ефета̯ му-в'ика.* (Т); локација: *И у-К'остота б'ила т'аја, М'уто, у-Ск'опје, дадена,..* (Р); посвојност: *...овја од-Д'имета Д'арков т'атко-му,;* *'Имало 'овдека има и сега ја-сам-га-тр'ажел од Ст'ојана К'убур,* (Р); агенс во пасивни реченици: *Га-п'отепаў в'оі̯ската, стр'елата блаус'уана од-Господа,..* (Л).

Во рамките на именската група како специфичност за овие говори е честата употреба на посвојни придавки образувани од од лични имиња и од општи именки со посвојно значење: *...овја од-Д'имета Д'арков т'атко-му,* (Р); *Гаі̯де, Л'аде 'Аврамоф, со-г'аі̯де да-ти-з'асвири, т'атко-му на-Зл'аткота.* (Р); *...превр'иено 'офчото м'асло,..* (СтС); *...и ж'енете из'ăткале 'едно м'ало ш'умино пл'атно...* (СтС); *Селската слава ни-е-Ѓурѓовдăн,..* (СтС); *...да-ми-к'ажеш к'ăде-е цар'еа ќ'ерка 'инаќе гл'авата, 'и-таја, ако не ќе-'останеш жиф. И он му-а-к'азаў, му-а-к'азаў ќ'ерката и 'излегла и т'аја на-тар'аса.* (Л).

Кај комплементарните реченици, како специфика што ја забележавме само во материјалите од градскиот тетовски говор ќе го наведеме комплементарниот оператор *ал’*: *...а она, она-зн'а̯е ал’-'има-овде ж'ена, он, и д'еца, знае, ама не, н'е-смее да-он'адуе, да-р'рече. Све, шо-им-ра̯б'ота̯ле тиа сл'угете, зн'аа ал’-са-богати, с'игурно, с'игурно* (Т), што е еден од карактеристичните сврзници за гостиварскиот говор, сп.: *Разбирам ал’ му е тешко.* (Поповски 1970: 94).

Во рамките на сложената реченица како специфичност за вратничко-полошките говори ќе ги наведеме следниве сврзници: сврзникот за адверсативна релација *него* кој претставува заемка од српскиот јазик: „*Не-ви-е л'епешка н'его-ви-е п'огача*“. (Л); и сврзникот *пошто* за причински реченици: *...ја'-сум т'урали, пошо смо-'имале л'озје и б'уренце и грозје и вр'апчиња...* (Т); *Така е благ'уњаш за-п'иене, дали тоа пр'ема к'аменот што-е, ц'р̥н р'ударсќи к'амен, п'ошто у-бл'изина се-н'аоѓа и хр'омната р'уда.* (СтС).

Во поглед на реченичните трансформи карактеристична е честата употреба на глаголскиот прилог: *За-вр'емето б'угарско, с'елото ни-'изгоре, од-нес'акани пр'ичине, ч'истеі̯ќи, с'ељанин 'едан, пр'олетно вр'еме,* (БТ); *П'р̥во ќ-'иди у-П'ештер св'иреі̯ќи н'атаму, 'играі̯ќи со-п'оење со-св'е,..* (Р).

На **лексичко рамниште** материјалот нуди цело богатство на специфични лексеми кои навистина побудуваат интерес, било со својата форма или со своето значење. Ќе наведеме некои од нив: фонетски дијалектизми: *б'у̣а* ‘паразит што живее по луѓето и животните’ Т; *г̄ӑрди* ‘предниот горен дел на телото’ Т; *ду̣б* ‘даб’ Т; зборообразувачки дијалектизми: *бољa* ‘болка, болест’ Т; *брат̄анка* ‘братаница, женско дете од брат’ Т; *бу̣далилок* ‘будалштина; будалеста постапка’ Т; *г̄л'ежањ* ‘глужд’ Т; *г̄ӑрм* ‘грмушка’ Т; *ј'ачменик* ‘она што расте во окото и личи на зрно од јачмен’ Т; семантичките дијалектизми: *д'оп̄ре* ‘запре, сп. н'е-допре авт'обусов’ Т; *д'у̣п̄ка* ‘гроб’ Л; *збор* ‘разговор, зборување, нешто што е кажано’ Р; гл. *се-засадило* ‘настанало’ БТ; гл. *наст̄'анале* ‘пораснале’ БТ; гл. *седи* ‘постои на исто место, за објекти’ Л. Изобилството *дијалект̄ни зборови со јасна мот̄ивираност̄* укажува на богатството на духот и творечката моќ на народот. Во вратничко-полошките говори ги регистриравме следниве: *ап̄с'ана* ‘затвор’ Т; гл. *бр'ани* ‘тоа што го прави земјоделсцот со браната; влачи’ Т; *в'оќњак* ‘зградено место каде што има овошки’ Т; *крив'ошија* ‘човек со крива шија’ Т; *м'ек’ичари* ‘тие што одат на мекици’ Р; *м'у̣ќеница* ‘пијалак направен од закиселено млеко обезмастсно со матење’ СтС; *н'ебо* ‘горниот сводест дел од усната празнина’ Т; *'окаљке* ‘тоа што луѓето го носат на очите кога не гледаат’ Т; *п̄'р̥виче* ‘првото дете родено во фамилијата’ Р.

Од анализираните заемки во вратничко-полошките говори ќе навсдеме дел од турцизмитс кои се сретнуваат во голем број: болести и лекување – *иљач* ‘тоа што лекарот им го дава на болните за да оздрават’ (тур. *ilâç*); хигиена – *ј'аг̄лак* ‘тоа со што се бришеме; крпа’ (тур. *yağlık*); роднински односи – *баўдеза* ‘женината сестра’ (тур. *baldız*); *б'еќар* ‘неоженет, ерген’ (тур. *bekâr*); *ј'ет̄инче* ‘сираче, дете косшто останало без родители’ (тур. *yetim* < арап.); облека и облекување – *б'офча* ‘подарок на свадба, крштевка’ (тур. *bohça*); *долама* ’горна машка клашнена облека долга до колена, која се носи врз другата облека’ (тур. *dolama*); *к'оланче* ‘тесен женски појас во повеќе бои’ (< *kolan*); *конд'у̣рлии/ к'онду̣ре* ‘кондури’ (тур. *kundura, kundra* гр.); *минт̄ан* ‘вид горна машка или женска облека со тесни ракави’ (тур. *mintan* < перс.); *н'алање* (тур. *nalın* < арап.); *р'у̣ба* ‘женската облека со едно име’ (тур. *ruba* < герм.); *'у̣чку̣р* ‘тоа со што се врзуваат гаќите’ (тур. *uçkur*); *фанела* (тур. *fanila* < итал.); *ч'ашире* ‘вид пананталони широки од колената нагоре’ (тур. *çakşır*); стан (куќа и нејзините делови) – *баца* (тур. *baca*); *одаја* (тур. *odaya*); *п̄армаци* 'дрвена ограда на чардакот или басамаците, направена од тенки летви' (тур. *parmak, parmaklık*); *с'андц̣лија* 'стол' (тур. *sandalye* < арап.); уредување на куќата и посатки – *долап̄* (тур. *dolap* < перс.); *кап̄ак* (тур. *kapak*); *килим* (тур. *kilim* < перс.); *черг̄а* (тур. *çerge*); *т̄еп̄сија* (тур. *tepsı*); *сандак* (тур. *sandık* < арап.); *софра* 'ниско тркалезно масиче на кое се јаде' (тур. *sofra*); *сач* 'вршник' (тур. *saç*); *т̄енцере* (тур. *tencere*); *т̄аб'ц̣ка̣* 'послужавник; голема плитка чинија' (тур. *т̄абак* < арап.); *шандан* 'свеќник' (тур. *amdan*).

Како општ заклучок за вратничко-полошките говори можеме да истакнеме дека се работи за дијалектна зона на која се вкрстуваат влијанија и од западното дијалектно наречје и од северните говори, влијанија и од другите балкански јазици кои интензивно се говореле во минатото или сега се говорат на оваа територија (пред сè, турски и албански), со што се изградиле јазични особености единствени по својата комбинација во јазичниот систем, кои се препознатлив белег за населението што живее во овој регион не само во јазична смисла туку и во поширока културолошка смисла.

ТЕКСТОВИ

Експлоратор: Дарко Томовски

Тетово
Информатор: Александра Ристовска

-Кажи ми за твојата мужачка?
-Знаеш како: п'ᵃ̆рвиот син на-д'едото з'аради љ'убоф се-'убиў.
-Е како?
-Б'иў кăј-дев'ојкạта, од-л'озје б'иў кăј-дев'ојкạта, у-п'ошта раб'отạла, т'аќе ка-шо-кажуаў, зн'аᵋш они не-спом'ин'але в'ише т'оа у-к'уќа н'ивна. И он р'ече: „к'ојшо ќе-се-з'асака со-н'екого и нека-се-з'ема, г'отово, н'ареди ст'ариот. А ја п'ошто 'една сум-б'ила може-м'ислеле, д'емек и 'он-биў 'еден м'ушко и тр'и с'есре, м'уш-ми, и они м'оже м'ислеле д'емек да-не-'иде, ама-н'ејќе да-спр'ечуа ... т'атко-ми н'ејќеше д'омазет. П'орано 'имало д'омазет, до'ạѓале.
-И сега има негде.
-'Има и-с'ега. Сеа-п'оі̯ќе, к'ăј-шо-е п'оарно т'аму 'иде. Ама п'орано т'оа т'ак'е, али н'ејќеше т'атко-ми. С'акам в'ика фам'илија, с'акам при'ạтели да-ми-до'аѓạа и д-'идем. Он-мн'огу љ'убеў г'ости. Ст'ално с-'ишло на-г'ости п'орано, т'ак'е б'ило.Чим ќе-д'ојде на в'ечера ќ-'остана и м'узика, г'отоо. А 'иначе п'орано и со-ср'ојници б'ило. Сројници ќе-дојда, п'орано 'ишле да-уг'овора да-в'ида ако-в'ида н'екое д'ејче, е не-може сеа одма да-се-он'ạдуеш ка-с'ега. Сеа н'емаа г'ајле, одма ќе-заустави на-пут ќе-а-пр'аша. Т'огаі̯ не. Ќе-'ида и со-ј'абук'е. Ја-се-с'екаам за-'едни л"уди, д'ете сум-б'ила и м'ајка-ми в'ика како-ќ-'идете т'ак'е у-л"удиве т'амо да-пр'ашате. Д'аі̯ ќе-ви-д'аем ј'абук'е без-н'ишо не-с'ẹ-иде. От'иднаја тамо и-'одма

угов'ориле ... не-а-пр'ашале н'ега, не-и-праш'уеле н’иа. Н'екоі̯ 'има с'илом ... од-свек'р̥ва-ми в'ујко, брат'учеда п'р̥ва н'ејзина. Она в'ика, го-н'ејќем, го-н'ејќем. Не! ќе-ти-'омиле, к'ако-тоа, ќе-ти-'омиле. А-т'ој м'оже и га-т'ерало ср'еќата и га-нат'ера̣ја со-з'орт да-се-з'ема, н'екоі̯ дв'е-деца 'имаја и се-разв'едоа. Го-н'ејќе. 'Ишоў по-др'уги по-тр'ек’и, т'акоф биў ч'уекот. И н'ејќе, п'осле п'а се-з'едоа, се-з'еле. У-Ск'опје ж'ивеа, па се-з'еле, м'орале ради-д'ецата. И ж'иотот какоф-ќ'е-биде? Ни се-в'иделе ни-н'ишто. И не꞉ тоа. Ср'ојници прво, па ќ-уг'овора сројн'иците, па-п'осле в'еридба.

- И како веридбата?

- Вер'идбата, до'аѓа̣а кӑј не'еста̣та, и п'оп д'оаѓа.

- Сватоі̯те ида?

- Да! 'откӑј м'ушко ида кӑј ж'енското.

- А младож'енецот, иде?

- И младож'ењата иде. Па како ќе-н'е-иде. Т'огаі̯ в'ише п'очна̣ло м'одерно. И младож'ењата и св'ите и т'огај ќе-д'ојде, прстење ќе-им-т'ури п'опот на-р'еон н'ејзин ш'о-е и п'ошо кӑј ж'енското ида. Ја ти к'ажуем з'а-мене как'о-било, ја н'е-можем св'егде. И д'оаѓа п'опот ш'о-ни-е н'ас на-р'еон. И д'ојдоа мн'огу л’'уди и т'огај г’и-дар'ууе, св'екорот не-дар'ууе, св'екор-ми ме-д'аруаў. И ја н'е-знам шо, в'икам кн'игиче шо-е. -Коі̯-ти-'о-да̣де -рече- книг'ичето, 'одма д'о-мене ж'ене шо-'имаше, се-позрав'уаа, кој-ќ-'ида. Викам: - св'екор-ми, ама н'е-знаем шо-м'и-даде. О, ка-т'оа п'аре, книг'ичето п'аре, тогаі̯, и с'еа пр'аемо т'ак’е и с'ега пр'аемо т'ак’е. С'ефте коі̯-ќе-д'оі̯де, п'осе ќе-уг'овора св'адбата, како-ќ'е-бидне, ќе-д'ојда 'од-кӑј м'ушко. Ама мие-р'ано смо-се-в'енчале, биле ж'алосни за-т'ој шо-п'огинаў, и н'ејќеа, не! п'осе др'уги се-р'одиў. З'амисли се-р'одило др'уго д'ете, пор'а̣сна̣ло и 'умрело млад'ожења. Коі̯ седум-м'есеца б'иле у-бр'ак, се-с'акаја, она с'о-мене 'учеше шк'оло, се-с'акаја се-з'едоа и за седом-м'есеца он 'умре, се-р'азболе 'одма, менинг'ит у-гл'ава и г'отоо за-две-н'еделе. И т'огај беа-ж'алосни, а н'ејќеа нас ,д'емек, з'оўва-ми коі̯ с-ом'ужила у-Пр'илеп и она се-в'идела, се-зас'а̣кале и се-з'едоа. Ст'ариот так’е к'ажаў в'ише н'ема препр̥'аање и т'ак’е се-з'едоа. Они у-ц'ᵃ̆рнина отишле у-Пр'илеп на-св'адба. А м'ие-па, п'осле, смо-се-зеле, на-г'одина, а они с'игурно по-една-г'одина, ама ал’-'имало три-г'одине мл'адиот коі̯-'умреў, н'е-знаем. В'ажно б'ез м'узика, пр'ед сл'ужба. Т'огај̯ 'удофци се-з'емале, пр'ед-служба. Е так’е р'ешиле и ст'ариот му-р'екоў на т'атко-ми со-м'узика ќе-д'ојдеш т'ебе-ти-е 'едно, т'ебе ти-е п'оўно с'ᵃ̆рцето. Ќе-д'ојдеш н'ема тоа да-му-гр'ешимо. А т'атко-ми р'ече не! До-ц'ᵃ̆рква м'узика, а п'осле д'ома ја ќе-си-пр'аем св'адба, не-д'оаѓам кӑј-в'ас. П'осле р'учекот, д'ома се-руч'уало т'огај̯, п'осле р'учкој̯те, по-р'учекот до'а̣ѓаа од-кӑј-ж'енско, кӑј-младож'ењата. Т'огај̯ и т'аму поон'а̣квуа. П'осле, у-понед'а̣ўникот до'а̣ѓа̣а само-ж'ене, тиг'а̣н’чари, тиг'а̣н’чари. 'Епа покл'оните т'огај̯ се-н'оса, с'ега у-нед'ел’ата г’и да̣ваа. Т'огај̯ у-понед'а̣ўникот, само-ж'ене со-д'еца.

- А з'ашто тиг'ан’чари?
- Епа т'ак’е т'огај̯ бл'аго н'оса све, бл'аго и б'акшишите т'огај̯ г’и-н'оса на-не'еста̣та.
-Да-не-'ида на-т'иганце, з'ошто тиг'ан’чари?
-Епа-т'ак’е т'ига̣н’це г’и-в'икале тогај̯, т'ига̣н’це.
- На-м'екице шо-в'икаа с'ега.
- Да, т'ига̣н’це п'орано в'икале. И п'осе ќе-и-п'ослужа. Д'ојдоа т'огај̯ само-ж'ене, ама м'узика не, а у-нед'ел’а̣та ида п'о-ручек од-кӑј ж'енско кӑј-м'ушкото.
- И после таму музиката...
- Муз'иката т'аму све он'а̣дуа ама ст'ариот р'ече на-т'атко-ми, а т'атко-ми не! н'ејќеше не! -Ја - рече - ќе-си-пр'аем св'адба д'ома, вие како-св'е е-'арно пр'ај̯те-си. И мие си-с'едефмо од п'о-ручек на-б'алкон т'уека, на-т'етка в'ицо:ј̯ ка̣ж'уење, од свек'р̥ва-ми с'есра, и п'осе у-понед'а̣ўникот д'ојдоа ж'ене, т'огај̯ м'узика н'емало. Жене, некол’ку, три ако-д'оа, др'уготo све д'еца. Д'еца н'оселе ба̣кш'ишите, од-св'екого да-д'онеса б'акшиши, и-т'оа се-н'осело, а с'ега 'одма, т'уе с'еа к'ој̯ како-м'оже п'ој̯ќе, да-'однесе и да-з'аписша т'амо, к'ој̯ к'ол’ку д'онеў. Е н'е-било 'тогај̯ т'аќе. А мие смо-б'иле в'ерени десет-м'есеца. Е т'огај̯ так’е в'икале, н'ајубав ж'иот, вер'еници.
- А заедно сте живеле тогаш или уште не?
- Не, не, од ц'ᵃ̆рква к'ој̯ ќе-се-в'енчаш т'огај 'идеш д'ома, а 'иначе не. Ама ќе-ш'еташ. Ќе-д'ојде, он пој̯ќе кеј-н'ас с'едеше г'оре. Ќе-д'ојдеше на-в'ечера па-ќе-си-'иде д'ома, 'иначе не. Вер'еници, т'оај слободно м'оеш д-'излезеш и да-г-'однесеш н'егде и да-пр'ошеташ.

- Не е забрането.

- Св'егде 'имало гр'аница н'е-смееш св'егде. Ама т'огај вер'еници сл'ободно, а до-т'огаі̯ н'е-може. А м'ие св'ите см'о-се..., све-у-ц'ᵃ̆рква. Туе у-Бог'ороі̯ца цᵃ̆рква ни-б'ило бл'изу, све т'уе смо-с'еделе, св'ите и б'еќари ќе-до'аѓа̣а св'ите т'уе, у-ц'ᵃ̆рква т'уека. Па на... , смо-'ишле да-се-к'упемо, с'акамо мие горном'ааўци да, др'угиве н'е-ишле од-д'а̣леку. Нас р'еката ни-б'ила т'уека, а 'он-па, м'уш-ми мн'огу с'акаше, ишоў у-м'арт-месец да-се-к'упе. Ама п'оитер. Прво се-з'апозна со-т'атко-ми, се-з'апозна со-т'атко-ми, за-да-не-м'е-кара. Сп'особен. И т'атко-ми, кoі̯-ќе-ме-в'идеше у-ц'ᵃ̆рква с'едимо св'ите и не-р'ечуе н'ишто, н'ишто не-ми-р'ечуеў. М'ајка др'уго-е. Па сн'аа-ми г'оре вика з'ашо татко-ти..., а в'истина-е, ја млада сум-б'ила коі̯-'умреў т'атко-ми. Д'ецава ми-б'еа р'одени, четириес'осма смо-м'ие з'емени. Четириесд'евета ќ'ерката ми-е-р'одена, пед'есета К'ᵃ̆рсте ми-е-р'оден. Ќе-се-з'апослим б'ошу, ќе-се-з'апослим, ќе-се-з'апослим. И поі̯к'е-деца н'ејќеле да-р'аѓаа, з'аради, да-се-з'апосла. А м'ене-ми тр'ажеа р'абота, ја м'ожев да-се-з'апослим, н'ејќеше свек'ᵃ̆рва-ми да-в'арди д'еца. Ја ѝ-в'икам с'еа на-сн'аата, еве сл'ик'ете в'иди-ги, па-ќе-в'идиш по-сл'ик'ете колк'у в'а̣рделе д'еца. Кеј шо-смо-'ишле на-ен'а-рука, н'ецели две-г'одине, г'одина и осум-'ипол м'есеца бр'атов и с'есрава, р'азлика. Так'е б'ило. Она 'имаше една у-П'ула една у-З'адар м'ужена, една у-Пр'илеп. 'Енаш т'аму 'еднаш в'аму. У-л'ето 'ишле у-П'ула. Коі̯-тр'еба да-ш'еташ.

-Да те прашам, и т'атко-ти и м'ајка ти од Тетово са?

- Да.

- Стари тет'офчани.

- И они б'иле тет'офча̣ни, ама мајка-ми у-ств'ари биле од-Пож'а̣ра̣не, од-Пож'а̣ра̣не, од-с'ело Пож'а̣ра̣не, ама она, т'атко-е г-ут'епа̣ле тр'оі̯ца бр'аќа б'иле, т'атко-е г-ут'епа̣ле, и она бр'емена ж'енава с'амо шо-д'ошле у-Т'етоо м'ајка-ми се-р'одила, у-Т'етоо се-родила и ост'ана̣ла со-ср'ико, так'е б'ило т'огаі̯. Чим ќе-г-ут'епа̣а тој, одма г'и-з'ема бр'аќата, ги-з'емаа д'ецава, не-и-д'а̣ва̣а и ако с-'омужи сн'аата не-и-д'а̣ва̣а, туе ќ-остана. Мене п'оі̯ќе ме-с'акале, д'едото ме-с'акаў шо-а-гл'едаў м'ајка-ми и з'атоа мл'ада г-ом'ужиле. Т'ак'е б'ило како-ќе-р'еча ст'ари и-г'ото:.

- А исто и свекорот и свекрвата биле од Тетово, двајцата, нели?

- Ја кăј шо-сум-д'ошла, да од Тетоː. Он биў у-ств'ари д'едото ст'ар б'иў од, н'е-знам ко'е-село, како г’и-в'икале. Кеј-'очу^{в} биў, живеў, п'осе коі̯-он'ạдиле, 'умреў 'очувот ст'арата га-з'еле со-н'иф, м'ало б'ило и т'ак’е ст'анало п'осе, св'екор-ми г-оːж'ениле млад. М'уж-ми коі̯-є-р̣'оден ... 'Он-биў в'ојник ... зашо најст'ạриот се-'утепạў. Се-в'иделе со-н'ега с-иск'ạрạле шо-н'апраі̯ле како-н'апраі̯ле, 'отишоў на-ст'аница 'имало н'екое каф'анче и п'осạкаў нож н'ешто од-к'ујна, ено-'обично н'оже, к'ако 'имаў с'^{ă}рце пр'аво да-о-п'отрефи у-с'^{ă}рце. И с'еднаў, н'ожево го-з'ема под-п'аўто б'ăцнуе, зạп'ал’уе ц'игаре и п'аѓа, м'^{ă}ртоф. Се-ч'уделе св'ите к'ако 'успеаў так’е, тоа тр'ебе д-'имаш с'^{ă}рце, ј'ако, ама се-утеп'уеле п'орано, тоа б'ило љ'убоф, се-утеп'уєле.

-Е нема сега тоа.

- Не! не! с'еа д'ăнăске 'една 'утре др'уга и г'отоː. Па ја коі̯-ќе-и-з'адирạм, со Мики се-см'еемо м'ие ч'есто, Саше е-'озбилен. И ќе-он'ạдимо и викам како-м'ожете тоа-не-е-љ'убоф, как'ов-љубоф е-тоа, не. Сега п'а-има на-с'ело, п'одруго-е.

- Не , н'ема в'ише т'оа.

- Нема, а?

- Нема више тоа.

- Нема, нема. Па т'оа не-е-љ'убоф, д'ăнăске 'една 'утре др'уга и коі̯-ќе-а-в'идиш 'утре со-др'угого, срамота.

- Нема срамота више.

- Нема тоа не! Ќе-се-в'идимо, ќе-се-упозн'аемо и п'осе в'ише ми-е-ср'ам да-о-в'идим н'его, а не да-ме-гл'едаа. Т'ак’е б'ило. Може 'и-тоа н'е-чини ама п'оарно, Прости биле, д'ецава ми-в'икаа, пр'ости б'иле тогај, рече. Епа-с'еа.

-Куќна слава која ви била?

- Нашат'а-слава? П'етковден. П^{ă}рв'а-слава А т'атко-ми Свети-Н'икола.

- Како се славело порано, каков бил адетот?

- Порано било, на-пример с'ега ќе-б'иде сл'авата, ч'енца ќе-се-н'оси, при'ạтели ќе-се-носи пạн'ạѓиа и ч'енца се-н'осело.

- Панаѓија што е тоа?

- Пạн'ạѓиа, л'епчиња м'али па со, наш'ạрено со-к'^{ă}рсник, Тоа се-в'икало пạн'ạѓие.

- Лебот за слава е панаѓија?
- Л'ебот б'ашка, л'ебот ќе-о-н'апраȷ̭ш, ќе-о-н'ашạриш со-вр'апчиња, со-гр'озје.
-А како се викал тој
- Сл'авски л'еб. Тој п'опот го-он'адуе, го-с'ече и ќе-му-т'ури в'инце, ќе-дојде п'орано на недел’а, ќе-ни-к'ᵃ̆рсти в'ода.
- Пред една недел’а а?
- Аа, пред-сл'авата и пред-В'елигден ида, ама 'одма д'ојдоа, уше н'е-смо прич'истени за-В'елигден тиа-'одма пᵃ̆рва-н'едел’а до'ạѓạа, т'огај се-пл'аќа. А за-сл'авата в'одата не-'ạ-плаќаш, 'оеднаш со-л'ебот ќе-пл'атиш, и тоа и тоа, дв'апута д'оаѓа п'опот значи, коȷ̭-ќе-д'ое ќе-го-'исече лебот и ќе-го-св'ᵃ̆рти, ќе-'истури в'ино на-ср'еде и ќе-о-в'ᵃ̆рта, св'ите ќе-о-п'опарна, л'ебот, ќе-го-в'ᵃ̆рта и п'осе коȷ̭-ќе-'онадиш, ќе-'онадиш за-сл'ава ќе-му-пл'атиш т'огај и г'отоо т'огај б'ило, ја коȷ̭-сум-б'ила д'ете т'огај б'ило св'еќата шо-ќе-гори, г'олема св'еќа, ш'андан го-викале тоа.
- Кое?
- Кеј-шо-с'еди св'еќата, ш'андан.
- Свеќник некој.
- Аа, св'еќнак, с'амо тоа, и туе ќе-а-т'уриш свеќата и тоа како коȷ̭-м'оже п'оуба да-а-н'апрае, лебот. Сеа го-пр'аа ш'арен, шарен, грозје ќе-н'апраеш, ќе-н'апраеш вр'апчиња, ја'-сум т'урала, пошо смо-'имале л'озје и б'урєнце и грозје и вр'апчиња и на-ср'еде ќе-т'урим со-к'ᵃ̆рсникот, ќе-о-н'ашарим тоа, а сеа купен, е сеа две-три-г'одине. 'Иначе са'ма сум-пр'аела л'еб д'ома. И т'огај г'ости, гости тогај нема ј'адење, п'орано б'еше так̓е.
- Како?
- Сл'атко ќе-се-п'ослужи, коȷ̭-сạ-б'огати дв'е-слатка ќе-т'ура, 'едно кр'упно и 'едно с'итно, и од-цр'ешње и од ...
- Прво слатко се става?
- П'рво ч'енцата, тоᵃ м'асạва, тоᵃ ќе-б'иде нај'убоо пост'елена, ама не со-ј'адење.
- Со што?
- Со-сл'ик̓е, ... и ќе-п'ослужа со таб'ạкава, ченца, и после ќе-п'ослужа, демек, ч'енцата па-кол'ачи, ама-кол'ачи едно-дв'е-вᵃ̆рсте кол’ку шо ..., сл'атко по-че'нцạта сл'атко, па-кол'ачи и н'ема више-

др'уго, г'отоо и тоа дв'а-пута ќе-п'ојде, еднаш со-ч'енцạта, еднаш со-сл'аткото и кол'ачите, г'отоо. Ако с'ạкаа, колку-с'ạкаа нека-с'еда, н'ека гл'едаа сл'ик’е.

- А за-п'иење?

- Ако-в'иѓаш, ако-в'иѓаш, тогај со-кол'ачите кăј-шо-с'а, в'ино и р'ак’иа, коі̭ како-шо-с'ака. Е ако-в'идиш не-са ст'анати 'уште с'еда, ќе-пр'ојдеш уште-'еднаш, уш-'еднаш и г'отоо в'ише, н'ема ср'амота, т'ак’е е 'адетот. Е т'ак’е б'ило т'огај. А на-в'ечера уб'ạвезно сват'оштин’е, фạм'илиạ, у'очи сл'авата, се-в'икало, а с'ега н'е-може ...

- Пред славата значи а?

- У'очи сл'авата.

- Еден ден?

- Да ќе-д'ојда г'остите. Тоа б'ашка ќе-г'отвиш за-г'ости тоа ј'адење све.

- Тогаш што се ставало? Што јадење се-ставало?

- Епа за-сл'авата у'очи сл'авата.

- А тоа колку дăна пред славата доаѓаа гости?

- Не:, гости на-славата доаѓạа т'иа-шо-сạ виз'итạри, на-в'изита, а па најбл'иските у'очи сл'авата ... нај'убоо све се-спр'емало, коі̭-е б'аш за-сл'ава, м'ᵃ̆рсно све, 'сарме, печ'ење.

- А како уочи слава?

- Епа, ако у'тре е-сл'ава, с'инои̭ка г'остите-сạ, а 'утре сл'ава. С'инои̭ка б'иле г'остите д'ăнăска е-сл'авата. Ако е-п'осна слава, посно се-г'отви, н'ашата б'ила м'ᵃ̆рсна, Петковден м'ᵃ̆рсна, м'ᵃ̆рсно се-ј'аде.

- Што-се-ставало?

- Све, с'упе, све, он'ạквоо, таве, с'арме, све, бл'аго, све! ка-нај'убоо.

- Пуна масата.

- Да, а за-сл'авата, 'утрента коі̭-ќе-до'ạѓạа виз'итари, тоа не-е-ср'амота, тоа е-ч'ист треќ'и-пута. Ако-в'иѓаш заост'ạнạле љ'удиве, моабет ова, она и уш-еднаш ќе-пројдеш со-таб'ạкạта и ај со-зр'авје, а-на м'ạсạва нај'убаа п'окривка ќе-се-т'ури и слик’е туе т'ураа, ќе-си-гл'едаа, ќе-се-заним'а:. А с'ега, не! сега сосем је-др'уго, пạ-и-затоа н'емамо, н'ема н'ародот, мн'огу се-прет'еруе, се-прет'еруе и т'оа. А на-село как'о-прạа?

- Епа богато?

- Б'огато, в'ечера, ама п'осле н'ема 'утрента, до'ạѓạње.

- Два три дӑна, кана, уочи сл'ава, дӑ'нот и после вториот дӑн патерице. Три дӑна гости колку сакаш.

- Еве сл'авата, до'ạѓа голем'и-луди, м'исим све прuj'ạтели од-п'остари, св'оі̯ и п'отуѓи и све. Ќе-д'ојда м'асете п'оўни, утрента в'ечер, кумот шо-се-з'акуми сеа С'ашс и-'они П'етковден 'имале, е-мл'адите шо-г’и-в'енча, д'ојдоạ они с'амо да-чест'итаа и они от'иднаа д'ома да-си-онạдуа љ'удите. Е после Саше, е дали тамо ќ-'ида или в'амо 'и-тамо 'и-тамо тиа, др'уштвото им-је-'едно. Посе М'ики ќе-д'онесе него꞉'о-друштво, три д'ӑна, три-дӑна обав'езно. Па-п'осле ако-н'е-дошле н'екоі̯ ... па и с'игурно, па-зạ-'убоо нека-б'иде, ама тр'ошко꞉і̯ с'са, ама замер'уа꞉ љ'уди ако не-онạдуеш. Ал̓-б'еса ал’-'ова ал’-'она, не! па п'орано п'ет-славе нека-б'ида у-год'ината, м'о꞉жеш. Не! сега не-може, так̓е-б'ило, 'адети так’е.

- Како било порано да ми кажеш за Велигден?

- За Велигден, на-пр'имер, у-ц'ᵃ̆рква с-'иде, ја до-Вел̓'а-среда сум-ш'иела, дека т'уѓо п'очнав да-ш'ием више, чим не-ме-п'уштиа на-р'абота.

- Си-работела со-маш'инава?

- Сум-ш'иела в'истина, д'ома п'очнаф со-при'ạтели ме-м'олеа, а м'ене д'ојде мајстор'ицạтạ да-ме-м'оли у-с'алон, дạ-б'идем шеф у-с'алонот зạ-ш'иење. Отв'ориа с'алон и онạ т'олку беше-с'игурнạ у-м'ене, вика г'отоо ја ќе-б'идем ти п'оложи 'испит зạ да-'отвориш ти с'ама, д'уќан. Не! ја с'ама тоа тр'ошко꞉і̯ са. И после не-ме-п'уштиа, ај ќе-'има време ќе-се-з'апослиш, свек'р̥вами, не-ост'ạвạшс, нс, требе да-в'арди д'еца, дв'ете м'али и п'осле па, ја од-приạт'еливе м'оі̯ , шо смо-м'ие коі̯ смо-'ишле на-з'анат, 'онде смо-'имале д'ецка р'адос, кӑј шо-е-с'еа, туе д'уќан, с'оба д'оле с'оба г'оре, а м'ие св'ите г'оре дејч'ињава, некоі̯ дв'ạесе, свите г'оре раб'отамо. Ако с'едиш т'ус д'оле ќе-н'е-моеш да-фатиш р'абота, ќе-гл'еаш на-п'ут. Доле беше з'авесе п'уштени , с'амо ако, шо-ќе-д'ојда да-д'онеса н'екоі̯ за-ш'иење. А-на-св'е б'уџеве тиа ш'о-сạ, еве шо-б'еше, пр'ед-овега, грạдон'ачалник, тој б'еше тут'убајко н'ишто, н'ишто, нел'и? Пр'ед н'его, тој шо-б'еше тој б'еше фạкулт'етлиạ, се-с'еќаш.

- Да да.

- Е тој. Жена-му, кăј-м'ене д'оаѓаў, ја да-р'ечем с'еа, н'ешо да-о-з'амолим не-би-'онадиў, не-те-пр'имаа ...
- Ти бабо Санке што си работала рече, се шиење дома?
- Епа после ја ти кажаф шиење, тој градонач'ạўникоф има ж'ена од З'урạп, д'октур, си-ч'уў д'ека има, он 'умре ... е ќ'ерка н'егоːа од Џ'ạфер-еф'ендиạ ќ'ерка 'има он, З'урạп. Е сега вн'уката овја нач'ạўникоф г-'имаше, а па-т'атко н'егоф у-П'ула слạтк'ạрница има, вак’е со-зоўва-ми карши-к'аршиа. Ја не-сум-го-в'идела овја ам-овде 'учеў, шк'оло учеў, не-биў т'амо у-П'ула, може 'ишоў, а не-рạботаў тамо. И когаі̯ се-зạп'ознафмо мие к'огаі̯ ш'иеф ја на-д'ејчево. А мие кої̯-смо-'ишле на-з'анат све-п'ої̯ќе за-вр'еме окуп'ациа, све пої̯ќе на-н'ивн’и смо-ш'иеле.
- На Албанџиве.
- Не! све-на-муслим'аниве. Тиа шо-биле најгл'ạвните муслим'ани, т'уека кăј-н'ас ш'иеле, св'ите. Овја, Р'ефет, ж'енạ-му б'еше д'октурка, 'Игбале, најголема при'ạтел’ка ми-б'ила. И наши, он'ạдуеле, она све ќе-ме-ж'али. -О с'ирота - вика - нас ќе-не-спр'емуеш св'ит,е мие д-'иемо на-'одмор, ти н'е-моеш д-'иеш на-'одмор. Па н'е-можем да-р'асипем на-'еден, н'е-моем на-др'уг’и, н'е-можем да ... и н'е-можем к'еј-д-ием. И зошо сум ... У-Пула д-'идеш т'амо, повл'ạстице 'имạфмо. Кăј ќ-иеш под'ạлеку сѐ по'ефтино. Ама што ме-т'ерало, ама к'ої̯-смееш да-р'асипеш на-љ'уди, р'екле ст'ариве и г'отоо. Ќ-'идеш т'амо, за-к'ол’ку? Тоа тр'ебало двạес'ендăн 'одмор, деветн'ạесе им-д'аваја. Не-се-интерес'ираа љ'удиве да-в'р̥ша р'аботе за-работн'ициве, и тоа при'ạтели, биле на тиа-р'аботе. Ама не! секој си-гл'еа да-си-ш'ета, с'екоаш било т'ак’е. К'ако-не. Е-с'еа д'ᵃ̆ржа м'алу стр'ого. К'ако тоа осум-с'аата да-си-на-р'абота, излези од-кạнцел'ариа, ш'етаі̯ низ-ч'ạршиạ да-д'ое дв'а-саат д-'иеш д'ома. Е у-Т'етекс н'е-може. М'орало тамо. Т'оа т'амо м'орало, дᵃ̆ржавна-р'ạбота. А прив'ạтниве с'ега.
- А си работала негде на друго место.
- Па ја т'огаі̯ р'аботаф у-д'уќан, 'учев з'анат, т'уека и п'осле ја дома 'онạдиф п'очнаф и тиа св'ите шо-'ишле тамо у-д'уќан, доаѓạја кеј-м'ене.
- Си им ги зела муштериете.

- Е н'е-можеф ја т'ол’ку мл'огу да-ш'ием, а и при'ạтел’и кoі̯-ќе-д'ојде ред да-ме-пр'ашаа - колк'у-пạре?, ја, м'ене ми-е-ср'ам да-к'ажем. Св'екор-ми се-л’'ути: колку-с'е-мучиш - вика - ти да-он'ạдуеш, и у-н'едел’а п'очнав да-р'аботам, шо-д'ạ-прạем. Н'е-можеф да-р'асипем, д'ошоў Р'ефет, д'ошоў ... овја-в'с 'еднаш н'авечер, п'амтим како-с'ега. Од-П'ула му-д'ошле, он, т'атко-му 'овде 'имаше м'ајкạ он, ж'ива ж'ена, а тамо у-П'ула, Сл'овенкạ. И Слов'енкạва р'одила д'етенце и г'алиба тој, так’е в'икạја, ѝ-пр'епишаў к'уќа, ѝ-к'упиў, п'ошто 'има д'ете с'о-нега, а она, она-зн'ạе ал’-'има-овде ж'ена, он, и д'сца, знае, ама не, н'е-смее да-он'адуе, да-р'ече. Ете ... нạч'ạўникоф д'ојде, в'ᵃ̆рне, со-ч'адор, рече, ти ќе-д'ојдеш кăј-н'ас, р'ече, н'авечер, ќе-д'ојдеш кăј-н'ас, рече, дошла М'арица од-П'ула, д'онела з'авесе, да-н'апраеш ти пл'ан у-к'уќạва, нов'ạ-куќа 'имаја, ама не-им-била све п'оўна, све н'ови ств'ари све т'оа. И, они 'итри, овја, он не-га-пуштạше, Зурап, д'емек, д-'иде под'ạлеку, верен'ицава, ќ'ерка-му. О, они зạ-еден-д'ăн у-П'ула да-га-прош'етạа, за-ен-д'ăн у-Ит'алиа, т'уе 'ида, десет-п'ута д-'ида, т'уе 'им-је. И венч'ạница 'од-таму да-ѝ-н'апраа да-ѝ-к'упа, како шо, најм'одерна. И так’е, так’е св'ите до'ạѓạја и З'урап, овја, Рефет, оператор, ама биў специал'иста. Ќ'ерка-ми, м'уш-је, 'уше н'е-беше з'апослен. Слеп'о-црево, некоі̯ С'ириец 'имало 'овде на-стаж'ирање, н'ишт’о н'е-знаеў. И ... н'ишт’о нема, т'ураі̯те мр'ас, т'ураі̯те ин'екциạ 'ова, 'она, дека медиц'инско 'учеше, посе се-пр'ебаци на-ј'език, п'ошто тр'ебеше у-Б'еоград д-'иде, да-учи, мие смо-н'емале, мораш у-Београд, ако 'имамо при'ạтели н'екоі̯, као ќе-им-ут'упориш д'ете да ... не!. Се-пр'ебаци на-ј'език, 'англиски, у-Скопје 'учеше, и так’е. И после он, коі̯-се-з'едоа т'огạј се-зạп'ослила, б'ᵃ̆ргу. Он слеп'о-црево, тој Сир'иецов нема, тоа-било-п'укнато, ц'ела н'едел’а.

- Тој што вика, мраз?

- Н'е-знае, т'ураі̯те мр'ас, т'ураі̯те ин'екцие, 'ова-'она и п'осе в'ише коі̯-д'обиў, мн'огу т'ешко в'ише, бр'атучед пр̥ф од-Ск'опје со-'ауто, д'аі̯-рекоў со-'ауто 'имамо, м'ие н'емафмо 'ауто, они н'емаја 'ауто. Ајде ќ-'идемо р'ече на-д'октур. Коі̯-'отишле кăј друг'и-доктур, д'ạ-нѐ-је б'убрези. Он 'одма телеф'онот на-Р'ефетạ му-в'ика. Приạт'елите в'аши, вика, д'етево ц'ела недел’а п'укнато му-е-цр'ево. 'Одма х'итно да-д'ојдеш. Коі̯-д'ојде ќе-нѐ-п'отепа н'ас ..., право се-с'облака 'одма у-опараци'она с'ала, одма. И к'ако к'уртули д'етево, в'истина.

- Е да-ти-к'ажем за-н'екоі̯ зборо:і̯ ... И к'огаі̯ в'ăрне, а они ќ-'ида, н'едел'а н'е-седа д'ома, н'ика̣ко. Колава ќе-а-п'окриа 'озгора, к'ако ш'ешир д'оаѓа, га-пок'ируа, од-'ошо е тоа пр'аено н'е-знаем, д'р̥вја па-покр'иено тоа је све, ка-со-р'огожа тоа покр'иено, тоа се-в'ика 'уртиа. А и плус тоа н'емало фриж'идери, н'емало и мие п'оі̯ќина, знаеш месо се-куп'уало, пр'асиња, т'елиња се-кл'ало и тамо млог'у-луди, тамо ми-са̣-р'одени д'еца̣ва, един'а̣еста, ја коі̯-сум-'отишла, три-св'ек$^{\breve{a}}$рве, а сега една н'ејќа, нека-са-ж'иви па... и тоа смо-го-н'апраі̯ле, како-с'андак в'ак'е, н'а̣околу со-мр'ежа и после у-п'одрум, л'аден ни-б'еше п'одрумот, за̣к'а̣чено на-т'аван, со-к'ука, и тоа се-в'икаше к'омарник.

- И што се чувало у него?

- М'есо, ј'адење шо-тр'ебе, и тоа н'е-седи млог'у-време, ама ен-д'ăн с'еди, два, л'адно, а за-'уртиа Бране зам'а̣љуеў, рече, ова ја, рече, ќе-ч'уем, рече, и к'омарник, ка'ко м'оре - фр'ижидер.

- Да ми кажеш за ваљаицава, што се работело со неа, како се работело?

- Да, нашата куќа одгледуаше свилена буба, тоа како-дете ја се-сеќаам негде тогаја сам-'имал около четири године. Имамо една соба и знаем само сам-видел како мајка-ми ѓи-онадуашее тиа кожурци се-викаа и ако пројде некој кожура̣к се-праеше у-пеп'еруга, е у-кож'урака̣т св'илата, м'ајка-ми на-р'уќе гу-т'очеше, таќе се-в'икаше точење. Како гу-праеа како гу-пустееа н'езнаем за понатаму. А смо-одглед'уале, зн'аем ќе-ч'укав или ќе-се-кач'уаў пост'арите, бр'ат-ми се-кач'уаше да-б'ере л'исја от-ц'ăрнице искљ'учиво со-ц'ăрница се-р'анеше. Тоа знаем со-лисја от-цăрница. Ја-па, ќе-падене доле, ја ме-т'ераше да-ѓи-б'ерем мајка-ми да-ѓи-носим. Тоа б'еше пр'олетното вр'еме. Смо-одглед'уале и т'р̥мќе, дв'е-куќе у-с'елово 'имало т'р̥мќе. Сандаци не-се-употребуало, к'ошарќе пл'етени, от п'авит се-пл'етоа, а стапч'иќите од-др'ен се-пр'аеа, дрена̣т да-се-гледа да-има, најдобар бил со-три ч'атла и се-цепеше дрена̣т, после се-дотураа како-п'омошни и кукаче да-има за да-се-в'аќа кош'арката и доле отвор се-остаљаше, така от-шес-седом-с'амтима отвор за-да-ул'ага̣в и изл'ага̣в пч'елете, вл'еза̣т. 'Оздола к'амен, пл'оча к'амена на-к'амен е-под'игната и пов'исоко, з'аради од-мр'авје з'ашто ѓи-нап'аѓа·, а 'озгора се-пр'аеше од-р̥'ăжана сл'ама, к'автарќе се-в'икаː, тиа се, 'едан п'омалав сн'оп или сн'опа̣т ако-је-г'олем се-д'елеше на-дв'а-дела и се-пр'аеа ј'ужице от-сл'ама, ама ј'ужицете са-пр'аеа п'осебно за-вр̥ж'уане сн'опја, за... кат-се-жн'ееше ч'енца, р'ăш тиа-р'аботе, 'овос, ј'ечмен, а за ова бузе се-в'икав тиа, от-п'оситна слама и ќе-се-н'амокри сл'амата и се-в'р̥ти и едно по-др'уго се-навр̥ж'уав и после ќе-гу-св'иткаш и д'одека е-м'екана гу-вр̥жуаш едно триесет самтима пот-кл'аса̣т од-р'ăжа̣т подоле може и четир'иесет се-в'р̥жуа се-ст'егнуа и се-ум'отуа, тоа исто како-со-в'р̥пца, ама н'е-се пр'ае з'амка н'а-кукљац, него се-пр'отнуа меѓу сл'амата и јуж'ицата и тоа др̥жи б'етер од-ј'уже. Е после ќ'итка по-ќ'итка се-в'р̥ти н'адоле и п'оноо п'одоле се-ст'егнуа со-др'уга пог'олема б'уза или ј'ужица т'аќе-да, п'осле ка-ќе-се-ст'аљав на-кош'арката се-в'р̥ти 'обратно, кафт'арката, тоа к'афтарка се-в'ика сеа горе, како капа му-д'оаѓа, се-в'р̥ти 'обратно и гу-'отвараш. Се-пр'ае како-к'ошуља да-р'ечемо или ка-ф'ăстан от ... ж'енсќи и се-натнуа нат кош'арката одозг'ора. и ако е-н'е^{г}де п'оретка сл'амата, померуаш од-др'уѓите и таќе да-ќе-д'ојде она све под'еднакво. Сламата за-заштита од-д'ăш и за-од топл'ината, а и д'р̥жи и т'оплина, а у-л'ето л'адно д'р̥жи от-слăнцето. Кош'арќете ѓи-м'ачкавмо со-л'ајна од-г'ојда. Исклучиво од-г'ојда л'ајна и мало п'епел се-ст'аљаше, за-да-н'е-пука, п'епела̣т, од-'огниште, д'р̥жеше. Мие 'имавмо центриф'уга, п'орано кат-смо-н'емале центриф'уга, ј'а-сам пр'аел 'истото. Ќе-з'емеш што-м'ож да-ѓ-'истерам от-пч'елете со-п'ушаљка, праемо на-вр̥ăв на-кош'арката одозг'ора 'отвор и д'уамо со ... и ќе-изл'ага̣в они ќе-ул'агаў у-друга-к'ошар̣ка нам'ачкана со-м'ет пр'азна. Е коа-ќе-'остане п'осле со-ч'еткиче од-р'ăжана сл'ама подв'р̥зано и со-тоа ѓи-ч'иствмо от-с'аќето, тр̥мќете и после м'еда̣т га-т'опевмо, в'оса̣к. М'еда̣т га-т'опевмо на-шп'орет. Ќе-се-ст'опи и в'осака̣т ќ-'излезе одозг'ора, м'еда̣т ќе-'остане доле. И п'осле се-ц'едеше низ-г'аза, п'а-што-има н'ешто ка-тр'ине, таќе да-'отиде м'еда̣т ч'и·с, д'оле. Таќе-тоа беше на-примит'иван н'ачин. А смо-ст'аљале мет исто со-с'ăче, 'очистен све, з'атворен што-е от-тој ќе-ст'аемо и у-г'р̥нци г'олеми турамо тоа вр'ăчве се-в'ика̣в. Па имамо од-дваесет, тр'иесет, 'имавмо една пог'олема от-п'едесет. Сеа не-ни-седив тиа с-иск'р̥шија, после ј'а-сам, 'имаф к'анте, алум'иниумсќи беше сам-к'упил. После к'упив и-с'андаци, лично. 'Имаф четир'иесет и-д'евет с'андака ѓи-д'отерав до-ст'о и-н'ешто с'о-сфе кош'арќете, меѓ'утим ѓи-в'ати б'олеза̣т, б'олеза̣т, ама и к'упиф п'огаче у-пч'еларска з'адруга у-Т'етоо, од-Н'ови С'ад и т'ăгаја н'е-само м'ојте мл'ого пч'елари ни-от'идна:. Тоа н'ајверов'атно беше кл'ица п'уштено н'амерно да-ни-ѓи ун'иштиф. Ја т'аќе с'амо с'умљам. Сега 'имамо н'ов ч'елар мл'ад, има един'аесе к'ошнице, он р'абота сеа м'алце посовр'емено.

- А каков мед собираа најмногу пчелеве?

- Н'ашиа̣в 'овде м'ет је разн'овр̥са̣н. П'р̥во што е н'ајважно н'ашиот м'ет, овде 'имамо л'еска д'оста. Они п'р̥во га-н'осиф п'олена̣т, пр'ашака̣т га-зб'ира̣в, сега таќе га-в'ика̣в они по-н'оо 'иначе мие пр'ашака̣т од-л'еската. Она 'обично п'очнуа да-ц'ăвти н'е^{г}дека петн'аести ф'евроар, ако биде времето 'убо:, знае да-биде некада мл'огу 'убоо, тоа н'ајвише пр'ашака̣т ем-тр'ебе за-оплод'уане.

После тоа п'очнуа̣в прол'етните, више почнуа да-цӑвти сливата и почн'уа̣в лив'адете. Пошто доста изобил'уамо со-л'иваде са̣ н'е^{г}дека па до дв'аести јуни све скоро од-ливаде, багрем мало има, тој е-м'ешан в'ише али п'ој̯ќе на-л'иваде и мало багрем'овиа̣т је. После настигнуа коштан. Пошто к'оштан 'имамо д'оста у-изоб'илство и навечер када-ќе-се-сӑберев пч'елете од-м'илина беше да-'улезеш у-пчел'арника̣т. М'ириши све на-к'оштан. Тој е-п'отӑма̣н мет, коштановиа̣т, и д'оста п'огу·с. И од-липа, липа има ама мл'ого малце д'алеко-е у-пл'анина г'оре што-'има н'ешто. Сега ја-сам имал дв'е-липе 'овдека у-б'ашчата, тоа б'ило п'уно, а сега 'имам ова н'агоре св'е м'и-е-л'ипа, се-раст'р̥чило за-м'ерак-е. И бор смо-'имале мл'ого м'алце, тоа у-ј'едно место ј'елика се-в'ика у-вр'атничко, тамо имаше пр'ирода̣н чам, не бор чам. Е сега со-се'енево нис-план'инава има д'оста бор, има и б'оров, м'ешан-је бор'овиа̣т, ф'актичќи му-д'оаѓа м'ешан со-коштан'овиа̣т. И п'осле тоа в'ише што-б'ере·в от-т'иква, по-ч'енќете и от-св'инските т'икве што-ѓи-в'икамо м'ис и от-стамб'олските т'икве. Од-љ'онџа к'ојшто 'има с'еано, 'уљана р'епка н'е-се с'ее 'овдека, 'иначе да-се-с'ее т'аја мл'ого-је, млого за-м'ет-је. Друго дуп 'имамо, е-дуба̣т, таја шт'о-паѓа м'едена р'оса што-се-в'ика на-л'иса̣т, таја-па, тр̥мќете 'иде·ф по-нуа п'ие·в, ама па-ѓи-ст'еснуа п'орете, на-с'аќето и ѓи-прае тесни т'аќе-да н'е-може млого да, д'а-га ... и од-дуба̣т доаѓа до-стегн'уане на-м'еда̣т, што-в'икамо се-шечер'есуа м'еда̣т само од-д'убоата, таја од-мед'ената р'оса што-се-ств'ара. По-д'уба̣т, а тоа н'егдека је, около от-петн'аести ј'уни до-дв'аести ј'ули, додека ј'оште л'иса̣т п'освеш, на-дуб'ицата, т'ӑгаја п'иеф, по-нега и таја м'едена р'оса је-мл'ого 'опасна за-т'оа.

Лешок
Информатор: Бора Блажевска

- Со што све се занимавале порано, што сте работале? Лозје све имале, све работале?
- Смо-'имале, смо-ра̣б'отале. Ќ-иемо, кол’-тр'ипута ќе-о-к'опамо, ќе-о-к'опамо л'озјето, н'емало тоа н'апред со ... С'ин-ми с'еа го-'онади со:браќ'ај̯на, 'инаќе он-л'озјето го ... и г-'извадиа, он л'озјето

со-тр'акторче би-о-к'опаў и би-о-р'аботаў. Го-знаеш Ил’ота, си-о-в'идеў? не-си-'о-видеў.

- Да, да сум-го-видел.

- А, собраќ'аі̯на. Он како-'идеше кеі̯-т'р̥чаше и све раб'оташе, ама собраќ'аі̯на и н'е-може. И ќе-о-он'одимо лозјето, ќе-о-шт'р̥камо, ќе-о-к'опамо, тр'ипута ќе-г-иск'опамо. Па ќ-'идемо ќе-о-шт'р̥камо, св'аки др'уги дӑн д-'идеш у-лозје да-о-ч'истиш, ч'епке шо-ист'ерало, да-и-ч'епиш д-'онадиш и п'осле ка-в'р̥томлум 'озгора ќе-о-потк'р̥шуеш. И ... и з'абрал’ам шо-ќ'е-речем. За л'озјето т'оа.

- Сте го прскале, нели?

- Смо-о-п'р̥скале. И ќ-'иемо п'осле ќе-о-п'р̥скамо, ќе-о-п'р̥скамо, ќе н'апраі̯мо д'ома у-'една..., 'имавмо едно-к'аче г'олемо, па ќе-т'уримо, зелени'от-камен ќе-се-ст'опи, ќе-се-ст'опи и п'осле и в'ар. И ќе-го-ист'уримо, ќе-о-нап'оўнимо тоа к'ачето со-в'ода и ќе-го-т'уримо зелени'от-камен’ и п'осле в'арот. И ќе-о-м'ешамо, ќе-о-м'ешамо, ќе-о-м'ешамо и тоа ќе-се-н'апраі̯, м'алу з'елено, м'алу б'ело, ч'орба за-шт'ркање и после п'омпете на-пл'еќи иди шт'р̥каі̯. А 'иди с'еа да-шт'р̥кам. И д-'идем со-ст'ап. Ка-Н'икола не-се-вр'аќаа. Аі̯ да-ми-се-вр'ата м'ене год'инете, да-ми-се-вр'ата, не-се-вр'аќаа, 'умре т'оа.

- Вие сте заслужиле, сега само да одмарате.

- Одм'арамо ама за-стар'и-л’уди више за-н'игде н'е-је, за-нигде. Н'е-можеш ни... Тамо у-Ѓ'орче с'еа смо-д'ошле у-н'едел’а, у-пон'едаўник. Тамо, сн'аата нас'абаі̯ле ќе-згр'ее р'ак’иа, к'афе, д'оручек, све, ќе-'онади ј'адење и ц'еў-дӑн, ја, с'еди в'ак’е. 'Овде откеі̯-д'ооф па, не-сум-заст'анала, ако со-ст'ап, не-сум-заст'анала шо-има р'абота, д'рва да-н'осим, и тоа, м'ашина, кӑј-д'оі̯доф дв'апута у-едан-д'ӑн, машина. После ј'опе други'от-дӑн м'ашина да-п'уштам. Е т'оа т'и-е те.

- Освен со лозје, со друго нешто сте се занимавале?

- Н’иве смо-р̣аб'отале. Ќ-'иеш ќе-к'опаш.

- Што сте сееле у нивете?

- Ч'енца, ч'енка. Ч'енца, ќ-'иеш ќе-жн'ееш и напред ќ-'иеш ќе-жн'ееш со-срп, сеа, со-с'р̥п, ќе-жн'ееш и ќе-го-в'р̥шиш со-к'оі̯н, нас'абаі̯ле и ќе-о-'онадиш и ќе-и-вр̥ж'уаа сн'опјете. Ќе-и-вр̥ж'уаа и ќе-пр'аеш, к'опице, се-в'икале сн'опјете, ќе-и-р'едиш, ќе-и-р'едиш в'ак’е, да, и ќе-с'еда на-п'оле, после ка-ќе-д'ое за-в'ршење ќе-из'емеш со-к'ола н'агоре, д'ома ќе-в'ршиш. Кӑј-ќе-в'ршиш да-ст'анеш, околу, у-ср'еде дв'орот г'умно да-'имаш г'олемо у-ср'еде д'р̥во ст'оџар и н-'оːколо ќе-и-р'едиш сн'опјете, ќе-и-редиш, си-видеў ти тоа, не-си-видеў... ќе-и-р'едиш, ќе-и-р'едиш сн'опјете и к'ој̯ н, дв'а-кој̯на дв'а, кој̯ 'едан, 'едан и п'осле ј'уже на-к'ој̯нт и ќе-о-вр̥тиш н-'около ќе-о-т'ераш, ќе-с'едиш ти у-ср'еде, ќе-с'едиш ти у-ст'ожарот, кој̯нот ќ-'иде ќе-о-т'ераш со-ст'ап, со-ст'ап и на-ст'апчето, 'онаа, едно-ј'уженџе па да-о-т'епаш. И ќе-о-в'ртиш, ќе-о-в'ртиш, 'идеш н'атамо, н'аамо, н'атамо, н'аамо, тоа ќе-се-стр'опа, ќе-се-стр'опа ж'итото, све. Кеј ќе-се-стр'опа и к'он’от ќе-г-'извадиш и ќе-з'емеш ти, тоа сн'опјете шо-са-в'ак’е, в'ак’е ве, шо са на-ст'оџаров нар'едени и п'осле со-в'ила ќе-и-вр'аќаш вак’е, н'аѕат, ќе-и-вр'аќаш н'аѕат, ќе-и-вр'аќаш, ќе-и-вр'аќаш, јопе кон’от, ј'опе к'он’от ќе-о-т'уриш. Јопе ќе-о-т'уриш, ј'опе ќе-в'рши, ќе-в'рши, ќе-в'рши н-'около, кӑј-ќе-се-п'остропа м'алу сл'амата, ќе-з'емеш со-в'илата около-ст'оџарот, вак’е ве, ќе-о-тр'есеш и ќе-о-т'ураш на-ст'оџарот, ќе-о-тресеш, ама п'оситно е-т'оа, не је ..., так’е, так’е. Ј'опе ќе-в'рши. Ќе-врши, ќе-врши, ќе-врши ќе-се-н'апраи сл'ама. Ќе-а-в'аѓаш сл'амата, ќе-га-в'аѓаш, ќе-а-т'искаш у-пл'емн’а, ама г'аден ж'иот б'ило, сега, ќе-а-т'ураш сл'амата у-пл'емн’а, ситна, после ј'опе ќе-о-н'акорнеш тоа, шо-ост'анало ' оздола п'оједро, јопе ќе-о-н'акорнеш, ј'опе к'он’от, ќе-в'рши, ќе-в'рши ... ќе-врши, ќе-се-н'апраи сл'ама и све, и г'отоо в'ише све у-'онаа. И со-м'етла ќе-м'етеш, м'етлеве овја ш'о-са,шо-се-с'еа, с'еўските, ќе-о-м'етеш у-тоа сл'амата и д-'остане ж'итото, п'осле ќе-г-'однесеш т'оа и сл'амата и другат'а-слама у пл'емн’а и ќе-о-п'ометеш тоа и п'осле со-л'опата ќе ..., тоа т'орење, т'орење се-в'ика, около стоџарот, ќе-о-в'ртиш, ќе-о-в'ртиш и тоа ќе-о-н'акорнеш, ќе-о-н'акорнеш и п'осле кон’от ј'опе ќе-в'рши, ќе-в'рши и г'отоо се-с'обра ќе-о-с'обереш. Ќе-о-с'обереш и ... ќе-о-вееш, ќе-о-вееш ж'итото.

- Како сте го вееле?

- Со л'опата. Сега н'еам овде, ќе-о-с'обереш 'овде т'ок, ама ако 'има в'етар н'авечер, ако н'ема в'етар, не. И сега од-'овде ве, 'одовде в'етар д'уа, ти од-'овде ќе-о-ф'ӑрл’аш онамо. Тој̯ 'отоде ќе-т'ури вр'еќа, ј'утане шо-в'икамо вр'еќе, над-гл'авата да-не-м'у-иде пл'еата у-ш'иа. Ќе-о-в'ееш, ќе-о-в'ееш, ќе-о-в'ееш и ќе-г-'одвееш. После од-голем'а-плеа ќе-о-м'етеш, после од-маал'а-плеа ј'опе ќе-о-в'ееш, тоа ј'опе ќ-'има, јопе ќе-го-'одвееш и ќе-о-цр̥пеш - ж'ито н'емало, с'ега има ж'ито. Т'огаја, ток тол’кав̯, т'ол’ку се-он'адило, ж'ито 'има, ама н'ема. Н'ема ка-с'еа. П'осле откеі̯-з'еде, Ј'ечменка и Ш'утица ч'енца, от-к'ăде изд'оі̯доа от-к'оа д'р̥жаа, тоа н'е-знаем, тоа г-'онадиа, и т'огаја и Јечм'енката он'адеше и Шут'ицата, п'осле в'ише с'ега, с'ега има. Кеі̯-смо-б'иле ќе-в'р̥шиш тоа, п'осле к'ао 'дете кат-сум-б'ила, к'оі̯знае кол’ку-г'одине, м'алаа. Д'ошло у-м'анастир, ч'ивлик д'оле 'имаше, ман'астирско тоа, д'ошла м'ашина да-в'р̥ши, и м'ие д'еца смо-се-с'обрале ќ-'иемо ќе-а-гл'еамо маш'ината к'аква-е, сега што вр̥ши, з'ашто, м'ие не-смо-в'иделе. И кеі̯ в'идовмо тоа, они ќе-ст'ал’аа у-сн'опјето, тоа ќе-вр̥ши. А с'ега и к'омбаі̯, ж'итото 'одма у-вр'еќе. И она:, кăі̯-смо-он'адиле, и после п'очнаја да-куп'уаа, а т'атко-ми па, н'аі̯пр̥во к'упи, т'атко шо-сум-'имала, вр'еден мл'огу, м'ашина в'еачка, ж'итото не да-о-в'ееш со-л'опата, у-маш'ината ќе-о-т'ураш, ќе-в'р̥тиш, и тоа ж'итото п'аѓа д'оле, а пл'еата б'ега н'асрана. И п'очнаја т'огаја, па со-м'ашине в'еачке и п'олăсно д'оі̯де, с'ега 'уште п'олăсно.

- Житото све го носеле у воденца?

- У-воденца на-м'елење, в'оденца смо-'имале 'овде, 'овде кеі̯-сум-д'ошла, н’егоа-в'оденца, н’'имн’а, ја доле деі̯че, от-с'ело сум-у-с'ело.

- Ти од Лешок си?

- Од-Л'ешок сум, од-д'оле сум, к'уќава к'аршиі̯а таја кеі̯-дуќ'аниве, тај'а-куќа 'оздола, и од т'уе 'овде и в'оденца и ж'итото у-в'оденца. Ќе-о-м'елеш, и ч'енкарно у-в'оденца се-н'осело. И после ќе-с'ееш, ако с'ееш со-ср'ун’ак п'оједро ќе-п'аѓа, ако не, лебот не-е т'ол’ку 'убав, а ако сито, ама немало. Со-сито кеі̯-ќе-'имаш г'ости, али за Свети-Н'икола, в'аќе за-пр'азник, со-сито ќе-г-'отсееш - п'оубаф л'ебот, и л'ебот ќе-о-м'есиш д'ома, с'ега 'иди к'упи с'омун, ч'екаі̯ г'ости.

- Кажи ми за обичајот за свадба.

- В'еридба ќе-н'апраиш, ќе-с-'онадиш, п'осле с'едиш. После за-свадба, н'ошн’ата г'адна б'ила нашат'а-ношн’а.

- Каква била?

- С'еў̆ска. И-сеа, Ил’о ми-зеде и сум-дала, шо и с'еда 'уше к'ошуле доле, - нека седа - вика Ил’о - нема да-пр'одаваш. Ми-з'еде н'осиа ц'ела, н'ошн’а и к'р̥па и јелече ваќе шо се-н'осело и ш'аі̯че и з'авиачка и ск'утинче, и зави'ачката в'икам с'ега ја к'аква 'убаа сум га-д'ала. Нош̓н’а у-Фр'анциа, у-она:, у-муз'еі̯ та'мо ш'о-знаем. А и 'унука шо-сум-'имала, па г-'однесоф т'амо, н'ошн’ата г-'однесов и д'еі̯чето се-пр'омени, е реков, тоа Бил’ана се-вика: -Биле ова као за-тебе кош'ул’ава. Тогаја она п'окрупна, кат-се-пр'омени и га-сл'ика Ил’о. Вика: - И од-Б'иле и тв'оа сл'ика тамо со-ношн’ата сум-пр'атил, - е шо-с'и-пратил мо'а-слика бе - викам, ја в'ише ст'ара, и сл'ика м'оа. И тоа и н'ошн’ата га-'онади га-д'аде. Н'ошн’а му-д'аоф, ц'ела све, н'ошн’а како-шо-се-'облака на себе, све, и к'р̥па и све. И таќе тоа, после св'адбата, св'адба, ќе-си-'играш ќе-си-'онадиш. Коі̯ е од-д'алеко, со-к'ола, а коі̯ е у-планина, као сеа од-'овде ќ-'иеш у-Брезно, али у-В'арвара, на-к'он’ ќе-а-к'ача н'еестата, а од-'овде от-с'ело, п'еша, п'еша сум-д'ошла. Од 'овде у-ц'р̥ква от-ц'р̥ква д'ома.

- И дома како те пречекаа?

- Како ќе-те-преч'екаа, и на-сл̥б'ицата, т'уека, к'оњоар ќе-ти-д'ада, д'ете м'алоо, две-три-г'одине, да-о-д'игаш н'агоре, да-о-д'игаш. И ќе-му-дадеш ч'орапе, от-т'амо шо-си-и-д'онела, ч'орапе или н'ешт’о б'акшиш. Ќе-му-а-пр'ефӑрлиш на-рамо и ќе-му-д'адеш и ќе-те-пр'ечека и тоа. П'осле д'ома кеі̯-ќе-вл'езеш, 'едан 'отоде, 'едан ..., свек'р̥вата 'отоде с'еди, младож'ењата 'одовде и ти да-се-пр'отињаш и они со, со ... ф'атени в'аќе, со-р'ука и да-се-протнеш бр̥г'о-бр̥го, ако пр'оеш, д'обро, ако не, ќе-те-ч'укна по-пл'еќите. Е тоа буд'алалок б'ило, тоа н'ема с'ега. Таќе, и ќе-с'едне с'ега свек'р̥вата, п'огача, у-ск'утот ќе-д'р̥жи, ако има нешто, зл'ато н'ешо, ќе-ти-о-д'аде, ти ќе-се-кл'ањаш пр'ед-њеа, ќе-се-кл'ањаш и она ќе-ти-го-д'аде п'осле зл'атото у-тоа ... н'ошња н'аша не-с'и-видеў, и тоа ск'утина шо-смо-в'икале, т'ама све со-п'аре, леле! г'адна н'осиа. И у-ск'ут ќе-ти-ги-т'ури и тоа ќе-б'идне. И п'осле ќ-'играа, м'ужи, ж'ене све што има на-св'адба, тоа све ќ-'игра, ако има м'узика, ако н'ема м'узика, не.

- Како се славело порано Богороі̯ца?

- Како се-сл'авело се-сл'авело. Дете кат-сум-б'ила ја, мл'огу 'одонде 'идоа, мие Р’еканке смо-и-в'икале, од-Ч'елопек, од-Мил'етино, от ти'а-села н'атаму н'е-знаем ка-се-в'икаа. Тиа, нас'абаі̯ле и н'авечер, н'авечер 'имаше една-згр'ада, стара у-м'анастир т'уека, и кеі̯-ќе-н'адоі̯да, од-в'ечер, т'иа 'отоде, и д'еца и све, и тамо ќе-л'егаа на-ч'ардакот, ќе-расп'осел’а туе ќе-с'еда, ќе-л'егаа. И т'иа 'отоде и ка-наша н'ошн’а гадна и н’'имн’ата не-беше уба:, г'адна. Едни-ч'орапе 'овде ве, до-'овде, као с'р̥ма, к'оі̯знае к'ако да-ти-к'ажем, и овде со она ..., нас г'адна нос'иата, и една оп'асано, ш'амија и п'аре со-р'есе и вак’е зави'ачката, не! 'и-таја. Тиа ќе-'ида р'ано, ра'но ќ-'ида на-Бог'ороі̯ца и тамо ќа-зафата и б'акшиш мл'огу н'осеа тиа на-Бог'ороі̯ца. Тиа све, коі̯ г'оі̯да, коі̯ јагнињa, коі̯ офце, тоа они н'аі̯ више на-Бог'ороі̯ца н'оселе б'акшиш. И после ќ-'идеш, от-св'е с'елава ќе-се-б'ера, ќ-'играа к'оло, ов'а-село, б'ашка к'оло Непр'оштено, б'ашка Т'еарце, б'ашка, све с'елава б'ашка п'о-башка ќ-'играа к'ола, ма-вр'уќина, ма-п'еплоі̯, ал'а, а с'ега шо-прод'аваа св'е на-т'езгиња, т'огаја ќе-п'остел’а на-з'емја ка-онаа, н’'ивн’о шо-има п'остел’а, и тоа све на-з'емја шо-ќе-се-пр'одава све на-з'емја.

- И што се продавало?

- Шо-се-прод'авало? епа ка-с'еа шо-се-пр'одава, сеа п'оі̯ќе се-пр'одава, т'огаја, ѓерд'анчиња, п'р̥стење, таквиа-р'аботе, све, и све на-земја, ќ-'иеш ќе-к-'упусш, на-зе'мја пост'слено, а сеа све на-т'езгиња. И после ќ-'ида 'овја, дван'аесе с'аат доі̯де, Бог'ороі̯ца зав'р̥шуе, св'ите д'ома. Сега и д'ӑнӑске к'ана, шо в'икаа, ќ-'има, Бог'ороі̯ца ц'еў-дӑн в'ечерта, и утре, ц'еў-дӑн до-в'ечерта. Т'огаја, от-с'абаі̯ле кеі̯-ќ-'ида, от-сабаі̯ле, тиа 'отоде, Р'сканке мис смо-и-в'икале, а м'ужите све со-м'интани и гун'ичиња од-Г'аличник 'отоде, чак и од-Г'аличник, ама тоа и с'ега в'икамо, ка кл'ашње мие шо-смо-и-в'икале, тоа ш'убаре, а кл'ашње г'алички, наі̯'убаі̯. Ња, п'отӑнки, м'азни, 'убаі̯. Тиа све тогаја, ка-н'апре, н'апре све се-н'осело, г'ун’иче, рук'аете до-'овде, гун̓иче и н'азат шо-в'икамо, ќ'ул’афка, кеі̯-ќе-вӑрне, ќе-о-с'ошиеш ќе-о-т'уриш на-гл'ава. Тиа све со-т'аквиі̯а, и т'аквиі̯а ч'ашире. Т'ӑнок тоі̯, кл'ашњете т'ӑнки и све со-гуњичиња и ќе-н'адоі̯да и м'ужи и ж'ене све, ама до дван'аесе са:т и Бог'ороі̯ца зав'р̥шуе. Ќ-отида и пр'азен ман'астирот, нема н'икоі̯. А не сеа дв'а-дӑна Бог'ороі̯ца.

- А за Атанасоан?

- Атан'асоан на-стар-м'анастир смо-'ишле. Тамо, снек било, а сега кеі̯-смо-'ишле на-стар-м'анастир и п'осле 'имаше едан-'Егеец 'овде с'едеше, овде кеі̯-смо-'имале, куќа 'имавмо една стара, а егеі̯ците ни-и-дон'есоа м'алу, и тоі̯ сеа на-киселан'а-вода 'умре. У-н'ас 'овде пр'аеше м'уабет со-Н'икола и му-кажуавмо дека е-в'одата к'исела 'опасна, онади, и он од-'овде од-н'ас кӑј-к'азаја, мие не-смо-чуле, кӑј-д'ое 'едан 'овде от-комш'иеве - рече - зн'аете 'Ангел 'умре. И к'ако, п'аднаў на-в'одата, таја 'отрувна б'еше. Отрувна, требе-да-се-п'азиш од-н”ега, и он паднаў и умреў. И му-викам, жена-му па шлогирана беше, с'едоја 'имаја вик'ендица, куќа напр'аена, четири с'ин-има, ч'етири к'уќе н'апраеў т'амо, дур-м'ожеше. - Викам - ќ-'ием, Ил’о ќе-ме-'однесеш да-га-в'идим Л'енка - дека овде смо-живеле, а ја н'е-можем д-'идем р'идно н'агоре, н'е-можем. Ме-однесе да-а-в'идим. Кеі̯-ме-сл'имна, 'Ангел ме-ч'ека. Н'апре кеі̯-смо-'ишле, м'остот ман'астирски смо-о-в'икале, ама се-н'иша, за-у-Бр'езно. - Не, нем'аі̯-гаі̯ле - вика - м'остов је пр'епраен, иди сл'ободно. Ја идем, отиднав до-пут - ч'екаі̯ - реков - да-о-видим путоф што-сум-ишла за-на-стар-м'анастир, к'акви е. Се-пр'епраі̯ло, се-загр'адило с-он'адило, н'апрет кеі̯-смо-'ишле за-на-стар-м'анастир ееее! Ќ-'идеш, 'утре је-Атан'асоен, д'ӑнӑске ќ-'иеш за-на-стар-м'анастир, ќе-з'апалиш св'еќа и ќ-'онадиш св'е и ај н'адоле. С'еа-па, д'аваа ј'адење. Т'огаја н'емало ј'адење, само ќ-'иеш св'еќа ќе-з'апалиш. А 'имаше и п'оп. Поп 'имаше т'амо и цр̥кв'ичето посе се-р'уши и т'оа-беше. И не-с'ум-била, ја не-м'ожем д-'идем. Туку на-т'оі̯ к-'отиоф, Ил’о кӑі̯-м-'однесе да-а-в'идим, Ленка р'еков да-га-в'идим шлог'ирана да-га-в'идим р'еко^{в} смо-ж'ивеле з'аедно. Чекаі̯ - реков - 'Ангеў, да видим пр̥во путоф шо-сум-'ишла за-на-стар-м'анастир.

- А кӑј се наоѓа тој стар манастир?

- Горе, за-у-Бр'езно шо-се-'иде, за-у-Брезно, тоі̯ т'уека-је.

- Сега манастирот седи?

- Седи седи, ц'р̥квата, седи, ида п'ал’а св'еќе, с'еди, ама т'огаја н'е-беше р'ушено с'еа ал̓ је р'ушено н'е-знаем, не-сум-пр'ашала, ама с'еди, п'ал’а св'еќе. Тоа н'апре когаі̯-б'ило, когаі̯-р'ушеле Шипт'арите, овја го-п'опрае п'опоф шо-с'едеше т'амо, 'имаше и к'уќиќе. В'елко. 'Овде б'еше, В'елко б'еше мл'огу д'обар. И раб'оташе и п'оле и њ'иве, св'е, идеше и у-нас. Ил’о, па му-и-з'еде шо-'имаше књ'иге у-манастир иск'инати све, Ил’о све му-и-д'аде у-библиот'ека све му-и-н'апраі̯ја. Д'обар б'еше и г'оі̯да ч'уаше, али 'овја п'опоф, ш'о-знам т'амо, рече - да-ми-д'адеш пар'охиа - и му-даде у-Јег'унофце, у-Ј'анчишта т'амо. Али с'ега 'отиде у-Аустр'алиа-е, у-Аустр'алиа, ама ж'ена-му 'умре. Ж'ена-му 'умре и га-д'онесе 'овде ама п'осле ја ч'уф, р'еков и тоі̯ син-му шо-б'еше поп, како го-в'икаја сум-з'абраі̯ла, 'имаше едан син з'аедно са-от'иднати, 'и-тоі̯ 'умрел т'амо г'ал’ба, а едан-с'ин 'овде 'имаше 'остаен, б'ӑш на една-к'омшифка од, 'и-таја има т'р̥мке, 'од-нас з'едоа, па-'идеше 'овде -рече - на-св'адба бил и кеі̯-д'ошаў д'ома, 'умреў, син-му на-В'елкота. А В'елко д'обар б'еше, мл'огу раб'оташе, ама го-ист'ераја, е-т'оа т'и-е, сф'адбете т'аквиа-са.

- За крштевка каков бил адетот?

- К'р̥штефка, Ил’о бӑш, на тр'ек’и 'авгус му-е-п'исано, ама он на-др'уги е-р'оден, бӑш на-д'ӑнот на-Сфети-'Илија-е. И сега ќ-'идеш к'умот ќе-о-тр'ажиш, 'онаа, име ќе-ти-д'аде. П'осле ќе-о-к'р̥штеаш, ќе-в'икаш г'ости и кеі̯-ќе-о-к'р̥стиш и к'умот ќе-д'оі̯де и други-пр'иатели шо-'имаш ќе-и-в'икаш на-р'учак, с'еа у-каф'ана 'ида, т'огаја д'ома.

- А овде у манастир се кршеале?

- У-м'анастир, т'уе к'р̥штефка, т'уека у-старат'а-цр̥ква, п'осле 'оваја се-н'апрае, ст'арата се-кр̥шт'еаја и кеі̯-га-р'ушеа 'оваја, овај'а-цр̥ква, па сум-б'ила у-ст'арата на-пр'ичешња, викам леле, како смо-'ишле кат-смо-сл'агале, к'ол’ку б'ило м'алоо, 'оваја с'еа дека-г'олема и на-Бог'ороі̯ца т'уека в'аѓаа з'акон сеа, на-Бог'ороі̯ца. И т'аќе к'р̥штефка, т'оа-ти-е, ќе-'онадиш, ќе-о-к'р̥стиш д'етето, ќе-о-д'онесеш д'ома. Н'апре, сега како ги кр̥штеаа, г'олеми кеі̯-ќе-п'орасна. 'Еднаш к'умоі̯ кеі̯-смо-биле, ж'енско б'еше, пром'енено, у-в'ӑстан пром'енето и ќ-'иемо да-о-кр̥шт'еамо, а сега, т'огаја, т'огаја се-р'одило м'алоо едан-м'есец и-ќ'иеш, и две-н'еделе да-пр'оі̯де ќ-'иеш ќе-о-к'р̥стиш, м'алоо. Се-кр̥шт'еваа деца, се-наст'асале, т'амо у-м'анастир, 'и-тоа, 'и-тоа у-една-вода ги-к'р̥шт'еваа и тиа-са ка-бр'аќа, ако са-мушки, ако са-ж'енски, брат и-с'есра, так’е. Ќе-ти-з'еме ч'ерге шо-се-тк'ало н'апре, што дека 'имам с'еа, ч'ергете на-п'енџерите ќе-и-н'атураа, венци, све, и на-Свети-С'ава да-пр'ичаш.

- Како било тоа?

- На-Свети-С'ава децата ќе-ти-д'адеф п'есниче да-го-н'аучиш, па-на-Сфети-С'ава ќа-гл'едаа тиа л”удите туе ќе-с'еда, ти-ќе-пр'ичаш, 'овде н'асрана си-'останал, л”удите 'одонде. До-н'егде го-зн'аем т'оа, п'есн’ата. Сеа по-стари-г'одине. Ама не-г'а-знаем све, таја г'олема б'еше: Раско ко удара тако позно у дубини ноќног мира на капии затвореног светогорског манасира, веќ је прошло ...

- Оваја српска.

- С'р̥пска, с'р̥пска, па-т'огаја смо-он'адиле, глеі̯ и сега и у-гр'обишта н'е-идем ни м'аі̯ка ка-ми-'умрела и св'екр̥ва и све, ја, кӑі̯-ги-ч'итаа м'р̥твите, ја макед'онско /ќ/ и /ѓ/ н'е-знаем, с'р̥пско нап'исано, и с'ега 'онде кеі̯-ни-д'оаѓа т'елефон, Никола ќе-о-в'иди, ја-в'икам ова, и ја на-пл'икот ќе-го-'изваем од-т'оа и на-пл'икот ќе-н'апишем за-пл'аќање /ќ/, с'р̥пско, /ѓ/, с'р̥пско, н'е-знаем макид'онсково, дека не-сум-'учела не-г'о-знаем, н'емало т'огаі̯, с'р̥пско б'ило, и /ќ/ и /ѓ/ и д'ӑн-д'ӑнӑске, с'р̥пско, е т'оа т'и-е. И др'уга пр'икаска, за тоа, т'аја ц'ела га-зн'аем, и к'оі̯знае како сум-га-зап'амтила и др'угиве, ама сум-з'абраі̯ла в'ише, дев'едесе г'одине.

С'иротна м'аі̯ка - сеа ср'амота да-к'ажуем да-зб'орим - Г'аи м'аі̯ка до-д'евет с'инова р'анила-их т'угом и н'евољом дањ и ноќ на пр'еслици туѓоі̯ - зн'аеш тоа на-пр'еслица т'уѓа, др'угому раб'отала, на-пр'еслици туѓоі̯, по-с'р̥пски е ова, све др'угому шо-раб'отала и д'ецава да-г-'изгледа - на-пр'еслици т'уѓоі̯ св'и их д'евет м'аі̯ка пож'енила, а кад их је маі̯ка пож'енила тада м'аі̯ци д'еца гов'ориле, о-стар'ице н'аша м'ила м'аі̯ко ми-те-в'ише хр'анит не-м'ожемо него 'узми два кл'енова шт'апа о-рам'ену пр'осјачку т'орбицу па-ти-х'аі̯де пр'осит по-свј'ету - по-с'р̥пски ова - ј'адна м'аі̯ка д'ецу посл'ушала, она узме два кленова штапа о-рам'ену пр'осјачку т'орбицу она не-'оде пр'осит по-свј'ету н'его оде у-г'ора з'елена, сједе - ми-се-п'р̥чи к'осава шо-к'ажуем - с'еде ст'ара те-с'узе пр'олева ...

- Оваја у-школо си-а-учела, песнава?

- У-шк'оло, у-шк'оло.

- Овде у-Лешок?

- Па-од-Л'ешек-сум. Ја-сум-од-Л'ешек, од-Л'ешек у-Л'ешек.

- Школо овде си ишла?

- Па овде, четӑр-г'одине и г'отоо п'осле зав'р̥шуе 'овде н'емало под'алеко не-'учеле. Кӑі̯-сум-'учела имаше школо у-м'анастирон

онде кеі̭-шо-е-боўн'ицава овде стара, туе б'еше шк'олото. Дв'е г'одине т'уе сум-'ишла, у-м'анастир. П'осле, Ан'аниа ни-б'еше 'учител' и после тр'ек'ата г'одина, две-г'одине туе, тр'ек'ата се-н'апраи шк'олоно 'она, го-зн'аеш шк'олото, кол'ково, ама в'ише г'отоо отп'аднало. То'а-школо и т'амо две-г'одине, четӑр-г'одине до-ч'етвӑрти. Т'амо Ан'аниа и Ананиа го-см'енија и д'оі̭де 'учител' др'уги, Ж'ико се-в'икаше, Цӑрн'огорец. Ама лош! А напре имало, п'р̥чка се-в'икало, п'р̥чка и к'ол'ку п'р̥стов д'ебела, од-др'ен, тол'каа и на-м'аса ост'аена, и вика, шта је ово м'отке, зар-све-в'олови да-се-б'иете, г-'искр̥ши ги-ф'ӑрли нис-п'енџер. Та не мотке, ка-ти-з'еде он ќе-те-'утепа со-'онаа по-главата сфс л''унге ќе-ти-б'иде и 'едан 'овде 'умре тоі̭, у-в'оі̭ска г'алиба 'умре, Б'орис го-в'икаја, ка з'еде со-гл'авата у-т'абла, удери со-ст'олица по-пл'еќите, удри, и на-едно од-В'арвара, шт'ичинка зак'оана на-кл'инец па-со-штич'инката по-гл'ава је-пушти кр'ӑв, п'осле па-га-бр'ише. А ж'ена шо-'имаше м'ирна, кр'аі̭. Кеі̭-го-тепаше тоі̭, Б'ориза, со-гл'авата у-т'абла и со-ст'олица - н'емоі̭ Ж'ика, н'емоі̭ Ж'ика - н'е-слуша, и п'обегна 'она, кеі̭ -гл'едаше, п'обегна. 'Овде-сум, 'овде четӑр-г'одина и з'авр̥шиф п'осле шк'олото.

- А све учеле на српски тогаш.
- На-с'р̥пски, на-с'р̥пски.
- Коа година си родена?
- Ја-сум-стара, деветн'асста г'одина, ј'а-сум в'ише за-у-д'упка.
- Дали памтиш како било за време на ратот?
- Н'е-знаем т'оа, не-памтим тоа.
- Германциве когаі̭ биле, Бугариве.
- А Германците, епа 'овде сум-б'ила м'ужена. Когаі̭-д'оі̭доа Герм'анците, викам п'оубаі̭ љ'уди н'емало. 'Едни в'исок'и, пл'ави, кр'упни и на-ч'есшмана доле к'сі̭-шо-е, па-т'уска, по'убаі̭ немало, от-тиа. А Буг'арите когаі̭-'идоа, Бог да-те-ч'уа, овде у-м'анастир 'идоа со-к'оле, едни с'уі̭, исп'ечени и сл'аби и ц'ӑрни, леле! в'икам какви са-т'иа за-н'ишто Б'угариве, а Герм'анците мл'огу б'еа он'адени. Тоа п'амтим, др'уги н'е-памтим, друг'и-рат.
- Зулум ви праеа нешто?
- Тогаја тиа не-пр'аеа. И у-в'оденца Буг'арите на-к'оњи, 'онаа, мсќа у-вод'енцата н'осеа, не-пр'аеа т'иа б'ел'а. А 'овја Ш'иптари,

Шипт'арите пр'аеа б'ел'а, бӑш ког'аі̯-беше у-алб'анското. Имам 'едно м'ушко, 'имам 'едно ж'енско, ж'енското р'одено у-алб'анското. И тогаја немало струја, а па тоі̯ и д'еі̯че кеі̯-сум-б'ила, Фазлиа го-в'икаја, д'оле 'офце ги-ч'уаў и 'овде с'ега ср'ажа го-он'адиа и л'амба м'ене зап'алена и ја по-п'ут го-ч'уф, оваj'а-куќа 'овде смо-а-'имале, к'уќата ст'ара - г'аси л'амба - в'иди, г'аси л'амба, пр'оклети. Ст'о-пута сум-р'екла п'есто г'одине вл'адееў Ш'иптар, ј'опе Ш'иптар ќе-вл'адее.

- Порано облека што све носеле?

- К'ондуре н'емало, 'имало кеі̯-ќе-се-пр'омениш. 'Опанци со-с'иџмоі̯, с'ин-ми когаі̯-'идеше у-Т'еарце, па св'инскі 'опанци, па ќе-с-'искина оп'уткете, па-пр'аі̯ 'опутке ма-н'икако. Н'апре 'имало н'алање, б'улински ги-в'икале, т'ол'каі̯ те, в'исоки, па ќе-се-с'опињаш на-ниф ќе-с-'искр̥шиш. П'осле изл'егоа н'алање, конд'урлии ги-в'икаја, гр'атски от-т'иа к'упени, коі̯ м'оже да-к'упи ќе-к'упи, ако-н'е со-т'иа ќе-'идеш ќ-искр̥шиш н'оге со н'алање. И по-нед'елете ќе-се-пр'омена ќе-изл'агаа, 'овде К'остоо го-в'ика𞀰мо, и на-Б'ожиќ и на-Ве'лигден, све т'уска се-бр'аја, ќ-'играа к'оло и м'узика ќ-'има.

- За-Велигден како било у селово?

- 'Убоо б'ило, ама ќе-п'остиш с'едум н'еделе, не с'ега. Лани овде со-Н'икола д'оі̯довмо, п'орано д'оі̯до𞀰мо, п'р̥ва н'едел'а п'ос ни-зеі̯тин не-смо-јале, ако не-см'о-биле на-пр'иќешња, н'е-можем да-'идем и 'тамо н'е-можем на-н'оге да-с'едим не-с'ум-била, ама ни-з'еі̯тин ни-н'ишто сум-исп'остела, викаа Никола ако не-смо-'отишле на-пр'иќешња смо-се-п'остеле. Сега т'амо 'останаф у-Ѓорче, у-Ѓорче н'е-поста ама ја-п'остеф, п'остев ја н'е-јадоф ама з'еі̯тин ј'адоф, тоа и з'еі̯тин не-с'е-јаде ама ја ј'адов з'еі̯тин. И пр'азникоф ка-се-в'икаше, Пребреж'ение, и т'огаја сум-се-причест'уала и пр̥ва-н'едел'а Велик'и-пос, сега в'ише г'отоо н'е-можем. Велко дур-б'еше една причест'уеше дете, к'омшифка од-'овде од-с'елово, го-причест'уеше детето, Велко вика - си-п'остела за-д'етево - она вика - сум-постела - бравос - Велко ѐ-в'ика, ќе-п'остиш мора да-п'остиш, н'ишто ни-з'еі̯тин ни-н'ишто и насаб'аі̯лето ќ-'иеш леп да-н'е-адеш, на-гл'адно-ср̥це пр'иќешња, ќе-се-пр'ичестиш и ќе-д'оі̯деш, ја кеі̯-сум-се-причест'уала, т'авиче п'осно не м'р̥сно, сеа смо-се-прич'естиле и м'есо не, т'авиче посно ќе-н'апраем от-п'онапре ќе-о-н'апраем па-ќ-'ием у-ц'р̥ква.

- Куќна слава славите?

- Куќн’а, Сфети-Н'икола.

- П'орано како-се-ч'екало?

- К'уќн’а сл'ава ка-смо-ч'екале, н'апре ка-се-ч'екало р'иба н'емало. Н'емало р'иба и ќе-н'апраиш гра ќе-св'ариш и не ка-с'ега кол'ачиња и т'ршие и св'екакви 'онаа. Т'огаја м'ушмулеве ги-зн'аеш м'ушмуле, ќе-и-'онадиш 'озгора ќе-и-'очистиш и ќе-и-т'уриш у-в'ода да-се-к'исна, ќе-'омекна и тоа м'езе ќе-т'ураш на-м'есто др'уго шо-ст'ал’аа с'ега, м'езе ќе-т'ураш да-ј'ада, па п'осле кеі̯-ќе-р'учаа мезе к'оштање суі̯, в'арени и 'орае не-к'р̥шени, нека к'р̥ши тоі̯. И р'иба н'емало, ќе-н'апраиш гра ќе-'онадиш и к'упус, к'упус к'исеў ќе-в'ариш тоа и тав'ичео ќе-о-н'апраеш р'ипчиња с'итни, с'итни р'ипчиња 'имаше, на'около, а у-ср'еде, ова в'аќе 'ол’коо, с'олена р'иба ќе-а-т'уриш, з'ашо н'емало р'иба н'апре. И рипч'ињата ќе-и-ј'ада и тоа све 'оризот ќе-б'иде гл'аве, што-ќе-ј'ада г'остите и гл'авете т'уека у-тав'ичето и 'оризот ќ-'изеда и ш'о-ќе-остане 'остане, а от-т'аја р'иба с'олената св'аки ќе-з'еме со-в'ил’ушка з'ашо н'емало р'иба др'уга, св'аки ќе-з'ема от-р'ибата с'олена, тоа т'ол’коо в'аќе п'арче от-ср'еде, тоа. И п'осле 'орае с'уі̯ нека-к'р̥ша и к'оштање суі̯ и с'ушени и в'арени, тоа мезе.

- Многу гости доаѓал?

- Мл'огу, мл'огу, как'о-не, от-сфегде, при'атели шо-смо-'имале от-сф'егде. У-Ѓ'орче ка-сум-'отишла 'еднаш, с'ега и сл'або ни-'ида в'ише, сл'або и н'еі̯да, н'апре кеі̯-сум-'отишла, ја д'оле 'имам 'онаа, р'ибата на-спр'ат д'оле га-п'р̥жим, горе кеі̯-ќ'е-пр̥жиш ќе-м'ириши, тоа од-д'оле па 'иде г'оре м'ирис, не? Ја ќе-а-п'р̥жим, ќе-п'р̥жим до-д'евет с'аат и готоо зав'р̥шуе, сл'езе Ил’о - мамо готоо је? готоо - в'икам р'ибата. И ја не-сум-в'идела г'ости кеі̯-'има и от-т'огаја н'ааму не, ка-сум-се-к'ачила г'оре, ова ве ѕит тоа, с'обата г'олема н'и-е, на-ср'еде он'адено отп'ушено тоа тр̥п'езаа голема, тоа од-гости ја сум-се-зач'удела сф'е 'иди пр'аі̯ зр'ао и от-т'огаја н'ааму не. Една со-сн'аа-ми раб'оташе у ... з'абрал’ам као-се-в'икаше, у-Аўкаў'ит у-Аўкаў'ит, сн'аа-ми раб'оташе и една др'угарка и је-вика - Мицо д'оі̯ди на-г'ости - и она доі̯де б'ӑш т'огаја г'ости когаі̯-

'имаше, па др'угата г'одина га-в'ика, н'еі̯дем вика, с-упл'ашила шо-в'идела г'остите т'ол’ку с-упл'ашила и н'еі̯де, н'еі̯дем р'екла. Па сеа год'инава ги-в'икна^{в}мо, беа. И с'ега р'иба, сеа р'иба п'астр̥мка, 'окапи, а п'онапре овде кӑі̯-смо-он'аделе, Н'икола у-Б'еўград раб'оташе, и ќе-пр'ати р'иба, р'ибе и бр'ат-му, з'аедно смо-б'иле и кеі̯-ќе-д'ое едан-ш'аран тол’кав, ќе-ем-д'ое на-г'ости ќе-ем-пок'ажуе од-Б'еўграт пр'аќаше р'иба. И сега со-ша'ран, ќе-к'упимо ќе-к'упимо две по-дв'е-кила, две ш'аране, пр'аем с'упа от-тоа, гл'авата ќе-г-'исечем и м'есото ќе-о-т'урим ќе-се-св'ари и кеі̯-ќе-га-'изгмечим гл'авата ќе-г-'изваим и таја, кож'инката ќе-г-'ол’упим и с'упата ќе-га ... с'итни, с'итни месц'ињата к'оске да-н'ема и ќе-а-н'апраем с'упата и ќе-а-т'урим 'едната р'иба д'ӑнӑске едната утре и кеі̯-ќе-се-св'ари ќе-т'урим ф'иденце и м'оркуи, р'ендани ш'о-са, ќе-и-п'опр̥жим у-з'еі̯тин и кеі̯-ќе-т'урим тоа с'упата ќе-поц'р̥вене. Една при'ател’ка от-сфек'р̥ва-ми ќ'ерка шо-'имала па сн'аа е н'еі̯зина вика - в'уі̯но како-г'а-праеш с'упава к'аква-е 'убаа, т'аја све м'есо н'еі̯ ќем ја с'амо в'ода да-биде, све м'есо.

- Дали знаеш у селово фамилиеве како се викаа?

- Не-г'и-знаем ка-се-в'икаа све, овја од-Бр'езно оваі̯'а-куќа 'одовде од-Бр'езно Чапел”ареі̯ ги-в'икаа, тиа 'одовде оваі̯'а-куќа п'одоле Лал'ошоі̯ ги-в'икаа, е тиа п'огоре Карап'анцоі̯, тиа н'адоле н'онаму не-г'и-знаем, тиа тенеќе-м'аало ги-в'икамо ама н'е-знаем по-фамил'иата.

- А маалава у Лешок ги знаеш како се викаа?

- Ова м'аало на-гр'обишта кеі̯-смо-'ишле у-ц'р̥ква ова-м'аало н'ашево б'ашка, а тенеќе-м'аало б'ашка т'р̥пеза ќе-б'иде. Ма'алово ова, к'оі̯знае ка-с'е-вика ова м'аалово мие к'еі̯-шо-смо н'е-знаем.

Дедо шо-сум-'имала, вика ќе-д'оі̯де вр'еме н'ародот да-се-пр'одава за-п'аре и онде д'уќанот шо-е Б'учеі̯ца смо-о-в'икале и ќе-се-с'обера т'уска м'ужи и ќе-в'икаа, Тоде шо-зб'ореше све т'аќе д'оі̯де. И ќе-'иде Ил’о н'апре ф'удбал на-П'ефчина д'оле, м'естото се-в'ика пот-ст'аница, ст'аницата га-рас'ипаја не-'а-памтиш ти мл'ат си. Т'уека и т'амо 'онаа и д'едо-ми д'оле, д'едо-ми само една ќ'ерка, м'аі̯ка-ми и с'едеше т'уе кеі̯-м'аі̯ка-ми, к'уќата 'оваја шо-е 'одовде н'адоле кеі̯-ќ-'иеш одонде, т'аја-е от-т'уе-сум. И вика кеі̯-ќ-'иете г'удбал да-гл'едате у-с'оба ќе-о-гл'едате и вии к'ако-доі̯де на-телев'изија у-с'оба е Тоде ка-шо-зб'ореше све т'ак’е 'излезе.

- А што работел дедо ти?

- Д'едо-ми? 'Ишоў у-Р'уфчик све 'онаа, на-ф'урна не, туку ѓ'евреци 'онадиў, ѓевреци пр'одавал.

- А кăде?

- У-Руфчик натаму-н'ааму и у-'онаа беше, Газ'и-Баба и туека р'аботал, р'аботал н'адоле у-Р'уфчик р'аботал, а он беше вр'еден млогу.

- Ка деі̯чиња порано за Лазарице све ишле?

- Лазарице не, Лазарице. Деца у-школо кăі̯-смо-'ишле на-П'ефчина д'оле от-све с'елава ќе-се-с'обера и д'ецата м'али, д'ецата со-ѕв'ончиња м'али 'едни, па ќ-идеш ќе-поеш песн’а - лазаре, лазаре - коі̯знае сум-га-з'абраі̯ла как'о-беше п'есн’ата. Ќ-иеш нагоре вр̥б'ицете на-в'р̥бице тоа лаз'арице туе у-цр̥ква ќеи-остаеш па-на-Цв'етници ќе-'ида н'арот от-цр̥ква и све ќе-земаа от-вр̥б'ицата, от-в'р̥бете. В'р̥бе, в'р̥бе т'ол’каі̯ д'р̥фчиња ќе-и-к'р̥шиш и д'ецата све шк'олски све т'аму ќ-'ида у-ц'р̥ква ќе-ги-'остаа и ќе-п'оа п'есн’а, л'азаре л'азаре, ама сум-га-з'абраі̯ла как'о-беше. И тоа вр̥б'ицете у-ц'р̥ква ќе-'остаа, д'ӑнӑске на-Лаз'арице у-суб'отата и после у нед'ел’ата н'ародоф од-'Отуње от-В'арвара све од-Брезно све у-ц'р̥ква, ц'р̥квава ќе-б'иде п'оўна со-н'арот и ќе-зе'маа от-вр̥б'ицете ќе-им-д'ава п'опот от-вр̥б'ицете и тоа так’е и со-ѕв'онците ќе-ѕв'она.

- А све ишле од куќа на куќа да берете јајца?

- Не н'емало, с'ега 'ида, сега ида бера јаі̯ца. Едно од-'овде от-ком'шииве, па н'ема тоі̯, г'оре е под'алеко, н'ема д'еца па п'оќерќиў едно деі̯че. Едно-д'еі̯че ет'е-ти-о тоа пром'енето у-венч'аница д'оаѓа 'овде за-јаі̯ца - ма-ч'иво-си - р'екоф - ти, рече - 'унука на-б'ога - о-шо-б'еше 'убоо сум-го-гр'абнала сум-го-исц'унала, деі̯чето од-бога рече сум и му-д'аов ј'аі̯ца и 'отидна, нема н'апре н'е-ишле не. Напре ќе-'онадиш, јаі̯ца на-Вели-ч'етвр̥ток ќе-в'апцаш и д'еца кеі̯-ќ-'излеза на-Костоо, го-викамо м'естоно, ќе-се-с'обера на-В'елигден, ќе-ч'ина 'овде ве на-тр'ава со ј'аі̯цето и тоа ќе-се-ш'ари б'ело ќ-'излага. Пр'ошло тоа све, ст'ар-век тоа.

- Дали знаеш некоја приказна?

- Тоа кн'игата шо-сум-ч'итала, па сеа ј'опе д'оле га-ч'итав 'еднаш, па сум-ем-га-прикаж'уала. Сега, б'рат и с'есра б'иле, бр'атчето п'оголемо на-седум-г'одине деі̯чето на-три-г'одине, бр'ат-и-сесра. Умрела м'аі̯ка-ем и 'овја се-пр'еженуе, се-преженуе и т'аја д'онела дв'е-деца и овде две нашла, ама т'оўку б'ила л'оша и ги-т'епала и ни-ј'адење им-д'авала ни-н'ишто: „'идите в'ие з'емите ова г'оі̯дава да-и-ч'уате шо-све-с-'опнале овде само све-з'инале за-ј'адење, идите да-и-пасете“. И ќе-и-т'епа тиа пл'ача н'е-смеа на-т'атко-ем да-к'ажа. И пл'акале и св'аки-дӑн т'оа и овја шо-знам не-в'еруеў и комш'иете му-каж'уеле и комш'иете 'ишле едн'и-пута ги-бр'анеле д'ецава, ама после јопе не-см'ееле и од-н”ега шо-б'ила л'оша мл'огу и комшиете му-каж'уеле. И н'апраі̯ла 'еднаш 'онаа, з'елник тоа, н'апраі̯ла з'елник и к'окошка т'ава и и-с'обрала д'ецата н'еі̯зини да-ј'ада тиа г-и:ст'ерала ги-исп'урдила - аі̯ б'егаі̯те от-т'уека вие. И ком'шиете ка-му-к'ажуеле он не, он не-в'еруеў п'осле р'екоў з'еў. Зеў к'олата, д'р̥ва ќ-'иде по-д'р̥ва. Он ќ-'иде по-др̥ва не, д'аў др'угому на-пр'иател’ некоі̯, к'олата за-д'р̥ва и се-к'ачиў на-б'аџа да-гл'еда. И се-к'ачиў на-б'аџа и гл'едаў кеі̯-га-т'епаа и кеі̯-н'апраі̯ла тоа јад'ењето што ј'ала ј'ала и д'ецата и да-не-каж'уете на т'атко-ви али сум-н'апраі̯ла з'елʾник и т'ава к'окошка и тоа шо-ост'анало го-ф'ӑрлила на-к'учиња и н’ему да-не-'остане на-м'ужот. И тоа ем-зб'орела он све сл'ушаў. Кеі̯-сл'егаў р'екаў: „Сеа да-га-'утепам ќе-'идем у-з'атвор - д'ецата ј'опе б'ез-маі̯ка, јопе никако, не ајт“. Други'от-дӑн р'екаў: „Да-м'есиш 'една п'огача и на-д'ецата ќ-'иемо по-д'р̥ва“, и д'ецата со-н”его. И з'еў и ц'р̥пке, зн'аі̯ш к'ако-е ц'р̥пке си-ч'уў си-в'идеў, и тоа да-г-'окачи и тр'ак, кеі̯-д'уа в'етар се-ч'ука, 'ено-ʸ-друго. И з'еў и 'отишоў у-пл'анина и з'еў в'икаў: „С'едите вие овде!“ и јале од-л'ебот и ја ќе-б'ерем д'р̥ва кеі̯-ќ-'ием д'ома кеі̯-ќе-п'оі̯дем ќе-ве-з'емем. Он с'обраў д'р̥ва 'онадеў и ц'р̥пкете се-ч'укаа они ч'екале, т'атко:-м го-н'ема и цр̥пкете се-ч'укаа р'екоў: „Уше с'рече т'атко-ми д'р̥ва“, а тиа ц'р̥пкете се-ч'укаа, не д'р̥ва да-с'рече не н'ишто. Ј'але што-ј'але и ост'анале т'уека и ј'але пог'ачата ј'але и 'изеле и рекла на-братје: „Бр'атко с'ега м'ене л'еп ми-се-ј'аде!“ „И м'ене ми-се-ј'аде!“ ама леп н'ема, г-'изеле. 'Отишоў з'ат тоа, 'имало н'апраено ка-'онаа да-легаа туе, зат тоа ќ-ием, л'епешка от-г'оі̯дана шо-'остале ќе-о-т'уримо да-се-п'рече и ќе-ј'адемо. Зеў тоа леп'ешката ќе-а-п'рече и ќе-'онади, ет'е-ти-о Г'оспот д'оаѓа. Доаѓа Госпот: „Ш-'опраі̯те как'о-праі̯те деца?“ „Еве п'ечемо л'епешка“. „Н'е-ви-е л'епешка н'его-ви-е п'огача“. И тоа дур-с'еделе т'уе таја-п'огача и ј'але и ј'але и рекле: „В'ода н'емамо!“ „'Ене-ви в'ода, 'ене ч'ешма 'онде, ќ-'иете ќе-ц'р̥пете има и ст'омниче т'уека“. И на-д'етето му-д'аў 'една стр'ела: „Блаос'уана ти-е-'оваја што-ќе-г'аѓаш све ќ-'утепаш, со-стр'елата“. И ј'але, ј'але, ј'але д'ецата п'огачата с'еди не-се-'изедуе и в'ода п'иле, потпор'аснале. Потпор'аснале м'алу и д'етето кеі̯-потпор'аснало ќ-иде з'ајак ќ-'утепа шо ќ-'утепа и ќе-д'онесе д'ома с'есра-му ќе-г'отви. И потпор'аснале т'уека с-'истаі̯ле 'от-таја пл'анина, 'отишле п'огоре у-пл'анина. Кеі̯-'отишле 'имало, едан-с'араі̯ н'ашле. Е рекле: „С'есро 'еве с'еа за-н'ас к'уќа да-ж'ивимо!“ у-с'арајот. Кеі̯-'отишле и д'етето зело со-стрелата ќе-гаѓа на-з'ајак, н'аі̯прво б'ило, да-г-'утепа: „Н'емоі̯ 'имам з'аі̯чина м'али, н'емоі̯ ќе-'останa сир'ачиња, немоі̯ да-ги-т'епаш, ако ти-тр'ебе ја ќе-ти-д'адем едно-з'аі̯че да-ти-се-н'аі̯де у-сф'аки сл'учаі̯“. И му-д'ала, д'онеў д'ома тоі̯. К-'отишоў ј'опе, мечка. И м'ечката т'ак’е му-р'екла, му-дала едно-м'ече, д'ошаў д'ома го-д'онеў и м'ечката не-га-'утепаў. И л'исицата и л'исиче му-д'аў и све и в'оўкот и све му-д'але, н'его не-ги-'утепаў. И с'еделе, с'еделе, ж'ивеле, а т'уека у-с'арајот 'имало зм'еі̯ со-четр'иесе гл'аве. Га-гр'абиў ќ'ерка на-ц'арот, га-'украў тоі̯, зм'ејот. Ет'е-ти-о 'иде в'оі̯ска - ч'екаі̯ тоа сум-забраі̯ла - не, ишла в'оі̯ска да-г-ут'епуе зме'јот па-да-а-з'ема ќ'ерката, а тоа не-било змеі̯, туку д'етето б'ило со-с'есра-му, ама з'аі̯чето и тиа шо-ги-з'еў му-пом'огале нʼему му-помож'уале в'оі̯ската да-не'-дое да-г-'утепа. Он ка-зеў со-стр'елата в'оі̯ската све га-п'отепаў. Га-п'отепаў в'оі̯ската, стр'елата блаус'уана од-Г'оспода, га-п'отепал в'оі̯ската и в'оі̯ската се-вр'атила. И каж'уаа тиа т'аму и ц'арот р'екаў сега ќе-пр'ати др'уга в'оі̯ска и со-с'ин-му. И кеі̯-д'ошоў тоі̯, 'ене-ги р'екаў и от-с'оба у-с'оба от-с'оба у-с'оба го-н'ашаў зм'ејот св'ите гл'авете му-ги-'утепаў со-стр'елата, св'ите с'амо 'една гл'ава му-'остаеў, да-ми-к'ажеш к'ăде-е цар'еа ќ'ерка 'инаќе гл'авата, 'и-таја, ако не ќе-'останеш жиф. И он му-а-к'азаў, му-а-к'азаў ќ'ерката и 'излегла и т'аја на-тар'аса. Кеі̯-'излегла таја и он гл'авата и таја г'отоо зм'ејот го-'уништиў. И рекла: „Т'и-си с'ега м'оі̯ д'ечко з'ашто си-ме-сп'асиў од-'оваја м'ука“. И му-д'ала п'р̥стенʼ н”ему и на-с'есра-му н”егоа п'р̥стен’, рекла: „'Имам и ја бр'ат и с'есра-ти ќе-биде за-бр'ат-ми и ја за-т'ебе“. И кеі̯-'отишле, ги-'остаеў тиа заі̯ч'ињата, лис'ицата, в'оўкот и м'ечката у-с'арајот: „Чу'аі̯те-а сеа, вард'ите-а сеа с'арајов вие“. И ка-'отишоў тамо, два м'есеца св'адба пр'аі̯ле. Сесра-му н'егоа за-с'ин-му, оваја за-н’'его и после ц'арот 'умреў, они ост'анале да-цар'уаа т'уека. А т'аја д'ома со-д'ецата н’'еі̯зини, б'оўни, б'оўни, н'икакви и она се-с'етила дека пр'аі̯ла на-'овја б'ел’а, д'ецата н’'еі̯зини све н'икакви. Тоа шо-сум-ч'итала.

Брезно-Теарце

- Информатор: Мирко Симјановски

- Симј'анофски М'ирко, р'оден во-с'ело Бр'езно, 'иљада д'евесто тр'иес 'осма г'одина, пр'еселен во-Теарце 'иљада д'евесто ш'еес тр'ета г'одина.

- Да ми кажеш за настанокот на Брезно?

- Бр'езно како-Бр'езно пост'оело уште за-вр'еме т'урско, ама не на-'ова м'есто с'еа д'ека п'остои. Бр'езно пост'оело 'изнат 'ова с'ело, па 'едно килом'етар 'ипол, повисоко. Т'оа се-в'ика м'есто С'елишта и сега п'остои ц'р̥ква Св'ети 'Илија, на-ст'арото м'есто п'остои ц'р̥ква Свети-'Илија. Туе б'ило с'елото, за-време турско кога го-нап'аднале с'елото, јан'ичари, т'урски ар'амије, с'елото г-ун'иштиле ст'о п'осто. И од-т'оа с'ело 'имало дв'ајца бр'аќа на-П'ечалба у-Рум'унија. Кога 'они д'ошле, с'ело н'ема, ун'иштено св'е. Што-ќ'е-праа 'они, сл'агаа м'алу п'одоле д'ека е-с'ега посто'еќе̣во с'ело, напраљ'уаа една-к'олиба, и туска, дв'ајца бр'аќа б'иле не-ж'енети, напраљ'уаа една-к'олиба и т'уе пост'епено и к'уќа н'апраі̯ле. По-н'адимак, Чут'урофци, 'от-тиа Чут'урофци с-умл'ожила фамил'ијата, две-три-к'уќе, и така с'елото се-зас'адило т'уека од-њ'и:^{в}. П'осле, за-вр'еме т'урско што-пребег'уале од-Рек'анлио, од-рек'анскиот крај, од-Лазар'ополе, од-Мил'етино, една фам'илија има од-Лазар'ополе, една фам'илија има од-Мил'етино, д'ојдени т'уе, 'една фам'илија 'има од Стар'е-Село, една фамилија има од-Алб'а̣нија, од-Алб'а̣нија д'ојдени. И така с'елото се-оф'ормило, с-оф'ормило. Све, д'ошло до-сед'умдесе ос'умдесе к'уќе и жив'еело сф'е-до 'иљаду д'евесто п'едеста г'одина. С'елото б'ило компл'ет.

П'едеста г'одина кога завл'адее колективизац'иата, сеа се-повр'аќамо т'уека има мн'огу завр̥зл'аме. Од н'ашето с'ело б'ило печ'а̣лбарско. 'Ишле на-п'еча̣лба во-С'офија. Кога гран'ицата се-стоп'ирала за-С'офија, нашиот народ од Брезно се-пр'ефăрлил во-С'р̥бија во-Б'еоград. Во-Б'еоград од-н'ашето с'ело 'имало тр'иесе до-четир'иесе ф'урне, п'екаре, од-н'ашето с'ело, 'имало, да-ти-к'ажем и по-'улице ако-тр'ебе, у-к'оа' улица к'ољку п'екаре све 'имало. Св'ите т'аму б'иље на-п'е̣ча̣лба ама фамил'иа̣та̣ ем-с'едела ф-с'ело Бр'езно - деца, жене. Селото наше било на-пл'анинско место. Али-б'ило, н'е-било сир'омашно, н'е-било и мн'огу б'огато, 'аљи б'ило м'учно. Њ'иве куп'уеље по-л'ешечко п'оле, по-р'атаі̯ско п'оле. За-вр'еме п'ашата кога-б'ил во-Р'атае, 'аргати 'ишле од-Бр'езно т'амо раб'отале, п'ашата кога-'отступил 'имал повер'ење на некоі̯-си Тевд'осие, тој дедо-ми-е меѓутим Тевд'осие К'р̥стиќ, повер'ење и ц'елиот 'имот 'пашата му-га-п'оверил њ'ему, он п'обегнал у-т'урско. И 'он, Т'евдо 'имотот го-д'авал од-п'ашата за-п'аре, на-бр'езјани, варв'арча̣ни, м'ал д'ел и от'унча̣ни куп'уеле м'оже и д'ăнăска њ'ивете ги-д'р̥жат. Он п'арете му-ги-д'ал, на-Т'урчинот за-вр'еме т'урско. Тој Тевд'осие К'р̥стиќ за-св'ое вр'еме бил бан, с'еа в'икаа м'инистер, то'а-време бан, на-ск'опска ок'олија. 'От т'уека по-к'оа пр'ичина з'аминал за-Б'елград и фамил'иа̣та њ'егоа у-Б'елград ни-т'ој-е-жив ни-с'ино:и тоа б'ило мн'огу од'амна, они са-поч'инати гл'авно у-Б'елград. И таке с'елото Бр'езно до п'едеста, пе'дес п'р̥ва г'одина било к'омпл'ет со н'арод, со-ст'ока пуно било. Е с'ега да-се-повр'атимо малу н'аѕат.

За-вр'емето б'угарско, с'елото ни-'изгоре, од-нес'акани пр'ичине, ч'истеі̯ќи, с'ељанин 'едан, пр'олетно вр'еме, ш'умата га-зап'аљуе, д'увнуе в'етар, т'оа б'ило за-вр'еме, пр'олетно вр'еме, В'елиќи п'ос. Д'увнуе в'етар, дев'едесе п'осто с'елото изг'оруе н'ачисто. И ст'ока, л'ично нас н-изг'ореле сед'умдесе ј'аганци. баб-ми п'едесе-ш'иесе п'осто б'илʼа изг'орена, а ја л'ично сум-га-гл'едал к'ога г'ори, ама сум-б'ил м'алав, д'ете, тр'и-ч'етири г'одине, прен'есена е-во-Ск'опје и оздрави. Селото изгоре, Буг'арите пок'азаја г'олем х'уманост, према-с'елото. Тија пож'арени к'уќе шо-б'еа, ги-изгр'адија, со-ч'иви ср'ества, к'акви, в'ажно к'уќе ги-обн'овија, може-н'екој дв'аесе-тр'иесе к'уќе обн'овија. Шк'олото ни-

